УНИВЕРЗИТЕТ “СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# “ ЕТНИЧКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИ ПРОМЕНИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ДЕНЕШНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 1912-1994”

(низ статистички податоци и архивски материјали)

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

МЕНТОР:
ПРОФ.Д-Р ВИОЛЕТА АЧКОСКА

КАНДИДАТ:
М-Р БОРЧЕ ИЛИЕВСКИ

СКОПЈЕ, 2007

# *Вовед*

Во историската литература често пати се појавуваат поими како "мнозинство", "малцинство", се даваат квантитативни проценки за одредени појави, за бројноста на населението или на некои групи во одреден период итн. Се разбира овие квантитативни податоци можеме да да ги употребиме како предуслов за разбирање на одредена историска појава. Интересот за статистичките и демографските податоци е голем во дисциплини како што се социјалната историја или историската демографија. Со помош на овие податоци и нивно споредување можеме да дојдеме до приближни цифри за бројноста на населението и неговиот состав на одреден простор, во некој временски период.

Во современата историска наука движењето на населението се прати главно преку два пристапа. Првиот се засновува на официјалните пописи на населението (во Западна Европа првите современи пописи биле спроведени во XVIII век, а во Македонија во XX век), а вториот пристап развиен во западните историографии се заснова на архивската граѓа која потекнува од црковните книги. Но сепак кога ги користиме статистичките податоци (дури и оние кои имаат официјалност, или се архивски обработени) во историографските истражувања мораме да поставиме неколку критички прашања. Првин дали податоците кои ги користиме се точни? Дали податоците можеме да ги споредуваме со некои други историски извори? Дали се репрезентативни за целината за која сакаме да дознаеме нешто и др.

Секако статистичките податоци треба да ги споредуваме со други историски податоци за истражувањето да добие целосна научна форма. Ваквата методологија се разбира ќе ни помогне и при проучувањето на етничките и демографски промени кои се одиграле на територијата на Македонија во последните речиси сто години.

Истражувањето на етничката историја на Македонија, промените во етничкиот состав, преселувањата, промените на идентитетите ( насилни или

доброволни), присвојувањата на народите, нивните територии и истории несомнено претставува истражувачки предизвик.

Добрите познавачи на балканската историја и прилики го подвлекле фактот дека дури и невнимателен поглед на етничката карта на Балканскиот полуостров, ќе забележи дека балаканската етнографија е сложена исто како и балканскиот релјеф.

Се разбира сето ова важи и за Македонија, која како средишен балкански простор ја делела судбината на полуостровот, подолго и посилно отколку неговите крајни области. Етничкиот состав на населението во Македонија се формирал со тек на вековите добивајќи ги современите контури во текот на турското владеење. Дваесетиот век, односно периодот по балканските војни и конечното протерување на османлиите од Македонија, период кој е од интерес на овој труд, со своите често драматични политички промени во многу допринел да се променат дотогашните етнички состојби. Со повлекувањето на османлиската империја, од Балакнскиот полуостров заминувало и муслиманското население ( без разлика на етничкото потеко), лојални приврзаници на султанот, кои несакале да останат под власта на своите довчерашни подредени соседи или чифчии. Во овој случај потеклото и мајчиниот јазик не играле значајна улога во определувањето на рекитe иселеници кои ја прателе султановата војска и администрација во нивнито долго (едновековно) повлекување од балканските земји. Во овој случај одлучувачки фактор била верата, клучната врска со азијатските владетели.

Ваквите промени битно влијаеле и на македонската етнографија, бидејки добар дел од ова население своето прво прибежиште го наоѓало токму на нејзина територија. Но никогаш во долговековното владеење на османлиите со Македонија, староседелците христијани не им ја преотстапиле бројчаната предност на муслиманите. Напротив во некои планински делови турско население никогаш и не живеело.

Постојаните миграции и т.н. метастазички движења на балканските етноси довеле во одредени периоди битно да се менува етничката слика на определени области. По првичната турска колонизација во XV и XVI век, која

ги зафатила градовите и поважните стратешки места или плодните долини, муслиманското население се зголемувало пред се благодарејќи на исламизацијата на локалните христијани.

Воопшто на Балакнот, како и во Македонија значајна улога на етничките движења имало спуштањето на бројното планинско население од своите негостољубиви и сиромашни живеалишта кон плодните долини, што понекогаш водело и кон менување на етничката структура на пооделни области.

Од крајот на седумнаесетиот век маса на албанофонско население во најголем дел исламизирано од северноалбанските планини започнало да ги напушта своите сурови планински предели кон попитомите долини барајки масто за живот и егзистенција. Тогаш всушност започнала и да се формира современата етничка слика на Македонија.

Грците кои живееле главно во јужните области и приморски краишта, Власите распрснати во повеќе целини речиси низ целата територија на Македонија, заедно со Евреите биле кои биле сконцентрирани главно во поважните економски и трговски градски центри, го сочинувале македонскиот етнички колорит. Македонците за целиот период на османлиското владеење останало во мнозинство во најголемиот дел од географската територија на Македонија, факт кој кон крајот на XIX и почетокот на XX век, ќе придонесе македонските соседи кои претходно ја извојувале својата државна независност и започнале да ја изградуваат националната свест на населението, да се трудат да докажат дека мнозинското население во Македонија припаѓа токму на нивниот етнички корпус, заради што и Македонија им припаѓа токму ним.

Сето ова ќе резултира со масовни преселби и менување на вековната етничка слика во одредени делови од Македонија по Балканските и Првата светска војна. Промените во етничката структура ќе се одвиваат и во наредниот период, практично се до крајот на XX век. Токму овие движења се предмет на интерес на овој труд, преку споредба на бројните статистички податоци (официјални и неофицијални) кои се однесуваат на Македонија, со

исто така многубројните архивски изворни материјали кои се однесуваат, токму на оваа проблематика. Трудов во одредени свои делови се однесува и на историската демографија, историографска дисциплина која кај нас сеуште не го добила потребното научно значење.

# 1.Краток историјат на популационите теории и архивирање на статистичките и демографски податоци

Населението како особено сложена и прилично динамична појава, има свои посебни обележја. Тие се подложни на постојани промени, под влијание пред се на историските события и други фактори. Развојот и движењето на населението на просторот на денешна Република Македонија, што е една од основните задачи во овој труд можеме да го пратиме главно преку две основни компоненти: етничкиот состав и неговите промени кои настанале на територијата на Македонија во текот на XX век, под влијание на најразлични фактори и преку миграциите.

Социо-политичката и економската историја на Балканот и Македонија во текот на XIX и XX век, во голема мера е продукт на движењата на населението и преселбите (доброволни и присилни). Овие движења довеле до поголема социјална мобилност во наведениов период, до промени во стапките на наталитет преку урбанизацијата итн. Доскорешната силна миграција од село во град, одиграла важна улога во формирањето на новата демографска, а до некаде и етничка карта во Македонија.

Проучувањето на демографските движења на населението, неговото зголемување, мигрирање, или намалување претставува едно од клучните прашања на нашето минато, кое сеуште не е научно елаборирано на соодветен начин, од страна на македонската историографија. Истражувањата од областа на историската демографија во нашата наука не се застапени во онаа мера, во која се однесува нивното значење, не само за согледување на минатото, туку и за поглед во сегашноста, како и за размислувањата за

иднината.[1] Ваквата состојба може да се каже дека произлегува од недостатокот на релевантни извори кои би послужиле како основа за изведување на соодветни научни заклучоци. Во овој смисол тргнуваме од современите сваќања во историографијата, дека историската демографија на традиционалните прашања со кои се бавеле демографите неможе да се одговори само врз основа на квантитативниот материјал и одредени статистички анализи, туку дека демографските промени можат правилно да се сватат и соодветно научно анализираат само ако се согледаат во широк историски контекст, преку користење на наративни извори како дополнување и објаснување за историските.[2]

За разлика од кај нас историската демографија е составен дел на историските истражувања на современата историографија, бидејки феноменот на порастот на населението особено во последните двесте години, претставува поле на широк историографски интерес, како заради неговото влијание врз политичките и економските така и врз социјалните и цивилизациски промени.

За влијанието на миграциите кои претставуваат составен дел од проучувањата на историската демографија не треба посебно да се зборува, бидејќи тие се присутни од најраните периоди на историјата на човечката цивилизација, како поттикнувач на напредок или назадување, во зависност од последиците кои ги оставале зад себе. Движењата и преселбите на населението и народите отсекогаш имале особено динамична улога во

[1] Во македонската историографија проучувањата од областа на историската демографија започнуваат со публикувањето на Турските пописни дефтери преку кои се расветлуваат бројни прашања од областа на демографската историја на нашите простори.

[2] Поопширно за современите ставови на историографијата за улогата и значењето на историската демографија: R. Presat, The Dictionary of Demography, Oxford, 1985; D. Kertzer, Qualitative and quantitative approaches to gistorical demographu, Poulation and Development Review 23 (4), 1997, 839-846

трансформацијата на човековото општество.[3] Се смета дека миграциите се една од најзначајните, најраспространети и најтрајни феномени во современиот свет. Преселбите се неизбежен детал од европската историја и заземаат значајно место во историографските проучувања. Само во XVII век, од просторот на Западна Европа околу 750.000 луѓе мигрирале во "новиот свет" на северноамериканскиот американскиот континент (250.000 од Англија, 200.000 од Германија и 200.000 од Франција и Холандија), при што овие миграции имале одлучувачко влијание врз историјата на овој континент и идните политички збиднувања.[4] Миграциите од Европа продолжите и во наредниот период, се до средината на XX век, кога заради економскиот развој Западна Европа започнала да прима мигранти. Сепак и покрај

---

[3] Каква улога имале миграциите на населението можеби најдобро зборува фактот што муслиманскиот календар започнува токму со актот на едно преселување во 622 година. Во историјата на Европа миграциите имале особено важно место. Целото еврејско и муслиманско наслеление после 1492 било протерано од Шпанија и во најголем дел се преселило во Османлиското царство. Балканот во целата своја историја претставува простор на постојани миграции на населението и народите врз основа на нивната етничка или верска припадност. Совренмените политички промени по Втората светска војна не ги изоставија миграциите на народите засновани врз нивната етничка или верска определба. Најдобар примери за тоа се преселбите на Палестинците по 1948 година, миграциите на верска основа меѓу Индија и Пакистан итн.

[4] Paul Neurath, The Great Migrations of the Nineteenth and Twentith Century, Problems of Limikts to Growth, Population Control and Migrations, New York, 1994, 195-196; Ваквите миграциони движена продолжите и се интензивирале и во XIX и XX век. Од средината на XIX век поточно од 1846 година, кога започнале големите миграции од Ирска кон Америка предизвикани од гладот кој владеел во Ирска, па до триесетите години на XX век, Европа ја напуштиле околу 60 милиони луѓе. Половината потекнивале од Западна и Северна Европа и тоа 29 милиони од Британија и Ирска, 5 милиони од Германија, 3 милиони од Скандинавија и 1 милион од другите делови на Западна Европа. Околу 10 милиони од мигрантите потекнивале од Италија, 5 милиони од Шпанија, 3 од Португалија, 5 милиони од Австро-Унгарија, 3 милиони од Полска и Русија и околу 6 милиони од останатите земји. Од европските мигранти најголемиот дел околу 40 милиони се населиле во САД, 6.5 милиони во Аргентина, 4.5 милиони во Бразил, 3.5 заминале во Австралија или Нов Зеланд и околу 1 милион во Јужна Африка.

универзалноста миграциите кои потекнуваат од различни подрачја носат во себе бројни специфичности кои произлегуваат од посебните социјални, политички, економски, демографски и историски услови кои владеат во областите каде започнува миграционото движење. Во XX век, политиката се обидела со своите механизми да влијае врз овие движења со насилно протерување на одредени групи на население, или пак забрана на движењето, со цел да се спречи одредено миграционо движење. Овие движења влијаеле да дојде до значајни етнички и демографски промени на одредени простори. Во текот на целиот XX век, особено во неговата втора половина миграцијата од село во град, односно процесот на урбанизација, остави траен белег врз структурата на општествата на Балканот, а особено во Македонија.

Ваквите движења имале една долга историска претходница. Една од карактеристиките на дваесетиот век е брзото зголемување на бројот на светското население, кое за само еден век се зголемило за три пати. Во 1650 година, светската популација броела околу 545 милиони жители. За двесте години бројот на жителите се удвостручил и достигнал до околу една милијарда и двесте милиони. По ова настанува еден брз пораст на светската популација. Во 1900 година, човештвото броело 1.630.000, а по сто години бројката нараснува на шест милјарди.[5] Познавачите на историската демографија очекуваат дека темпото на прираст на светското население постепено ќе се намалува. Специјалистите едногушно сметаат дека систематското зголемување на светското население започнало околу средината на XVIII век, во Европа и Кина, а во средината на наредниот век брзото зголемување на светската популација прераснала во глобална тенденција. Ваквата необична демографска историја најчесто се објаснува со подобрувањето на условите за живот, поквалитетна исхрана, превентивна медицина и намалување на стапката на смртност, кога наталитетната стапка била сеуште доста висока.[6]

---

[5] The Oxford History of the Twentieth Century, Oxvord University Press, 1998, 21

[6] J. Overbeek, History of the population theories, London 1974, 225

Токму заради високиот наталитет на светско ниво во текот на XIX и првата половина на XX век, човечките загуби во Првата и Втората светска војна, како и во бројните други смртоносни конфликти, не успеале да го намалат брзото темпо на пораст на населението. Во XIX век во порастот на населението предничеле тогаш водечките индустриски земји Велика Британија, Франција и Германија кои имале стапка на наталитет близу 40%, при што нивното население и покрај масовното емигрирање во "новиот свет" забрзано се зголемувало[7]

Во теоријата на историската демографија од средината на XX век, се употребува и терминот демографска транзиција, термин кој пред се требало да ги објасни причинско-последичните врски на демографските и социо-економските промени кои биле актуелни најпрвин во земјите од Западна Европа. Според истражувачите на оваа проблематика на фазата на демографската транзиција им претходел период на високи стапки на наталитетот, но и морталитетот, по што заради социо-економските промени особено во развиените општества настапува фазата на ниска стапка и на наталитетот и на морталитетот или т.н пострамзициона етапа.[8] Но претходно развиените општествата ја поминале т.н преттранзициона етапа која траела еден доста долг период од развојот на општествата, веројатно неколку стотини години и трае се до почетокот на демографската транзиција во Западна Европа, кон почетокот на XVIII век . Ова етапа е карактеристична по висиките стапки на наталитет ( меѓу 40 и 50%) но и на морталитет. Заради високата стапка на морталитет се јавувала нулта стапка на природен прираст.

Карактеристично е дека на преминот од средниот во новиот век во Европа се случувале големи демографски пореметувања и промени. Причина за ваквите промени биле заразните болести, пред се чумата која го десеткувала населението. Се смета дека европското население се намалило за

---

[7] W.S Thompson, Population Problems, New York, 1953, 33

[8] Regina Mcnamara, Demographic Transittion Theory, Internation Enciklopedija of population, New York, 1982, 140-146

40% во периодот меѓу 1460 и 1500 година. Намалувањето на населението се разликувало од област во област. На почетокот на XVI век, во Европа живееле околу осумдесет милиони жители, додека кон крајот на векот бројката се зголемила на околу сто милиони.

Постојат приближни пресметки и за бројот на населението на Балканскиот полуостров во посочениов период. Се претпоставува дека во XVI век, на Балканот на еден квадратен километар живееле 12-15 жители.[9] Според ваквите пресметки на географската територија на Македонија кон крајот на XVI век, живееле околу еден милион луѓе, а на територијата на денешна Република Македонија меѓу 300.000-375.000 луѓе.

Во текот на XVII век, не дошло до значајно зголемување на населението во европски рамки. Конкретни статистички податоци не постојат, иако поединечни земји се обидувале да спроведат попис на целото население. Основните извори за бројот на населението се пописи на домаќинствата, книги на родени, венчани, или умрени, катастарските и пореските книги. Се проценува дека вкупниот број на населението во Европа до крајот на XVII век се зголемил на 100-110 милиони.[10] Тенденцијата на

---

[9] Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век - демографски проучувања- Скопје, 1981, 80; Н Тодоров За демографското сьстояние на Балканския полуостров през XV-XVI век, Годишник на Философско-исторически факултет, 53/2, София, 1960, 211

[10] Во овој период одредени делови на Европа губеле значан дел од населението, додека во други бројот се зголемувал. Населението се зголемувало во Холандија, Англија, Франција, во делови на Германија и во Северна Италија. Во Франција на почетокот на XVII век, живееле околу шеснаесет милиони, а на крајот на векот деветнаесет милиони. Во истиот период некои делови од Германија, Италија Полска и Шпанија изгубиле дел од своето население. Тоа најчесто се објаснува со политичките и економските прилики кои владееле во овој период на тие подрачја, војните и миграциите. Намалувањето на населението било особено забележително во Шпанија која била во исклучителна криза. Стопанството било во криза, селаните ги напуштале селата и бегале во градовите, каде заради пренаселеност се јавувале зарази, кои заедно со слабите жетви биле причина за намалување на шпанското население во

зголемување на европското население продолжила и во текот на XVIII век, со засилено темпо. Зголемувањето на населението играло голема улога и во економскиот развој во овој период. Владите и владетелите го поттикнувале зголемувањето на наталитетот со цел да обезбедат поголеми приходи и повеќе војници. Во многу земји на Европа започнало почесто да се попишува населението, а неговото континуирано движење може да се следи по 1750 година. Населението бележело дотогаш невиден раст. До крајот на XVIII век населенито на Европа се зголемило на 187 милони, односно за еден век безмалку да се удвостручило. Некои држави имале изразито висок наталитет.[11] Почнувајки од средината на XVIII век, наталитетот на пониските слоеви растел со брзо темпо со што се овожможувало создавање на многубројна и ефтина работна сила. Без ваквата работна сила индустриската револуција не би била возможна. Индустриската револуција во Англија ја открила можноста од користење на ефтината детска работна сила, заради што биле чести браковите во раните години и со многу деца, што пак било причина за така изразитото зголемување на населението во Англија и во други делови на Европа во XVIII век. За овој период е носомнено значењето на високиот наталитет во економскиот живот.[12]

Но под влијание на посочените општествено-економски промени наталитетот останал на доста високо ниво, додека стапката на морталитет ја карактеризирало постојано опаѓање, заради подобрените услови за живот, но и под влијание на проширената мрежа на здравствена заштита. Како резултат на ваквиот развој се јавува доста висока стапка на природен пораст. Старосната структура на населението била изразито млада со доминантно

---

текот на XVII век за 25%. (Драгољуб Р. Живоиновић, Успон Европе 1450-1789, Београд, 2003, 141)

[11] Така на пример населението на Велика Британија во периодот од 1700 до 1800 се зголемило од осум на петнаесет милиони, односно за еден век се удвостручило што небило забележано во претходниот период.

[12] Population in History, Ed, bu E. V. Glass and D. E. C. Eversley, London, 1965

учество на насеелнието меѓу 0-14 години. Во оваа фаза во сите општества на Западна Европа доминирало селското население.

Сето ова довело до еден мошне динамичен демографски тренд кој во развиените европски земји траел до средината на XX век, по што започнала т.н пострaнзициона фаза во која постепено стапките на наталитет и морталитет се урамнотежуваат и двете стапки се ниски и често пати се на еднакво ниво, односно настапува природна стагнација на популацијата. Стапките на наталитет се доста ниски меѓу 10-14% а стапките на морталитет се движат околу10-12%. Дури во некои земји на Западна Европа започнува процес на депопулација заради повисоките стапки на морталитет како во Германија, Италија и др.[13] Во периодот после осумдесетите години во некои земји од Западна Европа наталитетот продолжил да опаѓа, додека некои успеале да го задржат на исто ниво. Во Италија стапката на наталитет се изедначува со стапката на морталитет, додека во Холандија процесот бележи стагнација, односно наталитетот останал непроменет во периодот 1980-1996 од 12%.Во периодот 1980-2000 стапката на порастот на населението во Западна Европа се движел на ниво од 0.5%.[14]

Во балканските земји заради поспориот развиток во текот на XVIII век, смртноста на населението особено кај децата започнала да опаѓа дури кон средината на XIX век од кога започнало и брзото зголемување на балканското население, пред се заради изразито високиот наталитет. Во текот на првата половина на XX век, сите балакански земји имале поголем прираст на населението од западноевропските земји.[15] Во втората половина на XIX и првата половина на XX век, населението во балканските земји двојно се зголемувало речиси на секои три децении. Населението на Албанија на пример во период од неполни седум децении од 1923-1990 година, се

---

[13] World Development Report. 1998. Published for the World Bank; Regina Mcnamara, Demographic Transittion Theory...,146

[14] Славе Ристески, Демографските движења и процеси во Република Македонија ( 1948-1994), Скопје, 1998, 35

[15] Leften Stavrijanos, Balkan posle 1453, Beograd , 2005, 566

зголемило од 803.959 на 3.255.900 жители, односно за четири пати. И другите балкански држави особено кон крајот на XIX и првата половина на XX век, имале изразито брз пораст на своето население што создавало проблеми пред се во земјоделството заради брзото ситнење на поседите. Како добар пример за ваквите односи е Бугарија каде за триесет години од 1881 до 1911 година населението се зголемило од 2.825.000 на 4.330.000 односно за над 1.500.000 или за три децении бројот на населението се зголемил за две третини. Уште поголем пораст на населението бележела и Србија. По проширувањето и здобивањето на независноста во 1878 година, во Србија живееле 1.700.000 жители, додека 1910 година, бројот на населението се зголемил на 2.900.000 односно за три децении Србија бележела пораст на своето население за 71%[16] Слични тенденции на брз пораст на населението имало и во Грција, со една разлика што таму населението се зголемило меѓу другото и заради размената на населението која настанала по Лозанскиот договор.

Тенденцијата на зголемување на балканското население продолжила и во првата половина на XX век, а како добар пример е тогашна Југославија во која во 1921 година живееле 11.692.730 жители а за неполни три децении во 1948 година, бројот на населението се зголемило на 15.772.098 жители и покрај значителните човечки загуби во текот на Втората светска војна населението се зголемило за повеќе од една третина.[17]

Од ваквата тенденција не заостанувала и Македонија. На територијата на денешна Р. Македонија од 1921 година, од кога се водат пописи по сите статистички стандарди и демографски правила до 1994 година, населението се зголемило од 798.286[18] до 1.945.932 жители[19] односно за седум децении населението се зголемило за два пати и половина.

Македонското општество во средината на XX век било во т.н фаза рана демографска транзиција. Тоа се огледа во изразито високото ниво на

---

[16] Ibidem...,423,437

[17] Vladimir Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961, Beograd, 1964, 20

[18] Lazar Sokolov, Promena u strukturi stanovništva na teritorii NR. Makedonije, 1921-1953, Skopje, 1962

[19] Вкупно население на Република Македонија, Републички завод за статистика, Скопје, 1996

учество на младото население од 0-14 години. Во 1948 година, дури 42.4% од албанското население ( на ниво на тогашна Југославија) припаѓало во оваа старосна група. И кај Турците наталитетот бил исклучително висок, а младото население било најбројно. Дури 41% од турската популација била на возраст под 14 години. Кај Македонците овој процент е нешто понизок 37.1%, но сепак повисок од југословенскиот просек од 32.4% на младо население под 14 години.

Посттранзиционата фаза во демографскиот развој веќе во педесетите години го зафатила и македонското општество. Наталитетот започнал забрзано да опаѓа, иако не подеднакво кај сите етноси. Наталитетната стапка се намалила од 37.9% во 1953 година, на 16.1 во 1994 година. Но и ова опаѓање не е́ подеднакво во сите делови од земјата. Додека во некои делови природниот пораст бележи негативни параметри (поголем е бројот на умрените од родените) како во Кратово или Демир Хисар, во Тетово, Дебар, Струга, Гостивар и др. оваа стапка е далеку повисока од просекот на државата. Ова зборува во прилог на тезите дека за одредени области или културни групи и супгрупи не е пресудно влијанието единствено на економските фактори, врз стапката на порастот на населението, но понекогаш исклучително значајни се и религијата, традицијата, нивото на модернизација на општеството и др.

### *1.1 Архивирање на статистичките и демографски податоци*

Добро средената архивска граѓа однапред им ветува на историчарите и другите истражувачи релативно лесен начин на пребарување и достапност до потребните материјали. Предмет на наш интерес се демографските и статистичките податоци кои често пати имаат суштинско значење при одредени историографски проучувања. Во овој корпус на изворен материјал спаѓаат листите од пописите на населението, акти на одреден број на установи кои се бавеле со оваа проблематика, како што се списоци на

мигранти, акти за стекнување на државјанство и др. Некои автори сметаат дека во оваа групација спаѓаат дури и листите на патници, граѓата на установите кои управувале со земјоделството, сообраќајот, трговијата преку кои можеме да ја следиме демографската тенденција на населението во определен период на одреден простор.[20]

Пишуваната граѓа која се однесува на одредени групи на население се создава во текот на работата на современата администрација во големи количини. Определени видови на списи и материјали како на пример пописните обрасци или списоци и целиот пописен материјал, го опфаќаат целото население на една земја, во даден момент. Ваквите податоци се извонреден изворен историски материјал, бидејќи често пати опфаќа цели класи или пак големи групации на население, како работници, земјоделци, војници и други групи и релативно лесно можат да се обработуваат при историските истражувања.[21] Колку државата повеќе навлегувала во животот на населението, толку повеќе податоци оставале државните служби за животот на тоа население. Можеби најдобар пример за тоа е османлиската статистика на военоспособното машко население, која изразито добро се чувала (архивирала) заради утилитарните потреби на администрацијата, така што денес е првокласен историски извор за проучување на населението во земјите кои биле под османска власт.[22]

Еден дел од граѓата која се однесува на населението и неговото движење редовно се објавува од националните статистички служби, додека постојат и особено драгоцени но необјавени податоци особено за социјалните односи на населението кои особено во САД и некои западни земји континуирано се обработуваат и објавуваат. Објавувањето на архивистички средените статистички податоци е значајно за секоја држава бидејќи преку овие податоци се гледа целокупниот напредок на едно

[20] TH. R. Schellenberg, Moderni arhivi principi i tehnika rada, Beograd, 1968, 102

[21] Ibidem...,136

[22] Kemal H. Karpat, Otoman Population 1830-1914 Demographic and social characteristics, London, 1985

општество. Во секое напредно општество, државата се грижи за обработката на ваквите материјали, почнувајќи од списоците од матичните книги па се до списите кои зборуваат за економските односи на одреден простор. Во Англија на пример државата уште во првата половина на XVI век со посебни акти ги уредила правилата за чување на ваквите административи акти, кога свештениците биле задолжени да ги водат матични книги за парохијата за која биле одговорни. Во Франција после револуцијата ваквите компетенции биле префрлени од црковните на локалните граѓански власти.[23]

На балканските простори ваквите податоци започнале да се евидентираат дури кон крајот на XIX век, кога се формирала и современата администрација на државите, се разбира по пример од споменатите земји. Во Македонија ваков попис кој имал за задача да ги собере основните статистички податоци бил спроведен дури 1921 година,[24] во рамките на тогашното Кралство СХС.

Основните статистички и демографски податоци имаат голема важност, а меѓу нив пред се оние кои се однесуваат на егзистенцијата, идентитетот, па дури и семејната состојба на одредени личности или поголеми групи на население. Овие податоци се важни и од чисто практични

[23] Ваквиот француски пристап за водење на основните податоци за населението во текот на XIX век, бил применет и во Британија и во колониите кои биле под нејзина управа, а овој принцип потоа бил воведен и во САД, Австралија и други земји. Во Англија во 1836 година бил донесен закон со кој се основало посебно биро за водење на основните статистички податоци, кое подоцна ги спроведувало и пописите на населението во оваа земја. Во САД локалните статистички бироа биле задолжени да водат основни податоци за родените, венчаните или умрените, а тие податоци потоа морале да ги препраќаат на соодветната статистичка служба во хглавниот град на државата. (Ivan Beuc, Arhivistika, Zagreb, 1968; TH. R. Schellenberg, Moderni arhivi...,140) Благодарение на грижливото бележење на овие податоци историографиите на овие земји денес имаат огромен фонд на податоци со кои можат до детали да го реконструираат своето минато

[24] Во 1913 година српските власти спровеле попис на населението на територијата која со одредбите на Букурешкиот договор влегла во составот на Србија, но овој попис го дава само вкупниот број на население без никакви етнички или демографски поединости.

причини, бидејки преку нив можат да се докажат одредени права особено од областа на сопственоста и др. Националниот архив на САД чува еден дел на архивска граѓа, која содржи податоци за личната состојба ( како што се старост или државјанство) за одредени личности. Всушност листите од пописите на населението се најважната содржина од оваа провиниенција која националните архиви мораат да ја чуваат. Дури во САД, "Cenzus Biro" добило задача уште во педесетите години на XX век, да прибира податоци за одредени личности, врз основа на пописните податоци од 1890, 1900 и 1920 година, односно во овој случај ова пописно биро имало слични задачи како и матичните служби, се разбира од историски аспект.[25]

### *1.2 Теории за развојот на популацијата*

Брзиот развој на популацијата, разликите и специфичностите на определени подрачја поттикнал бројни истражувачи да се занимаваат со оваа проблематика.[26] Карактеристично е дека ова прашање се разгледувало од најстари времиња при што се оформиле најразлични теории, при што најстарите размислувања за движењето на човечката популација потекнуваат од времето на антиката.[27] Уште кај старите Грци прашањето за оптималната бројност на населението било поставено од Платон и Аристотел, Платон размислувал колкав број на граѓани би бил доволен за идеалната држава, додека Аристотел сметал дека би настапила немаштија и сиромаштија доколку не би бил ограничен бројот на населението. Некои од овие идеи подоцна биле разработувани од бројни истражувачи на историската демографија.[28] Ова прашање било разгледувано и од средновековните христијански мислители, главно од етичка гледна точка и нивните теории

---

[25] TH. R. Schellenberg, Moderni arhivi...,141

[26] J. Overbeek, op.cit, Во ова дело е дадена богата библиографија на трудовите од историската демографија

[27] P.H. Landis, Population problem, a cultural interpretation, New York, 1954, 36

[28] J. Overbeek, op.cit, 13-23

главно се популационистички. Тома Аквински сметал дека на зголемувањето на бројот на населението треба да претходи зголемување на производството на храна.

Арапскиот писател Ибн Халдун развил теорија за цикличните промени на населението. Според него подрачјата со погусто население имаат поголема добивка, заради поголемата поделба на трудот, поголемото користење на природни богатства, воената и општествената сигурност. Според него добрите економски услови доведуваат до зголемување на наталитетот бидејки доаѓа до опаѓање на смртноста заради подобрите услови за живот. Но со време доаѓа до успорување и застој во развојот и до пропаѓање, што условува и опаѓање на бројот на населението. Со ова прашање се бавел и Макијавели кој како излез од пренаселеноста предлагал иселување, а со економскиот напредок на Западна Европа и со се поголемиот популациски притисок, прашањето за развојот и зголемувањето на човечката популација станувало се поприсутно во повеќе научни и теоретски расправи.[29]

Сваќањата на Томас Малтус (1766-1834) изнесени во делото “Расправа за законитостите на населението...” имале доста големо влијание на неговите современици, како и на подоцнежните проучувачи на оваа проблематика. Неговите ставови за т.н природни закони во развојот на населението, биле базирани на некои дотогашни сваќања и проучувања, но тој најдобро ги формулирал и бранел. Малтус сметал дека луѓето можат да се множат еднакво брзо во сите делови на светот и средствата за живот можат да се зголемуваат во поголема или помала мерка, но тие средства неможат да се зголемуваат со онаа леснотија со која се зголемува човечката популација. Така е поставено познатото малтусово правило дека населението може да се зголемува со геометриска прогресија, но средствата за негово одржување се зголемуваат само со аритметичка прогресија.[30] Сите препреки за зголемувањето на бројот на населението Малтус ги поделил во две групи:

---

[29] Lazar Sokolov, Promena u strukturi stanovništva,...6; J. Overbeek, op.cit,28-35

[30] Ibidem, 44

превнтивни и од репресивна природа. Превентивните се вели Малтус, оние кои се однесуваат на свесното ограничување на раѓањето, а во втората група спаѓаат војните, болестите и се она што го скратува животот, а ја зголемува смртноста. Малтус своето учење за светската популација и историјата на нејзиниот развој иако го базирал на состојбата и времето во кое живеел оставил силен впечаток на своите современици, како трага во развојот на сличните теории по него.

На Малтус најчесто му се префрла што од една конкретна состојба во која се нашла Велика Британија и тогашниот цивилизиран свет во преминот од XVIII во XIX век, изведувал општи природни закони за развојот на човештвото. Во негово време во Западна Европа индустриската револуција земала се поголем замав. На пазарот на работна села се појавил вишок, што било пропратено со висока стапка на наталитет. Но со зацврстувањето на граѓанската класа како економска и политичка власт, со зголемувањето на производството и на животниот стандард за што допринела и бројната емиграција пред се во прекуморските земји демографската состојба во многу се променила. [31]

Како главна грешка во малтусовото учење се посочува неговото определување на природно-биолошкиот момент како пресуден и општ во развојот на човештвото.[32] Но и по Малтус се продолжило со настојувањата да се образложат природните закони во развојот на населението. Теориите за развојот на светското население биле бројни во текот на XIX век, но сега тие се однесувале и на социолошките, економските па и историските услови кои влијаеле за популациониот бум. Сега веќе внимание се посветувало и на влијанието на урбанизацијата врз наталитетот и зголемувањето на популацијата. Французинот А. Думонт, сметал дека во општството постои тежнение луѓето од пониските класи да го зголемат својот животен стандард и да се искачат погоре во општественото скалило. Тоа според Думонт е

---

[31] Lazar Sokolov, Promena u strukturi stanovništva,...11

[32] W.S Thompson op.cit, 34-35

можно само во демократски општества. Во вакви општества градовите со својата развиена индустрија го привликуваат селското население, при што поединци ги напуштаат своите традиционални селски фамилии, заминуваат во град, каде под влијанието на градското живеење, ја губат смислата и потрбата за големо и бројно семејство, што пак влијае врз падот на наталитетот.[33] Развојот на населението спред оваа теорија зависи од развојот на индивидуата. Думонт сметал дека во земјите каде тежнението за преминување од класа во класа е ограничено заради одредени традиционални или религиски убедувања како кастинскиот систем во Индија, не постојат тенденции за намалување на наталитетот,[34] што во текот на XX век, се покажало како точно.

И во текот на целиот XX век, се продолжило со истражување на законитостите на развојот на населението при што се создале и нови теории поткрепени со биолошките законитости т.н неомалтузијанци, но покрај нив се јавиле и бројни автори кои во прв план ги ставале географските, економските или културолошките закономерности. Од современите проследувачи на оваа проблематика стапката на пораст на населението и наталитетот се поврзува со степенот на урбанизацијата.[35]

Исто така големо влијание се придава и на промената на улогата на двата пола, особено на улогата на жената што значајно влијае врз демографската слика на многу области во светот. Колку повеќе расте економската независност на жената толку помалку време и останува за одгледување на децата. Како резултат на тоа се покачила старосната граница за стапување во брак, со што драсично се намалил растот на населението особено во Европските земји почнувајќи од шеесетите години на XX век. [36] Но сепак неможе да се каже дека секаде овие фактори имале воедначено влијание, бидејќи различките културни традиции, како и локални влијанија

[33] J. Overbeek, op.cit, 79-81

[34] ibidem

[35] Ibid, 206

[36] The Oxford History of the Twentieth Century,...24

имаат понекогаш значајна улога во односите во семејството без разлика каква економска улога има жената во него. Несомнено значајната демографска експанзија на населението претставува дел од вкупниот контекст на историјата на XX век.

## 2. Етничката структура во Македонија пред Балканските војни

На почетокот на дваесетиот век Македонија во нејзините географски граници, се сложуваат сите современици и подоцнежни истражувачи претставувала еден етнички мозаик во кои повеќето етноси живееле измешани меѓу себе. Особено градовите по правило биле вистинска мешавина на вери култури и јазици, што е карактеристика на сите поголеми балкански градови во османлискиот период.[37] Состојбата во Македонија на почетокот на XX век, неможеме да ја набљудуваме надвор од тогашниот балкански политички контекст. Османлиската империја била на својот залез, додека младите и амбициозни балкански монархии го граделе својот национален идентитет и државна стратегија врз основите на нивното "историско право" на одредени територии, кои по правило се наоѓале на географскиот и етнички простор на Македонија.

Ваквата состојба можеби најдобро ја отсликуваат современите истражувачи на балканската историја за кои ова е "регион на безнадежно измешани раси, а создавањето на спој на повеќе мали држави со повеќе или помалку назадно население, економски и финансиски слаби, завидливи, заговорнички настроени, постојани жртви на манипулациите на големите сили, како и на насилните изблици на своите сопствени страсти."[38]

Македонците во овој период не се водат во официјалните турски статистики како посебен етнос,[39] односно не се признаени за "Милет" од страна на османлиската администрација. Македонците до 1870 година кога е основана Бугарската Егзархија биле составен дел од "Рум Милет,"[40] односно

---

[37] Nikolaji Todorov, The Balkan City, 1400-1900, University of Wasington Pres, 1983

[38] Poul Scott Mowrwr, Balkanized Europe, A study in Political Analisis and Reconstruction, New York; E. P. Dutton, 1921, vii,34; Марија Тодорова, Замислувајки го Балканот, Скопје, 2001, 49

[39] Kemal H. Karpat, Otoman Population 1830-1914 Demographic and social characteristics, London, 1985

[40] Ibidem...,70 Принципот на "Милети постоел во Османлиската империја уште од времето на Мехмед Освојувачот. Османлиските власти биле спремни да соработуваат со луѓе од било

членови и верници на Цариградската Патријаршија, додека по основањето на Бугарската егзархија, дел влегуваат и во признатиот од страна на османлиската администрација " Булгар Милет." Повеќето истражувачи од почетокот на XX век, се сложуваат дека повеќе од половината на вкупното македонско население го сочинувале Македонците се разбира поистоветувајќи ги сходно на својата политичка програма и определба, или пак убедување, со некој од соседните балкански народи.

Поделбата на населението на "Милети" во Османлиското царство е специфична и единствена категорија во тогашната политичка карта на Европа. Сосема е исправно мислењето дека Османлиска Турција никогаш, а уште помалку во периодот на XIX и почетокот на XX век, не била држава со изразита општествена кохерентност, или пак со висок степен на социјална интегрираност на разнородното население. Кај различните верски и етнички заедници непостоело речиси никакво чувство на припадност кон османлиското општество. Напротив, кај целото население постоело чувство дека припаѓа на различни верски, јазични, етнички, или општествени групи. Всушност, Османлиското царство во доцниот XIX и почетокот на XX век, било наднационална или ненационална држава со сеуште силни средновековни карактеристики во кое само државната бирократија го поврзувала целото население. Османлиското царство никогаш не успеало да создаде интегрирано општество, а некои истражувачи на оваа проблематика

---

која монотеистичка религија кои се покориле на нивната власт. Тие ги почитувале нив како луѓе "од книга." Членовите на признаените вери биле организирани во заедници познати како милети. Во 1454 година една година по освојувањето на Цариград, султанот Мехмед Освојувачот го признал Рум (православниот) милет. Патријархот освен црковна имал и политичка функција, односно тој бил "милет баши" поглавар на милетот (народот) и етнарх, односно секуларен владетел на православното население. Освен православните биле признаени и Ерманскиот, Католичкиот и Еврејскиот милет. ( Барбара Јелавич, Историја на Балканот, Том I, Скопје, 1999, 56-59) Во деветанесетиот век милетите од верски прераснале во етнички и национални заедници, така што признавањето на посебноста на одредена црква, значело и признавање на посебноста на тој народ.

сметаат дека во државата не постоел таков стремеж ниту за интеграција ниту за асимилација.[41] Токму затоа Балканот и Македонија претставувале еден конгломерат на народи, вери и јазици кои живееле меѓу себе со векови, но непостоела јасно изразена државна политика која би интегрирала поголем дел од етносите во една целина, за разлика од Западна Европа каде овие процеси се одвивале многу порано.

Балканските држави пак, се труделе да докажат дека Македонија историски им припаѓа токму ним, повикувајки се на "историските права", а мислејки на територијалниот зенит на средновековните балкански државни творби, или претендирајќи дека македонскиот народ е дел од нивниот етнички корпус.

Македонците на почетокот на XX век, биле мнозинство во поголемиот дел од казите (турски територијално-административни единици). Македонци на живееле само во Гревенската, Кожанската и казата Касандра. Најголем процент на Македонци живееел во Малешевско, Разлошко, Тиквешко, Кривопаланечко, Кратовско, Воденско, Прилепско, Неврокопско, Горноџумајско каде Македонците претставувале над 80% од вкупното население.[42] Македонците биле над половина од вкупното население уште во петнаесетина тогашни кази.[43] Мора да истакнеме во бројката на македонското население се вброени и исламизираните Македонци, кои за волја на вистината во овој период заради религијата се идентификувале со турската држава и народ. Кон крајот на XIX век, според Васил К`нчов на територијата на денешна Р. Македонија живееле околу 57.000 "Бугари муслимани" т.е муслиманско население со мајчин македонски јазик, иако овие бројки може во одреден дел да ги сметаме и како претерани, особено за

---

[41] Марија Тодорова, Op cit, 240

[42] Йорданъ Ивановъ, Българите вь Македония, София, 1917; 103-105; Васил Кънчов, Избрани произведения том втори, София, 1970, 592

[43] Станува збор за Еницe-вардарската, Петричката, Мелничката, Велешката, Леринската, Костурската, Демир-Хисарската, Битолската, Кочанската, Струмичката, Скопската и др кази.

Тиквешко каде авторот наведува дека живееле речиси 18.000 "Бугари муслимани"[44] Според овие податоци Македонците муслимани претставувале мнозинство во Кавадарци, Кичево, или Пехчево. Слични податоци даваат и накои српски автори.[45] Доколку ги споредиме податоците од бугарските автори кои даваат најдетални податоци за македонското население, можеме да дојдеме до приближни бројки за бројноста на Македонците на почетокот на XX век. На целата територија на Македонија, Македонците претставувале една половина од вкупното население, додека на територијата на денешна Р. Македонија, каде во наведениот период живееле приближно 920.000 жители православното македонско население претставувало речиси 60% од вкупното население. Доколку ги додадеме и педесетината илјади исламизирани Македонци тогаш бројката на населението кое како мајчин го имало македонскиот јазик се движи на околу 65%.[46] Покрај етничката надмоќност во поголемиот дел од Македонија главниот проблем на македонското население била неговата поделеност на патријаршисти, егзархисти итн. со што се намалувала неговата политичка улога и моќ како значаен фактор што ќе резултира со етничката поделба од 1912/1913 година. Се разбира свој удел имала и недоволната национална изграденост на македонскиот народ во овој период.

Втори по бројност биле Турците кои благодарејќи на петвековното владеење со Македонија успеале да се рашират во речиси сите нејзини делови. Колонизираните малоазијци најмногу во XV и XVI век, главно ги населувале градовите, а некои од нив, како Битола, Скопје, Штип, Драма и др. во т.н. класичен период од османлиската држава биле доминантно

---

[44] Васил Кънчов, Избрани произведения том втори, София, 1970, 456

[45] Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви, Београд, 1924

[46] Бројката од околу 920.000 илјади е пресметана врз основа на податоците што ги дава Васил Кжнчов, во делото Македонија Етнографија и Статистика а се однесуват само на територијата на денешна Р. Македонија. Се разбира вкупната бројка и бројот на одделните етноси е само приближен

турски.[47] Турското население во градовите бргу се зголемувало, благодарејки на локалните исламизирани жители, кои после една или две генерации најчесто се претопувале во колонизирано јадро на турско население кое било населувано веднаш по освојувањето. Пред балканските војни турското население освен во градовите, образувало три поголеми етнички и географски целини: на просторот меѓу устијата на реките Места и Струма, каде во определени делови претставувале мнозинство, како во Шаришабанската околија, каде претставувале над 90% од вкупното население.

Втората целина била т.н. Сариѓолска група на југ од Островското езеро до средниот тек на реката Бистрица, каде се наоѓале околу 130 претежно чисти турски села. На овој простор тие претставувале надполовично мнозинство во Кожанската и Калјарската околија.

Третата голема целина населена со турско население е т.н Вардарска група која во еден долг појас се протегала од Дојран, преку Валандовско заедно со Струмичко и Радовишко, Велешко, Овче Поле до Свети Николе (Клисели).[48] Во Штипската каза Турците претставувале 55.5% од населението, во Радовишката 57.2%, во градот Радовиш тие биле мнозинство и претставувале околу 2/3 од градската популација, а во Дојранската каза дури 65.9%. Турско население живеело и во сите поголеми градови. Во Скопје, Тетово и др. места турското население претставувало релативно мнозинство, додека во градови како Кратово, Крива Паланка, или Гостивар

---

[47] Йордань Ивановь, Българите вь Македония, София, 1917; Александар Стојановски, Градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век- демографски проучувања, Скопје, 1981

[48] Во некои од споменатите области Турците претставувале и мнозинство од населението како во Радовишко, Штипско или Дојранско. Во Штипско, од вкупно 49.000 жители на почетокот на XX век 25.675 биле Турци, Во Радовишко од 20.494 жители 11.061 биле Турци, додека во Дојранската каза од 29.000 жители 17.000 биле Турци. (Васил Кьнчов, Избрани произведения том втори, София, 1970,530-535; 462-464. Соодносот останал сличен до 1912 година.

турското население според тогашните статистички податоци претставувало натполовично мнозинство.

Важно е да се напомене дека особено во градовите под поимот турско население се подразбира еден етничко шаренило од повеќе народи кои заради муслиманската религија релативно бргу се влавале во турскиот етнос прифаќајки го турскиот јазик, култура и обичаи. Непосредно пред балканските војни според проценките на добрите познавачи на етничките и демографски прилики во Македонија живееле околу 540.000 Турци.[49] Само на територијата која ја опфаќа денешна Р. Македонија на почетокот на XX век, живееле околу 175.000 Турци или околу 19% од вкупното население. Во текот на целиот XX век нивната бројка ќе биде во постојано опаѓање.

Турскиот етнички фактор непосредно пред балканските војни барем статистички бил важен, особено заради приклонетоста и на повеќето етноси со муслиманска религија кон турскиот народ. Но турската државата била премногу слаба за да би можела да го искористи демографскиот фактор за зачувување на власта во деловите каде Турците биле мнозинство, особено во југоисточните делови на Македонија.[50]

Северната грчка етничка граница се простирала во јужните делови на Македонија. Грчкото население било трето по бројност на територијата на Македонија пред балканските војни. Грчките политички кругови претендирале на целото патријаршиско население, заради што нивните статистики и немаат некаква научна вредност. И покрај грчките политички и територијални претензии на големи делови од македонската територија, Грците главно биле сконцентрирани во најјужните и приморски области. Всушност во најјужните делови на Македонија останало да живее компактно грчко население дури и во периодот на населувањето на Словените. Токму од

[49] Йорданъ Ивановъ, op. cit, 105

[50] Споредувајки ги податоците за етничката припадност и бројност на населението во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век, турското население било во надполовично мнозинство во Сари-Шабанската, Калјарската, Кожанската, Дојранската, Штипската, Радовишката, Кукушката, Лагадинската каза.

тие територии во средновековието започнало грцизирањето на соседните области. На полуостровот Халкидик во почетокот на XX век, Грците претставувале големо мнозинство, но во овие области судејќи барем според топонимијата во минатото живеело словенско население. Слично било и во другите делови на јужна Македонија каде живеело грчко население. Грчката северна етничка и јазична граница се протегала од Драма и Серез, Нигрита и Лагадина до Солун. На запад од Солун најсеверните грчки села се протегале под линијата Бер-Костур, а Грците претставувале значаен дел од населението по средниот и јужен тек на реката Бистрица, области кои во средновековието биле густо населени и со словенско и влашко население. Во околиите на Гревена, Анаселица и делумно Кожани доминирало грчко население, кое било во релативно мнозинство и во Бер, Зихна и Кавала. Во Солунско, Грците претставувале една четвртина од населението, во Драмско една десетина, а во Костурско една шестина. Според Ј. Иванов, непосредно пред балканските војни Грците претставувале апсолутно мнозинство во Анаселичката со 95% и Гребенската каза со 64.3%, додека во Зихненската тие биле застапени со 45.4%, во Правишката со 46.8%, во Кавалската со 38.2, во Берската 37.2 и Серската со 30.2%.[51]

Албанците биле по бројност четврти етнос во географските граници на Македонија, но почнувајки од крајот на XIX век, тие биле особено важен политички фактор, а нивното влијание по некогаш било доста позначајно од бројноста. Нивната демографска важност ќе се зголеми по поделбата на Македонија во 1912/13 година, кога во Вардарскиот дел заради иселувањето на турското население ќе станат втор народ по бројност.

Постојат бројни теории за потеклото на современите Албанци кои не се предмет на интерес на овој труд, но повеќето истражувачи се сложуваат дека албански народ се развил на основите на некој старобалкански етнички

---

[51] Йордань Ивановь, op. cit,102-105; Во вкупниот број на грчото население Иванов го внел и населението со грчи јазик,а муслиманска вероисповед, кое било бројно во околиите по текот на реката Бистрица.

ре;икт.[52] И дел на истражувачи од поранешната југословенска историографија застана на ова становиште, засновано на претпоставките дека во формирањето на Албанците најзначајна улога играле остатоците од разните елементи од стариот палеобалкански супстрат, како што биле, илирските, дакомизиските ( дарданските) и тракиските елементи.[53]

На територијата на Македонија, Албанците се споменуваат уште во средновековниот период. Тие биле главно номадско или полуномадско население, а во XIV век, пред османлиските освојувања тие сеуште биле малубројни на територијата на Македонија.[54] Албанците се споменуваат и во бројните османлиски пописни дефтери, иако е тешко и ризично врз основа на

---

[52] Ова теза во четириесетите години на XX век, ја развил германскиот истражувач Георг Штатмилер во "Истражувања за раната албанска историја" Потеклото на Албанците долго време било најасно. Некои ги сметале за Словени, се пишувало дека се доселени од Кавказ, или дека се наследници на Етрурците, Пелазгите, Тракијците или Илирите. Во албанската историографија која за раниот период на албанската историја многумина познавачи ја опишуваат како доста некритичка и поедноставена, важечки се тезите дека современите Албанци се директни потомци на древните Илири. Некои албански истражувачи пак сметаат дека дури и градовите биле центри на илиро-албанската култура. (Петер Бартл, Албанци од средњег века до данас, Београд, 2001, 14-18 )

[53] Фанула Папазоглу смета дека: "Не е исклучено ова население ( се мисли на Дарданците) да го преживеало периодот на варварските навлегувања и големите преселби, особено во помалку урбанизираните области и дека влегло во Средниот век под ново име Албанци" (Фанула Папазоглу, Илирска и дарданска краљевина, Илири и Албанци, САНУ, Београд, 1988,169); Милутин Гарашанин смета дека "проблемот на етногенезата на Албанците не е етнички, туку социолошки, политички, економски и културен. Настанати врз старобалкански основи, со значајни странични влијанија, Албанците всушност на Балканскиот полуостров се нова етничка формација родена во првите векови на Средниот век, по пропаста на Римското царство." Гарашанин е против тезата за директната поврзаност на Албанците со Илирите или Дарданците, со едноставна замена на старите имиња со нови, бидејки тие стари народи во времето кога започнало формирањето на Албанците веќе не постоеле. (Милутин Гарашанин, Илири и Албанци, САНУ, Београд, 1988, 366)

[54] Тони Филипоски, Неколку податоци за присуството на номади и благородници од албанско потекло во Македонија во XIV век, Гласник на ИНИ, 47/1-2, Скопје, 2003, 175-187

ономастичкиот материјал да се определува етничката припадност на населението, бидејки едно карактеристично албанско име можел да носи и припадник на некој словенски или друг етнос, како и обратно.[55] Во овој период веројатно постоела и одредена симбиоза меѓу македонското словенско население и албанското население, кое сеуште во класичниот период на османлиското владеење во мнозинство било христијанско.[56] Со примањето на исламот не само што бил спречен процесот на претопување на дел од Албанците во соседните народи, туку започнал еден сосема обратен процес на албанизирање на исламизираното словенско население во Македонија и Косово со што албанското население започнало да добива превласат во одредени области.[57]

Спецификите на ова изразито витално и подвижно планинско население довеле во средниот век дел од ова население да се прошири на југ до Пелопонез, а за време на османлиско владеење на север до средниот тек на Топлица, а на исток до Вардар, на југоисток од Скопје. Бројноста на албанското население особено се зголемува од крајот на XVII век, кога започнува еден долг процес на населување на северноалбански сточари во областите на Западна и Северозападна Македонија. Граничните македонски

---

[55] Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век-демиграфски проучувања-, Скопје, 1981, 83

[56] Во пописните османлиски дефтери од XV и XVI век се споменуваат повеќе примери кои ќе ја потврдат оваа констатација, судејки според податоците од споменатите дефтери помалубројното албанско население било зафатено од процес на словенизација. Дел од личните имиња во Тетовско во XV век гласат: Радослав син на Гин во село Синичани, Стојко Арбанас во Ѓурѓевиште, Гон зет на Радослав во Горно Палчиште, Велко Арнауд во Жеровјани (Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер Но 4 1467-1468 година, Скопје, 1971; Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, Том, III, Скопје, 1976), навистина ваквите примери се прилично ретки во однос на вкупното население кое несомнено било во мнозинство словенско, но сликовито зборуваат за етничката слика на овие области во првото столетие по османлиското завладување која радикално ќе се промни во наредниот период.

[57] Јован Хаџи Васиљевић, Арнаути наше крви-Арнауташи, Брасство књига 30, Београд, 1939

и српски области со Северна Албанија по Австро-турската војна[58] останале полупразни како последица од повлекување на дел од населението пред настапувањето на османлиската војска. Првите доселеници главно се населувале во планинските области каде можеле да продолжат да се бават со сточарство, а потоа постапно се спуштале кон рамнинските области.[59] Албанското население се населувало во селата во планините или во нивното подножје, а исклучително ретко во рамнинските села, кои главно биле претворени во чифлици, на кои најчесто работеле локалните христијани, кои до крајот на турското владеење останале оази на македонско население како на пример во Полог. Оваа област била и една од етапите за понатомошното преселување на мошне мобилното полуномадско албанско население. Според проучувањата од средината на XX век,[60] албанското население започнало да

---

[58] Војната се водела во периодот од 1683 до 1699 и завршила со потпишувањето на Карловчачкиот мир. Претходно австриските војски во својот пробив на југ стигнале до линијата Велес-Штип, но по нивното повлекување на север голем дел од населението на посочените области се повлекло заедно со австриските војски на север.

[59] Северноалбанските преселници најпрвин го зафатиле планинскиот масив на Шар Планина и Скопска Црна Гора во чие северно подножје ( од косовската страна) започнале да се доселуваат во последната деценија на XVII век. ( Атанасије Урошевић, Горња Морава и Изморник, Насеља и порекло становништва, књ, 28 , Београд, 1935, 71), Овој процес процес продолжил и во наредниот период, со сите карактеристики на засилено миграционо движење. Христијанското население од планинските села во кои се населило албанско сточарско население започнало да се иселува во побезбедните главно рамински места или пак во заштитените турски чифлици. Карактеристично е скопското село Брест на масивот на Скопска Црна Гора. Најголемиот дел од христијанското население се иселил или во побезбедните села на јужното подножје на Скопска Црна Гора ( Светозар Томић, Скопска Црна Гора, антропогеографска и етнографска студија, Насеља српских земаља, кв. III, Београд, 1905), или во косовското село Клокот.( Атанасије Урошевић, Горња Морава...,111) со што во селото на почетокот на XIX век, останале само мали остатоци од староседелското христијанско население (Материяли...,542) Верските потреби на христијанското население во селото ги извршувал свештеникот од Љубанци.

[60] Јован Трифуноски, Полог-антропогеографска проучувања, Насеља и порекло становништва, књига, 42, Београд, 1976

се населува во оваа област прво во високите и тешко достапни места на гребените на околните планини, а потоа започнале да се симнуваат во рамнинските села или пак се ширеле во другите околни области. Дел од истражувачите првите албански доселувања во областа хронолошки ги сместуваат во средината на XVIII век.[61] Во Кичевската област според проучувањата од дваесетите години на XX век[62], миграционата струја која започнала кон крајот на XVII век и во првата половина на XVIII век, од Дебар и Мат во северна Албанија, ги зафатила северните делови на Кичевската котлина, каде албанското население со тек на време станало доминантно. Албанското население најпрвин се населило на север од Кичево, околу Зајас, од каде се ширело во блиските села. Карактеристично е дека најголемиот дел од христијаните од оваа област кои ја примале муслиманската религија, релативно брзо го усвојувале албанскиот јазик како домашен, по што се претопувале во албанскиот етнос.[63]

Миграционите движења биле главно условени од економски причини. Населението од негостољубивите и пасивни области на денешна Северна и

---

[61] Афанасий Селишчев, Полог и его Болгарское население, Москва, 1929; Rudolf Petrović, Polog-Antropogeografski prikaz, Zagreb, 1942; Јован Трифуноски кој вршел истражувања во областа на крајот на четириесетите години од XX век, забележал дека родови кои биле населени во областа уште на почетокот на XVIII век. На пример во селото Желино еден од родовите бил населен околу 240 години, или осум појаси ( генерации) пред истражувачот да го посети селото во 1947 година.(Јован Трифуноски, Полог-антропогеографска проучувања...,436), што значи во селото се населиле веројатно од Северна Албанија на самиот почеток на XVIII век. Слични примери имало и во некои други села во областа.

[62] Тома Смиљанић, Кичевија, Насеља и порекло становништва, књ. 28, Београд, 1935, 378

[63] За т.н. процес на "арбанашење" види: Јован Хаџи Васиљевић, Арнаути наше крви-Арнауташи, Брасство, XXX, Београд, 1939; Албанското население релативно брзо се ширело во Кичевската област. Само во градот Кичево во 1926 година, живееле 59 домакинства кои во градот се населиле од Зајас. Спред проучувањата на д-р Смиљаниќ, повеќе албански родови од Зајас се населиле во селата Колари, Трапчин Дол, Грешница, Колибари, Црвивци и др. Најстарите албански родови биле населени во селата Туин, Зајас и Стрелци. (Тома Смиљанић, Кичевија..., 384,427,441)

делумно Средна Албанија барало земја и простор за живот. Но миграциите не така ретко биле поттикнувани и од самите османлиски власти кои плански населувале дел од албанското население во одредени области, користејќи ја неговата религија за зацврстување на својата власт. Во Полог, Скопско и во други области северните Албанци биле населувани и од страна на локалните паши кои и самите биле од албанско потекло, во времето на феудалната анархија, како што бил Абдурахман паша во првата половина на XIX век, или пак биле повикувани од македонските селани да бидат сејмени (чувари) во селата со цел да ги чуваат од нападите на нивните сонародници.[64] Нивната бројност на целата територија на Македонија пред балканските војни се проценувала на 184.000.[65] Тие биле главно сконцентрирани во областите гранични со Албанија и косовската област, но и во одредени области во внатрешноста. Апсолутно мнозинство чинеле во Дебарската каза со 55.2%[66]и во градот Дебар, кој во овој период бил силен економски центар, но и едно од средиштата на албанското национално движење.

Нивната концентрација била голема и во Полог каде чинеле релативно мнозинство од целото население. Во Тетовската каза Албанците сочинувале 42.5%, а во Гостиварската 47.2% од вкупното население. Во останатите области нивната застапеност се движела под една петина од вкупното население, во Кумановско 17.8%, Кичевско 19.2, Скопско 14%, Охридско 14.3%[67] Во Македонија живееле и околу 4.700 албанофони со православна

---

[64] Матрияли за проучуване на Македония...,448; Постојат мислења дека албанското население во Македонија започнало да се населува од крајот на XVIII век. Ова движење траело до средината на XIX век кога се населиле најголемиот дел од предците на Албанците во Македонија. ( Jovan Trifunoski, Albansko stanovništvo u SRM antropogeografska i etnografska istraživanja, Beograd, 1988 )

[65] Йорданъ Ивановъ, op. cit,102

[66] Дебарската каза опфаќала и делови од територија кои денес не влегуваат во Македонија, особено селата од Дебарско поле и Голо Брдо.

[67] Во Охридската каза влгувала струшката нахија каде било сконцентриран најголемиот дел од албанското население. Процентуалната застапеност на населението е пресметана според податоците од Ј. Иванов.

вероисповед, најповеќе во областа Горна Река.[68] Слични се и етнографските податоци кои ги дава Васил К`нчов, при што тој цени дека кон крајот на XIX век, во Македонија живееле 115.701 Албанци муслимани и 8.510 Албанци христијани[69] од кои најголемиот дел биле православни. Според овие податоци на територијата на денешна Р. Македонија, живееле околу 98.000 Албанци[70] или речиси 11% од вкупното население. Влијанието на албанското население особено се зголемило по Балканските војни на територијата која подпаднала под српска власт, еден дел од ова население се спротиставил на српската власт во т.н Дебарско востание од 1913 година.

Власите исто така биле значајна компонента во етничкиот мозаик на Македонија. Според проценките непосредно пред Балканските војни во Македонија живееле околу 77.000 Власи,[71] но за разлика од останатите етноси тие не претставувале мнозинство во ниту една област, а со тоа се намалувало и нивното политичко влијание. Голем дел од влашкото население особено

---

[68] Васил Кьнчов, Избрани произведения том втори...,582-583

[69] Ibidem,583

[70] Во оваа бројка од 98.000 Албанци влегува целото албанско муслиманско население ( не и христијаните бидејки тие во подоцнежните децении ќе се претопат главно во македонското население) од населените места кои денес влегуваат во територијата на Р. Македонија. Во оваа бројка не се пресметани жителите од неколку тетовски села кои до 1912 година биле дел од Тетовската каза но денес се дел од друга држава, како и албанското население од населените места од Дебарската и Битолската каза кои денес не влегуваат во македонска територија. Во вкупната бројкана албанско население се пресметани и жителите на селото Врањевци, Гостиварско и муслиманското население на селата Премка. Србица, Горно и Долно Строгомиште и Црвивци, во Кичевската каза кои Кжнчов го води како "Бугари муслимани" Всушност населението на овие села претставувало мешавина на Албанци и албанизирани македонски муслимани кои во овој период веќе го прифатиле албанскиот јазик., што небило случај и со селото Бачиште во кое се зборувало на македонски. ( За етничката структура на овие села види: Јован Ф. трифуноски, Кичевска котлина, Сеоска насеља и становништво, Скопље, 1968, 36-61)

[71] Йордань Ивановь, op. cit, 105

она кое живеело во градовите жилаво се борело за запазување на грцизмот.[72] Нивната историја, јазик и култура биле предмет на научни анализи од повеке истражувачи, кои најчесто се согласуваат дека Власите претставуваат остатоци од романизираното старобалканско население. [73] Романизираното население на Балканот и во Македониија со тек на вековите се претопувало во соседните помоќни етноси, така што најголемиот дел од влашкото население во Македонија потекнувало од доселениците од Москополе, град во денешна Албанија, кој во периодот на анархичните состојби во Османлиската империја кон крајот на XVIII век, бил запален од страна на Али паша Јанински.

Целото влашко население на територијата на Македонија било православно, по правило влијателен дел од патријаршиското јадро во градовите. Исклучок било Мегленското село Н`те во кое живеело влашко население со муслиманска вероисповед, исламизирано во истиот период кога исламот го примило и македонското население во мегленската област. [74] Власите биле населени главно во Битолската област, во градот и некои околни села, во Мегленско, како и околу Бер, каде влашкото население кон крајот на XIX и почетокот на XX век, се повеќе се претопувало во грчкиот елемент. Власи живееле и на просторот меѓу Лерин и Костур, во знаменитите Клисура и Невеска. Бројни биле и нивните села долж планинскиот венец Пинд. Во Крушево до Балканските војни влашкото население претставувало релативно мнозинство. Еден дел од ова население по балканските војни се сели на територијата која била контролирана од грчките војски. Само од Битола и дел од околните влашки села во 1913 година се иселиле околу 1.000 Власи патријаршисти, главно населувајки се во блискиот Лерин, кој по

---

[72] Правилно е гледиштето на Брејсфорд дека без бројчаната помош од грцизираните Власи, Грците би претставувале мала бројка во статистичките податоци на македонското население. Тој вели дека таканаречените "Грци" од Битола вдо последниот човек се Власи"( Хенри Ноел Брејсфорд, Македонија нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2003, 244)

[73] G. Weigand, Die Aromunen, Leipzig, 1895; Хенри Ноел Брејсфорд, Op. cit, 241-259

[74] Васил Кьнчов, Йзбрани Произведения, София, 1970,

Букурешкиот мир се наоѓал под грчка власт.[75] На територијата на денешна Р. Македонија на почетокот на XX век живееле околу 31.000 Власи[76] или околу 3.3% од вкупното население. Нивниот број заради спомenатите иселувања по балканските војни значително ќе се намалува.

Од останатите етноси кои ја населувале географската територија на Македонија пред Балканските војни ќе ги спомeнме Евреите, кои на овие територии живееле уште од антички времиња. Предците на македонските Евреи на овие простори се населиле кон крајот на XV и почетокот на XVI век, главно од Шпанија. Тие се населиле во тогашната османлиска империја пред се во поголемите градови, од каде што се ширеле во помалите трговски места на империјата. На почетокот на XX век, еврејското население претставувало мнозинство во градот Солун, а живеело и во речиси сите поголеми градови на Македонија, давајки значаен импулс пред се на развојот на трговијата во нив. Евреи пред Балканските војни живееле во Солун, Скопје, Битола, Штип, Костур, Струмица, Кавала, Серез, Бер. Се проценува дека на почетокот кон крајот на XIX век во Македонија живееле околу 68.000 Евреи главно во градот Солун[77]

Останатите етноси кои биле во помал број не претставувале значаен економски, политички или етнички фактор.

Ова етничка слика од корен ќе се промени со балканските војни, кога со помош на оружјето и организираната државна политика на балканските монархии Македонија ќе ја доживее можеби најголемата етничка рекомпозиција во својата историја.

---

[75] Македонија како природна и економска целина, Скопје, 1978, 188

[76] Пресметано според податоците на Васил Кжнчов

[77] Васил Кънчов, Избрани Произведения...,590

## 3. Македонскиот и балканскиот етнички контекст и малцинствата на почетокот на XX век

За што подобро реконструирање на состојбата во Македонија, како дел од поширокиот османлиски контекст од крајот на XIX и почетокот на XX век, неопходно е да се осврнеме и на т.н. макроисториски домен кој ги опфаќа економијата, социјалната структура и особено демографијата. Некои автори сметаат дека османлиското наследство во социјалниот домен е најбитно и најчувствително токму во демографската свера,[78] која пак имала особено влијание врз етничките движења во наведениов период. Последиците од овие етнички движења се чувствуваат и денес.

Демографската историја на османлиското царство опфаќа прашања кои се однесуваат на географските движења на населението, како што биле колонизациите кои започнале со самото османлиско освојување на Балканот, многубројните миграции, демографските процеси како што се наталитетот, морталитетот, бројот на браковите преку кои можеме посредно да го утврдиме бројот на населението на одреден простор, па дури и неговата структура.[79]

Непостоењето на граници на Балканот условило да дојде до големи движења на населението, со што дошло и до мешање на различните етноси. Се разбира овие процеси можеме детлно да ги пратиме дури од XIX век, иако постојат и одредени проучувања кои се однесуваат и на претходниот период кои се засновани на повеќе теренски истражувања.[80] Дека движењето на

---

[78] Марија Тодорова, Замислувајќи го Балканот, Магор, Скопје, 2001, 256

[79] Kemal H. Karpat, Otoman Population 1830-1914 Demographic and Social Characteristices, London, 1985, 3-44; Марија Тодорова, Замислувајќи го Балканот...,256

[80] Една вакво научно истражување на почетокот на XX век започнал српскиот научник Јован Цвијиќ во со обемната едиција "Насеља срских земаља" а потоа "Насеља и порекло становништва" каде што се претставени трудовите на повеќе истражувачи кои се однесуваат на повеќе области пред се на подрачјето на поранешна Југославија. Во овие истражувања се

населението имало исклучително важна улога, посведочуваат и многуте трудови на турската историографија во кои покрај другите фактори пресудни за долговековното турско владеење на Балканот ја посочиуваат и улогата на бројното колонизирано население од Анадолија кое било клучно за воспоставувањето на османлиската власт, пред да започне масовната исламизација во XVI и XVII век.[81] Сепак најголемите движења и поместувања на балканското население за кои имаме прецизни податоци се случиле во XIX век и главно биле последица на политичките настани, пред се осмостојувањето на новите национални држави ( Србија, Бугарија, Грција). Повеќе од еден милион население од муслиманска вероисповед од најразлична етничка припадност ги напуштиле новите национални држави во последните децении на XIX век, иселувајки се најчесто во Истанбул, во преостанатите османлиски владенија на Балканот, или во Мала Азија. Во истиот овој период како последица на преселбите на муслиманското население и околу еден милион христијани се преселиле, најчесто селејќи се од териториите кои останале под контрола на османлиските власти во новоформираните држави. Токму во овоа време започнува и помасовното иселување од Македонија, најчесто на Македонци и други христијани кон условно кажано христијанските балкански држави. Уште подрастични биле миграциите за време на Балканските, Првата светска војна и Грчко-Турската војна. За период од една деценија се проценува дека мигрирале над два и пол милиони жители на Балканот.[82] Вакви масовни миграции во Европа ќе се повторат дури за време на Втората светска војна и по неа.

И покрај ваквите мерки што ги преземале балканските држави со цел да постигнат што поголема етничка хомогеност кај своето население, тие неуспеале да дојдат до посакуваната етничка и верска монолитност. Балканот

---

опфатени и миграциите на населението од проучуваните области, но и тие најчесто доспеваат до средината на XVIII век.

[81] Марија Тодорова, Op. cit, 256

[82] Dimitrije Djordjevic, Migrations During the 1912-1913 Balkan Wars and World War One, Migrations in Balkan History, Belgrade, 1989

всушност ја дели политичката судбина на областите во Европа кои биле под власта на големите и долговечни монархии како Австро-Унгарија или Русија, за разлика од повеќето земји од Западна Европа каде што силните династии во голема мера успеале да создадат моќни национални држави, трудејќи се да ги асимилираат или пак протераат малцинствата од своите територии.[83] Создавањето на т.н. малцински проблеми во Балканските земји, се одразило и на политичкиот развој на Балканот и на неговата речиси постојана политичка нестабилност. Најсложена била состојбата во граничните области во кои неретко се мешале повеќе етнички или верски заедници.[84]

Македонија која остана меѓу последните балкански владенија, до крајот беше вклучена во османлискиот политички и социјален систем кој во основа бил наднационален. Но затоа за македонската територија на моменти жестоко се бореле новите соседни балкански држави кои веќе биле надвор од османлиската свера, со исклучителна доминантност на етничките елементи во градењето на националната свест.[85] Токму заради така силно развиениот етнички принцип балканските држави на своја територија не “трпеле” малцинства, кои не ретко биле сметани за нелојални или антидржавни елементи. Сите балкански држави ( во XX век и Турција) го решавале проблемот со малцинствата или со асимилација или со “доброволно” и присилно иселување. Својот максимум преселбите или иселувањата го имале за време на балканските и Првата светска војна, како и потоа, а некои

[83] Во европската историја чести биле случаите на протерување на малцинства ( верски или етнички). Протерувањето на Евреите од Шпанија, војните меѓу протестантите и католиците итн, всушност станале пример и за балканските држави во XIX и XX век.

[84] Во ваквите гранични (контактни) зони како Босна, Војводина, Косово на почетокот на XX век спаѓала и Македонија, бидејки народите на најзината територија биле прилично измешани, заради што и во Балканските војни и по нив ќе се случат големите миграции на македонска територија.

[85] Марија Тодорова, Op. cit, 258-259

придвижувања траеле и во втората половина на XX век.[86] Н,ı крајот можеме да констатираме дека мал број на балкански држави успеале да се приближат до рамката на моноетничката држава, можеби Грција и Албанија, барем според официјалните статистички податоци создале ваков етнички релјеф. Освен иселувањата како мошне успешна се покажала и асимилацијата на малцинствата, пред се примерот на Грција, преку која малцинствата станувале составен дел од доминантниот етнос.

Македонија се разбира ќе биде дел од ваквата етничка и политичка констелација во периодот на целиот XX век, така што етничките судири, миграциите, присилните иселувања и менувањето етничката структура на населението, колонизациите итн. ќе бидат составен дел од нејзината историја. Ваквите случувања ќе имаат силно влијание и врз формирањето на современата етничка, но и политичка македонска карта.

### *3.1 Етничките состојби во Македонија непосредно пред Балканските војни*

Етничката слика во Македонија на преминот од XIX во XX век, во многу била обусловена од случувањата на Балканот во последните децении на деветнаесетиот век, односно од големите политички промени, создавањето на независни држави, нивното територијално проширување, а по сето тоа следеле и големи етнички преселби и разместување на населението во Османлиска Турција или другите балкански држави.

---

[86] Познати се иселувањата на Грците од Истанбул во педесетите години на XX век, на Германците и Евреите од Романија во времнето на Чаушеску, иселувањето на Германците од Војводина пред завршувањето на Втората светска војна и иселувањето на турското население од повеќе балкански држави кое се засилило особено во педесетите години. (види: Владимир Ортаковски, Меѓународна положба на малцинствата, Скопје, 1996, Стојан Киселиновски, Ирена Ставови-Кавка, Малцинствата на Балканот (XX век), Скопје, 2004)

Доколку ги погледнеме статистиките кои биле создавани од истражувачи од соседните земји, ќе забележиме една лепеза на податоци кои ретко кога се слични меѓу себе, а често се во целосна диспропорција, особено кога станува збор за етничката припадност на населението во Македонија.

Службените турски статистики од овој период се нецелосни и воопшто не ја даваат реалната слика на разместеноста и бројноста на населението. Дури самата Порта во овој период немала прецизни податоци за бројот на населението во државата. Се разбира одредени статистики за бројот на населението по вилаетите постојат но нивната точност е сомнителна и тешко може да се користи за научни цели. Османлиите евиденција за населението воделе во т.н Нуфузни тефтери во кои се заведувало машкото муслиманско население за воена служба и христијанското население за плакање на данок, но овие податоци не се секогаш точни. Турските статистики особено за Македонија често немаат речиси никакво практично значење. Бројките се однесуваат за вероисповедта, а не за јазикот односно народноста.[87] Полни со неточности и непрецизности се и податоците кои ни ги даваат избирачките списоци составени по Хуриетот во кои сето муслиманско население е претставено како турско, патријаршистите како Грци, егзархистите како Бугари и сл.

Статистиката на населението во Македонија во официјалните вилаетски документи (салманамите) кои биле составувани врз основа на нуфузните тефтери ги носат сите претходно наведени недостатоци.

По сето кажано ни останува да се послужиме со статистичките податоци на поедини истражувачи кои податоците за населението во Македонија, неговата бројност или етничка и верска припадност ги бележеле по службена должност, како конзули на соседните или другите европски земји, како патеписци или автори на историски или книжевни дела, но мора да се напомене дека за жал сите овие податоци често служеле за пропагандни цели на нивните составувачи. Се разбира треба да се запази дека овие

---

[87] Leften Stavrijanos, balkan posle 1453, Beograd 2005,

податоци најчесто биле добивани врз основа на лични анкети, чија точност не зависела секогаш само од внимателноста и стручноста на истражувачот, туку и од добрата волја и солидното познавање на приликите на оној кој ги соопштувал податоците. Во овие статистики постои голема доза на субјективност, особено кога собраните податоци требало да служат во пропагандни цели. Свое влијание се разбира имала и турската власт која на таквите дејанија гледала со голема доза на сомнеж, а неретко и ги попречувала овие активности во зависност од политичките прилики.

Бидејки не постоел целосен статистички преглед за бројноста и составот на населението во Македонија на почетокот на XX век, често пати биле правени прегледи за населението на Македонија, или пак за одредени нејзини делови од страна на конзулите кои делувале на најзината територија, или од повеќе истражувачи, најчесто од балканските земји. Интересот за македонското население се зголемил особено по Берлинскиот конгрес кога македонското прашање излегувало од анонимност, а за територијално завладување на централниот дел од Балканот се повеќе се интересирале балканските и европските држави.

Повеќе дипломатски претставници на европските земји се интересирале за бројноста распространетоста и составот на населението во Македонија, при што воглавно објективно ги информирале своите претпоставени за оваа проблематика. Кон крајот на XIX век, дипломатските претставници на Велика Британија, Австро-Унгарија и Русија изготвиле статистички прегледи за составот на населението во Битолскиот вилает.[88] За истиот период има пооделни статистички извештаи и за Косовскиот

---

[88] Христо Андонов- Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает, годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 21, 73-119; Томо Томоски, Населението на Битолскиот санџак во 1897 година според статистичкиот преглед на австроунгарскиот вице конзул А Крал, сп. Историја V/1, Скопје, 1969, 45-71; Крсте Битоски, Бројот и составот на населението во Битолскиот вилает кон крајот на XIX век , сп. Историја VI/1, Скопје 1970,100-113

(Скопскиот) и Солунскиот вилает.[89] Обиди да се доближи етнографската слика на Македонија за јавноста во западните земји постоеле и претходно.[90] Се објавувале патописи, но и статистички прегледи и етнографски карти[91]

Зголемениот интерес на дипломатските претставници на големите сили во Скопје, Битола и Солун за Македонија се должи на засилувањето на македонското-национално ослободително движење. Во исто време нескриените претензии на соседните земји за територијално ширење кон Македонија, ја зголемило активноста и интересирањето на големите сили плашејки се од загрозување на нивните интереси.

### *3.2 Населување на мухаџири во Македонија до балканските војни*

По организираната колонизација која османлиската власт ја спроведувала во текот на XV и XVI век, кога некои области на Балканот и во Македонија добиле претежно турски карактер, населувањето на мухаџирите претставувал нов обид на турските власти да населат муслиманско население во деловите од балканските турски владенија. Со тоа започнал еден долг процес на организирано менување на етничката и верска структура на балканските простори. Воспоставувањето на новите политички граници на

---

[89] Крсте Битоски, Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на насеелнието во Македонија во почетокот на XX век , Гласник на ИНИ, XXVI/1, Скопје, 1982, 181-203

[90] Види: Х. Р. Вилкинсон, Картите и политиката, преглед на етнографската етнографија на Македонија, Скопје 1992, 325

[91] G Lejan, Carte Ethnographique de la Turquie d'Europe, Gotha, 1961; F. Bianconi, Ethnographie et Statistuque de la Turquie d'Europe, Paris, 1871; H.Kiepert, Ethnographishe Ubersicht der Europaischen Orients, Berlin, 1876

Балканот[92] допринело големи маси на луѓе да ги напуштат своите домови и трајно да се иселат.

Се проценува дека околу два милиони луѓе до крајот на деветнаесетиот век, христијани и муслимани ги напуштиле своите домови и се преселиле.[93] Овие процеси биле карактеристични за сите балкански земји без исклучок. Голем број на Албанци и други муслимани ги напуштиле областите кои биле заземени од српската војска во војните 1876/78 година и се преселиле главно на Косово и Македонија, а добар дел од српското население од областите околу Вучитрн, Лабската област, или Метохија се населиле во новоослободените области на Србија,[94] со што директно се менувала етничката композиција на овие области.

Ваквото менување имало далекусежни последици не само во етничката рекомпозиција на пооделни балкански области или држави, туку се одразило на политичката историја на овие простори, додека некои процеси траат и денес. Бројните истражувања кои се правени на споменатите простори почнувајки од крајот на XIX и во текот на речиси целиот XX век, покажуваат дека етничката композиција на Балканот често пати имала пресудна улога во формирањето и на неговата политичка карта.[95]

---

[92] Новите граници на националните држави биле одредени на Берлинскиот конгрес кога Србија освен независност добива и територијално проширување на југ со градовите Ниш, Лесковац, Пирот, Прокупље и Врање, независност и пришрирување добила и Црна Гора, Бугарското кнежевство добило самостојност, а незавсното кралство Грција се проширило на север, со што допрело до географските граници на Македонија.

[93] Migrations in Balkan History, Department of history of University of Californija, Santa Barbara, Belgrade, 1989, 94

[94] ibidem…,95

[95] Карактеристични се истражувањата кои ги започнал Јован Цвијиќ кон крајот на XIX век, а ги продолжиле неговите следбеници преку кои јасно се видливи сите етнички поместување кои ги зафитиле просторите на централниот Балкан по војните и разграничувањата во периодот 1876/78 година, кои директно влијаеле и етничките состојби во Македонија и тоа долгорочно. Албанското население од просторите кои по 1878 година, припаданле во Србија во најголем дел се населило во косовската котлина (просторот од Качаник до Митровоца и

Муслиманското население масовно се иселувало и од Бугарија после 1878, од Босна и Херцеговина по нејзиното паѓање под Австроунгарска власт на Берлинскиот конгрес во 1878 година и од Грција особено за време на кризата 1897 година. Големите миграциони движења го потресувале целиот Балкан. Овој проблем особено го почуствувала Османлиска Турција која по територијалните загуби во 1878 година, имала големи проблеми со обезбедување на основни услови за муслиманските бегалци од кои не мал број бил принуден да ги напушти своите домови пред налетот на војските на балканските држави. Во периодот од 1878 до 1884 година власта морала да прими на своја територија над 800.000 илјади бегалци. Населувањето на овие бегалци на се помалата османлиска територија претставувала голема тешкотија за властите во Цариград. Најголемиот дел од бегалците пристигнале како сиромашни луѓе без елементарни средства за продолжување на животот.[96]

Водејќи се од премисата дека колку државата е етнички покомпактна може подобро да функционира, властите во балканските држави настојувале она население за кое сметале дека би било нелојално на новиот национален поредок да го иселат. По формирањето на кнежевството Бугарија(1878), и по обединувањето на источна Румелија со кнежевството (1885), започнал еден долг процес на иселување на турското и останато муслиманско население, главно Помаци, на територијата на Османска Турција, односно и на територијата на Македонија. Карактеристично е иселувањето на муслиманското население со нетурско потекло, од бившите османски балкански провинции. Ова население кои долго време за турското владеење успеало да го зачува својот јазик, традиции и дел од предисламската култура селејки се во Цариград, Мала Азија или деловите од Балканот кои сеуште биле под османска власт ( Македонија, Косово делови од Тракија), мошне

---

Подујево) со што трајно етнички го завземало овој простор. (Атанасије Урошевић, Етнички процеси на Косову током турског владања, Београд, 1987, 14-59

[96] Барбара Јелавич, Историја на Балканот, дваесети век, Том II, Скопје, 1999, 94

бргу се турцизирале особено во градовите, со што го зголемувале бројот на османскиот елемент во нив.[97] Мошне добар пример е Источна Румелија каде до војните од 1877/78 живееле околу 290.000 муслимански жители од најразлично етничко потекло (Турци, Помаци, Татари и др.), додека после војните и политичките промени кои настанале на овој простор не останале повеќе од 140.000 муслимани.[98]

Сето ова директно ја погодило и Македонија бидејки на нејзина територија биле населени добар дел од овие бегалци-мухаџири. Бројот на населените мухаџири во Македонија во зависност од изворот се движи од 15.000 па се до 200.000[99]. Овие бегалци биле населени и во градовите и во селските населби често пати на земја која дотогаш ја обработувале македонските чивчии.[100] Територијата на Македонија била систематски и плански населувана главно од бегалци од Босна и Херцеговина, Бугарија и новоослободените области во јужна Србија.[101] Според податоците кои ги дава фондот на Мухаџирската комисија за Косовскиот вилает во Скопската област во повеке села, како и во самиот град биле населени повеке семејства

---

[97] Очерк за islямизираните българи и националновъзродителния процес, Христо Христов (ред.) Георги Янков (съст.), София, 1989,50 Според статистичките и демографските проучувања во периодот 1878-1912 година, од територијата на Бугарија се иселиле околу 350.000 муслимани од кои голем број Помаци, иселувањето било особено масовно во периодот по 1885 година, кога земјата ја напуштиле околу 250.000 муслимански жители.

[98] Kemal H. Karpat, Otoman population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes, London, 1985,, 50

[99] Марија Пандеска, Присилните миграции во Македонија 1975-1881, Скопје, 1993, 116

[100] Постојат бројни примери особено од селата кога државата ја откупувала земјата од чифликсајбиите, по што селаните кои ја обработувале земјата морале да ја напуштат земјата или биле иселувани и на нивно место биле населувани мухаџирски семејства ( д-р Јован Трифуноски, Сеоска насеља скопске котлине, развитак села, порекло становништва, привредне одлике, Скопје, 1964, 38)

[101] Државен Архив на Република Македонија (понатаму ДАРМ) ф. Мухаџирска комисија, к-8,а.е.15

од Врање и Лесковац во Србија, од Софија, Ловеч, Ќустендил во Бугарија и особено од Босна и Херцеговина.[102]

Карактеристично е дека особено сред муслиманското население во Босна и Херцеговина иселувањето станало приоритет за еден дел од економски повисокиот слој.[103] Причините за иселувањето биле многу, но како најважен повеќето автори го земаат психолошкиот момент кој главно бил темелен врз основите на верскиот фанатизам кај еден дел од муслиманското население, кои како владеачки елемент не можеле да се помират со рамноправноста со "неверниците" при што најнапред се иселувале бившите чиновници и повидни муслимани.[104]

За период од дваесетина години по воспоставувањето на Австроунгарската власт во Босна и Херцеговина се иселиле над 30.000 лица[105] од кои најголемиот дел се населиле токму во Македонија. Политиката за населување на мухаџири во Македонија добила на интензитет особено по Младотурската револуција кога некои од нејзините идеолози предвидувале на територијата на Македонија на земјата која би била откупена од чифликсајбиите да се населат 200.000 мухаџири, кои би ја зајакнале власта на Османлиите. Според одредени нецелосни податоци во дел од казите на

---

[102] Мухаџирите според овие податоци биле населувани во селата, Мојанци, Сушица, Црешево, Градманци, Пагаруша, Глумово, Вучидол, Свиларе, Горно Количани, кучково, Сопишта, Никиштани, Студеничани и др.

[103] Интересен поглед за иселувањето на муслиманското население од Босна и Херцеговина за причините и за нивниот живот во османлиска Турција особено во Македонија дава Јован Цвијиќ во статијата: О исељавању Босанских мухамеданаца, Књижевни гласник, Београд 1910

[104] Александар Апостолов, Колонизацијата на мухаџирите во Македонија и растројство на чифличките односи од крајот на XIX век до 1912 година, Гласник на ИНИ, IV/1-2, Скопје, 1960, 115

[105] ibidem…,116

Скопскиот и Солунскиот вилает[106] по 1908 година, биле населени над 2.000 семејства, со околу 8.700 членови.[107]

Ова население се предвидувало да се насели во немирните христијански краишта при што требало да бидат чувари на редот и бранители на опстанокот на царството.[108] Во исто време османлиските власти населувале мухаџири и во другите делови на европска Турција особено во Косово и во појасот што се протегал долж српската граница. Исто така мухаџири биле населувани и долж новата турско-бугарска граница, па така во Малешевијата биле населени муслимански бегалци од Бугарија и Босна и Херцеговина. Населувања на мухаџири имало и во Кочанско, Петричко, Овчеполско, Повардарието, Прилепско, Скопско каде била формирана една цела колонија со мухаџири од Херцеговина во селото Асанбегово.[109] Во самиот град Скопје според одредени податоци биле населени околу 2.000 муслимански бегалци по потекло од Босна и Херцеговина, Србија и Бугарија. Од населувањето на мухаџирите не бил поштеден ниту градот Велес и неговата околина, Тиквеш и Кумановско.[110] Мора да се напомене дека еден дел од мухаџирите и покрај несебичната помош од страна на турските власти мошне тешко се приспособувале на новите предели и услови за живот, а еден дел од нив особено мачно се снаоѓал во новите околности. Еден дел од мухаџирите во Македонија останале само привремено, по што го

---

[106] Станува збор за тогашните кази: Аврет Хисар, Струмица, Гевгелија, Тиквеш, Петрич, Солун, Катерини, Воден, Скопје и Куманово.

[107] Глигор Тодоровски, Прилог кон прашањето за состојбата на муслиманските иселеници (мухаџири) во Македонија пом Младотурската револуција (според необјавени докумнети), Гласник на ИНИ, XXVI/2-3, Скопје, 1982, 149

[108] Глигор Тодоровски,Српски документи за состојбата на мухаџирите во Македонија (1906-1912), Гласник на ИНИ, XXVI,2-3,Скопје,1982, 214

[109] Александар Апостолов, Колонизацијата...,118

[110] Глигор Тодоровски, Кресненското востание и миграциите во Македонија во втората половина на 19 век според француски извори, Зборник Кресненско востание, 463

продолжувале патот кон Анадолија каде веројатно се чувствувале посигурни, но и таму ги чекале нови неприлики.

Колонизирањето на мухаџирите на територијата на Македонија и на другите делови на турските балкански владенија (Косово, делови од Тракија), бил прв организиран и осмислен потег на османлиската држава да сосдаде поволна етничка и верска слика во деловите од Балканот каде што позициите и биле сериозно разнишани по настаните од 1876/78 година. За организираноста, но и проблемите кои се јавувале притоа зборува и работата на посебни институции кои работеле на т.н. мухаџирско прашање. Постоеле и посебни комитети, кои започнувале на ниво на кази, па се до централно ниво во Цариград, кои се грижеле за сместување и трајно населување на мухаџирите. Овие комисии започнале да водат преговори и со голем број на чифликсајбии, со цел државата да ги откупи нивните имоти на кои би можела трајно да ги насели муслиманските иселеници. Ова прашање станало особено актуелно по 1908 година, кога голем број на бегалци од Босна и Херцеговина преминале на територијата на тогашните Скопски и Солунски вилаети.[111]

Колонизирањето на мухаџири траело речиси се до почетокот на Балканските војни, а тие биле населувани дури и во Солун, каде што се населувале и во текот на 1911 година. Бројни фамилии на бегалци од Босна ги заземале куќите на македонските селани, па така некои дотогаш чисто македонски села под притисок биле напуштани од своите жители, отстапувајки место на мухаџирите.[112] Доколку внимателно погледнеме каде биле колонизирани мухаџирите, станува сосема јасно дека најголемиот дел од нив биле плански населувани на потегот Скопје-Солун со цел да бидат идни чувари на вардарската долина. Сепак одреден број на мухаџири биле населувани и во други стратешки важни места во Македонија. Сето ова било правено на плански и организиран начин се со цел да се разбие етничката и

---

[111] Глигор Тодоровски, Прилог кон прашањето за состојбата на муслиманските иселеници (мухаџири) во Македонија пом Младотурската револуција (според необјавени докумнети), Гласник на ИНИ, XXVI/2-3, Скопје, 1982, 139

[112] Глигор Тодоровски, Српски документи...,214-216

територијална целина на македонскиот народ, или на другите етноси во Македонија. Постоела и уште една мошне важна цел за турските власти. Изразито важно било населување на муслиманско население со цел да се разбие христијанското мнозинство на овие простори. Преку ваквото менување на етничката и верската структура властите верувале дека ќе го намалат ослободителното, а за нив сепаратистичко движење кај балканските христијани. Турските власти сметале дека населувањето на мухаџирите ќе влијае и позитивно врз стабилизирањето политичките состојби во Македонија, што било првостепено прашање за младотурските влади.

Сепак и покрај моменталните позитивни етнички ефекти за османлиска Турција колонизирањето на мухаџирите во Македонија, не оставило некој траен белег врз етничката структура на населението. Нјголемиот дел од нив по балканските војни ја напуштиле Македонија и најчесто заедно со турската војста се повлекувале кон Мала Азија.

### *3.3 Иселувањата од Македонија во почетокот на XX век и промената на демографската структура на некои области*

Со почетокот на националното ослободителното движење во Македонија во седумдесетите години на деветнаесетиот век и со засилувањето на теророт и одмазничките акции кои ги преземале османлиските власти се зголемувал и бројот на бегалците и иселениците од Македонија кои главно заминувале во соседните веќе ослободени земји, но не бил мал бројот и на оние кои заминувале во прекуокеанските земји.

Емиграцијата од Македонија во последните години на XIX и првата декада на XX век, имала силно и длабоко влијание врз социјалната и економската структура, врз развојот на областа,[113] како и врз етничките

[113] Basil C. Gounaris, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century, Journal of Modern Greek Studies, vol.7, no. 1, The Johns Hopkins University Press, 1989, 133

движења и состојби. Состојбата се влошувала по секоја вооружена акција, по која потекувале реки на бегалци, но и економската ситуација во последната деценија на XIX век, осетно се влошила, што предизвикало големи мигрирања од Македонија.

Според некои податоци како последица на Разловечкото и Кресненското востание само во Софиската губернија на кнежевството Бугарија имало пријавено околу 25.000 бегалци.[114] Како се зголемувала политичката нестабилност во Макеоднија, така и бројот на бегалците постојано растел. Само меѓу ноември 1897 и февруари 1898 година како последица на Виничката афера во градот Кустендил пристигнале над петстотини души од Македонија. Тие потекнувале од Кочанско, Пијанец, Малешево, Кратовско, Паланечко, Штипско, Радовишко и во помал број од други места во Македонија.[115] Преселувањата предизвикани од политичката нестабилност во Османлиската империја, и од дејствувањето на македонското национално ослободително движење продолжиле и во наредниот период, но во интензитет добиле особено по Илинденското востание.

Како последица на одмазничките акции на османлиските војски настрадале над двесте населени места, биле запалени над 12.000 куќи, а околу 30.000 луѓе трајно ги напуштиле своите домови и емигрирале.[116] Според други извори во задушувањето на востанието турската војска целосно опустошила 22 села, додека голем број други места претрпеле големи штети, материјални и човечки. Во акциите на војската и нерегуларните единици составени од локалното муслиманско население биле убиени околу 2.000 селани, а 40.000 привремено или трајно ги напуштиле своите домови.[117] Областите во кои имало најголем број на востанички акции како Битолско, Леринско,

---

[114] Миграциони движения на Българите 1878-1941 први том, 1878-1912, София, 1990, 9

[115] ibidem,...12

[116] Историја на македонскиот народ книга втора, Скопје 1969, 248

[117] Dankin Daglas, The Greek Struggle in Macedonia, 1897-1913, Salonika Institute for Balkan Studies, 1966, 104

Костурско биле зафатени со голем иселенички бран кон прекуокеанските земји особени кон Америка.

Од овие простори заминувањето на печалба во прекуокеанските земји било често уште од последните децении на XIX век,[118] но бројот на иселениците драстично се зголемил како последица на задушувањето на Илинденското востание. Само во 1903 година, во Америка емигрирале околу 8.000 луѓе.[119] Емигрирањето како последица од задушувањето на Илинденското востание било само продолжување на еден процес на иселување. Само до крајот на март 1904 година, од подррачјето на Битолскиот вилает емигрирале во Америка околу 3.500 луге.[120] Масовниот процес на иселување започнал уште во осумдесетите години на XIX век, особено од областите на Битолскиот вилает при што иселениците не се упатувале веќе само кон соседните земји, туку патот го продолжувале кон американскиот континент.[121]

Интересно е да се проследи типичниот профил на македонскиот емигрант од почетокот на XX век и да стане сосема јасно кој дел од населението најчесто ја напуштало својата земја и какви социјални, економски, политички и етнички последици имало ова движење за македонското национално ткиво. Македонскиот емигрант по правило бил маж на возраст од 18 до 35 години, земјоделец, кој работел или на некој

---

[118] Миграциони движения,...16

[119] Историја на македонскиот народ,...257

[120] Basil C. Gounaris, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century...,137

[121] Во овој период е карактеристично големо миграционо движење од балканските земји кон Америка. Добар пример за тоа е Грција. Само во 1900 година во САД пристигнале безмалку 4.000 грчки државјани за во 1905 година таа бројка да се зголеми на 12.000 илјади. Ваквиот тренд на мигрирање на грчото население во САД продолжил со зголемен интензитет се до Првата светска војна. Во периодот 1906-1914 година од Грција во САД се иселувале просечно по 31.000 мигранти. По Првата светска војна дошло до драстично намалување на миграцијата кон САД заради воведувањето квотите за вселување. ( Leften Stavrijanos, Balkan posle 1453, Beograd, 2005, 459)

чифлик, или пак бил ситносопственик, жител на некое мало "словеногласно" село.[122]

Според податоците на бугарскиот трговски агент во Битола, Рачо Петров од февруари 1904 за процесот на иселувањето од Битолскиот вилает, од просторот на вилаетот само во 1903 година во Америка се иселиле околу 4.000 жители.[123] Карактеристично е дека печалбарите по неколку години се враќале во Македонија, но се разбира дека еден дел од нив трајно се иселувале. Карактеристична е Леринската област во која на почетокот на XX живееле 37.000 Македонци[124] од кои околу 2.000 се наоѓале во Америка.[125] Слична била состојбата и со другите области во Битолскиот вилает особено со Костурско, и Битолско.

Иселувањето од овие области продолжило и по востанието, како последица од влошената економска состојба и од политичката нестабилност во државата. Областите на Охрид, Лерин и Битола продолжиле да бидат едни од најфрекфентните во поглед на мигрирањето, особено во Америка. Од посочените области во првите три месеци од 1906 година, за Америка заминале околу 2.000 лица. Иселувањето од овие области било релативно лесно. Голем дел од мигрантите веќе имале свои блиски роднини или соселани во Америка, а потребните документи за напуштање на Османлиското царство се добивале релативно брзо и лесно. Иселениците најчесто преку Солунското пристаниште со повеќе бродски линии заминувале од Македонија. Постоеле повеќе компании како "Transatlantiqe," "Austro-American," "Donaldson Line" и други кои од Солун ги преземале мигрантите.[126] Со ваквото брзо иселување од овие простори кои за време на ослободителните борби земале активно учество во движењето се губело најспособното и најпродуктивно население. Дел од овие мигранти засекогаш

---

[122] Basil C. Gounaris, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century...,140-141

[123] Миграциони движения,...312

[124] Васил Кьнчов, Избрани призведения, том втори София, 1970, 582

[125] Миграциони движения,...315

[126] Basil C. Gounaris, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century...,142

останале во Америка или другите земји каде што се иселелиле, бидејки политичката состојба во Османлиското царство се повеќе се влошувала.

Иселувања имало и од краевите кои директо не биле поврзани со миграционите процеси предизвикани од задушувањето на Илинденското востание како што биле областите на северна и северозападна Македонија. Оттука иселеничкиот бран кон Америка бил главно поединечен и тоа од Скопско, Тетовско,Кратовско и други области. Освен сиромаштијата една од главните причини била самовластието на албанските бегови карактеристично особено за Тетовската каза, каде што насилно им бил одземан имотот на селаните, а насилството и убиствата биле речиси секојдневна појава. Од овој простор карактеристични се иселувањата од селата Вратница и Беловиште.[127] Меѓутоа иселувањето на македонското население во овој период во прекуокеанските земји не оставало некои потрајни последици врз етничката структура во Македонија бидејки ова пред се биле класични печалбари кои по неколку години се враќале во своите родни места. Подлабоки последици оставало иселувањето во соседните земји каде што Македонците лесно се вклопувале во тамошните општестава, а не така ретко ги повлекувале и своите семејства. Некои од нив достигнале и до значајни позиции во општествената хиерархија на Бугарија или Србија.

Кон крајот на XIX од вкупното население на Софија дури една шестина биле родени во Македонија, а вкупната бројка на емигранти од Македонија кои трајно се населиле во Бугарија се проценувала на 50.000 илјади.[128] Во истиот овој период од 20.500 чиновници со колку што располагало бугарското кнежевство 955 биле родени во Македонија, односно во Битолскиот, Скопскиот или Солунскиот вилает.[129] До 1903 година, кога бранот на иселување заради последиците од востанието се интензивирал, секоја година од повеќе делови на Македонија населението постојано ги напуштало своите

---

[127] Ibidem,...409

[128] Васил Кънчов, Избрани призведения,...314

[129] Ibid

домови. Ова иселување било обусловено од сиромаштијата, несигурноста и анархичната состојба во која се наоѓала Турција. Најмногу иселувања биле забележани од Велес, Прилеп, Охрид, Битола, од Костурско, Паланечко и Тетовско, а нешто помалку од Скопско и Кумановско. Особено силен бил бранот на иселувања од пограничните делови на Македонија со тогаш независните балкански држави. Така во периодот 1895 -1903 година, од Разлошко, Неврокопско и околијата во Бугарија трајно се иселиле околу 150 семејства.[130] Најдобра слика за масовноста на емигрирањето од Македонија во Бугарија даваат официјалните податоци на Бугарската статистика. Во 1905 година на територијата на Бугарија живееле вкупно 37.045 жители,поголемиот дел бугарски државјани родени во Македонија. Од нив 15.118 биле родени на територија на Битолскиот вилает, 10.190 во Скопскиот, а 11.737 во Солунскиот вилает.[131] Од иселениците кои најчесто се иселиле во Бугарија кон крајот на XIX век, добар дел веќе имале земено бугарско државјанство што значи дека станувало збор за трајна миграција. Од вкупниот број на жители родени во Македонија во моментот на пописот 25.460 веќе имале бугарско државјанство.[132] Меѓу овие жители имало и голем броја на жени, односно во овој случај не станувало збор за класична печалба, туку за трајно иселување, што се разбира имало и последица на етничките односи во Македонија, ако се знае дека најголемиот дел од иселениците биле Македонци.

Сличен процес на иселување иако не со вака силен интензитет се одвивал во Србија. Македонските иселеници главно се населувале во поголемите градови на тогашна Србија особено во Белград, при што се бавеле со трговија, занаетчиство, градежништво или земјоделство. Иселениците во Србија главно потекнувале од северните или западните

---

[130] Глигор Тодоровски, Кресненското востание и миграциите во Македонија во втората половина на 19 век според француски извори, Зборник Кресненско востание, 463

[131] Кратки извлечения оть общить резултати по преброяване населението на Царство България, на 31 декемврий 1905 година, София, 1910

[132] Ibidem

краеви на Македонија.[133] Оттука тие релативно лесно успевале да дојдат од некои од поголемите градови во тогашна Србија каде лесно успевале да се прилагодат на тамошната средина и начин на работа. Особено бројни биле иселениците од Полог, Маврово и мијачката област и Дебарско.

Печалбарите од овие краишта биле ценети како исклучително "вредни, трезвени и претприемчиви"[134] па така лесно биле прифаќани во новите средини.

Карактеристично е дека Македонците во Србија не успевале така брзо да се искачат по општествената лествица и да заземат високи позиции во тамошното општество[135]. За ваквата состојба веројатно влијание имал и нивниот број кој бил значително помал од оној во Бугарија. Иселувања имало и во Грција но бројот на иселениците бил помал во однос на Бугарија и Србија. Дел од печалбарите заминувале и во Романија и Цариград, па дури и во Египет каде имало бројни македонски колонии.

Процесот на напуштање на Македонија со одредено темпо продолжил се до балканските војни, кога политичките прилики од корен ќе се променат, а миграционите движења ќе земат еден сосема друг тек. Сега присилните миграции и етничките чистења ќе бидат составен дел на меѓусебните судири на балканските монархии.

---

[133] Јован Цвиић, Говори и чланци, Београд, 1991,158

[134] Јован Цвијић, Балканско полуоство..., 217

[135] Во своето дело " Балканско Полуострово" Цвијиќ наведува дека долгогодишниот министер и претседател на повеќе српски влади, Никола Пашиќ по потекло бил од селото Рогачево, Тетовско.

## 4. Историско-етнографски податоци за Македонија од почетокот на XX век

Соседните балкански држави кои во текот на XIX век, се конституираа како национални држави, со слабеењето на османлиското царство се повеќе биле заинтересирани да добијат што поголем дел од неговото територијално наследство, при очекуваниот распад на овој веќе средновековен реликт. Така Македонија станала главен предмет за докажување на нејзината историја, етнографија, политичка географија, се со цел што повеќе да се прошири влијанието на овој простор. За македонската етнографија, бројноста на етносите кои ја населувале, а особено за докажувањето на потеклото и припадноста на најбројното население, Македонците, или како што тогаш се нарекувале, Словени, Бугари, Славофони итн, биле издадени бројни публикации, атласи карти и др. од најразлична провиниенција.[136] Податоците најчесто се тенденциозни, понекогаш полни со неточности или произволности, но еден дел од нив сепак претставуваат корисен историски извор.

Статистичките податоци и историско-етнографските погледи на соседните балкански држави кои подетално ќе ги разгледаме не биле единствените од оваа проблематика. Бројните странски истражувачи составувале етнографски карти и бројни статистики за населението во Македонија или пак за деловите кои биле од нивен интерес. Во прилог на кажаното говори и една грчка статистика составена во 1878 година, која била

---

[136] Види: Х.Р. Вилкинсон, Картите и Политиката, преглед на етнографската картографија на Македонија, Скопје, 1992, 321; Обемна библиографија за етничката и демографска структура на населението на Балканот, а во тој контекст и на Македонија содржи повеќетомното дело "Населението на Турция и България през XVIII и XIX век, библиографически издирвания със статистични и етнографски дании, София, 1968" приредено од д-р Никола В. Михов. Првите томови на ова дело излегле уште во периодот меѓу двете светски војни.

испратена до учесниците на Берлинскиот конгрес,[137] а се однесувала на Солунскиот, Серскиот, Драмскиот и Битолскиот санџак, односно на териториите за кои била заинтересирана тогашната грчка дипломатија.[138] Од истиот овој период (1877), руската дипломатија проценувала дека во Македонија, односно Солунски, Битолски, Скопски и Серски санџак живееле околу 1.700.000 жители.[139] Постојат и бројни други француски, чешки, американски, британски, австриски статистики[140] што само зборува колкава важност имала територијата на Македонија за европската дипломатија кон крајот на XIX и почетокот на XX век. За стратешкото место на овој простор и желбата за што поголемо влијание врз него зборуваат и податоците кои потекнувале од романски автори, кои го зголемувале бројот на влашкото или како тие го нарекувале романско население. Некои романски патеписци бројноста на "Романците" т.е Власите во Македонија ја проценувале на 450.000 лица.[141] Ваквите податоци се најчести од втората половина на XIX век. Зголемувањето на бројноста на влашкото население заради поголемо влијание на овој простор продолжило се до балканските војни. Во 1913

---

[137] Конгресот се одржал од 13 јуни до 13 јули 1878 година

[138] Според овие податоци во наведените санџаци во 1878 година, живееле: 349.000 Муслимани, 438.000 Грци, 337.000 Бугари, 70.000 Власи, 100.000 останати етноси и 35.000 странци. (ДАРМ, м-4410)

[139] ДАРМ, м-4410 Според овие податоци во Солунскиот санџак живееле 416.750 жители во Битоилскио 775.540, во Скопскиот 198.930 и во Серскиот 380.000 од најразлично верско и етничко потекло и состав.

[140] Види: Христо Андонов Полјански, Еден непознат статистички преглед во Битолскиот вилает од 1897 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 21; Битоски Крсте, Бројот и составот на населението во Битолскиот вилает кон крајот на XIX век, сп. Историја, VI/1, Скопје, 1970; Томо Томоски, Населението во Битолскиот санџак во 1897 година, според сатистичкиот преглед на австро-унгарскиот вицеконзул А. Крал, сп. Историја, V/1, Скопје, 1969; Од овој период обемна статистика приложува; Веркович, С. И Топографическо-этнографический очерки Македонии, СПб, 1889

[141] Ваква бројка дава Романскиот публицист Димитриј Болинтинеану а се однесуваат за средината на XIX век. (Македонија во делата на странските патеписци 1850-1864, подготвил Александар Матковски, Скопје, 1992, 82)

година во Букурешт била објавена статистика за Солунскиот и Битолскиот вилает според која во двата вилаети живееле 350.000 Власи[142], што се разбира е повеќепати зголемена бројка.

Сепак по важноста, обемот и конкретноста на податоците како неспорен историски извор мораме да ги издвоиме статистичките податоци и историско-етнографските студии од соседните балкански држави, како и податоците од турска провиниенција.

*4.1. Турски статистики*

Отоманските популациони статистики во една современа форма започнале да се јавуваат во првата половина на XIX век, пред се заради административните и воени потреби на државата. Регистрите на населението во овој период станале животно важни за османлиската администрација. Стариот начин на регистрирање на населението преку главата на семејството веќе не бил функционален.

Првото современо пребројување на населението во османлиското царство било направено во 1831 година, заради даночно евидентирање на немуслиманското население и за регистрација на муслиманското население за воена служба.[143] Со реформирањето на османлиската армија врз современи основи, на воената администрација и биле потребни податоци за староста и бројот на машката муслиманска популација во сите делови од државата. Пред

[142] Статистиката ја составил Константин Ное,а се однесува на периодот пред балканските војни (ДАРМ, м-4410)

[143] Kemal H. Karpat, Otoman population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes, London, 1985, 9. Според официјалните податоци во годината на пописот на територијата на Македонија живееле околу 450.000 жители, бројка која треба да се прифати со крајна резерва, бидејки на крајот на XIX век, во Македонија живееле околу два милиони жители. Според ова за нешто повеќе од половина век бројот на населението во Македонија требало да порасне за четири пати.

се заради ваквите практични потреби воениот естаблишмент вршел и притисок врз султанот и владата да се направи попис преку кој би можеле да се црпат податоци потребни за војската.[144] Воените власти имале активна улога при спроведувањето на пописите во XIX и почетокот на XX век. Официјалните податоци биле објавувани во “салманамите”- годишници, како за целата држава, така и за пооделни провинции и од нив можат да се извлечат податоци за религиозната структура на целокупното население, како и евентуално за етничката композиција пред се на христијанското население.[145] Кога станува збор за анализата на етничката структура на христијаните во осмалиската империја треба да се истражува претпазливо и со изострен критички поглед кон статистичките податоци бидејќи припадноста кон одредена национална православна црква во XIX век, не значи и етничка припадност кон тој народ. Целото христијанско население кои било под јуриздикција на Цариградската патријаршија било дел од “Рум милет”, а припадниците на Бугарската егзархија по нејзиното формирање во 1870 година, биле попишувани како “Булгар Милет.”

Како пример ќе ги земеме податоците за областите од северниот дел на тогашниот Косовски вилает (косовско-метохиската област и Санџак) во кои христијанското население доминантно било српско. Но заради нивната припадност кон Цариградската патријаршија тие во официјалните статистики се воделе како Грци.[146] Кога станува збор за Македонија состојбата е уште почуствителна и посложена бидејки соседните земји користејќи ги сопствените податоци, или пак земајќи ги официјалните турски, доколку им биле од корист, популационата статистика ја користеле како оружје за постигнување на нивните државни и национални цели.

---

[144] Заради ваквите практични потреби на воените власти статистиките поцелосно се воделе за муслиманското население, иако и во овој случај имало доста проблеми кога дел од населението не се регистрирало заради одбегување на воената служба.

[145] Engin Akarli, Otoman population in Europe in the 19th Century, its Teritorijal, Racial and Religious Composition, University of Wisconsin-Madison, 1970

[146] Kemal H. Karpat, Op. cit, 140

Уште еден од проблемите кои се јавуваат при анализа на официјалните турски статистички податоци е честото менување на административните граници на вилаетите, санџаците и казите со што постои можност да се направи грешка при обработката на овие податоци.[147] Оттука османските статистички податоци неможеме да ги прифатиме како точни па дури и објективни, туку само како почетна слика за етничката или религиозна структура на одреден простор. Сепак податоците од османлиските пописи ни даваат одредена претстава за социјалните и економски движења во државата и композицијата и дистрибуцијата на населението во одредени нејзини делови.[148] Овие податоци можат да се искористат и за дообликување на структурата на македонското општество од крајот на XIX и почетокот на XX век. Османлиските власти имале повеќе причини за воведување на современи методи во популационите статистики, особено по националното будење на христијанските народи.

Формирањето на националните цркви кај православните народи на Балканот, воспоставувањето на образовениот систем од страна на црквите и нивното делување меѓу населението за придобивање на што поголем број на приврзаници, било причина властите да ја следат бројноста и распространетоста на христијанските народи, не само заради економски или социјални, туку пред се заради политички причини.

Заради непрецизноста на османската статистика биле правени повеќе проценки на структурата на населението во европските провинции на царството при што тие се мошне различни, но и нецелосни. Се проценува

---

[147] Административните граници мошне често биле менувани почнувајки од шеесетите години на XIX век. Кон крајот на векот државата била поделена на 27 вилаети. За административните поделби види: Roderic H. Davidson, Reform in the Ottoman Empire 1856-1876, Prinston Universitu Press, 1963, 157-171; Aličić Ahmed, Uredba o organizaciji vilajeta 1867 godine. Prilozi za orientalnu filologiju, Sarajevo, 1965, XII-XIII/1962-1963, 219

[148] Првиот провинциски годишник бил публикуван за Вилаетот Босна во 1866 година, а потоа се публикувале слични годишници и за другите провинции, вклучувајки ги и македонските вилаети. (Kemal H. Karpat, Op. cit, 7)

дека на Балканот, Бугарите сочинувале меѓу 24-39% од населението, Грците од 9-16, а Турците 11-24%. Во овој период почетокот на XX век, се проценува дека во балканските османлиски вилаети живееле меѓу 10 и 14 милиони жители.[149] Од нив околу два милиони живееле на територијата на Македонија. Ваквите различни бројки, кои стануваат уште поконфузни доколку ги разгледуваме само на македонскиот простор, произлегуваат од улогата што Православните цркви на Балканот ја имале во формирањето на националните идентитети.

За време на долговековното османлиско владеење црквата останала да биде единствениот чувар на верата, јазикот и локалните традиции на балканските народи. Но со тек на времето Цариградската патријаршија профитирала од империјалните амбиции на државата, со тоа што станала единствен претставник на православните народи во државата. Оттука и преродбата и формирањето на идентитетот на балканските народи по правило значело и отцепување од Патријаршијата во Цариград.[150]

Сето ова ќе се рефлектира и на официјалната турска статистика која во официјалните публикации од почетокот на XX век, ги дава сите националности кои биле признаени како посебен Милет во државата. Македонците заради црковната поделба биле составен дел од грчкиот или бугарскиот милет. Османлиските статистики можеме да ги користеме само со споредување со други извори. Во податоците од 1906/07 година за многу кази недостасуваат податоците за женското население, како што е примерот со Дебарската каза.[151] Ваквата пракса била карактеристична за областите во кои доминантно живеело албанско население.

---

[149] Ibidem, 45

[150] Марија Тодорова, Замислувајки го Балканот, Скопје, 2001, 242

[151] Kemal H. Karpat, Op. cit. 166

Kemal H. Karpat, Otoman population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes, London, 1985

Населението во Солунскиот санџак во 1893 година.

| | Муслимани | Грци | Ерменци | Бугари | Власи | Унијати | Евреи | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солун | 226.486 | 185.685 | 424 | 82.481 | 16.461 | 2.681 | 48.789 | 2.377 | 565.384 |
| Серез | 68.168 | 46.018 | 31 | 69.034 | 3.900 | --- | 1.420 | 2.081 | 190.656 |
| Драма | 124.850 | 32.178 | 182 | 4.195 | 125 | 12 | 1.176 | 2.601 | 165.319 |
| Вкупно | 419.504 | 263.881 | 637 | 155.710 | 20.486 | 2.693 | 51.385 | 7.059 | 921.359 |

Според овие податоци во периодот 1893-1906 Во битолскиот вилает бројот на населението се зголемил од 664.339 на 824.828 жители, или бројот на вкупното население пораснал за околу 160.000 жители. За разлика од Битола во Косовскиот и Солунскиот вилает бројот на населението стагнирал или опаѓал.[152] Доколку ги спoредиме податоците за сите области во Македонија и покрај нивната непотполност можеме да кажеме дека бројот на вкупното население во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век се движи околу два милиони. Особено интересни за анализа се податоците за црковната структура на христијанското население.

Како пример ќе ги земеме податоците за Скопскиот санџак од крајот на XIX век.[153] Откако биле направени територијалните прераспределби во седумдесетите години, кога и бил формиран Косовскиот (Скопскиот) вилает, османлиските власти во првото салманаме (годишник) за вилаетот од 1878/79 година, меѓу останатото даваат податоци и за верската структура на населението. Ние ќе ги искористиме само податоците кои се однесуваат на

---

152 Во Косовскиот вилает не било попишувани женското население кај албанското население и дел од машкото заради одбегнување на воената обврска. затоа и според официјалните извори има опаѓање на бројот населението, иако во разгледуваниов период целото население на овој простор било изразите високонаталитетно.

153 Во тој период во состав на скопскиот санџак биле казите Скопје, Штип, Кратово, Радовиш, Куманово, Крива Паланка и Кочани.

Скопскиот санџак кој целосно бил на македонска територија. Според овие податоци во Скопската каза живееле 31.515 жители од кои 16.462 муслимани, 14.586 христијани, 160 евреи и 307 Роми. Во Кумановската каза живееле вкупно 19.870 жители од кои 14.360 христијани, 5.264 муслимани и 156 Роми, во Штипско живееле 11.400 муслимани, 10.750 христијани, 260 евреи и 330 Роми, или вкупно 22.740. Во Кривопаланечката каза доминирало македонското население бидејки од 15.777 жители 15.000 биле христијани, 510 муслимани и 267 Роми. Во Радовишката каза мнозинско било турското население каде од вкупно 7.687 жители 4.398 биле муслимани, 3.016 христијани и 269 Роми. Во Кочанската каза живееле 10.667 жители, од кои 4.232 муслимани, 2.605 христијани и 230 Роми. Во Кратовско од вкупно 4.385 жители 3.287 биле христијани, 1.037 муслимани и 21 Роми. Вкупно во скопскиот санџак живееле 112.547 жители од кои 43.303 муслимани и 67.204 муслимани.[154] Врз основа на овие податоци може со одредена доза на воздржаност да се одреди и етничката структура на населението се разбира не сосема прецизно, а може и да се споредуваат со подоцнежните податоци. Зголемувањето за само петнаесетина години било доста големо што зборува за потребата турските статистички податоци да ги земаме со голема резерва и да ги анализираме критички. Така во санџакот во 1893 година, живееле вкупно 272.331 жители од кои 115.858 муслимани, а меѓу христијаните доминирале егзархистите со 147.848, наспроти патријаршистите со 7.248

---

[154] Skender Rizaj, Vilajeti i Kosovës më 1878 rregulimi politik dhe rrethanat kulturo-arësimore dhe demografike, Vjetar, II-III, Prishtinë, 1970, 249-250 Според овие податоци во Тетовската каза која била во составот на Призренскиот санџак живееле 36.583 жители од кои 22.577 муслимани, 12.957 христијани и 950 други. Во дебарскиот санџак кој зафаќал добар дел територии од денешна Албанија во тогашната каза Горни Дебар која во најголем дел денес влегува на територијата на Македонија живеле вкупно 28.500 жители од кои 18.500 муслимани и 9.500 христијани. (Ibidem, 250)

жители.[155] Ваквите верски и етнички одредници се однесуваат и за другите делови од Македонија, но и за целата држава.[156]

Kemal H. Karpat, Otoman population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes, London, 1985, 140-141

Населението во Скопскиот санџак во 1893 година.

| | Муслимани | Грци | Ерманци | Бугари | Католици | Евреи | Протестанти | Латини |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 40.256 | 6.655 | ___ | 22.497 | ___ | 724 | ___ | 38 |
| Штип | 24.166 | ___ | ___ | 17.575 | ___ | 510 | ___ | ___ |
| Кратово | 4.332 | 35 | ___ | 19.618 | ___ | ___ | ___ | ___ |
| Радовиш | 10.519 | ___ | ___ | 7364 | ___ | ___ | 97 | ___ |
| Куманово | 12.268 | 87 | ___ | 29.478 | ___ | ___ | ___ | 8 |
| К. Паланка | 2.078 | 388 | ___ | 18.196 | ___ | ___ | ___ | ___ |
| Кочани | 22.239 | 83 | ___ | 33.120 | ___ | ___ | ___ | ___ |
| Вкупно | 115.858 | 7.248 | ___ | 147.848 | ___ | 1.234 | 97 | 46 |

| | Муслмани[157] | Грци[158] | Ерменци | Бугари[159] | Католици | Евреи | Странци | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Солун | 29.489 | 36.985 | 149 | 1.117 | 471 | 34.523 | 810 | 103.544 |
| Кукуш | 23.610 | 2.673 | --- | 14.584 | 52 | --- | --- | 40.929 |
| Дојран | 19.423 | 1.591 | 1 | 5.600 | 376 | 167 | 7 | 27.170 |
| Струмиц | 15.760 | 14.026 | --- | 2.965 | --- | 573 | --- | 33.124 |

155 Kemal H. Karpat, Op. cit. 140

156 Во пописот од спомената година официјално биле регистрирани следните верски и етнички групи: Муслимани, Грци, Ерменци, Бугари, Католици, Евреи, Протестанти, Латини, Монофизити (Сиријци)

157 Станува збор за турско население, но и за исламизирано македонско население кое живеело во воденската и Еницевардарската (Пазарсакта) каза

158 Во Солунскиот санџак живеело грчко население, но во турските статистики во вкупниот број на Грци е пресметано и македонското и влашко анселение од санџакот кои биле припадници на цариградската Патријаршија

159 Се однесува на Македонците и на мал број на други православни христијани припадници на Бугарската Егзархија

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Велес | 18.093 | 420 | --- | 32.843 | --- | --- | --- | 51.356 |
| Пазар | 22.573 | 18.155 | --- | 1.368 | 10 | 102 | 1 | 42.209 |
| Воден | 14.962 | 14.208 | --- | 3.943 | --- | --- | --- | 33.113 |
| Тиквеш | 19.909 | 260 | --- | 21.319 | --- | 27 | 5 | 41.520 |
| Касандра | 4.338 | 30.367 | 7 | --- | --- | --- | 124 | 34.836 |
| Лагадина | 29.434 | 19.538 | --- | 1.651 | --- | 7 | 77 | 50.707 |
| Гевгелија | 17.063 | 14.558 | --- | 5.784 | 1.402 | --- | --- | 38.708 |
| Бер | 7.325 | 8.019 | --- | 2.174 | --- | 393 | 39 | 25.034 |
| Св.Гора | 57 | 4.195 | --- | 2.251 | --- | --- | 137 | 6.640 |
| Катерини | 3.192 | 20.665 | --- | 203 | --- | 32 | --- | 24.092 |
| Вкупно | 225.238 | 192.444 | 157 | 95.807 | 2.311 | 35.824 | 1.200 | 552.981 |

Kemal H. Karpat. Otoman population 1830-1914, Demographic and Social Characteristes, London, 1985,134-135
Населението во Солунскиот вилает во 1893 година.

Соочувајќи се со пропагандата на балканските држави за бројноста на населението во Македонија и неговиот етнички состав, турските власти започнале да публикуваат сопствени статистички податоци врз основа на нивни официјални податоци. Ваквите статистички податоци најчесто биле објавувани за трите вилаети заедно (Солунски, Битолски и Скопски), при што властите настојувале да го зголемат бројот на муслиманското население, кое воошто не го делеле според неговата етничка припадност. Од друга страна во официјалните податоци се настојувало христијанското население што повеќе да се подели според етничка или црковна припадност со цел ниту еден етнос во Македонија со доминантно христијанска религија да нема ниту релативно мнозинство. Во 1904 година по наредба на главниот гувернатор на Битолскиот, Косовскиот и Солунскиот вилает Хилми паша, во Солунскиот весник "Хаср" биле објавеви официјалните турски податоци за етничкиот и верскиот состав на населението на споменатите три вилаети.[160]

[160] Податоците се однесуваат и за области кои не влегуваат во географскиот простор на Македонија. Во рамките на тогашните граници на Косовскиот вилет освен Скопскиот санџак во кој влегувале македонски територии и тетовската каза која припаѓала на Призренскиот санџак, останатите области ги опфаќаат тогашните кази од Косовскометохиската област и

Според овие податоци во вилаетите живееле вкупно 2.911.720 жители, од кои најголемиот дел 1.508.507 жители биле со муслиманска вероисповед (Турци, Албанци муслиманско население од Санџак и исламизирани Македоннци), а останатите околу 1.400.000 жители биле христијани од разни етноси. Карактеристично е дека официјалната турска статистика дава податоци и за Власите кои во овој период во 1905 година, добиле "ираде" од султанот и биле признати за засебен милет и покрај тоа што најголемиот дел од нив припаѓале на Цариградската патријаршија според турските податоци во трите вилаети живееле 99.000 Власи. Бидејки статистиката се однесува и на областите на север од Шар Планина, во податоците се наведени и Србите со 100.717 жители.[161]

Се разбира сите овие податоци кои се објавувале имале за цел да и помогнат на официјалната политика и да докажат дека муслиманското население е мнозинство во поголемиот дел од областите за кои претендирале балканските држави, иако и кај дел од муслимиманите, како кај Албанците на пример, национално-ослободителното движење се повеќе се интензивирало.

---

од Санџак, додека во Битолскиот вилает влагувале Западна и Југозападна Македонија и еден тесен грчки појас, заради што овие податоци неможе да се користат за подетална анализа на етничката структура на населението во Македонија на почетокот на XX век. Во овие податоци освен муслиманите најбројни христијански етноси биле "бугарите" со 896.496 жители и "грците" со 307.000 жители.

161 ДАРМ, м-4410 Турските податоци за српското население најверојатно се однесуваат на областите на Приштинскиот, Призренскиот, Пљеваљскиот, Пеќиот и Новопазарскиот санџак. Според податоците кои ги дава бугарскиот истражувач Кжнчов, во споменатите санџаци живееле околу 132.000 Срби. Овој автор српското население од Гњиланската каза го смета за бугарско. (Васил Кьнчов, Избрани произведения том втори...,55)

### *4.2 Бугарските статистики од почетокот на XX век*

Со почетокот на делувањето на Бугарската егзархија во 1870 година и со формирањето на бугарското кнежевство во 1878 година, интересот за Македонија станувал се посилен. Бугарското присуство било особено значајно преку Егзархијата не само како црковна, но уште поважно како образовна, а во османлискиот систем и како национална институција.

Особено солидна основа за етнографско и демографско проучување на населението во Македонија дал Васил К`нчов, бугарски научник, етнограф, публицист и училишен инспектор во Македонија кон крајот на XIX век. Како училишен инспектор имал можност да го посети речиси секое село каде дејствувало егзархиско училиште и да собере податоци за бројот на населението, неговиот етнички состав како и мајчиниот јазик, односно јазикот кој се зборувал во домот. Овие податоци тој ги собирал во периодот од 1895 до 1899 година.[162] Податоците од проучувањата на Македонија ги објавил во своето познато дело "Македонија етнографија и статистика", кое излегло во Софија во 1900 година.[163] Кога зборува за Македонија тој мисли

---

1Георги Даскалов, Българите в Егейска Македония (Историско-демографическо иследване) София, 1996,6

[2] Васил Кнчов бил исклучително плоден и значаен автор во своето време. Негова главна преокупација била Македонија. Автор е на повеќе историски, геогравски и етнографски списи и монографии во кои дава опис и свое видување на состојбите во Македонија. Круна на неговите истражувања низ Македонија претсатвува монографијата "Македонија етнографија и статистика" издадена во Софија во 1900 година, каде што авторот дава конкретни статистички податоци за сите македонски кази, за бројноста на населението и неговиот етнички и верски состав. И покрај неговиот за тоа време разбирлив став да и даде бугарски карактер на Македонија, Кжнчов претставува неодминлив автор при проучувањата на етничките, демографските, но и политичките и економските состојби во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век.Во своите патни белешки ги опишува Битолско, Преспа, Охридско,Света Гора, долините на Струма, Места и Брегалница,ги опишува и своите екскурзии по Солунско, за Лагадинското поле и др. а автор е и на повеќе монографии за градовите Скопје Охрид, Крушево, Драма Велес.

на територијата опкружена со Родопскиот венец од исток; со Рила, Осоговските палнини, рамнината меѓу Вардар и Морава, Скопска Црна Гора и Шар Планина на север; со Албанските планини, рамнините меѓу реките Девол и Бистрица, Грамос и Олимп од запад и Егејското море на југ. Како извори за својот обемен и корисен труд тој ги користи податоците од турските статистики за вилаетите во Македонија, како и податоците кои биле собирани во егзархиските општини, или лични запазувања.

| | Муслимани | Христијани | Евреи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Бугари | 148.303 | 1.032.553 | --- | 1.181.336 |
| Турци | 494.964 | 4.240 | --- | 499.204 |
| Грци | 14.379 | 214.329 | --- | 228.702 |
| Арнаути | 119.201 | 9.510 | --- | 128.711 |
| Власи | 3.500 | 77.267 | --- | 80.767 |
| Евреи | --- | --- | 67.840 | 67.840 |
| Цигани | 35.057 | 19.500 | --- | 54.557 |
| Руси | --- | 4.000 | --- | 4.000 |
| Черкези | 2.837 | --- | --- | 2.837 |
| Срби | 300 | 400 | --- | 700 |
| Ерменци | --- | 300 | --- | 300 |
| Други | 200 | 8.870 | 200 | 9.070 |
| Вкупно | 819.235 | 1.370.949 | 68.040 | 2.258.224 |

Извор: Васил Кънчов, Избрани произведения том втори, София, 1970, 590

Тој дава општа престава за етносите кои ја населувале Македонија, нивната распространетост, историјат и влијание во тогашните политички збиднувања, заедно со статистички табели за етничкиот и религиозниот состав на населението во одделните кази во Македонија. Во однос на

етничката припадност на Македонците, К`нчов како и сите бугарски автори од овој период недвосмислено ги става во корпусот на бугарското население. Тој јазикот кој се употребувал во домот го сметал како основен елемент за определување на етничката припадност, што само по себе ја исклучувало црковната припадност. К`нчов во рамките на бугарскиот етнички корпус ги става сите Македоноци без разлика на припадноста на егзархијата или патријаршијата, како и исламизираните кои ги бележи во посебна графа. Неговите опсервации за етничката структура на Македонија ја отсликуваат и официјалната бугарска политика кон Македонија, односно повеќедецениската бугарска интерпретација за етничките состојби во Македонија.[164]Според К`нчов, во Македонија кон крајот на XIX век, живееле 2.258.224 жители.[165]

Во 1905 година, од печат излегла книгата на Д.М. Бранков "Македонија и нејзиното христијанско население"[166] Под псевдонимот Бранков се криело името на долгогодишниот секретар на Бугарската егзархија Димитар Мишев.[167] Како што кажува и самиот наслов во книгата се проследува само христијанското население. Според овие податоци на почетокот на XX век во Македонија живееле 1.450.688 христијански жители, а

---

164 Х.Р.Вилкинсон, Картите и политиката, преглед на етнографската картографија на Македонија, Скопје 1992, 146

165 Од вкупниот број на жители 1.181.336 биле Бугари ( во оваа бројка Кжнчов ги вклучува и исламизираните Македонци), односно во проценти 52.31%; Турците биле втори по бројност 449.304 или 22.14%; Грци имало 228.702 или 10.13%; Албанци 128.711, 5.70%; Власи 80.767, 3.58%; Евреи, 67.860, 3%; Роми,54.557,2.42% а останатите етноси Руси (пред се монаси во рускиот манастир Свети Пантелејмон на Света Гора) Черкези, Ерменци, и др биле под 1% (Васил Кънчов, Избрани произведения том втори, София, 1970, 590) Според верската припадност 1.370.949 биле христијани, 819.235 муслимани и 68.040 евреи.

166 D.M.Brankoff, La Macedonie et la population chretiene, Paris, 1905,237

167 Х.Р Вилкинсон, Картите и политиката,..151; Стојан Киселиновски, Етничките промени во Македнија (1913-1995) Скопје,2000,12

од христијаните 80 % претставувале Бугарите.[168] Споредувајки ги овие податоци со предходните на К`нчов се заклучува дека бројката на “Бугарите” е речиси иста, но видливо е намалувањето на бројот на грчкото население кај Бранков. Целта на Бранков била да докаже дека супериорноста на грчката култура, не значи и бројчана надмоќ. И за него припадноста на Цариградската патријаршија и посетувањето на грчките училишта на била причина да го исклучи тоа население од бугарскиот етнички корпус.[169]

Од бугарските автори кои пишуваат за распространетоста на етносите во Македонија нивниот број потекло , јазик и историја до пред балканските војни ќе го споменеме Јордан Иванов.[170]Овој професор на универзитетот во Софија, географ, историчар и филолог, објавувал повеќе списи за бугарската филологија, историја и етнологија.[171] Самиот автор заклучува дека точна статистика за македонското население никогаш немало, затоа што Турција никогаш не спроведувала попишување на своето население. Како прилично непрецизни ги смета и нофузните тефтери, но и избирачките списоци правени по 1908 година.[172] Податоците главно потекнуваат од егзархиските епархиски списоци од почетокот на 1912 година, а биле собирани од страна на епархиските власти со помош на свештеници, учители и трговци. За патријаршиското население биле користени податоци од патријаршиските духовници. На помош често пати биле и селските кметови кои особено добро го познавале населението во пооделни места. Самиот Иванов извршил низа проверки во повеке места.[173] Авторот територијата на Македонија грубо ја сместува во басените на четирите реки кои течат низ Македонија, вливајќи се

---

[168] Според овие податоци 1.172.136 или 80.80% биле Бугари, 190.047 односно 13.10 % биле Грци, 63.895, или 4.40% Власи, 12.006, или 0.83 % Албанци и 12.604, или 0.87% Роми (D.M.Brankoff, La Macedonie,..237)

8 Х.Р Вилкинсон, Картите и политиката,..153

[170] Йордан Ивановъ, Българите въ Македония, София, 1917

[171] Х.Р Вилкинсон, Картите и политиката,..207

[172] Йордан Ивановъ, Българите,..99

[173] Георги Даскалов, Българите в Егейска Македония,..7

во Егејското море ( Бистрица, Вардар, Струма и Места), меѓу планините Шара и Рила на север, Родопите на исток, Егејското море на југи Шара, Грамос и Пинд на запад.

На овој географски простор на Македонија до балканските војни постоеле педесет административни околии-кази, распределени во санџаци, а овие во вилаети (Скопски, Битолски и Солунски).[174] Карактеристично е дека поделбата од страна на османлиските власти била направена со цел христијаните да имаат што е можно помала бројчана надмоќ над муслиманите. Во статистиката на Иванов македонското население е распределено по околии и по народност односно мајчин јазик. Слично на К`нчов, исламизираните Македонци, Грци и Власи кои зборувале на својот мајчин јазик, не се ставени во графата на Турците, како што правеле некои други автори, туку во групите на нивните христијански сонародници. И Албанците муслимани и христијани се ставени во една група. Според податоците што ги дава Иванов непосредно пред балканските војни во Македонија живееле вкупно 2.300.000 жители[175] од кои: 1.100.000 Бугари[176], 540.000 Турци, 253.000 Грци, 184.000 Албанци, 77.000 Власи, како и други етноси од кои најбројни биле Евреите сконцентрирани само во големите градови од кои само во Солун околу 64.000 илијади[177].

Од бугарските автори ќе го споменеме само уште Владимир Руменов[178] кој дава доста прецизни податоци, но за еден ограничен регион, односно за Егејскиот дел на Македонија. И тој Македонците ги става во редот на бугарскиот етнички корпус, давајки им бројчана предност над останатите

---

[174] Ibidem...,98

[175] Во рамките на вкупниот број на насеелнието влегува и Прешевската каза со 38.000 жители.

[176] Овде се пресметани и исламизираните Македонци од Гора и Македонците во Корчанско, што значи области кои географски не влегувале во границите на Македоднија.

[177] Йордан Ивановь, Българите,..102-103

[178] Владимир Руменов, Българите вь Македония подь грьцка власт, Македонски преглед, София, 1941, книга 4

етноси во овој дел на Македонија. Според Руменов, на овој простор пред балканските војни живееле: 339.363 Бугари, 314.854 Турци, 245.251 Грци, 68.206 Евреи, 15.108 Албанци, 8.016 други.[179] Овие податоци се слични со податоците од другите бугарски автори, односно според Руменов на просторот на околиите кои по балканските војни потпаднале под власт на Грција живееле 990.804 жители. Мора да се напомене дека за овие области е карактеристична голема измешаност на етностите, особено видлива во градовите каде ретко кој етнос можел да има надполовично мнозинство.

Карактеристично за бугарските автори е дека мајчиниот јазик, односно јазикот кој се употребувал во куќата го земеле како основа за определување на етничката припадност на населението во Македонија. Нивните статистики (доколку се исклучи бугарската обоеност), даваат прилично јасна и точна слика за структурата на населнието во Македонија во почетокот на XX век, односно непосредно пред балканските војни кои од корен ќе ги променат овие состојби.

### *4.3 Српските статистики од почетокот на XX век*

Основите на српската пропаганда во Македонија би можеле да ги бараме уште во познатото "Начертание" на Илија Гарашанин од 1844 година. Меѓутоа се до 1868 година, не било преземено речиси ништо, кога по иницијатива на српската влада во Белград бил формиран "Просветен одбор" кој требало да се грижи за формирање на српски училишта во Стара Србија и Македонија. Но војните 1876/78 година, биле причина сите српски училишта на овој простор да престанат со дејноста.

Нова фаза за српската пропаганда настапила по Берлинскиот конгрес, со чии одредби Босна и Херцеговина била окупирана од Австро-Унгарија, со што Србија била принудена да се одрече од својата активност таму. За

[179] ibidem

ваквата определба на Србија влијаела и тајната конвенција која ја склучила со Австро-Унгарија, со што целата српска пропагандна активност се насочила кон југ. Активноста на бугарската егзархија исто така влијаела на дејноста на српската влада да започне плански да ја води својата пропаганда во Македонија со цел колку што може повеќе да го спречи влијанието на егзархијата. Во 1886 година, во Белград било формирано друштвото Свети Сава, кое покрај останатото имало за цел да подготвува учители за српските училишта во Македонија.[180] За релативно кратко време во повеке места во Македонија биле отворени црковно-училишни општини, особено во Скопскиот (Косовскиот) вилает, но вакви општини имало и во Битолскиот вилает.

За разлика од егзархиското население кое во официјалната турска статистика било бележано како "булгар милет" или патријаршистите "урум милет" Србите немале своја самостојна црква на територијата на Османлиска Турција, така што нивните привзраници биле вбројувани во редовите на патријаршистите.

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век, во Србија се повеќе започнале да се појавуваат списи од повеќе историчари, географи, етнографи и др. кои најчесто следејќи ги стапките на српската дипломатија, границите на Македонија ги поместуваат на југ до Демир Капија, односно до областите на кои претендирала српската држава. Се пишувало дека за српскиот народ "Македонија почнува од Демир Капија, Прилепските предели и Струма на југ и исток"[181] Пределот на север се нарекувале Стара Србија и ги опфакале областите на Косово, Метохија, Новопазарскиот санџак и северните и северозападните делови на Македонија.

Ваквите погледи најповеќе ги обнародил, а со нив го запознал и западниот свет, пред се со своите статии објавувани во француски и

---

[180] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, 124

[181] Јован Хаџи Васиљевић, Стара Србија и Маћедонија (са гледишта географског, историјског, и политичког), Браство, Београд, 1906,54

германски списанија Јован Цвијиќ[182]. Овој професор, основач на антропогеографската школа во Србија своите погледи за етнографијата на македонските словени ги објавува во виенскиот весник Die Zeit уште во 1903 година, а потоа ги објавува и во Белград.[183] До 1907 година, овие негови погледи биле објавени на повеќе светски и балкански јазици. Сето тоа предизвикало многу рецензии, одговори, напади во повеќе српски, бугарски, грчки, романски, германски и др. часописи.[184] Цвијиќ патувал низ Македонија во повеќе наврати во периодот од 1898 до 1910 година. Тој од "прва рака" можел да се запознае со политичките прилики, погледите и животот на населението и миграциите на населението кои завземаат добар дел од неговите проучувања. Цвијиќ нема напишано посебно дело или монографија која би се однесувала исклучиво на етничката состојба и миграциите во Македонија, туку прашањето го согледувал во еден поширок балкански контекст.

Најмногу внимание на Македонија, авторот посветил во обемното дело "Основи за географију и геологију Македоније и Старе Србије" печатено во

---

[182] Јован Цвијиќ (1965-1927), професор на Белградскиот Универзитет, творец на теоријата за аморфноста (недооформеноста) на националната свст на словенското население во Македонија. Во 1893 година, докторирал на Виенскиот универзитет по што станал професор на "Великата школа" во Белград ( од 1905 Универзитет). Преку триесет години патувал по Балканскиот полуостров, а своите забележувања ги објавил во повеќе научни дела. Една од карактеристиките на неговите истражувања била желбата да се доловат етнопсихолошките карактеристики на населението на Балканот, врз чие формирање според авторот влијание имала климата, географијата, социјалната структура, како и миграциите. Ваквите негови погледи во периодот по Втората светска војна претрпеле доста критики од одреден број на истражувачи. Дел од критиките се разбира се оправдани, но сепак впечатокот е дека делата на Цвијиќ од денешен аспект претставуваат неизбежен историски извор за проучувачите на етничката историја и миграциите на Балканот во целина и во поодделни негови делови.

[183] Јован Цвијић, Проматрања о етнографии македонских словена, ( друго допуњено издање), Београд, 1906

[184] Говори и чланци, Београд, 1991, 153

три книги.[185] За миграциите и етничката структура во Македонија, Цвијиќ внимание посветува и во познатото дело "Балканско полуострво и јужнословенске земље"[186] Како општествен и историски процес кој бил проследен со најразлични промени, миграциите на населението Цвијиќ се обидел да ги прати од средниот век, преку османлискиот период, па се до негово време. Предмет на негов интерес биле сите народи кои ја населувале Македонија, а посебен акцент авторот ставал на "словенското" и "арбанашкото" население. Тој ги проследува миграциите на албанското население кое според него во одреден период од својот развој покажало голема експанзивна моќ, ширејки се од запад дури до пределите на средното Повардарие[187] Тој етничките промени и миграциите во претходните векови, особено во XVIII и XIX век, ги претставува доста релјефно, поткрепено со бројни примери од повеќе предели на Македонија. Ова зборува дека на почетокот на XX век, Македонија и македонскиот проблем биле во центарот на политичкото, но и научно внимание.

Според Јован Цвијиќ, кој од српските истражувачи најдлабоко проникнува во "македонската проблематика" секоја од балканските држави, ги присвојувала македонските словени кон својата народност, иако ова население "нема одредена национална свест, немало самостојно минато, нема свој книжевен јазик."[188] И овој српски автор го проблематизира географскиот поим и границите на Македонија, ставајки ги скопската и тетовската област во т.н. Стара Србија.

Надоврзувајки се на ваквите погледи на Цвииќ, и други српски автори северните граници на Македонија ги повлекувале далеку во нејзината внатрешност, претендирајки дека во т.н Стара Србија влегувале: Овче Поле,

---

[185] Јован Цвиић, Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, књига I, II и III, Београд, 1906, 1911

[186] Јован Цвиић, Балканско полуострво и јужнословенсе земље, Београд, 1922

[187] Јован Цвиић, Анатропогеографски проблеми Балканског полуострова, Насеља српских земаља, књига I, Београд, 1902, 206-208

[188] Јован Цвиић, Проматрања,..7

Славиште, Средорек Козјак, Скопска Црна Гора, Полог, Порече, кичевската и дебарската област.[189]

Се разбира во ваквите расправи за географското простирање на Македонија јасно се очитува тенденцијата да се оправдаат територијалните аспирации на Србија кон овие простори, а потоа и војните кои ќе се водат за нивно освојување. Во сите наведени области според Цвијиќ, населението е несомнено српско додека македонските Словени, онаа "аморфна словенска маса живее во пределите на југ од Прилеп, до Солун и на исток до Места".[190] Цвијиќ македонското население го дели на повеќе "вариетети" (Западномакедонски, Јужномакедонски, Моравско-вардарски), при што конастатира дека населението во Западна Македонија по своите карактеристики (етнички, социјални, психолошки) се доближува до т.н "динарски вариетет," особено Мијаците во реканскит крај.[191]

Во своите дела тој често пати зборува за народносните чувства и определби на населението во Македонија. Во делот во кој го опишува "словенското население во јужна Македонија" констатира дека "широките народни маси навистина немаат никаква национална свест, туку само оние кои се образувале или граѓаните кои во "бугарскиот, грчкиот, или српскиот национализам нашле некој свој интерес". Но и тие често пати ја менувале својата национална ознака кога би почуствувале дека од тоа можеби би имале некаква корист."[192] Ваквата констатација се разбира би можела да важи и за останатите делови од Македонија, при што е особено важно дека Цвијиќ ги изедначува сите балкански национализми кои се обидувале да придобијат дел од македонското население. Во согласност со политичките и

---

[189] Јефто Дедиер, Стара Србија географска и етнографска слика, Београд, 1912

[190] Говори и чланци, Београд, 1991, 13

[191] Јован Цвијић, Балканско полуострво...211

[192] Ibidem...,

географските промени, погледите на Цвијиќ, се менувале, односно се зголемувала територијата дефинирана како српска.[193]

Но пред да се појават делата на Цвијиќ и на неговите следбеници, во Србија се пишувало за Македонија и за етничката припадност на нејзиното население. Во 1885 година, во Србија се издават првите етнографски карти, според кои во претходните истражувања правени од странски и балкански истражувачи бил потценуван бројот на Србите во Македонија.[194]

Близок до погледите на Цвијиќ бил и Иван Иваниќ,[195] кој границите на Македонија прилично ги стеснува, при што од денешната територија на Р. Македонија влегува само областа јужно од Демир Капија, Струмица, Мариово и мал дел од Пелагонија. Останатиот дел од Македонија авторот го поместува во т.н Стара Србија. На самиот почеток на своето дело посветено на Македонија, авторот констатира дека "нема земја во Европа за чии граници владеела толкава збрка во поимите како што е случајот со Македонија," констатирајќи дека нејзините граници точно не биле утврдени.[196] Авторот ги обвинува бугарската и грчката пропаганда во врска со збрките на поимите околу границите на Македонија, бидејќи создале сосема погрешно мислење, дека Македонија е една голема област составена

---

[193] Во 1918 година кога се определувале новите граници на Балакнот, Цвијиќ ги модефикува некои од своите претходни погледи во однос на Македонија. Така на пример ако во 1913 година, источната граница на македоно-словенската група била фиксирана на сливот на реките Вардар и Струма, во 1918 година оваа граница била поместена на исток до самата река Струма. Самиот Цвијиќ секогаш бил застапник за етничко-политички граници па затоа и етничкиот распоред го модифицирал со цел да даде поддршка на српските територијални барања во однос на Бугарија. Со еден ваков маневар требало да се даде подршка на српските барања за една стратешка српско-бугарска граница, а особено за присоединување на струмичката област во рамките на Србија ( Х.Р Вилкинсон, Картите и политиката,..209)

[194] Стојан Киселиновски, Етничките промени во Макеоднија,..15: Х.Р Вилкинсон, Картите и политиката,..116

[195] Иван Иванић, Маћедонија и Маћедонци, Нови Сад, 1908; Првата книга од монографијата за Македонија од овој автор излегла во Белград во 1906 година

[196] Ibidem...,9

од Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает. "Македонија е всушност далеку помала од тоа што Бугарите и Грците и од нив инспирираните странци се обидуваат да ја претстават. Тоа е една мала област, не цел Солунски вилает и јужниот дел од Битолскиот вилает,"[197] констатира Иваниќ. Авторот ги критикува истражувачите кои пишувале за приликите во Македонија, а во неа поминале само 2-3 недели, при што констатира дека нивните статистики биле полни со грешки и превиди. Самиот наведува дека и неговата статистика не била потполна, особено податоците до кои дошол на посрден начин.[198]

Во согласност со неговото дефинирање на територијата на Македонија, на почетокот на XX век, во неа живееле 1.366.556 жители, распоредени во македонскиот дел на солунскиот вилает 1.076.447 жители и во македонските делови на битолскит вилает 290.109 жители.[199]

Во сите српски статистики од овој период српскиот елемент е прикажан како доминантен. Како пример ќе ја земеме статистиката на С. Гопчевиќ од 1889 година. Во неговото видување северната граница на Македонија се протегала на просторот Битола-Струмица, а средишната долина на Вардар била составен дел од Стара Србија. Гопчевиќ во вкупниот број на населението ги пресметува и жителите на целиот Косовски вилает,

---

[197] Авторот се обидувал да го дефинира поимот Стара Србија, при што констатира дека тоа биле оние краеви кои некогаш биле центар на старата српска држава во средниот век, додека според него границите на Македонија никогаш ниту во ни потоа не се оддалечувале многу од бреговите на Егејското море. ( Ibidem...,13-17)

[198] Авторот ја напуштил територијата на Македонија кон крајот на XIX век, така што доста статистички податоци ги добил преку писма од негови пријатели или на други начини, што била честа појава и за другите истражувачи на Македонија од овој период.

[199] По народност и вера Иваниќ населението го дели на : 400.624 Муслимани во припаѓале Турците, Јуруците, Атнаутите, потурчените Срби и потурчените Власи и Срби, 400.568 православни Срби под јуриздикција на Патријаршијата во Цариград, 265.408 православни Срби под јуриздикција на Егзархијата, како што авторот ги нарекува "бугараши", 190.639 православни несловени Власи, Грци и Албанци, 15.000 Унијати, 60.040 Евреи со шпански мајчин јазик и 34.277 странци. (Иван Иванић, op cit, 36-37)

односно од просторите на север од Шар Планина и Скопска Црна Гора.[200] Токму затоа и вкупниот број на населението е повисок од податоците што за овој период ги давааат бугарските автори. Според овие податоци кон крајот на XIX век, во Македонија и Стара Србија живееле: 2.048.320 Срби, 231.400 Турци, 57.600 Бугари, 201.140 Грци, 165.620 Албанци, 69.665 Власи, 64.645 Евреи, 28.730 Роми и 3.500 други.[201] И на почетокот на XX век, биле издавани статистики од српска провиниенција кои во себе содржеле низа неточности и произволности.[202] Дури и некои српски автори ваквите неточности кои доведувале до заблуди и збрканост ги критикувале, оптужувајќи ги за необјективност и пропагаторство.[203] Во овој контекст ќе ја споменеме статистиката која ја приложува Боривоје Ж. Милојевиќ[204] и која го опфаќа населението на еден ограничен простор, односно областите од Костурско до Солун на исток, а се однесуваат за периодот непосредно пред балканските војни.

За Македонците се употребува етнонимот Словени, без разлика на нивната верска или црковна припадност. Според овие податоци Словените претставувале мнозинство од населението на Костурската област, во Леринско, Меглен, додека во областите источно и западно од Вардар во Солунско сочинувале половина од населението. Во Лагадинската област мнозинство биле погрчените Словени, додека во централните делови околу

---

200 Ibidem,..120

201 Поранешните балкански војни (1912 - 1913) извештај на Карнегиевата балканска комисија, Скопје, 2000, 60

202 Како пример ќе ја дадеме статистиката која ја објавил Иван Иваниќ (Иван Иванић , Македонија и Македонци, Београд, 1908) кој го намалува вкупниот број на македонското население. Според овој автор на почетокот на XX век изнесувало 1.366.516 од кои: 400.568 Срби патријаршисти, 265.408 Срби егзархисти, 400.568 муслимани од различно етничко потекло, 60.000 Евреи, 190.639 православни несловени, 15.000 Срби католици, 34.277 други.

203 Јован Цвиић, Проматрања,..61-63

204 Боривоје Ж. Милојевић, Јужна Македонија, Насеља и порекло становништва, књига 22, Београд 1922

Кајлар доминирало турското население.[205] Се разбира Македонците се наречени Словени, во согласност со тогашната политичка прагма. Општ заклучок за српските автори кои пишувале за Македонија и нејзиното население во периодот пред балканските војни е дека се движеле од целосно србизирање на речиси целото население во Макеодонија до прогласување на најголемиот дел од населението за аморфна маса без национално самосознание. Сето ова било во контекст на тогашните политички претензии и борба за завладување на што поголем дел од територијата Османлиска Турција.

### *4.4 Грчките статистики од крајот на XIX и почетокот на XX век*

Грчките аспирации кон Македонија на крајот на XIX и почетокот на XX век, главно се протегале на територијата јужно од линијата Охрид-Битола-Крушево-Демир Капија-Струмица-Мелник-Неврокоп. Во грчката но и пред меѓународната јавност оваа територија била претставувана како грчка, односно дека целото православно население од овој простор припаѓа на грчкиот етнос.

---

205 Овие податоци во основа се наполнуваат со податоците за населението од други автори, особено од бугарските за овие области. Според Милојевиќ во Костурската област пред балканските војни од вкупно 11.466 куќи, 7.224 биле на Словени христијани, односно 63%, во Леринско бројот на словенското и турското население било изедначено, (но во овие бројки не влегува македонското население од преспанските селе кои административно припаѓале на Леринската каза.) Во островската област околу 50% од населението биле Турци, додека во Меглен половина од населението сочинувале исламизираните Словени. Источно од Вардар според овие податоци измешано живееле Словени и Турци, додека во градот Солун доминирало еврејското население, по што следувале Турците, Грците и погрчените Словени, Власи и Арнаути и Словените.( ibidem,... 15-38) Карактеристичнпо за овие податоци е дека се соопштени на јавноста во 1922 година, кога со сета силина се настојувало да се србизира вардарскиот дел на Македонија, додека за областите кои останале надвор од државните граници на КСХС било допуштена и одредена доза на објективност.

Доколку се погледнат статистичките податоци од овој период кои потекнуваат или од конзулите на големите сили, или од балканските етнографи станува сосема јасно дека на територијата која грчката политика ја бележела како своја, Грците биле малцинско население. За поголемо присуство на грчко население може да стане збор само на просторот по текот на реката Бистрица, и во јужните приморски области, на Халкидик, околу Кавала, како и во некои места во внатрешноста. Како добар пример за нереалноста на грчките претензии служи етнографскиот профил на повеќе околии кои влегуваат во просторот на замислената грчка територија каде воопшто не живеело грчко население, како што биле Воденската, Леринската, Ениџевардарската, Кукушката, Дојранската околија, каде живеело македонско и турско население. [206] Најголема концентрација на грчко население пред балканските војни имало во Гребенска, Кожанска, Анаселичка и Халкидичка околија каде Грците претставувале големо мнозинство, како на Халкидик со 88%, или во Анаселичката околија со 94%.[207]

Официјалната политика на Грчкото кралство, како и на Цариградската патријаршија, оделе во правец религијата да ја сметаат како одлучувачки фактор при националното определување. Со ваквото свое гледиште тие биле на ист колосек со Турците.[208] Ваквото гледиште било развиено во грчките политички, црковни и интелектуални кругови. За нив во дефиницијата на поимот “Грк” влегувал секој православен христијанин кој бил член на Патријаршијата, или пак посетувал грчко училиште. Ваквите

---

[206] Христо Андоновски, Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија, Гласник на ИНИ, XVII/1, Скопје, 1974, 28

[207] G.C.Blunt population of the vilaet of Monastir; Избрани произведения,...593

[208] Ваквото ориентално (источно) гледиште на нацијата е карактеристично за Османлиската империја, во која не постоело разграничување на поимите нација и вера. Сите муслимани биле Турци, а сите припадници на Цариградската патријаршија Грци, или припадниците на Бугарската егзархија Бугари.

сваќа..а станале дел и од грчите устави.[209] Во ваквите толкувања корифеј било грчкото духовенство.

Грчката етнографска литература и официјалните или неофицијални статистики го прифаќале ваквото гледиште. Во публикациите кои се однесуваат на оваа проблематика од крајот на XIX и почетокот на XX век, сите припадници на Патријаршијата се Грци, со тоа што некои автори ги делат на "словеногласни елини", "албанофласни елини", "влахогласни елини" и сл.[210]

Грчките историчари и етнографи имале за цел да прикажат дека од христијанското население во Македонија, големото мнозинство го сочинувале Грците. Всушност нивните етнографски карти биле приказ на нивните желби, а не на реалната состојба.[211] Тие во рамките на "неспорно" грчката територија ги сместувале сите области каде постоело грчкото културно или пак трговско влијание. Дури и за областите за кои немале никакви територијални претензии, како најсеверните делови на Македонија или долината на Дрим патријаршиското население го сметале за грчко.[212]

На почетокот на XX век, кога состојбата во Македонија доаѓа до степен на вриење, во Грција се почесто се појавувале карти или статистики кои го докажувале грчкиот карактер на Македонија, или барем на еден нејзин дел. Во 1903 година, се појавува статистика според која во Македонија живееле 1.873.000 жители, од кои 700.000 Турци, 659.000 Грци, 374.000 Бугари и 700.000 други.[213]

---

[209] Во грчкиот устав од 1862 година пишувало дека "Сите жители на Грција кои веруваат во Исус Христос се Елини" (ДАРМ, м-4410)

[210] Ваквото гледиште грчката официјална политика го застапувала и на конференцијата во Парис 1919, преку Венизелос. (ДАРМ, м-4410)

[211] C Nikolaides, Makedonien, Berlin, 1903; Х.Р Вилкинсон, Картите и политиката,...140

[212] ibidem

[213] Стојан Киселиновски, Етничките промени,...18, Често пати во Грција се издавале статистики кои ги опфаќале просторите на грчките претензии односно без добар дел на централните и северните делови на Македонаја. Во таа вгрчка територијаг живееле 594.500

Со право некои странски набљудувачи во почетокот на XX век, забележале под поимот Македонија, Грците ги подразбираат солунскиот и битолскиот вилает, исклучувајки го скопскиот каде нивните позиции биле слаби.[214] Дури според грчките мерила селата во кои постоело грчко училиште без разлика дали во него живеело македонско, влашко или албанско население биле сметани за грчки. Грчки училишта постоеле и во околиите каде воопшто не живеело грчко население како Леринско, Воденско и др.[215] Со право Хенри Брејлсфорд наведува: "Дури и во двата одбрани вилаета, (се мисли на Солунскиот и Битолскиот, б.н) населението од "грчките" села на централните области е или словенско или влашко, а дури и децата што посетувале "грчко" училиште, често го напуштаат без фактички да го научат јазикот"[216]

Дури и селата во кои постоело грчко училиште не значи дека негувале одредени симпатии кон грцизмот. Но сепак за карактеристики кои едно население би го ставило во рамките на грчкиот национален корпус ги сметале религиозната припадност, односно припадноста на Цариградската патријаршија, учеството во грчкиот образовен систем и знаењето на грчкиот јазик, дури и како јазик на трговијата или црквата.[217]

---

Грци, 324.000 Турци, 126.000 Словени, 79.400 Евреи, 37.000 Власи (Крсте Битоски, Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век, Гласник на ИНИ, XXVI/1, Скопје,1982,185) Грчките истражувачи имале за цел да докажат дека грчкото население е убедливо побројно од македонското, односно од Бугарите во нивниот тогашен вокабулар. Битно било да се покаже предноста во Солунскиот и Битолскиот вилает. За солунско се тврдело дека живееле 373.227 Грци наспроти 207.317 Бугари, додека во Битолскиот вилает живееле 262.283 Грци и 178.410 Бугари ( Стојан Киселиновски, Егејскиот дел на Македонија 1913-1989, Скопје, 1990,14

214 Хенри Ноел Брејсфорд, Македонија Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје 2002,291

215 Стојан Киселиновски, Етничките промени,...19

216 Хенри Ноел Брејсфорд, Македонија,...291

217 За формирањето на националните идентитети и улогата на црквата или училиштето во нивното обликување види: Анастасија Каракасиду, Полиња жито, ридишта крв,Патиштата кон националноста во грчка Македонија 1870-1990, Скопје, 2002

Бројките сами по себе немор і да ја отсликуваат вистинската состојба на одреден терен, но заради добивање на реална слика за етничките промени кои ќе се случат на просторите владеани од Грција по балканските војни потребно е да се навратиме на статистиката. Доколку се споредат повеќе извори кои ја проследувале етничката состојба во Македонија во периодот пред 1912/13 година, се доаѓа до заклучок дека податоците на грчките истражувачи се далеку од вистинските. Бројот на населението во 1912 година, во Македонија кој по балакнските војни и припадна на Грција, според детални проценки кои се базираат на повеќе извори се: 326.426 Македонци, 40.921 Македонци муслимани, 289.973 Турци, 4.240 Турци христијани,[218] 2112 Черкези, 240.019 Грци, 13.753 Грци муслимани, 5.584 Албанци муслимани, 3.291 Албанци христијани, 45.457 Власи, 3.500 Власи муслимани, 59.560 Евреи, 29.803 Роми и 8.100 други.[219]

И во извештајот на Карнегиевата комисија[220] се констатира дека грчките пресметки се вештачки, бидејќи според грчките стандарди, влијанието што го извршила грчката цивилизација врз градските населенија па дури и сеќавањата на античката култура биле фактор за докажување за грчкото потекло на дел од населението во Македонија. Во извештајот се наведува статистиката на Делијани од 1904 година, каде нема податоци за северните делови на Македонија. Според оваа статистика на почетокот на XX век, во Битолскиот и Солунскиот вилает живееле 652.795 Грци, 634.017 Турци, 332.162 Бугари, 25.101 Власи, 53.147 Евреи, 8.911 Роми и 18.685 други.[221]

Во екот на балканските војни поранешниот секретар на грчкиот конзулат во Скопје, А. Халиопулос, во атинскиот дневен печат објавил статистики кои се однесувале на бројноста и верскиот и етнички состав на

---

218 Ова население живеело во областа на Зихна

219 Todor Simoski, The Balkan Wars and their reperkutions on the ethnical situation in Aegean Macedonia Glasnik, Vol.XVI, No.3, ed. by Mihajlo Apostolski and Haralampie Polenakovich, Skopje,1972,p.191

220 Поранешните балкански војни (1912 - 1913) извештај на Карнегиевата балканска комисија,...60

221 ibidem

населението во дотогашните Солунски и Битолски вилает.[222] Овој грчки дипломат следејќи ги погледите на официјалната грчка политика, како и ставовите на поголемиот дел од грчкото општество населението во двата споменати вилаети го дели според верската припадност. Целото население кое припаѓало на муслиманската религија без разлика на етнос ( Турци, Албанци, Черкези и др) ги става во една графа. Истото се однесува и за припадниците на Цариградската патријаршија кои се водат како Грци.

| | |
|---|---|
| Муслимани | 618.147 |
| Грци | 660.915 |
| Бугари (Шизматици) | 313.217 |
| Романизирани | 8.500 |
| Србомани | 4.000 |
| Католици | 2.400 |
| Евреи | 38.000 |
| Руси | 3.615 |
| Други | 6.052 |
| Вкупно | 1.704.899 |

Овие статистики биле објавени во весникот "Атини" во март и април 1913 година,[223] кога на грчката јавност требало да и се објасни дека Грција има историски и етнички права врз земјите кои ги освоиле во текот на Првата балканска војна, како и врз дел од областите кои сега биле под власт на нивните сојузници.

---

222 Во овој период грчката офдицијална политика воопшто не размислувала на Скопскиот вилает.

223 ДАРМ, м-4410

# 5. Балканските војни и промените на етничката структура во Македонија

### *5.1. Етнички промени на Балканот на почеток на XX век*

Пред да дадеме одредени примери за етничките промени кои настанале за време на Балканските војни, корисно е да се даде краток преглед на некои етнички движења кои се одвивале на балканските простори кон крајот на XIX и почетокот на XX век. Едно од важечките правила за Балканот е дека после големи политички настани без исклучок доаѓа и до крупни етнички промени, кои најчесто се трајни. Војните од 1912/13 година, како и Првата светска војна довеле до значајни промени во етничкиот состав и во разместувањето на населението на целиот Балкан, а особено во Македонија, со што бројните етнички карти ревносно составувани од европските, а особено од балканските истражувачи или политичари немале речиси никакво значење, освен можеби како историски прирачник. Соседните земји на Македонија тоа што го спровеле на нејзина територија за време на споменатите војни неколку децении претходно го спроведувале и на сопствената почва. Веднаш по ослободувањето од турското господство балканските држави формирале доминантно етнографски лик на владеачкиот народ. Како пример ќе ја земеме Грција. Пред нејзиното ослободување и прогласување на независноста, во градовите живеел добар дел на Турци, додека во селата околу една петтина од населението било со албанско потекло. Кога со одлуките на Берлинскиот конгрес, Тесалија влегла во состав на грчкото кралство една третина од населението било турско, кое постепено се иселувало. Ист бил случајот и со Бугарија, каде во нејзините северни делови пред ослободувањето од османлиите, над една третина од населението било турско. Слична била состојбата и во источна Румелија каде до

ослободувањето една третина од населението било турско додека веднаш по ослободувањето нивниот број бил намален на помалку од 20%.[224] Речиси иста состојба постоела и во Србија каде муслиманскиот елемент постепено се иселувал, додека православните жители од несрпско потекло постепено биле асимилирани. Во 1866 година 10.5% од населението на кнежевството Србија се изјасниле за Власи,[225] но тие постепено се претопувале во мнозинското српско население, слично како Власите и православните Албанци во Грција.

Слични промени настанале и во Босна и Херцеговина по 1878 и 1908 година, кога еден дел од муслиманското население започнало да се иселува. За целиот период на Австро-Унгарското владеење постојано процентуално се зголемувал бројот на католичкото население, додека правосланите останувале на речиси исто ниво, а пак муслиманите процентуално опаѓале.[226] Ваквите процеси се карактеристични и за периодот по Првата светска војна, кога властите во Кралството СХС/Југославија настојувале да ја промената структурата на населението во областите како Македонија Косово или Војводина, преку колонизација.[227] Така што настаните во Македонија, пред и

---

[224]Migrations in Balkan history, Department of History of University of California, Santa Barbara, 1989, 170; Васил Кънчов, Избрани Произведения, София, 1970, 599

[225] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix, stanovništvo po narodnosti, Beograd, 1954, xi

[226] Во 1879 година во Босна и Херцеговина живееле 496.485 (42.88%) Православни, 448.613 (38.75%) Муслимани и 209.391 (18.08%) Католици. Во 1910 година, етничката структура претрпела одредени промени. Структурата била следна: 825.918 (43.49%) Православни, 612.137 (32.25%) Муслимани и 434.067 (22.87) Католици. Најголема стагнација во овој период доживеало муслиманското население пред се заради иселувањето. ( Milena Spasovski, Dragan Zivkovic, Milomir Stepic, The Ethnic Structure of the Population in Bosnia and Hercegovina, www. rastko.org.yu/istorija/srbi-balkan.)

[227] Покрај успешноста на грчката колонизација која од корен ја промени етничката структура на населението во Егејска Македонија и делумно Тракија, преку постојана колонизација биле направени и значајни промени во структурата на населението во Војводина, како една од етнички најколоритните европски регии. Во 1910 година, на просторот на Војводина живееле 33.8% Срби, 28.1% Унгарци, 21.4% Германци и др. Но по големите политички промени после Првата а особено по Втората светска војна етничката структура коренито се променила. По

по балканските војни, биле само продолжение на една долготрајна прифатена пракса.

Балканските земји често пати го користеле примерот од западноевропските земји каде организираното протерување на одредени етнички или верски групации не била непозната работа. Ќе наведеме само еден пример. По Француско-пруската војна од 1870/71 година, и поставувањето на новите граници со кои областите Алзас и Лорен потпаднале под германска власт, околу 170.000 Французи се пресеиле на територијата која останала под контрола на Франција, додека 80.000 Германци преминале на германска територија.[228] Ваквите преселувања биле пример и за балканските држави кои ќе ги практикуваат до крајот на XX век.

### *5.2 Преселбите 1912/13 и менувањето на етничката структура во Македонија*

Македонија со поделбата ја загубила својата географска, економска, политичка и етничка целина. Најголем губитник на етнички план бил македонскиот народ кој во времето до војните бил мнозинство, а по нив доживува огромни етнички загуби особено во Егејскиот дел кои оставиле трајни последици на македонската етничка територија. Според податоците на Карнегиевата комисија во делот завземен од Грција живееле над 1.042.121

---

1945 година Германците биле протерани, а за целиот период била вршена колонизација главно на српско население. Така во 1991 година 57.2% од населението на Војводина биле Срби, 16.9% биле Унгарци, додека учеството на Германците било само симболично. (The Ethnic Structure of the Population of the Vojvodina, www. rastko.org.yu/istorija/srbi-balkan.)

Ова е добар пример за влијаните на државните фактори врз промената ан етничката структура на одреден простор на релативно долг рок. Србите станале надполовично мнозинство во Војводина во 1953 година.

[228] Paul Neurath, Problems of the limits to growth, population control and migrations, New York, 1994, 206

жители[229] Овој податок го даваме само како илустрација за подоцнежните етнички поместувања на овие простори кои не се во директен интерес на овој труд. Етничката рекомпозиција на овие простори започнала уште за време на Првата балканска војна кога спротивностите меѓу христијанското и муслиманското население избиле на површина. Во градот Пазар (Енице Вардар), близу Солун во кој до почетокот на војната половината од градското население било турско од страна на грчката војска и некои градски жители во есента 1912 година, била запалена чаршијата во која доминирале локалните Турци, при што биле изгорени околу 650 дуќани. По овие настани над шестотини турски семејства се иселиле од градот, заминувајќи кон Солун кој во ова време сеуште бил побезбеден, или кон Мала Азија.[230] Слични настани во овој период имало и во областа Правишта близу до Кавала каде мнозинството од населението било турско. Оваа област била окупирана од бугарските и грчките војски. Цивилната администрација ја водел патријаршискиот епископ, со помош на бугарската војска, барем во првата фаза од војната. Локалното турско население го обвинувало епископот дека раководел со четите кои брутално ги убивале турските првенци по околните села. По убивањето на повидните муслимански жители се проценува близу 200, голем дел од турското население ја напуштило областа.[231]

Тоа што Македонците го доживеале во Втората, Турците од Кукуш го искусиле уште во Првата балканска војна, односно безмалку сите го напуштиле градот. Македонците за време на грчкиот напад на градот во јули 1913 година, кога тој бил речиси целосно разрушен се иселиле главно во

---

[229] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија, Скопје, 2000, 233. Според овие податоци најбројни во овој дел од Македонија биле Бугарите (за Македонците Карнигиевата комисија го користи етнонимот Бугари) со 329.371, Турци 314.854 и Грци 236.755 жители.

 Боривоје Ж. Милојевић, Јужна Македонија, Насеља и порекло становништва, књига, 22, Београд 1921, 112

[231] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...104-105

местата кои биле под контрола на бугарските војски, а на нивни место биле населени Грци над двесте семејства од Тракија како и голем број на Македонци патријаршисти од Струмица и околните села Колешино, Зубово, Мокриево, Габрово и Мокрени. [232] Во градот пред разурнивањето живееле околу 12.000 Македонци и 1.000 Турци, кои главно се занимавале со занаетчиство и трговија со блискиот Солун.[233] Според некои проценки во градот од страна на грчката војска биле запалени над 1840 куќи.[234] Од страна на грчката војска во околината на Кукуш биле ограбени и уништени уште четириесетина македонски егзархиски села што зборува за систематското уништување на целото негрчко население кое живеело на териториите кои биле заземени од страна на грчките војски. Ваквото уништување и чистење на територијата од негрчкото население продолжило со несмалена жестокост и во околните села. Во блиското на Кукуш село, Акангели, биле собрани околу 4.000 бегалци од околните македонски егзархиски села. Само во ова село на 6 и 7 јули 1913 година биле убиени 365 селани, од страна на грчката војска.[235] За обмисленото и систематско уништување на цела една околија од населението зборува и фактот дека за само два месеци во градот и околината на Кукуш од страна на грчата војска биле запалени и трајно уништени речиси 5.000 куќи[236] на Македонците, со цел во некои видоизменети услови да немаат каде да се вратат. Во целата околија биле уништени околу четириесетина села. Македонците од Кукуш кои трајно го напуштиле својот град ќе ги среќаваме долго време по Бугарија, мошне активни во своите братства, а за време на пописот во Кралството СХС во 1921 година само во градот

---

[232] Боривоје Ж. Милојевић, op. cit. 113

[233] Димитар Влахов, Мемоари, Скопје, 2003, 25

[234] ДАРМ, м-4410

[235] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...135

[236] ДАРМ, м-4410

[236] А. Андријевић, Струмица земља и народ, Ниш, 1923, 32

Струмица биле регистрирани 2.763 “бежанци” од кои огромното мнозинство биле од Кукуш.[237]

Непосредно со судбината на Кукуш, сврзани се и настаните што се случиле во Струмица и споменатите околни патријаршиски села во август 1913 година. Грчките власти несакале да се помират со фактот дека Струмица со својата околина со одредбите на Букурешкиот договор и припаднале на Бугарија, при што започнале да шират пропаганда сред македонското патријаршиско население да ги напушти своите домови и да премине на грчка територија каде што грчката држава ќе изгради “Нова Струмица”, на темелите на уништениот Кукуш. Во периодот меѓу 10-18 август 1913 година, дел од македонските патријаршисти од Струмица и околината, тргнале кон Кукуш, со она што можеле да го понесат со себе. По иселувањето грчките војски ги запалиле куќите на иселените жители тврдејќи дека самото население ги запалило своите домови, бидејќи несакало да живее под бугарска окоупација. Најголемиот дел од овие иселени семајства од грчката држава биле населени во Кукуш, или во околните напуштени македонски села. Во дваесетите години дел од македонските патријаршисти се вратиле во своите родни места во Струмичко.[238]

Струмица ќе ја спомeнеме и во друг контекст. Градот есента 1912 година, била под двојна српска и бугарска контрола. Веднаш започнале убиства на локалните муслимани, а сето тоа се одвивало под контрола на формираната комисија на чие чело бил српскиот командант мајорот Грбиќ.[239] Месните муслимани биле разоружани, а според проценките во градот биле убиени меѓу седумстотини и осумстотини жители. Српската власт не презела ништо за санкционирање на убиствата, додека според извештајот на

---

[238] Тодор Симовски, Балканските војни и нивните рапаркусии врз етничкаат положба на Егејска Македонија, Гласник на ИНИ, XVI/3, Скопје, 1972, 70

[239] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...105

Карнигиевата комисија бугарските офицери кои учествувале во убиствата биле осудени од бугарскиот воен суд.[240] Овој крај за време на војните доживеал големи разурнувања, биле палени и муслимански и христијански села пред се од страна на грчките војски, додека има и извештаи во кои се вели дека одреден број на куќи во некои села како што биле Мокрени и Мокриево биле палени од локалните Македонци патријаршисти.[241] Извештаите од бугарска провиниенција велат дека во градот Струмица и околината биле уништени вкупно 1.620 куќи.[242] Постојат бројни податоци кои само ги потврдуваат фактите дека балканските држави сакале темелно да ги "исчистат" освоените територии од населението кое го сметале за непријателско. Ќе наведеме само уште некои примери на разурнувања и протерување пред се на македнското, но и на турското население.

Во Гевгелиско на пример, за време на Втората балканска војна биле запалени дванаесет македонски и три влашки села. Палежите ги извршиле грчите и српски војски. Од страна на грчката војска во Петричко биле опожарени четиринаесет села населени со македонско и турско население. Вакви палежи имало и во Дојранско каде биле уништени единаесето села, во Серско шест села, во Демирхисарско биле уништени пет села. Слични постапки од страна на грчката војска имало и во Солунско, Разлошко, Неврокопско и Мелничко.[243] Всушност овој простор претрпел и најголеми етнички промени кои траеле се до 1919 година, од кога се одвивале со помал интензитет.

Еден дел од Македонците морале да ги напуштат своите домови и по избувнувањето на т.н Тиквешко востание, задушено од страна на српската војска во јуни 1913 година, како и по Охридското востание од септември 1913

---

[240] Ibidem...,106

[241] ДАРМ, м-4410

[242] Во струмичкиот крај најмногу настрадале селата Вељуса, Дабиља, Ново Село, Гопчели, Костурино, Раборци, Зубово, Хамзали, Гечерлија, Чанаклија, Секирник, Сушица, Свидовица, Бориево и др. (ДАРМ, м-4410)

[243] Ibidem

година, во чие задушување учествувала повеќеилјадна српска војска, а според одредени податоци биле запалени околу 200 села[244] во западниот дел од Македонија.[245] Според проценките на Карнегиевата комисија околу 25.000 жители на овие области од албанско потекло морале да се разбегаат по неуспехот на востанието. Апсења и убиства имало и во самиот Охрид и околината при што биле убиени околу 150 Македонци и 500 Турци и Албанци.[246]

И во областите кои биле под контрола на бугарските војски настанале големи и трајни етнички поместувања. Со иселувањето на турското население се празнеле градовите, во кои до војните Турците и друго муслиманско население биле значаен елемент. Веднаш по влегувањето на бугарската војска во градот Серез биле убиени неколку стотини муслимански

---

[244] По задушувањето на востанието есента 1913 година од страна на српските војски било запалени повеќе села: Прибилци, Обеднок, Црнеец, Кажани, Рамна, Лера, Доленци, Сжлп, Речани, Равен, Горно Елевци, Симница, Добри дол, Ломница и др. ( Йордань Ивановь, Българите вь Македония...,58-59)

[245] Најголемиот дел од овие бегалци се упатиле во Бугарија, додека албанското население кое ги напуштило своите домови по задушувањето на Охриското востание се упатило кон Албанија. Во Бугаријасе воделе уредни статистики за бегаците кои се слевале на нејзина територија по Балканските и Првата светска војна. Бегалскиот бран продолжил и по завршувањето на војните серазбира со значително помал интензитет. Заклучно до 1926 година според бугарските извори само на територијата на Јужна Бугарија биле регистрирани 12.778 семејства. Најголемиот дел од нив се населувале во градовите и тоа во Кустендил и околината-350 семејства, Смолјан- 61, Петрич и околината- 6.597, Момчилград-165, Пловдив-4.235, Софија-1.470. Речиси и и да немало поголем бугарски град во кој непостоел по некој “македонски кварт”. Освен во градовите мекедонските бегалци биле населувани и во селат по цела Бугарија. (Камен Станев, Македонските бежанци в България- Учасници в нейния политически и културен живот-http:// knigite.abv.bg/ks/ks_2.html)

[246] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...221; Според овие извештаи во Кичевско имало голем број на убиства како што биле во селата Пласница населено со македонци муслимани, Ново Село, во самото Кичево, а во Зајас во октомври 1913 година биле убиени околу 200 жители на селото.

[246] Ibidem..,108

жители, додека проценките на локалните Турци, секако претерани, се движеле до 5.000 убиени. Странските известувачи за овие настани директно ја обвинува бугарската команда, која не презела ништо да ги спречи масакрите.[247] Од градот Серез во кој до 1912 година живееел околу 13.000 Турци, се иселиле над 5.000 главно во Мала Азија, ваквиот процес се одвивал од околните турски села.[248] За злосторствата што биле правени од страна на грчата и бугарската војска околу Серез, било известени уште за време на војните. Бугарите го запалиле гратчето Докса во кое биле убиени околу шестотини грчки жители, а кратко време по тоа Грците на сличен начин постапиле со сите непатријаршиски жители на градот Серез.[249]

Во 1912 година од просторите источно од реката Струма кои биле под контрола на бугарската војска се иселиле меѓу 20.000 и 25.000 Турци, главно во Мала Азија.[250] Нешто подоцна во 1913 година кога започнале бугарско-грчките судири на овие простори голем број на македонски села биле запалени од страна на грчките војски, особено села кои биле под јуриздикција на егзархијата. Во писмата на грчките војници се наоѓале и вакви сведочења "ги запаливме селата Дутли и Баница огниште на страшни комитации, откако ставивме без милост се под нож со исклучок на жените, децата, старците и црквите"[251] За вакви и слични злосторства од сите завојувани страни во балканските војни детално известила и Карнегиевата комисија.[252] Бројни и напредни македонски села некои ( Горно Броди) и со повеќе од 1.000 куќи биле изгорени и ограбени од грчката војска, а населението нашло спас во бегство, како што биле селата Спатово, Крушево, Ѓуреџик, Баракли Џамија

[248] Йорданъ Ивановъ, югоизточна Македония (серско, драмско, кавалско), София, 1917, 22

[249] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...111-120

[250] Йорданъ Ивановъ, югоизточна Македония,...23

[251] Ibidem

[252] Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...321-424

и др. Во Демирхисарската околија во која до Балканските војни живеел занемарлив број на грчко население биле запалени повеќе села со цел да се натера населението на бегство и да се добие "чиста" територија. Во оваа околија наполно биле изгорени селата Герман и Крчово. Овие места познати по својата ревулуционерна дејност во минатото биле трн во око на грчките власти и сакале што побрзо да се ослободат од тамошните Македонци во кои никако не би можеле да најдат потпора за својата власт.

Еден дел од македонското население кое по Букурешкиот договор останало под грчка власт започнало да се иселува во деловите контролирани од српската војска, особено од пограничните села во Леринско, Гуменџиско и др. За овие бегалци голем интерес покажувало и тогашното српско раководство, па дури и лично Никола Пашиќ, кој од политички причини ја задолжил Врховната команда да го прифати и помага бегалското население од Грција.[253]

Во исто време од областите кои биле под власт на бугарската војска започнала да се слева нова бегалска река сега од Грци како и други патријаршисти кои не сакале да останат под бугарска власт. Според бугарски податоци од Демир-Хисарско, Серско, Драмско, Кавалско и др. околии во овој дел на Македонија, кон деловите кои биле под контрола на Грците се иселиле околу 28.000 Грци и гркомани и тоа главно во места кои претходно живеело македонско егзархиско населние кое ги напуштило своите села за време на воените дејства.[254] Ова население од грчите власти било населено во оние напуштени села околу Солун или Кукуш.[255] Масовни иселувања особено во Бугарија во периодот 1913-1914 година имало и во Костурско, особено од селата Д`мбени и Загоричани, од селата Баровица, Петрово, Оризарци и др. од Гуменџиска околија, како и од Солунско, Лагадинско и други околии. Ваквото иселување земало се поширок размер, поради силниот притисок што

[253] Тодор Симовски, Балканските војни...,71

[254] Йордань Ивановь, югоизточна Македония,...26

[255] Боривоје Ж. Милојевић, op. cit. 104

го вршеле грчките власти. Иселувањето било само привремено прекинато заради Првата светска војна,[256] по што започнал еден период на неколку деценски миграции на Македонците од Егејскиот дел, и целосно менување на етничката слика на овој простор по пат на насилна елинизација.

Како последица на балканските војни Грција на своја територија добила околу 157.000 жители, а од нив околу 90.000 трајно останале на просторот на Егејска Македонија. Тоа биле пред се Македонци патријаршисти, Власи и Грци. Исто така и Бугарија морала на своја територија да згржи 104.360 бегалци од кои 50.000 биле бегалци од Вардарска и Егејска Македонија.[257]

Балканските војни не само што довеле до поделба на Македонија, туку довеле и до насилни миграции кои трајно ќе го променат нејзиниот етнички состав. Особено во Егејскиот дел тие ќе се одразат на македонскиот етнички простор, а овие етнички загуби никогаш нема да бидат надоместени.

Од Егејскиот дел со Балканскте војни започнало и трајното иселување на турското и друго муслиманско население кое ќе заврши во дваесетите години на XX век, по Лозанскиот договор. Всушност една деценија пред потпишување на Лозанскиот договор, во 1913 година, од Турција потекнала иницијатива за размена на населението. Турција сметала дека христијанското население на нејзина територија е опасност за нејзиниот територијален интегритет. Турција после воениот пораз од 1912 година, сметала дека размената на населението ќе ја засили нејзината позиција, бидејки по разграничувањето во нејзините граници останал висок процент на малцинства, исто така и голем број на Турци и друго муслиманско население останало на териториите што Турција ги изгуби по балканските војни.[258]

---

256 Тодор Симовски, Балканските војни...,73-74

257 Поранешните балкански војни ( 1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија,...302

70 Владимир Ортаковски, Меѓународната положба на малцинствата, Скопје, 1996, 156

Карактеристично е однесувањето на Грција во овој период. Таа со сите сили настојувала заземената територија што побргу да ја грцизира. Една од првите цели и била да исели што поголем број на муслиманско население. Во контекст на турските предлози целото исламизирано население од Македонија и Тракија (Помаците), го заведувала како турско, со цел што побргу да може да го исели во Турција. Се проценува дека на овој простор живееле околу 290.000 Помаци,[259] од кои голем дел биле со македонско потекло, додека македонскиот јазик, а не турскиот бил во нивна секојдневна употреба. Најглемиот дел од ова население по Лозанскиот договор принудно бил иселен во Мала Азија.

Овој турски предлог во почетокот не бил прифатн од балканските земји, освен од Бугарија, по нејзиниот пораз во Втората балканска војна. Во ноември 1913 година, Турција и Бугарија се согласиле да ги разменат малцинствата кои живееле на 15 километри долж бугарско-турската граница. Но целосната примена на овие одредби била попречена заради почнувањето на Првата светска војна.

Сите овие договори меѓу балканските држави и преселувањето на населението влијеле да дојде до промена на етничката структура во некои делови на Македонија. Во 1914 година, 115.000 муслимани од Грција и уште 135.000 муслимани од другите балкански земји се преселиле во Турција, но затоа пак Турција протерала 265.000 Грци и православни од својата територија во Грција,[260] кои пак во еден дел биле населени во Егејска Македонија. На Париската мировна конференција од страна на грчкиот премиер Венизелос било предложено да се склучи конвенција за реципрочна размена на населението меѓу Грција, Србија и Бугарија. Бидејки Србија не го прифатила овој предлог, до размена на населението дошло само меѓу Грција

[259] ДАРМ, м-4410
[260] Ibidem...,157

и Бугарија. Заедно со Нејскиот договор[261] била потпишана и грчко-бугарска конвенција, која стапила на сила на 9. август 1920 година се предвидувала реципрочна и доброволна размена на населнието меѓу Грција и Бугарија.

"Доброволното" иселување грчките власти во пракса го наметнале како задолжително[262] така што над 40.000 Македонци емигрирале од Грција уште пред потпишување на конвенцијата. Уште околу 55.000 се иселиле по стапувањето во сила на конвенцијата. Во исто време и околу 50.000 Грци ја напуштиле Бугарија.[263] Меѓу нив веројатно имало и одреден дел на Македонци кои во периодот до пред балканските војни биле приврзаници на Патријаршијата. Овие преселувања довеле до коренити промени во структурата на населението особено во источните околии на Егејска Македонија, кои засекогаш го изгубиле својот македонски етнички карактер. Според бугарски извори во периодот 1913-1928 година, од Егејска Македонија во Бугарија се иселиле над 86.000 жители[264], се разбира Македонци Иселувањето на македонското население од пограничните околии со Бугарија било од стратешко значење на Грција, со цел поуспешно да се справи со упадите кои во овие делови ги вршеле четите на ВМРО.

Со населувањето на над еден милион бегалци од Турција[265] грчко и друго христијанско население од кои околу 600.000 во Македонија по потпишувањето на Лозанскиот договор, македонското население останало компактно и во мнозинство само во западните околии на Егејска Македонија околу Лерин, Костур и Воден, со што Грција успеала во намерата да го

---

[261] Потпишан од Бугарија на 27. ноември 1919 година, со кој меѓу другото Струмица влегла во составот на Кралството СХС.

[262] Стојан Киселиновски, Егејскиот дел на Македонија 1913-1989, Скопје, 1990, 23-25

[263] Владимир Ортаковски, Op. cit, 160

[264] Владимир Руменов, Бьгарите вь Македония подь грцка властъ, Македонски преглед, кн. 4, София, 1941, 90

[265] Paul Neurath, The Great Migrations of the Nineteenth and Twentith Century, Problems of Limikts to Growth, Population Control and Migrations, New York, 1994,

грцизира  трајно  осигурала својата власт во териториите кои ги освоила по 1912 година.

# 6. Етничките промени во Вардарскиот дел на Македонија 1912-1918 година

## *6.1. Српски податоци за населението во Вардарска Македонија во 1913 година*

Во новоосвоените области по балканските војни, кај српските власти веднаш се јавила потребата да имаат увид за бројот на населените места, особено бројот на населението како и неговата етничка и верска припадност. Сето ово било потребно уште повеќе ако се знае дека за овие области немало закон за административна поделба. Штом престанале воените дејства, односно по потпишувањето на Букурешкиот мир и одредувањето на границите, бил извршен попис на населението преку полициските и општинските власти. Пописот бил извршен за кратко време преку попишувачи од куќа во куќа, и бил ценет како доста прецизен. Податоците од ова попишување биле објавени во Белград во 1914 година. [266]

| Округ | Окружно место | Население |
|---|---|---|
| Битолски | Битола | 232.645 |
| Брегалнички | Штип | 101.442 |
| Кумановски | Куманово | 94.630 |
| Охридски | Охрид | 84.395 |
| Скопски | Скопје | 147.784 |
| Тетовски | Тетово | 145.803 |
| Тиквешки | Кавадарци | 84.657 |

[266] Речник места у ослобођеној области старе Србије по службеним податцима, израдио Мил. Ант. Вујовић, Београд 1914

Но прецизноста во овој случај треба да се набљудува доста критички, бидејќи во извештаите што српските полициски началници ги испраќале до своите претпоставени во Белград, било истакнувано дека попис бил вршен и по неколку пати по воспоставувањето на српската власт, но сепак власта не била сигурна во точната бројка на населението. Во еден извештај од 1914 година, од Охридскиот округ се истакнува "Овдешниот свет заради неоправдан страв и понатаму се обидува да ги прикрие своите членови на домаќинствата, па оттука се јавува невоедначеност во статистичките податоци."[267]

Како примери за непрецизности и неточности, односно примери за релативноста на податоците од овие пописи можат да ни послужат податоците за бројот и составот на населението од Охридскиот и Тетовскиот округ.[268] Според официјалната статистика објавена во Белград, градот Охрид во 1914 година, имал 11.038 жители[269], додека во извештајот на охридскиот полициски началник Јован Ќирковиќ, во истата година Охрид имал 10.051 жители. [270] Истото се повторува и со Струга, во официјалните податоци градот се води со 4.120 жители, [271] додека според податоците од споменатиот извештај во градот живееле 3.954 жители.[272] Слични грешки се појавуваат и во Тетовскиот округ.[273] Овие примери ги даваме како аргумент кон тезата

---

[267] Љубен Лапе, Охридскиот округ во 1914 година, Гласник на ИНИ, XIII/3, Скопје, 1969, 168-169

[268] Глигор Тодоровски, Еден извештај за Тетовскиот округ од 1913 година, Гласник на ИНИ, XVIII/1, Скопје, 1974, 169-193

[269] Речник места,...79

[270] Љубен Лапе, Охридскиот округ,...168

[271] Речник места,...85

[272] Љубен Лапе, Охридскиот округ,...170

[273] Според полициските извештаи во Охридскиот округ во 1914 година, живееле 50.382 христијани и 26.770 мислимани, додека од жителите на Охрид 5.203 биле христијани, а 4.848 биле со муслиманска вероисповед (ibidem,... 169-171). Од извештаите може приближно да се одреди и етничката слика на Тетовскиот округ непосредно по Букурешкиот договор. Според споменатиот извештај во Тетовско живееле ( веројатно без градот Тетово ) 38.116 Албанци,

дека сите статистички податоци за Македонија од овој период треба да се прифаќаат со доза на резерва и да се обработуваат критички. Ова особено се однесува за податоците кои зборуваат за етничката припадност, или националната определба на населението во Македонија.

Податоците од овој попис се однесуват на целиот простор на т.н Стара Србија односно на териториите кои потпаднале под српска власт по склучувањето на Букурешкиот договор во 1913 година. Со овој попис се опфатени Вардарска Македонија без струмичката област, Косово, Метохија, поранешниот Новопазарски санџак и просторот помеѓу Прешево и Бујановац.

На оваа територија во периодот 1913/1914 година, живееле 1.481.614 жители, во над три илјади села и градови.[274] Податоците се однесуваат за целиот простор од кој биле протерани османлиските власти.

Што се однесува конкретно за територијата на Вардарска Македонија во вкупните податоци не е пресметано населението од струмичката област која до 1919 година, била во состав на Бугарија.

По завршувањето на Втората балканска војна било завршено обликувањето на новата српска власт на територијата на Македонија. Со Указ на српскиот крал Петар од крајот на 1913 година, македонската територија што влагла во состав на Кралството Србија, била поделена на седум окрузи и повеке срезови и општини.[275] Пописот бил извршен во доста

---

(во извештајот Арнаути), 14.537 Македонци, ( во извештајот Срби) и 902 Турци. Во Гостиварско живееле 10.297 Македонци, 15.287 Албанци и 7813 Турци. Во самиот град Гостивар живеееле 276 "Срби" и 4.108 Турци (Глигор Тодоровски, Еден извештај за Тетовскиот округ од 1913 година,...175)

274 Ibidem,...4; Од вкупниот број на население околу 410.000 жители отпаѓаат на областите од Косово кои по 1913 и припаднале на Србија, околу 130.000 биле жители на областите од поранешниот Новопазарски санџак, чии делови во балканските војни биле поделени меѓу Србија и Црна Гора, а речисси 38.000 жители отпаѓале на поранешната Прешевска каза.

275 Петар Стојанов, Македонија во времето на балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје, 1969; Во рамките на Битолскиот округ влегувале: Битолскиот, Кичевскиот, Крушевскио, Мариовскиот, Преспанскиот и Прилепскиот срез, Брегалничкиот округ го

тешки услови и неговите податоци служеле единствено српската држава да има приближни проценки за бројот на населението во териториите кои со одредбите на Букурешкиот договор влегле во нејзините граници. Од пописот може само да се земат податоци за бројот на градското и селското население, односно за бројот на населението во тогашните "Вароши и Варошици".[276]Според овие податоци во градовите во Македонија веднаш по завршувањето на балканските војни живееле 272.086 жители, што претставувало околу една третина од вкупното население. Се разбира овие бројки не смееме да ги земаме како апсолутно точни, туку само како еден ориентир за вкупната демографска слика во делот од Македонија кој потпаднал под српска власт. Доколку од вкупните цифри се изостави населението на Качаничкиот и Прешевскиот срез, како и општините Стаевска и Трговишка од Криво-паланечкиот срез кои денес не влегуваат во рамките на Р. Македонија вкупното население изнесувало околу 890.000 жители.[277]

Исто така доста тешко е да се одреди и етничката и верската структура на населението. Бројките можат да бидат само заокружени и нецелосни, но

---

сочинувале Кочанскиот, Малешевскиот, Овче-полскиот, Радовишкиот, Царево-селскиот, и Штипскиот срез, во Кумановскиот округ се наоѓале Жеглиговскиот, Кратовскиот, Криво-паланечкиот и Прешевскиот срез, Охридскиот округ го сочинувале Дебарскиот, Охридскиот, и Струшкиот срез, во Скопскиот Округ влегувале Велешкиот, Качаничкиот и Скопскиот срез, во Тетовскиот округ, Галичкиот, Долно-полошкиот, Горно-полошкиот и Поречкиот срез и во Тиквешкиот округ влевувале Дојранскиот, Гевгелискиот и Неготинскиот срез. ( Речник места ..., 14-132)

276 Со статус на Вароши (градови) се здобиле Берово, Битола, Брод, Валандово, Велес, Гостивар, Дебар, Дојран, Ѓевгелија, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид Прилеп, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Скопје, Струга, Тетово, Царево Село (Делчево) и Штип ( Речник места,... 5)

277 Од вкупниот број на население не се пресметани и жителите на селото Пискупштина денес во Р.Албанија, и некои кумановски села, но затоа пак во податоците од овој попис го нема селото Кишава, Битолско.

можат да дадат една општа слика на тогашната етничка и верска карта доколку ги споредиме и со други податоци.

Во исто време во одредени области бројот на населението осетно бил намален заради оружените дејствија кои се одвивале по воспоставувањето на српската власт. Ова пред сé се однесува на т.н Албанска буна во која освен албанското население активно учество зеле и Петар Чаулев, Милан Матов и Павел Христов при што била воспоставена востаничка власт во градовите Дебар, Охрид и Струга, но по кратко време востаниците морале да ги напуштат овие градови.[278] При задушувањето на бунтот настрадале многу градови и села, а особено градот Дебар, од каде според извештаите на српските власти се иселиле 8.000-9.000 жители на градот, пред се муслимани во Албанија. Српските власти на теренот тврделе дека христијанското население не ги напуштало своите домови освен по некои регрут или поранешен егзархиски учител.[279] При задушувањето на бунтот српските власти врз основа на Уредбата за општествена безбедност на новоприсоединетите области, извршиле страотен терор врз македонското и албанското население преку масовни интернации и депортирања на населението. Во функција биле ставени и преките судови, а се известува и за многу запалени села на просторот меѓу Охрид и Гостивар.[280] Меѓу другото ваквите извештаи требало да ги уверат властите во Белград дека локалното христијанско население безрезервно ја прифатило новата српска власт. Интересно е дека Македонците во ваквите извештаи не ретко биле означувани со нивната верска припадност, а не со етнонимот Србин. При анализа на објавените податоци се забележува дека во одредени делови има доста празни населени места, од кои целото население се иселило. Пред се станува збор за села со турско население кое се повлекло заедно со

---

278 Петар Стојанов, Македонија во времето на балканските,...195-200

279 Љубен Лапе, Охридскиот округ,...173

280 Петар Стојанов, Македонија во времето на балканските,...199

повлекувањето на турската војска. Во Штипско имало шест вакви села, во Овчеполско четири во Скопско три.[281]

Според тогашната територијална поделба најнаселен бил Битолскиот округ со 232.646 жители, а по него следувал Скопскиот округ со 147.784 жители.[282] Во Тетовскиот округ живееле 145.803 жители,[283] во Брегалничкиот округ живееле 101.442 жители, додека во Тиквешкиот 84.657 жители. Во Кумановскиот округ живееле 94.630 жители.[284] Доколку ги споредиме овие податоци со проценките правени за бројот на македонското население непосредно пред балканските војни, ќе заклучиме дека дошло до осетно намалување на бројот на населението во одредени делови на Вардарска Македонија.[285] До ваквото намалување на населението дошло заради иселувањето на дел од муслиманското население пред се од градовите. Како пример ќе наведеме неколку до балканските војни просперитетни градови.

---

[281] Речник места у ослобођеној области старе Србије..., 31-32, 35-36,131, 134; Станува збор за селата Долно и Средно Коњари и Бара во Скопско, Чифлик, Пишица и Мустафино во Овчеполско и Горни и Долни Караорман, Горни Козјак, Црвулево, Цриковци и Дољани во Штипско. Од селата населени со турско население во овие области уште за време на Балканските војни или веднаш по нив имало значајно иселување на турското население за што зборуваат статистичките податоци од пред војните и по нив.

[282] Во вкупниот број на населението во Скопскиот округ не се пресметани жителите на тогашниот Качанички срез кој бил составен дел од Скопскиот округ.

[283] Од вкупната бројка на жители на овој округ не е пресматано населението на тогашната општина Горанце со селата Горанце, Кривеник, Режанце и Сечиште со вкупно 1.308 жители и населението од селата Глобочица, Ивање, Котлино и Стража кои биле дел од тогашната општина Јажинце со вкупно 1.644 жители, а денес не се дел од Р. Македонија

[284] Во вкупниот број на населението во Кумановскиот округ не се внесени жителите на Прешевскиот срез и дел од населението на Кривопаланечкиот срез, т.е општините Стаевце и Трговиште со вкупно 11.408 жители. (Речник места,... 69-78)

[285] Бугарскиот истражувач Јордан Иванов проценува дека во 1912 година во областите од Македонија кои влегле во составот на Србија живееле приближно 950.000 жители. (Йордан Ивановъ, Българите въ Македония...,102-105)

Кратово кон крајот на XIX век, имал 4.500 жители[286] од кои 2.500 биле Турци и речиси 2.000 Македонци. Непосредно пред балканските војни во градот се проценува дека живееле околу 5.500 жители.[287] Но според службените српски податоци од 1913/1914 година, во градот останале да живеат 2.770 жители,[288] што значи дека само овој град во екот на војните го напуштиле половина од неговите дотогашни жители. Ваквите демографски поместувања претставувале удар пред се на економската структура на градското стопанство, бидејќи градовите биле напуштани најчесто од економски релативно добро стоечкиот занаетчиски и трговски слој. Во овој случај на Кратово било неговото муслиманско население, кое речиси без исклучок се иселило. Овој град го зедовме како карактеристичен пример, на економско слабеење и губење на улогата на одреден регионален центар, иако не бил близу новопоставените граници. Слична е судбината и на другите градчиња на овој простор како Пехчево, Крива Паланка, Штип и др.

Според податоците добиени од овој попис најголем градски центар во Вардарска Македонија, бил Битола со 48.370 жители, а веднаш по Битола доаѓало Скопје со 47.384 жители.[289] Со повеќе од 10.000 жители биле и градовите: Велес (15.324), Дебар (10.199), Куманово (12.469), Охрид (11.038), Прилеп (22.237), Тетово (20.070) и Штип (15.314).[290] Останатите градови биле значително помали и всушност ја имале улогата на административни центри, а не на некои значајни економски средишта и поттикнувачи на развојот на локалната селска средина. Градовите како Битола или Дебар, по воспоставувањето на новите граници полека ја губеле својата некогашна економска моќ и важност.

---

[286] Васил Кънчов, Избрани Произведения,...521

[287] Йордан Ивановъ, Българите въ Македония...,7

[288] Речник места ...,73

[289] Ibidem...,15, 125

[290] Ibidem...,4-5

Број на градско население во Вардарска Македонија 1914 год.

| Град | Број на население |
|---|---|
| Берово | 2.279 |
| Битола | 48.370 |
| Валандово | 987 |
| Велес | 15.624 |
| Гостивар | 4.384 |
| Дебар | 10.199 |
| Дојран | 4.032 |
| Гевгелија | 5.188 |
| Кавадарци | 5.861 |
| Кичево | 5.430 |
| Кочани | 5.420 |
| Кратово | 2.770 |
| Крива Паланка | 1.893 |
| Крушево | 7.941 |
| Куманово | 12.469 |
| Неготино | 4.050 |
| Охрид | 11.038 |
| Прилеп | 22.237 |
| Радовиш | 4.065 |
| Ресен | 4.756 |
| Свети Николе | 1.942 |
| Скопје | 47.384 |
| Струга | 4.120 |
| Тетово | 20.070 |
| ЦаревоСело (Делчево) | 1.701 |
| Штип | 15.314 |

### *6.2. Преселби и етнички промени за време на Првата светска војна*

Во октомври 1915 година, Бугарија влегла во војната на страната на Централните сили. Бугарските владеачки кругови не извлекле поуки од поразот во Втората балканска војна, а државата речиси целосно неспремна влегла во војната. Војната ја објавиле бугарскиот дворец и владата на 14. октомври 1915 година. Веќе на 15. октомври бугарските сили ги заземале Делчево, Берово, Пехчево и Крива Паланка, додека отпорот на српските сили на овој простор бил мошне слаб. Од 18 до 22 октомври бугарските сили влегле во Штип, Велес, Куманово, Скопје од каде што продолжиле за Тетово и Гостивар. Српските силе пружиле посилен отпор кај Криволак и Велес, но бугарските војски го продолжиле напредувањето и кон крајот на ноември 1915 година, стигнале до албанската граница. На 11. декември 1915 година, бугарската Врховна команда објавила дека во Македонија нема ниту еден непријателски војник.[291]

Бугарските власти територијата која ја освоиле ја прогласиле за единствена воена и административноуправна област, под називот Македонска воено-инспекциска област (МВИО).[292] Областа била поделена на девет окрузи, од кои седум[293] биле на територијата на Македонија. Бугарските

---

[291] Петар Стојанов, Македонија во времето на балканските и Првата светска војна, Скопје, 1969, 300

[292] Историја на македонскиот народ, Скопје, 1969, 401

[293] Скопски, Кумановски, Тетовски, Брегалнички, Тиквешки, Битолски и Охридски. Приштинскиот и Призренскиот округ иако географски не припагале на Македонија биле приклучени кон МВИО. Во териториите кои ја сочинувале МВИО не влагувале останатите области од Македонија кои биле под бугарска власт во периодот 1915-1918 година. Тоа биле околиите од Пиринска Македонија заедно со Струмичката околија, кои биле дел од Струмичкиот округ, додека териториите на источните области на Егејска Македонија меѓу реките Струма и Места биле организирани на сличен начин како областите од Вардарска Македонија. Од овие области источно од реката Струма, каде во периодот 1913-1916 година грчките власти населиле околу 28.000 Грци од делови на Тракија и Мала Азија, но дел од ова

власти при административната поделба ги користеле административните граници кои ги воспоставиле српските власти по 1912 година. Исто така ги користеле и српските податоци за бројноста на населението кои ги објавувале и во официјалните државни публикации.[294] Македонија за време на војната претрпела огромни човечки и материјални загуби.

Како пример ќе ја неведеме Битола. Градот откако бил освоен од страна на силите на Антантата во ноември 1916 година, бил подложен на жестоки бомбардирања од германските и бугарските војски, при што биле убиени и ранети неколку илјади лица, уништени над 3.000 објекти, а градот кој во 1914 година, имал околу 48.000 жители и бил најброен во областите кои со одредбите на Букурешкиот договор и припаднале на Србија, на крајот на војната опустел, а во него останале само неколку илјади жители. Во воените дејства особено биле погодни населбите кои се наоѓале на фронтовата линија.

Голем број на села биле целосно разурнати од двете страни на фронтот особено во реонот на Мариово, Битолско, Леринско, Гевгелиско, Дојранско вклучувајќи го и градот Дојран, Струмичко, Петричко и др. Во воените дејствија биле бомбардирани и Прилеп и Струмица, а Тиквешкото село Дреново било целосно уништено.[295] Материјални разорувања кои влијаеле на иселувањето на населението ги зафатила и областите кои не биле директно изложени на воените дејства од фронтот. Така на пример, во август 1917 година, во Солун намерно или не, избил голем пожар, од чии последици

---

грчко население како и дел од староседелците Грци, по 1916 година, по настапувањето на бугарската војска се иселиле во териториите по контрола на грчката војска, пред се кон Солун. Се проценува дека нивната бројка била меѓу 5-10 илјади. ( види: Йордань Ивановь, югоизточна Македония,... 27 )

[294] Спореди: Речник места ...,3; Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација, Гласник на ИНИ, IV/1-2, Скопје, 1960, 51; Петар Стојанов, Македонија во времето на балканските и Првата светска војна..., 347

[295] Петар Стојанов, Op. cit...,385

изгорела речиси целата чаршија,[296] со што градот претрпел голема економска штета, а удар бил нанесен пред се на трговскиот слој. Исто така реквизициите кои биле правени за време на војната го истоштувале населението, а во одредени делови се јавувал и глад, кој дополнително допринесувал за намалување на неговиот број.[297]

За време на Првата светска војна Македонија претрпела и големи човечки загуби. Точниот број веројатно никогаш нема да биде одреден, но за ангажираноста на македонското население на фронтовите доволно зборуваат бројките на мобилизираните војници од македонското население. Во текот на 1914 година, па се до октомври 1915 година, во српската војска биле регрутирани вкупно 53.088 лица од Вардарска Македонија од кои 44.496 Македонци, 8.481 Турци и Албанци и 111 Евреи. Овие воени обврзници без речиси никаква воена подготовка биле испраќани на фронтот во Западна Србија да се борат против Австро-Унгарските сили. Македонци се бореле и во бугарската војска. Во есента 1915 година, бугарската Врховна команда ја создала 11-та македонска дивизија во чии редови биле вклучени 33.046 Македонци.[298] Целата состојба како политичка уште повеќе воена допринесувала постојано да се намалува бројот на населението на целата македонска територија. Постојаните преселби во сите делови, а особено во Егејска Македонија, како и ужасите што ги носела со себе фронтовата линија која ја делеле Македонија на половина, условиле да дојде до значителни материјални и човечки загуби. Токму затоа кога во СХС бил направен првиот попис на населението во 1921 година, на територијата на Македонија живееле околу 100.000 жители помалку отколку една деценија претходно.

---

[296] Боривеоје. Ж Милојевић, Јужна Македонија, Насеља и порекло становништва, књига, 22, Београд, 1921, 113

[297] Крсте Битоски, Положбата во Вардарска Македонија...,56-62

[298] Историна на македонскиот народ..., 386-387

# 7. Етничката и демографска структура на населението во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни

## *7.1. Пописот на населението од 1921 година*

По завршувањето на Првата светска војна после која биле прекроени границите на речиси сите европски земји и по создавањето на Кралството на Србите Хрватите и Словенците на 1-ви декември 1918 година, било неопходно што побрзо да се утврди точната бројна состојба на населението во новата држава. За таа цел бил извршен пописот на населението на целета територија на Кралството СХС на 31-ви јануари 1921 година. Податоците од овој попис како и од пописот од 1931 година, се основен статистички извор за проучување на структурата на населението на територијата на Вардарска Македонија во периодот меѓу двете светски војни. Но користењето на овие податоци, со себе носи и одреден број на потешкотии. Пописите не донесуваат издвоени податоци за Македонија, туку податоците од 1921 година, се однесуваат на Јужна Србија, а оние од 1931 година, на Вардарска Бановина.

За двата пописи обработените податоци од тогашните статистички служби опфаќаат едно пошироко подрачје, при што можно е при пресметките особено заради честото менување на административните граници на срезовите или општините да се направат и одредени грешки. Несигурноста на податоците се зголемува и со фактот што и на двата пописи било регистрирано присутното, а не постојаното население, на кое се однесувале податоците од повоените пописи. Во вакви околности се јавуваат бројни грешки особено при пресметувањето на вкупниот број на населението. Уште поголема тешкотија претставува анализата на етничката структура, односно при донесувањето на заклучоците станува збор само за

приближни податоци. Сепак објавените податоци од пописите се основен статистички извор за промените во бројната состојба на населението и за проучување на неговата структура во периодот меѓу двете светски војни .

Анализирајќи ги податоците од овој попис, народноста може да се утврди само посредно, односно преку податоците за мајчиниот јазик и вероисповедта, бидејки прашање за националната припадност не постоело. Веднаш треба да истакнеме дека во согласност со тогашната официјална државна политика, македонскиот јазик неможел да се запише како одговор на прашањето за мајчин јазик.[299]

На прашањето за вероисповед населението имало можност да се изјасни за својата религиозна припадност според дадените одговори на пописницата или пак самиот да ја додаде својата верска определба.[300] Резултатите од овој попис се објавени цели единаесет години по неговото одржување што зборува за прилично спорото обработување на податоците. Рековме дека од овие податоци може да се добијат само приближни бројки за бројната состојба на македонскиот народ заради неможноста за декларирање по сопственоста совест, заради добро познатата политика на кралскиот режим кон Македонија. Во овој попис Македонците влегуваат во графата Срби или Хрвати се разбира по мајчин јазик.[301] Сето ова значи дека за да ја дознаеме точната или приближно точната бројка на Македонците ќе треба критички да се осврнрме на податоците и врз основа на споредба на

---

[299] Упатството за давање на одговор на прашањето за мајчин јазик гласело: Како мајчин јазик може да се наведе само еден јазик...На попишувачите им се забранувало секакво наговарање или влијание. (Konačni rezulatai popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix, Stanovništvo po narodnosti, Beograd 1954

[300] Како посебни се воделе Православната, Римо-католичката, Грко-католичката, Евангелската, Муслиманската, Израелската (Еврејската) религија Останатите влегувале во графата други.

[301] Во овој попис по мајчин јазик постоеле следниве графи: Срби или Хрвати, Словенци, Чехословаци, Русини, Пољаци, Руси, Унгарци, Германци, Арнаути, Турци, Романци-Цинцари, Италијанци, Французи, Англичани, Останати и непознато

изјаснувањата за вероисповед и мајчин јазик да се дојде до бројката која би била најблиска до реалната. Од друга страна останатото население Албанците (тогаш официјално водени како Арнаути), Турците и Власите фигурираат како посебни статистички единици и покрај одредените грешки за овие националности речиси и непостои проблем за утврдување на точните податоци за нив. Проблем се јавува кај Србите бидејки тие се слеани во групата Србо-Хрвати, при тоа со православна вероисповед, безмалку е невозможно да се одделат од Македонците. Токму во овој период започнала да се спроведува колонизацијата на Макеоднија со српско население, а добар дел од администрацијата и воено-полициските сили исто така биле од редовите на овој народ, така што нивното присуство е евидентно.

И покрај сите недостатоци ова е првиот систематски попис на населението направен на овие простори според методологија каква што се применува и денес. Не биле попишувани домаќинствата па врз основа на нив да се изведе некоја просечна бројка за населението, туку се попишувале поединци.[302]

Во овој контекст мора да се нагласи дека Српската воена команда уште во 1913 година, направила Попис на населението на териториите кои ги добила според одредбите на Букурешкиот договор. Пописот бил вршен од "куќа во куќа" и се разбира во овие сеуште воени времиња неможе да се каже дека се применувала одредена методологија, иако се претендира на тоа дека податоците даваат точна слика на состојбата на населението во овие области вклучувајки ја и Македонија.[303]

Во овој период Македонија е поделена на седум окрузи[304]и дваесет и девет срезови, вкупниот број на населението изнесувал 798.291 илајда

---

[302] Марија Ташева, Етничките групи во Македонија, историски контекст, Скопје 1997, 48

[303] Речник места,...6

[304] Битолски, Брегалнички, Кумановски,Охридски, Скопски,Тетовски и Тиквешки

жители.[305] Во вкупниот број на населението не се внесени жителите на општините Радовница, Стаевце и Трговиште кои после 1945 година, биле приклучени на Србија.[306] И овие податоци не се сосема најпрецизни бидејќи според територијална поделба која важела во 1921 година, кога бил организиран пописот на населнието во рамките на Кривопаланечкиот срез влегувале уште четири села кои по Втората светска војна се дел од Србија. [307] Во Охридскиот срез во рамките на општината Пештани влегувало селото Пискупштина, но затоа пак во објавените резулатаи од пописот во 1921 гонина не е опфатена подоцнежната општина Бањиште, во Горнодебарскиот срез.[308]

---

305 Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године, Сарајево, државна штампарија 1932

306 За прашањето на разграничувањето меѓу Србија и Македонија по конституирањето на овие републики во Југославија види: Виолета Ачкоска, Братството и Единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје 2003, 208-218

307 Станува збор за селото Широка планина во тогашната општина Герман и селата Жеравна, Караманица и Голеш во општината Луке. Бидејки податоците од пописот се објавени кумулативно само за општините, а не поединечно за населените места неможе да се одреди точно бројот на нивните жители. Но имамае податоци од подоцнежните години. Во 1925 година, бројот на жителите во овие села бил следен: Широка планина 369 жители, Жеравина 197, Караманица 389 и Голеш 149 жители, односно вкупно во овие села живееле 1.104 жители. ( Речник места, Београд, Народна просвета, 1925, 57)

308 Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево 1932, 104; Споменатото село Пискупштина 1925 година било дел од општината Пештани и имало 175 жители, додека според податоците од 1925 година во општината Бањиште во Горнодебарскиот срез имало вкупно 1.169 жители. ( Речник места,...16 ). Селото Пискупштина ( Пишкопеја, Пискупље) било во рамките на Кралството СХС се до конечното разграничување на меѓу Албанија и СХС кон крајот на 1925 година ( Кочо Сидовски, Италија и прашањето на македонските села во Албанија во периодот на нејзиното разграничување со Југославија, Гласник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1990/91,79-89)

*7.2 Етничка структура според пописот од 1921 година*

Во досегашните официјални изданија за вкупниот број на населението во 1921 година, стои податокот од 808.724 жители[309] , додека во Историјата на македонскиот народ од 1969 година, стои погрешниот податок од 728.286 жители, но врз основа на досега кажаното вкупниот број на жители на територијата која денес влегува во границите на Македонија не е поголем од 800.000 жители. Овие официјални податоци ги вклучуваат и жителите од споменатите општини кои по ослободувањето влегле во рамките на Србија, затоа и бројот на населението според овие податоци е поголем за околу 10.000 жители.[310] Доколку ги споредиме податоците од пописот 1921 година со податоците од првиот српски попис на овие простори од 1913 година, но и со другите податоци кои се однесуваат на вкупниот број на населението непосредно пред балканските војни, ќе дојдеме до заклучок дека Вардарскиот дел на Македонија за неполна деценија изгубил речиси 100.000 жители. Тоа се должи пред се на иселувањето на дел од муслиманското население веднаш по балканските војни, но и на иселувањето на дел од Македонците, по балканските и Првата светска војна. Еден дел од нив нашле прибежиште и во Бугарија. Според официјалните статистички бугарски податоци во 1920 година, во Бугарија живееле 28.433 бегалци родени во Вардарска Македонија.[311] Според други податоци во периодот 1923/1924 година, во

---

[309] Статистички годишник на Р. Македонија, завод за Статистика на Р. Макеоднија, Скопје 1998; Vladimir Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961, Beograd, 1964, 22

[310] Заводот за Статистика на НРМ во месечнио извештај бр. 9 за 1953 година на стр. 43 за 1921 година објавува дека на територијата на НРМ живееле 797.346 жители. Лазар Соколов исто така од вкупниот број на жители го одзема населението на општините Радовница, Стаевце и Трговиште со вкупно 10.443 жители и доаѓа до бројка од 798.286 жители во Макеоднија во 1921 година. (Lazar Sokolov, promena u strukturi stanovnistva na teritoriju NR Makedonije 1921-1953 godine kao odraz ekonomskog razvoja, Skopje 1962, 30

[311] Статистички годишник на Царството България, 1923/1924, София, 1925

Бугарија биле регистрирани 1.106 семејства кои потекнувале од Вардарска Македонија, а од семејствата кои биле населени во Петричкиот округ односно Пиринска Македонија 564 биле од Вардарска Македонија.[312]

Од вкупното население на територијата на Вардарска Македонија 546.013 жители или 68.44%[313] во официјалната статистика се водат како Срби или Хрвати. Се разбира дака оваа одредница во согласност со тогашната политика и став на државата и српското политичко водство кон Македонија и македонскиот народ не кажува ништо, односно неможе да даде правилна слика за етничката структура во 1921 година. Во овој период колонизацијата тукуштo започнала, така што само мал дел од попишаните Срби или Хрвати припаѓаат на ова категорија. Во рамките на оваа група спаѓаат и административниот и воено-полицискиот кадар стациониран во Македонија по 1918 година. Така што слободно можеме да кажеме дека најголемиот број од регистрираните Срби или Хрвати се Македонци, односно приближно македонскиот народ претставувал околу 65% од вкупното население на Вардарска Македонија. Втори по бројност биле Турците со 118.758 жители, или 14.83% од населението. Веднаш по Турците по бројност доаѓале Албанците во официјалната статистика водени како Арнаути со 110.650 жители или 13.87% од вкупното население. Според овие податоци во Вардарска Македонија живееле 9.026 Власи или 1.12%, а останатите етноси сочинувале 13.785 жители или 1.73% од населението. Споредувајќи ги податоците од пописот од 1921 година, со податоците за населението од пред Балканските војни се забележува дека во одредени области дошло до значајни етнички промени. Турското население веќе не било мнозинство во ниту еден град, а нивниот број значително се намалил во областите во кои

---

[312] Поголемиот дел од македонските бегалци во Бугарија потекнувале од Егејскиот дел на Македонија. Во посочениов период биле регистрирани дури 11.276 семејства на македонски бегалци од Егеејскиот дел ан Македонија главно од неговите источни околии. (Стойко Трфунов, Нови очерци по българска история, София, 199 , 61-62

[313] Пресметките се направени врз основа на официјалните податоци објавени во 1932 година.

биле мнозинство до балканските војни, како Штипско, Радовишко делови од јужно Повардарие. Од друга страна и покрај претрпените етнички загуби особено во Дебарската област по задушувањето на востанието во 1913 година, албанското население успеало да го зголеми својот број во однос на состојбата пред војните, со што се зголемувала и неговата политичка улога. Покрај турското население видливо намалување бележи и влашкото население, кое заради иселување или пак тивко претопување претставувало само 40% од бројката пред балканските војни. И покрај малубројноста ова население играло значајна улога особено во економскиот живот на Вардарска Македонија.

Жители по мајчин јазик во Вардарска Македонија на 31.01.1921[314]

| Округ | Срби или Хрвати | Турци | Арнаути | Власи | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Битолски | 134.535 | 18.007 | 19.209 | 4.425 | 4.556 | 180.732 |
| Брегалнички | 72.764 | 29.011 | 71 | 1.197 | 1.304 | 104.347 |
| Охридски | 48.460 | 7.506 | 11.448 | 1.597 | 200 | 69.211 |
| Скопски | 81.901 | 26.336 | 21.569 | 645 | 4.702 | 135.153 |
| Тетовски | 53.688 | 14.547 | 48.399 | 70 | 475 | 117.179 |
| Тиквешки | 73.210 | 17.338 | 34 | 882 | 971 | 92.435 |
| Кумановски | 81.430 | 6.013 | 9.944 | 271 | 1.576 | 99.234 |
| Вкупно | 545.988 | 118.758 | 110.674 | 9.087 | 13.784 | 798.291 |

Во однос на религиозната структура најголем број од населението припаѓале на Православната вера 518.229 или 64.91% од населението. Тука припаѓаат Македонците, Србите, Власите и други етноси во помал број.

---

[314] Во табелета дадени етносите според официјалните податоци од државната статистика. Македонскиот народ влегува во графата Срби или Хрвати

Муслиманите сочинувале 270.295 жители, или 33.94%. Во оваа верска групација припаѓале Турците, Албанците, Македонците со муслиманска вероисповед кои од официјалната статистика биле водени како Срби или Хрвати по мајчин јазик и најголемиот дел од Ромите. Евреите биле застапени со 5.047 жители или 0.63% Во Вардарска Македонија живееле и 2.215 Католици или 0.27% од кои добар дел живееле во околината на Струмица, каде што живееле и 765 или 0.10% Унијати и најголемиот дел од 1.103 или 0.14% Евангелисти.[315]

Разгледувајќи ја структурата на населението и историските фактори кои допринеле за нејзиното формирање се доаѓа до констатација дека населението било доста разнолико по однос на мајчиниот јазик и вероисповедта. Овде мора да укажеме на некои неточности кои што се објавени како официјални статистички податоци. Во општина Горно Количани во околината на Скопје каде што живеело албанско и македонско население со муслиманска вероисповест се наведуваат 1.111 жители Турци и 1.414 Албанци.[316] Очигледно Македонците муслимани од селата Долно Количани и Пагаруша се запишни како Турци. Интересно дека во останатите села од Скопско каде живееле Македонци муслимани сите се заведени со мајчин јазик Српско-хрватски, се разбира во контекст на тогашната политика.

Ист и случајот и во селото Мелница, Велешко каде живеело исклучиво македонско население со муслимансла вероисповед, безмалку сите муслимански жители според официјална статистика се водат со мајчин јазик турски.[317] Имало и прелевање на одреден број на ромско население кај Турците или Албанците во зависност од регионот. Вакви примери има во

---

[315] Дефинитивни резултати пописа становништва 1921 године, Сарајево 1932, 88-123

[316] Ibidem,...115

[317] Од вкупно 1.484 муслимански жители на селото 1.482 се запишани со мајчин јазик турски, што небило случај со соседното село Горно врановци каде населението се води со мајчин јазик српско-хрватски. Се работи за македонци муслимани (ibid,...114)

Скопје, Велес, Струмица, Прилеп, Битола и во други места. Во исто време иако во Радолишта Струшко не живеело турско население ниту во османлискиот период, според овие податоци таму се заведени 531 Турчин.[318] Се разбира имало и други превиди, така во тогашната општина Браилово, во Прилепскиот срез целото муслиманско население е запишано со арнаутски мајчин јазик, меѓутоа во оваа општина се наоѓало и селото Пешталево каде населението го сочинуваат Македонци муслимани.[319]

### *7.3 Демографската структура на населението во градовите меѓу двете светски војни во Вардарска Македонија*

Воопшто и покрај очевидните превиди и грешки кои биле направени при попишувањето, податоците кои ги добиваме од овој попис се драгоцени и дозволуваат да се следи движењето на населнието и во етнички и верски поглед, но и да се забележат сите социо-економски промени кои настанале како последица на поразот и протерувањето на османлиската империја, но и промените кои настанале под притисок на новата политичка реалност. Карактеристично е дека некои градови особено оние кои биле на линијата на македонскиот фронт за време на Првата светска војна бележат голем пад на населението, а некои скоро и да ги снемало од географската карта. По Балканските војни, Битола била град со 48.370 додека само после осум години во 1921 година, како последица на војната, овој некогашен центар на европска Турција, сега бил само пограничен град отсечен од својата економска позадина и затворен кон Солун со само 28.420 жители. Битола ја наведуваме прва како пример, заради нејзиниот брз економски развој во

---

318 Миљенко С.Филиповић, Етничке прилике у јужној Србии, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења јужне Србије, Скопље, 1937, 424

319 Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године,...90

текот на целиот XIX век, како и нејзиното значење како политички центар на Румелија. Бројот на населението во Битола кон крајот на XIX век бил различно проценет. Според К`нчов во Битола живееле 37.000 жители[320], додека за истиот период Хаџи Васиљевиќ наведува дека во Битола живееле околу 45.000 жители[321] Во градот преовладувале христијаните со значајно присуство и на муслиманското население. Покрај Македонците (патријаршисти и егзархисти) во градот живеле и Власи еден добар дел погрчени, Евреи, како и Турци и Албанци.

Во овој контекст значајно е да се нагласи дека многу автори зборувајќи за етничката структура на македонските градови во овој период забележуваат дека било карактеристично т.н. амалгамирање, мешање и претопување на муслиманското население во турскиот етнос. Ова било карактеристично и за Битола, но и за другите градови, па се забележува дека во Битола живееле повеќе богати турски семејства кои по своето потекло биле Албанци, но никако не признавале дека не се "прави Азијати"[322] Во прилог на ваквите тврдења пишува и професорот на софискиот универзитет Јордан Иванов, наведувајки примери дека "Битолските, охридските, струшките, скопските, гостиварските турски жители се состојат главно од албанци"[323] Меѓу муслиманското население особено во градовите се разбира дека имало и турцизирани Албанци, но неможат да се изостават и исламизираните Македонци и јужнословенските муслимани населени во Македонија по источната криза, кои исто така релативно лесно по само една или две генерации се втопувале во турскиот етнос, идентификувајќи се преку својата религија.

Вакви примери имало и во многу други македонски области, Албанците релативно лесно ги потиснувале Македонците и другите

[320] Васил Кънчов, Избрани Произведения,...536

[321] Јован Хаџи Васиљевић, Град Битољ, Братство, књига 23, Београд, 1911, 231

[322] Ibidem,...234

[323] Йорданъ Ивановъ, Българите въ Македония, София, 1917, 58

христијани, но во исто време особено во градовите заради религијата, а во допир со турската култура брзо се турцизирале.[324] Битола бројот на жителите што го имала пред балканските војни го достигнала дури по Втората светска војна. Исто така етничката стуктура на нејзиното население и неговата внатрешна интеракција и мешања биле карактеристични и за други наши градови во периодот пред балакнските војни.[325]

Во овој контекст ќе го споменеме и Дојран. Некогаш просперитетно место близу до Солун кон крајот на XIX век, во него живееле 6.780 жители[326], од кои две третини биле Македонци, а останатите Турци и мал број на Евреи и Роми. Во времето на воспоставувањето на српската власт 1913 година, Дојран имал 4.032 жители, додека 1925 година, го имал статусот "варошица" веројатно само како потсетување на неговиот поранешен статус на центар, бидејки имал само 328 жители и бил помал од повеќето околни села.[327] Слична судбина имал и градот Дебар. Кон крајот на деветнаесетиот век забележано е дека градот имал околу 15.000 жители[328] непосредно по воспоставувањето на српската власт во градот живееле 10.199 жители,[329] а по септемвриските настани во 1913 година, според извештаите на српскте полициски органи во градот останале 4.198 жители.[330] Подоцна состојбата се стабилизирала и во 1921 година, во Дебар биле регистрирани 7.125 жители.[331] Овој град дел од своето население изгубил уште во 1913 година, а за време на бунтот кој го кренало населението од овој простор против новата српска управа при што во акцијата која била преземена од страна на српските власти некои села во Река како и делови од Дебар биле запалени, а дел од

---

[324] Јован Хаџи Васиљевић,Орид, Браство, књига 29, Нови Сад, 1923, 99

[325] Јов.Ф. Трифуноски, Македонска градска насеља, Београд 1947, 60

[326] Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...462

[327] Речник места,...17

[328] Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...569

[329] Речник места у ослобођеној области старе Србије,...4

[330] Љубен Лапе, Охридскиот округ,...171

[331] Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године,...104

албанското население мигрирало во Албанија.[332] Градот имал и доста економски неприлики бидејки бил отсечен од својата економска позадина која по војните припаднала на Албанија. Овие примери се карактеристични, како некогаш просперитетни центри со значаен економски развој особено во занетчиството и трговијата. Само во 1904 година, во Битола прометот од трговијата изнесувал над седум милиони круни.[333] Падот и економски и во човечки потенцијал во подоцнежните години е евидентен.

И покрај иселувањето на еден дел од турското население и мал дел од останатото муслиманско население во некои градови муслиманското население и понатаму било доминантно или во значителен број. Според податоците од 1921 година, муслиманското население пред се исламизирани Македонци биле мнозинство во Кичево. Од 4.792 жители 3.547 биле муслимани, а само 35 се изјасниле со мајчин јазик "Арнаутски" и 70 со Турски.[334] Значајно малцинство Турците претставувале во Скопје. Тие сочинувале нешто повеќе од една третина од вкупното население и биле значаен елемент особено во чаршијата.[335] Турците доминирале меѓу скопското муслиманско население кое претставувало 38% во градот, со што е евидентен падот на ова население во однос на периодот пред балканските војни. Според официјалните податоци по воспоставувањето на српската власт во градот живееле 47.384 жители.[336] Но веќе напоменамевме дека сите овие податоци треба да се земаат со резерва. Во подоцнежните официјални

---

[332] Глигор Тодоровски, Македонија по,Распарчувањето 1912/13-1915-општествено-политички, економски и просветни прилики во бардарскиот дел на Македонија, Скопје,1995. 29

[333] Јован Хаџи Васиљевић, Град Битољ,...230

[334] Дефинитивни резултати Пописа становништва,...88-89 ( Приближно ист број на жители градот кичево имал и кон крајот на деветнаесетиот век.,во него живееле 4.814 жители од кои 1.200 православни Македонци и 3.560 исламизирани. Васил Кънчов, Избрани Произведения,...555

[335] Со мајчин турски јазик се изјасниле 13.980 жители или 34.38% од населението на Скопје во 1912 година.

[336] Речник места,...5

издания во кои се зборува за бројот и составот на населението се наведува дека во Скопје во 1913 година, живееле 43.847 жители ( 28.604 муслимани, 13.331 православни, 401 католик, 1.500 евреи и 11 протестанти)[337]

Скопје во периодот меѓу двете светски војни станува центар на јужниот дел на Кралството. Во градот се инвестирало и од страна на државата, но уште повеќе од приватниот капитал. Само во периодот од 1918-1929 година во градот биле подигнати над 1.000 нови куќи згради, за живеење и стопански објекти.[338] Бројот на населението изразито брзо се зголемувал со што овој некогашен вилаетски центар со “азијатска надворешност” се повеќе го менувал својот лик во едно современо средиште. Во 1921 година, во градот живееле 40.666 жители (22.135 православни, 937 католици, 15.609 муслимани, 1.868 евреи, 86 протестанти и 31 гркокатолик)[339] а заедно со некои блиски околни села имал 58.765 жители.[340] Градот Скопје и понатаму се развивал, особено по административните промни кои настанале во 1929 година, со формирањето на бановините.

Муслиманското население доминирало и во градот Дебар со 60.8%, додека православните жители сочинувале 37.6%. Муслиманското население го сочинувале главно Албанци (4.077), додека православните речиси без

---

[337] Јосиф Михајловић, Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, 816

[338] Ibidem,...817

[339] Дефинитивни резултати Пописа становништва,...112-113

[340] Алманах општине града Скопља 1918-1928, Скпје, 1928, Според официјалните опшински извештаи населението во Скопје за само тринаесет години се зголемило за околу 22.000 жители 1913 градот имал 47.384 жители, 1919 (51.758 жители), 1920 (54.879), 1921 (58.765), 1922 (60.354), 1923 (62.435), 1924 (64.245), 1925 (66.934), 1926 (69.269), Според истите податоци во наведената 1926 година, во градот од вкупно 69.269 жители 38.392 биле Православни, 1.890 Католици, 26.270 Муслимани и 2.717 други, додека по мајчин јазик имало 42.072 Срби, 362 Грци, 24.480 Турци, 15 Романци, 1.790 Албанци и 550 други

исклучок биле Македонци.[341] Во градот Охрид кој бележел континуиран умерен пад на своето население, кон крајот на XIX век, во него живееле безмалку 15.000 жители,[342] веднаш по Балканските војни имал 11.038 жители,[343] додека според извештајот на окружниот полициски началник во градот во 1914 година, живееле 10.051 жители од кои 5.203 православни и 4.848 муслимани.[344] Според пописот од 1921 година во Охрид живееле 9.587 жители, од кои 5.148 православни, 4.331 муслимани,[345] што значи верската стуктура не претрпела некои позначајни промени во однос на претхотхадната деценија. Меѓу градските муслимани доминирале Турците со 38.3% од вкупното население на градот, додека Албанците биле застапени со 6%. Македонците кои како што напоменавме се воделе со мајчин јазик Српски или Хрватски, претставувале 51.5% од жителите на градот односно 4.943. Бидејки колонизацијата била во почетниот стадиум и просторот на Охрид и Охридско не биле значајни како колонистички центри, може да кажеме дека безмалку сите кои официјално се воделе со мајчин јазик Српски или Хрватски всушност го сочинувале градското македонско население. Иселувањето од градот кое било карактеристично и пред балканските војни, при што населението се селело кон Битола, Солун или во Бугарија во Софија и Варна продолжило и во периодот 1921-1931 година така што во 1931 година, во градот живееле 9.754 жители.[346] Слична била состојбата и со соседната Струга. Таму православното население претставувало 60.8%, а

---

[341] Дефинитивни резултати Пописа становништва,..104-105 Во градот имало и 16 Турци и околу 300 исламизирани Македонци. Од вкупниот број на жители (7.125), 2.689 биле православни, а 4.337 муслимани.

[342] Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...552

[343] Речник места,...79

[344] Љубен Лапе, Охридскиот округ,...168

[345] Дефинитивни резултати Пописа становништва,...104

[346] Македонија како природна и економска целина, Скопје, 1978, 218

муслиманското 36.4%. Меѓу муслиманското население според официјалните податоци и тука доминирале Турците.[347]

Во градовите Тетово и Гостивар, според овие податоци исто така меѓу муслиманското население доминирале Турците. Официјалната статистика вели дека во градот Гостивар, Турците претставувале дури 77.5% од населението.[348] Се разбира како што беше и претхотно наведено сите податоци треба да се прифатат со определена доза на резерва, бидејки дел од населението пред се со муслиманска вероисповед било со недооформена национална свест, главно индентификувајки се со верската припадност. Градот во однос на претходниот период бележел постојан пораст. Кон крајот на XIX век, Ѓорче Петров пишува за Гостивар како за развиено градче со 850 куќи и 170 дуќани. Населението во мнозинство во овој период било муслиманско, со релативно мал број на Македонци доселени од околните села, главно во XIX век.[349] Во истиот овој период К`нчов, пишува дека во Гостивар живееле 3.735 жители.[350] Додека според српскиот истражувач Светозар Томиќ во 1905 година, кога го посетил градот во него живееле

---

347 Струга во 1921 година имала 3.470 жители од кои 2.111 православни и 1262 муслимани. Од муслиманите 1.036 се изјасниле со мајчин јазик турски. (ibidem,...106)

348 Од вкупно 4.830 жители на градот 792 биле со православна вероисповед, 89 со католичка и 3.949 или 81.7% со муслиманска вероисповед. По мајчин јазик 846 се водат со мајчин јазик српски, 138 со албански (арнаутски) и 3.743 со турски. (ibidem,...116-117)

349 Ѓорче Петров во 1896 пишува: "Гостивар има 850 куќи Муслиманите се повеќе арнаути, но има и Турци. Христијаните се Бугари, Власи и Латини (трговци од Скадар) и неколку Евреи касапи. Одпрвин градот бил населен само со Арнаути, а христијаните се преелени од поскоро. Само три куќи се постари од 120 години, а другите се од 100 години наваму. Сега има 20 бугарски куќи и оклу 30 души латини од Скадар. Бугарските куќи се наоќаат во т,н Вардарска махала" (Материяли за проучуване на Македония, София, 426 ) Под поимот бугарско население се подразбираат Македонците кои биле под јуриздикција на Бугарската егзархија.

350 Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...513

околу 3.400 жители, од кои само 17 куќи биле христијански.[351] За останатото население авторот наведува дека било "арнаутско" но дека меѓу нив имало доста Османлии кои веќе кон почетокот на XX век "по говорот, носијата и начинот на живот се прави Арнаути".[352] Гостивар и понатаму и во меѓувоениот период бележи постојан пораст на своето население со благ пораст на учеството на православното население односно на Македонците во структурата на градското население. Во 1931 година во градот живееле 5.952 жители, односно за една деценија градот се зголемил за 1/5, од кои муслимани т.е Албанци и Турци 4.533 и 1.380 православни, во најголем број Македонци. Како што е воочливо од наведените податоци Гостивар е еден од ретките градови во Македонија кој без оглед на војните во периодот 1912/1918 година, бележи постојан пораст. Гостивар бил далеку од фронтовите, а Турците и другото муслиманско население не се иселувало по 1912 година, додека доселувањето на население пред се македонско од околината по 1918 година, било доста силно. Доселениците во најголем број биле Македонци од околните горнополошки села како и од селата во Река и Маврово и албанско население од околината на градот. Ова население во најголем број се бавело со трговија, занети, а не бил мал бројот и на печалбарите.[353] Токму затоа за една деценија бројот на Македонците во Гостивар, речиси се удвостручил.

За разлика од Гостивар кој во период од четири дециниии ( од крајот на XIX век до 1931 година) имал постојан стопански и популациски пораст Тетово, ако не се намалувало во првите децении на XX век, бележело одредена стагнација. Кон крајот на XIX век градот имал 19.200 жители според К`нчов[354] додека Ѓорче Петров неправилно го смалува бројот на неговите

[351] Светозар Томић, Скопље-Тетово-Гостивар-Маврово-Галичник, Браство, књига 29, Нови сад 1923, 221

[352] Ibidem

[353] Rudolf Petrović, Polog antropogeografski prikaz, Zagreb 1942, 76

[354] Васил Кънчов, Избрани Произведения,...510

жители на само 8.000 жители.[355] Според Цвијиќ на почетокот на XX век, во градот живееле 20.000 жители од кои мнозинството го чинеле Турци и турцизирани Арнаути.[356] Околу 1905 година, забележано е дека градот имал околу 13.500 жители.[357] Повеќето истражувачи од овој период се сложуваат дека во последната деценија на турското владеење речиси 2/3 од градското население било муслиманско (Албанци и Турци), додека останатите биле Македоници поделени меѓусебно во егзархиската и патријаршиската струја. Во 1913 година, Тетово броело 20.070 жители. По 1913 година, бројот на населението во Тетово започнало да опаѓа бидејки еден дел од муслиманското население се иселувало во Турција. Некои автори ја наведуваат и економската причина за опаѓање на населението со повлекувањето на српско-албанската гранична линија Тетово било отсечено од својата економска позадина на запад со што од неговата трговина била сведена само на локално ниво.[358]

Веќе во 1921 година според официјалните податоци во Тетово живееле 15.119 жители, што значи бројот на населението во однос на 1913 година, се намалил за речиси 1/4. Поголемата половина од населенито го сочинувале муслиманите со 54%, додека православните преставувале 46% од вкупното население.[359] Во наредната деценија градското население релативно малку се зголемило па во 1931 година, во Тетово живееле 16.212 жители[360] Градот во последната предвоена деценија како да ја надминал кризата и во 1935 година броел 18.631 жители од кои 9.566 Македонци (и веројтно мал дел на Срби

---

355 Материяли за проучуване на Македония, София, 1896, 419

356 Цвијић Јован, Основи за географију у геологију Македоније и Старе Србије, Београд 1911, 1069-73

357 Светозар Томић, op. cit 218

358 Rudolf Petrović, op. cit,71

359 Од вкупното население 6.900 биле православни, а 8.193 муслимани. Од нив 7.120 се заведени со мајчин јазик српски или хрватски, 1.198 со мајчин јазик арнаутски и 6.432 со турски (Дефинитивни резултати Пописа становништва,...116-117)

360 Македонија како природна и економска целина, Скопје, 1978, 208

колонисти и административен апарат), 7.715 Турци, околу 1.000 Албанци и 150 Роми.[361] Со тоа градот ја дочекал Втората светска војна со обновено население, безмалку достигнувајки го бројот на жителите како од пред балканските војни. И покрај иселувањето на дел од муслиманското население, заради големиот природен прираст и доселувањето од околните села градот останал да биде стопански, административен и културен центар на Полог. Бројните извори кои речито говорат за населението на овие два македонски града во првите децении на XX век, можеби ќе помогнат за разбирање на македонската етнолошка карта од посочениот период, бидејки недоволно оформените национални идентитети особено кај муслиманското население и понатаму ќе има свои последици особено во пописните изјаснувања во повоениот период.

Изразито опаѓање на населението во периодот по воспоставувањерто власта на Кралството СХС бележеле и некогаш просперитетните градови Штип, Струмица, Кратово и околните места. Градот Штип кон крајот на XIX век имал 20.900 жители[362] од кои половина биле Македонци, а останатите Турци, Евреи и Роми. Но по Балканските а особено по Првата светска војна градот ја загубил некогашната економска улога, а иселувањето на македонското и турското население придонело осетно да се намали бројот на градските жители. Во 1913 година, во градот биле регистрирани 15.314 жители, додека во 1921 година во него живееле 11.173 жители[363] од кои 7.976 биле православни, а 2.594 муслимани. Во градот останала да живее и релативно бројна еврејска општина со 491 жители. Градот и во наредната деценија продолжил да стагнира па во 1931 година во него живееле 11.895 жители. Населението и покрај релативно високиот наталитет не се зголемувало пред се заради силниот иселенички бран на турското население кое особено во периодот на дваесетите години масовно заминувало за

---

58 Rudolf Petrović, op. cit,72

362 Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...530

363 Дефинитивни резултати Пописа становништва,...92

Турција. Се проценува дека во овој период од Штип за Мала Азија се преселие околу 1.500 семејства.[364] Во целиот меѓувоен период во штипско останало да доминира турското јуручко население кое во 1921 година во Штипската околија без градот претставувало над половина од населението. Иселувањето на Турците во дваесетите години било една од причините и за намалувањето на населението во Радовиш. Во градот пред балканските војни живееле над 6.000 жители[365]од кои 4.000 Турци и 2.000 Македонци. Според податоците од 1913 година населението во градот се намалило за 1/3 односно имал 4.045 жители. Во 1921 година, бројот на градските жители се намалил на 3.617.[366] Бројот на населението останал речиси непроменет до почетокот на Втората светска војна.

Видно економско опаѓање и намалување на бројот на населението се бележи и во градот Струмица. Во близина на фронтовата линија за време на Првата светска војна, Струмица како опустошен град влегол во рамките на Кралството СХС според одредбите Нејскиот договор од ноември 1919 година. Кон крајот на XIX век Струмица имала околу 10.000 жители во мнозинство околу 6.000 Македонци, 3.000 Турци, 700 Евреи и малку Роми.[367] Првите поголеми етнички поместувања настанале уште за време на Првата балканска војна кога дел од муслиманското го напуштило градот заради теророт кој бил вршен од страна властите. Струмица во есента 1912 година, била под мешана контрола српска и бугарска.[368] За Струмица е карактеристично што голем дел од Македонците приврзаници на патријаршијата и грчката пропаганда по Втората балканска војна ги

---

[364] Македонија како природна и економска целина,...152

[365] Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...534

[366] Во градот живееле 2.144 Православни главно Македонци и 1.323 Муслимани најповеќе Турци. Меѓу нив живееле и 149 протестанти. (Дефинитивни резултати Пописа становништва,...94)

[367] Васил Кьнчов, Избрани Произведения,...459

[368] Поранешните балкански војни (1912-1913) извештај на Карнигиевата балканска комисија, Скопје, 2000, 105

напуштиле своите домови и заминале на територијата контролирана од грчките војски, главно во Кукуш, населувајќи се на местото на протераните Македонци. Само во Кукуш по завршување на Втората балканска војна биле регистрирани околу 250 семејства од Струмица.[369] Во истиот период од градот се иселиле и поголемиот дел од Евреите, главно во Солун (од каде што биле дојдени во текот на XIX век) поради тоа што трговските врски со овој важен центар биле прекинати.[370] По воспоставувањето на српската власт кон крајот на 1919 година, во Струмица живееле 6.618 жители, од кои 6.098 православни, 180 протестанти, 340 муслимани.[371] Веќе на првиот официјален попис во 1921 година во Струмица биле регистрирани 6.733 жители во огромно мнозинство православни 6.053 и 485 муслимани. Со мајчин турски јазик се изјаснле 434 граѓани на Струмица.[372]

Турското население во однос на претходните децении драстично се намалило пред се заради иселувањето, но од Струмица освен иселувањата на македонското население по балканските војни, карактеристични се и иселувања во Бугарија по воспоставувањето на српската власт. Главно се иселувале мештани кои имале роднини во Бугарија, како и "бежанци" кои во периодот 1913-1919 се населиле во Струмица и околијата од областите каде била воспоставена грчка власт.[373] Српските власти опаѓањето на бројот на населението по воспоставувањето на нивната власт го објаснувале со иселувањето на "егзархиститe"[374]

---

[369] Боривоје Ж. Милојевић, op. cit,113

[370] Македонија како природна и економска целина,...145

[371] Милован Ристић, Струмица, Брастово, књига 32, Београд, 1925, 125. Во целета околија без градот биле регистрирани 25.527 жители од кои 21.503 православни, 3.960 муслимани и само 7 протестанти и 57 унијати, што мислиме дека е многу мал број за последниве две конфесии. Тоа ќе се покажи и на наредните пописи.

[372] Дефинитивни резултати Пописа становништва,...122-123

[373] ДАРМ, ф. 121, к-1, а,е16/67-72

[374] Милован Ристић, op.cit, 125

За бројот на иселените Македонци од Струмица најдобро зборуваат податоците за бројот на староседелците во Струмица регистрирани во 1921 година. Од Македонците во градот само 3.690 не биле бегалци[375]односно во градот живееле само 60% од Македонците пред балканските војни, несметајки ги бегалците. Како доселени во 1921 година биле регистрирани 2.763 жители на Струмица, то претставувало 40% од градското население, речиси сите од Кукуш.[376]

Во анализата на градското население во Македонија меѓу двете светски војни несмее да се одмине и градот Кавадарци каде што исламизираните Македонци претставувале мнозинство се до Балканските војни, додека во меѓувоениот период биле значително малцинство. Сите автори кои се бават со етничката и демографската историја на Македонија и Балканот не ја одминуваат Тиквешката област како особено податлив простор за етноисториски проучувања.[377] Најголемиот дел од муслиманското население со исклучок на релативно мал дел на Јуруци било исламизирано македонско население. Кон крајот на XIX век во градот Кавадарци живееле 5.092 жители од кои 3.000 муслимани и 1.940 православни Македонци.[378] Целата Тиквешка област е карактеристична по бројноста на селата со исламизирани Македонци. До 1913 година во Тиквеш имало 27 села каде сами или заедно со православните Македонци живеело и исламизирано македонско население. Вака бројна групација на исламизирани Македонци имало само во Реканскиот крај. По балакнските војни започнал еден тивок и

---

[375] А. Андријашевић, Струмица земља и народ, Ниш, 1923, 32

[376] ibidem

[377] В.С. Радовановић, Тивеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 1924, 129-565

[378] Васил Кънчов, Избрани Произведения,...453; На почетокот на дваесети години во градот Кавадарци имало 1.330 домакинства, од кои 620 биле христијански (православни), 1 еврејско и 709 муслимански домакинства (Воислав.С. Радовановић, Op. cit, 380), додека според официјалните статистички податоци од 1921 година, православните (во најголем број Македонци), претставувале околу 56% од популацијата на градот.

долг процес на иселување на ова население кој ќе заврши дури во педесетите години.

Најпрвин муслиманското население кое во комуникацијата го употребувало само локалниот македонски дијалект започнало да се иселува од градовите. Само мажите знаеле да зборуваат турски.[379] Во 1913 година, во Кавадарци живееле 5.861 жители,[380] по што бројот на населението започнал благо да опаѓа. Од Неготино каде муслиманите биле во помал број и пред балканските војни, најголем дел се иселиле во околните исламизирани села, а еден дел заедно турските власти се повлекле дури во Мала Азија. Некои автори локалните муслимани ги оквалификуваат како "големи фантици"[381] па можеби и затоа така целосно се иселило ова население за разлика од другите области каде што живееле компактна маса на исламизирани Македонци.

Во 1921 година градот бележел стагнација токму заради иселувањето на муслиманското население, и населението се намалило во однос на 1913 година. Градот Кавадарци сега броел 5.522 жители, но за разлика од крајот на XIX век сега православното население било побројно, односно претставувало 57% од вкупното население.[382] Во наредниот период градот бележел благо зголемување на населението така што во 1931 година, градот броел 5.786 жители,[383] а населението главно се бавело со земјоделие и занаетчиство.

---

[379] Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви у Јужној Србији, Браство, књига 32, Београд 1925, 21-95

[380] Речник места,...147

[381] Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви у Јужној Србији,...53. Истиот автор наведува дека Неготинските муслимани при заминувањето во 1913 година велеле дека повеќе би седеле гладни во Азија-колевката на исламот, отколку да останат на своето старо огниште каде што -крстот ќе суди (ibidem)

[382] Во Кавадарци од вкупно 5.522 жители 3.189 или 56.8% биле православни, а 2.368 или 42.9% биле со муслиманска вероисповед. Од муслиманското население само 827 се определиле за мајчин јазик турски.( Дефинитивни резултати Пописа становништва,...118-119)

[383] Македонија како природна и економска целина,...182

Тогму во тиквешката област српските власти ќе населат голем број на колонисти, главно на земјата на поранешните бегови кои се иселиле во Турција. На атарот на селото Крушевица кое речиси цело било населено со исламизирани Македонци се наоѓал и кралскиот имот.[384]

Исламизираните Македонци претставувале мнозинство и во Пехчево административното средиштето на Малешавската каза[385] Пред балканските војни во него живееле 5.680 жители.[386] Нивното иселување започнало уште за време на Првата балканска војна дури пред влегувањето бугарската војска во градот. Тие се повлекувале заедно со турската војска.[387] Затоа во 1913 година по воспоставувањето на српската власт Пехчево броело само 694 жители,[388] со што приматот на административен центар го презело Берово. Групи на исламизирано население во оваа област имало и во Пијанечкиот крај.[389]

| Град | 1921 | 1925 | 1931 |
|---|---|---|---|
| Битола | 28.420 | 32.547 | 33.024 |
| Дебар | 7.125 | 7.278 | 7.198 |
| Дојран | --- | 328 | --- |
| Неготино | 2.118 | 2.240 | 2.519 |

---

384 Александар Апостолов, Колонизацијат на Македонија во стара Југославија, Скопје, 120

385 Според Васил К`нчов во Пехчево кон крајот на XIX век живееле 3.300 муслимани и 700 православни.( Избрани Произведения,...528 )

386 Йордань Ивановь, op.cit, 7

387 Даринка Пачемска Петреска, Малешевијата низ историјата 1912-1945, Берово 2003, 32

388 Речник места,...31

389 Во Царево село( денешно Делчево) во 1920 година имало безмалку 1.000 исламизирани Македонци, а тие живееел и во селата Истевник, Работивиште, Град и Звегор (Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви у Јужној Србији,...49) Мора да се истакне дека се претерани ставовите дека сето мислиманско население во овие краеви било по потекло исламизирано локално христијанско населнеие. Тоа го покажуваат и податоците од пописот од 1921 година. Според овие податоци во срезот Царево село од 4.083 муслимани, 2.501 се изјасниле со мајчин јазик турски (Дефинитивни резултати Пописа становништва,...) со што се покажува дека миѓу локалното муслиманско население имало и потомци на некогашните турски колонисти кои живееле заедно со локалното исламизирано население.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кавадарци | 5.522 | 5.522 | 5.504 |
| Кичево | 4.792 | 5.952 | 6.382 |
| Охрид | 9.587 | 9.934 | 9.754 |
| Ресен | 3.731 | 4.060 | 4.443 |
| Прилеп | 18.508 | 19.962 | 22.821 |
| Струга | 3.470 | 3.309 | 3.581 |
| Велес | 14.155 | 14.377 | 13.443 |
| Гостивар | 4.830 | 4.701 | 5.952 |
| Тетово | 15.119 | 18.181 | 16.350 |
| Куманово | 13.400 | 16.120 | 16.984 |
| Кратово | 2.493 | 2.041 | 2.700 |
| Скопје | 40.666 | 59.161 | 68.334 |
| Гевгелија | 2.787 | 2.909 | 5.011 |
| Струмица | 6.733 | 6.867 | 9.600 |
| Кочани | 4.105 | 4.205 | 5.411 |
| Берово | --- | 2.507 | 2.400 |
| Пехчево | --- | 1.300 | 3.437 |
| Св. Николе | 2.340 | 2.302 | 2.715 |
| Радовиш | 3.617 | 3.461 | 4.000 |
| Делчево | 1.926 | 1.926 | 2.858 |
| Штип | 11.173 | 11.175 | 11.895 |
| К. Паланка | 2.149 | 2.144 | 2.168 |
| Крушево | 3.831 | 5.020 | 3.595 |

Број на градско население во Македонија меѓу двете светски војни

Иселувањето од некои градови направило тие по бројот на своето население да прилегаат на некои поголеми села. Во Кратово пред Првата балканска војна живееле околу 5.500 жители[390] додека кон крајот на 1913 година, во него биле регистрирани 2.770 жители.[391] Бројот на населението продолжил да опаѓа и во наредниот период така што во 1921 година, во

[390] Йорданъ Ивановъ, op.cit, 7

[391] Речник места,...73

градот живееле 2.493 жители.[392] Населението и во понатамошниот период се до почетокот на Втората светска војна се намалувало, со што Кратово ја изгубило некогашната административна и економска улога, како што ја имал во првата половина на XIX век кога броел 5-6.000 жители.[393] На сличен начин се намалувало и населението на Крива Паланка во која пред војните живееел 4.580 жители,[394]додека во 1913 година во градот живееел нешто помалку од 2.000 жители. Истиот број на жители останал и во наредната деценија.[395] По Балканските и Првата светска војна добар дел од Турците како и останатите нивни сонародници се селеле кон Турција, додека Македонците емигрирале или во Бугарија, или пак се селеле во поголемите центри како Скопје.[396] Бројот на населението од пред балаканските војни Крива Паланка ќе го достигне дури во втората половина на XX век.

Доколку ја погледнеме етничката слика на Вардарска Македонија во 1921 година, односно речиси една деценија по протерувањето на Османлиите, кога и настануваат големите етнички пореметувања на овој простор ќе заклучиме дека територијалната етничката разместеност во основа останала иста. Македонците живееле на целата територија, во некои области по иселувањето на дел од турското население претставувале апсолутно мнозинство, а не ретко и над 90% од населението. Бројот на Македонците значајно се зголемувал во градовите, додека пак бројот на Турците опаѓал најчесто токму во градовите.[397] Тие претставувале половина од населението

---

[392] Дефинитивни резултати Пописа становништва,...100-101. Во градот живееле 1.907 православни и 530 муслимани што претставува драстично намалување на муслиманското население кое кон крајот на XIX век броело околу 2.500 жители. Бројот на православното население во овие децении во Кратово стагнирал.

[393] Македонија како природна и економска целина,...163

[394] Йордань Ивановь, op.cit, 7

[395] Градот кон крајот на XIX век имал над 4.000 жители од кои поголемиот број Турци.

[396] Македонија како природна и економска целина,...165

[397] Јов.Ф. Трифуноски, Македонска градска насеља...,49

на Дојранскиот срез,[398] а во Радовишко претставувале 43% од населението.[399] Во останатите области главно на исток од Вардар, во Овче Поле, Кочанско, Штипско, претставувале помеѓу третина и четвртина од вкупното население со тенденција на намалување. Во Западна Македонија Турците живееле пред се во Ѓостиварско, каде сочинувале 25.5% од населението, како и во Горна Жупа, крајната западна турска етничка граница на Балканот.

Албанското население компактно живеело како и претходно, главно во западните и северозападните предели. Во срезот Долни Полог, односно во Тетовско, албанското население претсатвувало 52.4% од вкупното население, додека во Горни Полог односно во Гостиварско тие сочинувале 42.3% од населението[400] Во Скопско албанското население претставувало 21.37% од населението, а во Кумановско 17.43%. Во компактни групи албанското население било застапено и во Кичевско со 32.60%, Дебарско со 28.4%, Струшко со 25.6%, додека во Преспа Албанците сочинувале 8% од населението. Овие три етноси ги сочинувале главните компоненти на етничката карта на Вардарска Македонија на почетокот на дваесетите години од XX век.

Власите освен во Крушево каде претставувале 44.1% од градското население живееле и во Битола и неколку околни села, како и во Овчеполието. Како трговци Власите живееле во речиси сите поголеми градови, но претставувале само мал дел од тамошното население. Евреите речиси без исклучок живееле само со Скопје 1.868 жители или 4.6%, Битола со 2.640 жители или 9.3% од градското население, како и во Штип со 491 жители, или 4.4%

Српското население било ново население на овие простори. Неговата колонизација тукушто започнала и освен во градовите тие живееле како

---

[398] Дефинитивни резултати Пописа становништва,...119

[399] Ibidem...,95

[400] Ibidem...,116-117

населеници во покомпактни групи и во Скопско, Кумановско, долж Повардарието и во Овче Поле.

Освен етничките на овој простор дошло и до одредени демографски поместувања во бројноста на селското и градското население. Во периодот 1921-1931 година, дошло до минимално намалување на селското во однос на градското население. Но доколку го анализираме бројот на селското население во апсолутни бројки, тогаш дошло до негово значително зголемување, наспроти градското население кое во периодот меѓу двата пописа бележи зголемување од околу 47.000 жители, додека селското население се зголемило за речиси 90.000 лица.[401] Речиси три четвртини од вкупното население на Вардарскиот дел на Македонија во целиот период меѓу двете светски војни се бавело со земјодлство.

Земјоделството била основна можност за егзистенција и на дел од градското население, така што бројот на земјоделското население бил поголем од бројот на селското. Според податоците кои се однесуваат на треиесетите години, дури три четвртини од активното население било ангажирано во земјоделството, а некои истражувачи сметаат дека во овој сектор вкупно било ангажирано и до 80% од населенито.[402] Карактеристично е дека според податоците од 1931 година, во некои области од Македонија имало изразито ниска стапка на земјоделско население, како Галичката или Дебарската околија и покрај тоа што во овие области немало некои развиени градски центри. Во Галичката околија дури 57.9% од вкупното население не егзистирало од земјоделство, а во Дебарската 45.7%. вака високиот процент на неземјоделско население е последица на географските и економските одлики на областите, бидејќи најголем дел од населението уште од XIX век, егзистирало од земјоделство. Печалбарскиот начин на живеење на

---

[401] Дефинитивни резултати пописа становништва од 31. марта 1931 године, књига И, Присутно становништво, број кућа и домаћинства, Београд, 1937

[402] Ристо Христов, Селото во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, социо-еконоимски истражувања, Скопје, 199 , 53

населението од овие области бил предмет на жив научен интерес уште во периодот меѓу двете светски војни кај бројни домашни и странски истражувачи.[403] Иселувањето заради економски или политички причини било честа појава во овој период, а и потоа така што и заминувањето на печалба која често пати се претварала во трајно иселување, влијаеле на демографската структура и намалувањето на бројот на населението, заедно покрај претходно споменатите фактори. Според штурите статистички податоци триесетите години, не биле ретки иселувањата од Македонија (податоците се однесуваат на тогашната Вардарска Бановина), во европските и прекуокеанските земји, но сепак биле со помал интензитет отколку иселувањата од Далмација или Хрецеговина.[404] Најголемиот дел од иселениците потекнувале од селските подрачја.

| Година | Вкупно население | % | Селско население | % | Градско население | % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1921 | 798.286 | 100.0 | 580.813 | 72.8 | 217.173 | 27.2 |
| 1931 | 933.339 | 100.0 | 668.382 | 71.7 | 264.957 | 28.3 |

---

[403] Во триесетите години на XX век за печалбарството во Галичник било забележано: "Селото Галичник безмалку три илјади фити над морето.. речиси единаесет месеци во годината живее без мажи со исклучок на свештеникот и неколкумуна постари мажи. Сопрузите и постарите синови (со над 15 години) се наоѓаат во Централна или Западна Европа, Грција, Романија, Југославија, северниот брег на Африка, Мала Азија, Русија или Соединетите Американски Држави Еднаш годишно помеѓу 1-15 јули, најголемиот дел од мажите се враќаат од големиот свет. Оние кои сеаѓаат подалеку се враќаат еднаш на две-три години и учествуваат на свеченостите кои се одржуваат на 12. јули. Кога ние бевме таму шеснаесет двојки се венчаа. Речиси сите беа печалбари, освен двајца кои беа овчари, кои го напасуваа добитокот на неколку часа од селото." (Louis Adamic, The native`s return, New York, 1934; Joel M. Halpern, Some Perspektives on balkan Migration Patterns (with Particu;lar Reference to Yugoslavia, Migrations and Urbanization, London, 1975, 81)

[404] Statistički godišnjak, knjiga V, Beograd, 1935, 63-66

За само една деценија во Македонија дошло до релативно брз пораст на бројот на населението, во однос на некои други делови од тогашна Југославија. Ваквиот без пораст на населенето во овој период се должи пред се на високиот природен прираст кај целокупното население во Македонија, но со конкретни статистички податоци не располагаме бидејки со следење на ваквата витална статистика се започнало дури во 1933 година. За Вардарскиот дел од Македонија постојат статистички податоци за општата стапка на наталитетот и морталитетот за периодот 1934-1939 година. Македонија како и другите економски неразвиени подрачја со висок степен на необразовано население во овој период се карактеризирала со висока стапка на природен прираст. Податоците од 1934-1939 година, покажуваат дека на 1.000 жители доаѓале речиси 35 живородени и 18.8 умрени, што претставувало природен прираст од 16.1 лице на 1.000 жители,[405] кој биле меѓу највисоките во тогашна Југославија.

| | живородени на 1.000 жители | Умрени на 1.000 жители | Природен прираст |
|---|---|---|---|
| Македонија | 34.9 | 18.8 | 16.1 |
| Словенија | 22.1 | 14.2 | 7.9 |
| Југославија | 28.3 | 16.1 | 12.2 |

*Споредбен преглед на природниот прираст на населението во Бардарскиот дел на Македонија, Словенија и целото подрачје на Југославија во периодот 1934-1939 година.

### *7.4 Пописот од 1931 година*

Според податоците од овој попис кој се одржал на 31. Март 1931 година, кои се многу поштури и недаваат доволно простор за анализа во смисол на нивниот етнички карактер и промените кои биле направени во

[405] Статистички билтен, број 26; Статистички годишњак ФНРЈ, Београд, 1957

период од една деценија. На територијата на Македонија живееле 949.958 жители.[406] Со овие податоци се користеле и властите во Македонија веднаш по ослободувањето, со тоа што во вкупната бројка на населението ги сметале и жителите од срезовите Прешево и Качаник.[407]

Но од вкупниот број на население треба да се одземат жителите на општините Радовница, Стаевци и Трговиште со 11.333 жители,[408]кои по 1945 година, биле приклучени на НР. Србија. Оттука вкупниот број на населението во Вардарска Македонија во 1931 година, бил 938.625 жители.[409] Најнаселенн бил тогашниот Скопски срез со 128.052 жители,[410] или 13.6% од вкупното население во Вардарска Македонија. Во градовите во 1931 година живееле 28.3% , а во селата 71.7% од вкупното население.[411]

Анализирајќи ги податоците според тогашната територијална поделба по срезови, распоредот на населението во Вардарска Македонија бил следниот: Во Битолскиот срез живееле 65.164 жители, во срезот Царево Село ( денес Делчево), 15.727, Дојран 11.713, Долни Полог 70.983, Гевгелија 15.943, Галичник 12.051, Горни Дебар 16.296, Горни Полог 32.666, Кавадарци 23.919, Кичево 32.101, Кочани 31.784, Кратово 20.300, Крива Паланка 29.199,[412]

---

406 Statistički godišnjak, kn.V, Beograd, 1935, 265-293; Vladimir Simeunović, Op.cit, 26;Во вкупната бројка на населението се пресметани жителите од тогашните срезови: Битола, Царево село, Дојран, Долни Полог, Гевгелија, Галичник, Горни Полог, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка Крушево, Малешево, Мариово, Неготино, Охрид, Овче Поле, Порече, Преспа, Прилеп, Радовиш, Скопје, Струга, Струмица, Штип, Велес и Жеглигово.

407 ДАРМ, ф. 159, к-3, а.е.45/466-467,

408 Lazar Sokolov, Op.cit, 30

409 Лазар Соколов тргнал од истите податоци и методологија на пресметување, но дава податок дека во 1931 година во македонија живееле 933.339 жители.

410 Statistički godišnjak, kn.V, Beograd, 1935,289

411 Ристо Христов, Селото во Вардарскиот дел на македонија меѓу двете светски војни..., 45

412 Во вкупниот збир на населението од срезот Крива Паланка не се внесени жителите на општините Стајевце, Радовница и Трговиште со 11.333 жители. Во официјалната статистика во согласност со тогашната територијална поделба срезот Крива Паланка имал 40.532 жители.

Крушево 23.570, Малешево ( Берово), 15.394, Мариово 15.891, Неготино 12.876, Охрид 33.066, Овче Поле 21.938, Порече 18.740, Преспа 21.631, Прилеп 54.480, Радовиш 19.461, Скопје 128.052, Струга 28.55, Струмица 38.996, Штип 19.892, Велес 42.236, Жеглигово (Куманово) 66.501.[413]

Уште во овој период започнува миграцијата на населението од селата во градовите, каде иако индустријата сеуште била во повој, селското население се селело пред се заради аграрната пренаселеност во македонските села. По завршувањето на Првата светска војна Вардарскиот дел на Македонија се нашол во едно ново политичко и економско опкружување. Од една изразито економски неразвиена држава како што била Османлиската империја, сеуште со феудално остатоци пред се во земјоделството, Македонија влегла во една нова држава во која влегле и области со особено развиена индустрија како што биле Словенија и Хрватска. Македонија станала периферна област на Кралството СХС, одделена од природниот центар на југ. Во триесетите години Југославија била зафатена со економска криза, која имала изразито тешки последици особено за земјоделството, со што се интензивирал процесот на напуштање на селата.[414]

Но, пораст на населението во овој период бележеле само поголемите градови како Скопје, Струмица, Прилеп, Куманово и др, додека градови како Кавадарци, Дебар, Крива Паланка и др. бележеле континуиран пад на своето население, бидејки дел од населението се селел во поголемите градови, а дел од муслиманското население се селело во Турција.

При оценката на порастот на градското население особено во поголемите градови треба да имаме предвид дека во нив се доселувале голем број на службеници, како и воено-полициски кадар, така на пример во Скопје во 1931 година, 19.4 % од жителите биле доселени од место надвор од тогашната Вардарска бановина, а само 5.7% биле доселени од околните

[413] Statistički godišnjak, kn.V, Beograd, 1935, 265-293

[414] Lazar Sokolov, Op.cit, 66

села.[415] Од друга страна доколку ги погледнеме податоците кои зборуваат за процентот на градското население ќе забележиме дека во однос на другите делови на тогашната држава, Македонија била со речиси највисок процент на градско население. Но оваа состојба не одговарала на реалните околности. Живеењето во град не значело и урбано живеење, бидејки добар дел од градското население сеуште се бавело со земјоделство.[416]

Вкупниот број на населението во Вардарска Македонија за една деценија пораснал за 140.334 жители, односно секоја година бројот на населението се зголемувало за околу 14.000 жители. Тоа се должело како на високот природен прираст кај населението, така и на колонизацијата која била спроведувана во изминатата деценија. Во овој период државната статистика се водела на ниво на бановини, заради што некои витални елементи неможеме да ги одвоиме само за срезовите кои биле на територија на Македонија. Така од вкупното население над 10 години, на тогашната Вардарска Бановина во 1931 година, дури 70% биле неписмени, наспроти 5.54% неписмени во Дравската Бановина односно Словенија. Бројот на младото население бил исто така доста висок. 36.3% од населението бил на возраст до 14 години.[417] Сето ова зборува за една изразито неповолна социјална структура на населението во Македонија, особено во однос на останатите поразвиени делови од државата. Бројот на населението и во наредната деценија се зголемувал, со не многу поразлично темпо, па веројатно пред почетокот на Втората светска војна живееле околу 1.050.000 жители.

---

[415] Ibidem...,68

[416] Јосиф Михајловић, Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења јужне Србије, Скопље, 1937, 800-801

[417] Statistički godišnjak, kn.V, Beograd, 1935,38-39;41

## 8. Српската колонизација и промените во етничката стуктура во Вардарскиот дел на Македонија

За прашањето на српската колонизација[418] на Македонија и аграрната реформа која била спроведувана во периодот меѓу двете светски војни се пишувало уште пред Втората светска војна.[419] Бројни трудови за оваа проблематика се напишани и по Втората светска војна, а еден од првите докторати на македонската историографија се однесува токму на оваа тема[420] Прашањето се разгледувало и парцијално од одреден аспект, или пак за одредена област.[421] Ова прашање предизвикувало научен интерес од повеќе

[418] Под поимот колонизација се подразбира населување најчесто на земјоделско население од едни краеви или држави, во други краеви или држави. При колонизацијата, доселувањето на населението се врши плански, под контрола на надлежните државни органи. Колонизацијата подразбира и претходно обезбедување на услови за населување и вклучување на доселеното население во економскиот живот на колонизираната област. Второто значење на поимот колонизација е освојување и потчинување на други земји со цел економска експлоатација и остврарување на политичка културна доминација над нив. Ова е особено карактеристично за XIX и XX век.

[419] Ђорђе Крстић, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928, 102; Слијепчевић Перо, Колонизација у Јужној Србији, Гласник научног друштва, књига V, Скопље, 1929;Благојевић Ђоко, Аграрна реформа, Јубиларни зборник живота и рада Срба, Хрвата и Словенаца1918-1928, Београд, 1928; Деметровић Јурај, Аграрна реформа и Демократска странка, Загреб 1920; Milan Ivišić, Les problemés agraires en Yugoslavie, Paris, 1926; Ancel Jacques, La Macédonie son évolution contemporaine, Paris, 1930; Атанасије Урошевић, Аграрна реформа и насељавање, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937, 819-833

[420] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, с.а Докторската дисертација била одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје во 1962 година.

[421] Ефтим Бојаџиевски, Колонизацијата во Македонија (1912-1941), Годишник на Економскиот факултет, Скопје, 1961; Петар Солаковски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско (1919-1941), Битола, 1992; Александар Апостолов, Колонизацијата на Прилепско

истражувачи главно на територијата на поранешна Југославија.[422] Подготовките за спроведување на аграрната реформа и конизацијата на териториите каде Србија воспоставила власт по Букурешкиот договор, започнале веднаш по воспоставувањето на српската администрација. На 20.февруари 1914 година, била донесена Уредба за населување на присоединетите краеви со која се предвидувало населување на Срби од разни краишта на Србија, како и од Австро-Унгарија, особено во областите кон границата со Бугарија. Се предвидувало во Македонија и косовско-метохиската област да се населат околу 12.000 семејства. Преку колонизацијата српската влада имала за цел да што поскоро да ги србизира новоприсоединетите области.[423]

За колонизацијата расправала и Српската влада уште додека била на островот Крф во 1917 година. Колонизацијата во Македонија бездруго имала политички и национални цели, преку која власта сакала да го осигури своето владеење на овие простори. Но заради краткото време и започнувањето на Првата светска војна не дошло до реализирање на планираното населување.[424] По завршувањето на војната веднаш започнал процесот на колонизација со донесување на Уредбата за доброволците и Уредбата за населување на Јужните креви во 1920 година. Подоцна започнала и колонизацијата на северните креви на државата ( главно Војводина).

Дека колонизацијата била опсежно подготвувана се гледа по тоа што биле основани посебни државни органи за нејзино спроведување. Освен тоа што добивале земја, колонистите при населувањето имале и разни привилегии како што биле: бесплатен превоз до новите места, добивале бесплатни материјали за изградба на куќи, а работите на колонистите од

---

меѓу двете светски војни, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 4 (30), Скопје, 1978, 59-72

422 Milivije Erić, Agrarna reforma u Jugoslaviji 1918-1941 god. Sarajevo, 1958, 547; Богдан Лекић, Аграрна реформа и колонизација у Југославији 1918-1941, Београд, 2002, 579

423 Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија...,38

424 Ефтим Бојаџиевски, op.cit. 205

странство биле ослободувани од царина. Во областите на север од Сава и Дунав биле населувани колонисти претежно од пасивните западни области на државата, додека во Македонија и Косово колонистите потекнувале од речиси сите делови на државата, дури и од странство, како што биле оптантите од Унгарија или Австрија.

Колонистите имале и одредени обврски кон државата како што биле обврските да не ја оттуѓуваат земјата одреден период, да изградат стамбени и помошни простории на доделеното земјиште и др. Рокот за изградба на куќи бил три години. За потребите на колонистите во Македонија и Косово во периодот од 1918 до 1939 година, според одредени податоци биле изградени повеќе нови населби (во Македонија, Марино, Скопско, Љубодраг, Речица, Умин Дол, Кумановско, Милошево Крушевско и др.) со 12.689 куќи, 46 училишта и 32 цркви. Биле изградени и канали за наводнување на обработливото земјиште насипи и други објекти.[425] Но да видиме како се одвивал процесот на колонизација конкретно на просторот на Македонија.

Новите српски власти во Македонија се соочиле и со сеуште моќниот полуфеудален систем на чифлици кој постоел на овие простори. На крајот на XIX и почетокот на XX век, во одредени простори од Балканот и Македонија тие се наложиле како една од основните форми на земјовладение. Според одредени проучувањата на почетокот на векот само на територијата на денешна Република Македонија имало 2.259 чифлици кои се наогале во 732 села. Овие чифлици опфаќале околу 150.000 хектари најплодна земја, а биле сопственост на над 2.000 чифликасајбиии. Се проценува дека околу 100.000 жители живееле на чифлиците.[426] Во вакви услови на постоење на

---

[425] Hristivoje Perić, Kolonizacija: Iskustvo i Mogućnosti, Zbornik Regiomalni razvoj, Niš, 2004, 388

[426] Поопширно за аграрно-сопственичките односи во Македонија пред балканските војни види: Диме Бојановски, Чифчиските односи во Македонија околу 1903 година, Годишник на Правно-економскиот факултет, Скопје, 1955, 471-475; Д. Бојановски, К. Џонов, А. Пемовска, Развитокот на земјоделството во Македонија, Скопје, 1955, 23-25 Хр. Христов, Аграрните отношения в Македония, през XIX в. и началото на XX век, София, 1964

полуфеудални односи во земјоделството требало да започне аграрната реформа и колонизацијата.

Пристапувањето кон аграрната реформа и населувањето било согледувано како социјален и национален интерес, особено во областите каде "во поглед на етничкиот состав на населението не се стоеше добро"[427]

Спроведената аграрна реформа била потчинета на интересите на колонизацијата, а заради тоа што во Македонија непостоеле вистински услови за колонизација, биле направени големи неправилности и штети особено на месното население, но и на самите колонисти.[428]

Процесот на аграрна реформа и колонизација започнал набрзо по создавањето на Кралството СХС. На 21. декември 1918 година бил донесен проглас од страна на престолонаследникот Александар Караѓорѓевиќ, во кој се истакнувало на нужноста од аграрна реформа и укинување на остатоците од феудалните односи во некои делови од земјата.[429] На 25. февруари 1919 година од страна на министерскиот совет биле донесени "Претходните одредби за подготовка на аграрната реформа,"[430] а за спроведување на одредбите била формирана Управа за аграрна реформа во чии делокруг спаѓале прашањата за внатрешната колонизација, како и враќање на иселениците од странство во земјата. Оваа управа била под надзор на Министерството за Социјална политика. Малку време подоцна било основано и Министерство за Аграрна реформа на Кралството СХС.[431]

Во 1931 година, бил донесен Закон за населување на јужните краеви, кој бил менуван и дополнуван истата 1931 и 1933 година. Со одредбите од

---

[427] Атанасије Урошевић, Аграрна реформа и насељавање,...819

[428] Ефтим Бојаџиевски, op.cit. 205

[429] Богдан Лекић, op.cit, 66

[430] Ibidem,...223-224

[431] Аграрна реформа уредбе, наредбе и расписи I, Министарство за Аграрну реформу Краљевине СХС, Загреб, 1920, 3-11

законот било формирано Врховно поверенство за аграрна реформа во Скопје и аграрни поверенства во Скопје, Штип,Струмица, Неготино и Битола.[432]

Најчесто колонизацијата и аграрната реформа на територијата на Македонија се дели во три развојни етапи,[433] коипред се зависеле од економските можности на државата, но и од внатрешнополитичката состојба која често пати одлучувачки влијаела на темпото на колонизацијата. Првата етапа трае од 1919 до 1923 година, период во кој и покрај почетните тешкотии и неорганизираност, биле постигнати видни резултати во процесот на колонизацијата. Населувањето и создавањето на колониите особено било засилено со формирањето на Аграрната диркција со седиште во Скопје и окружните поверенстава низ Македонија, со што според искажувањата на директните учесници во процесот на колонизацијата, започнала вистинската организациона работа на теренот.[434] При процесот на колонизација во овој почетен период финансиска помош доаѓала и од разни американски и британски фондации со чија поткрепа започнале и да се образуваат првите колонии, особено во стратешки важните и плодни македонски области во Скопско, Кумановско, Тиквешко Овчеполието и Битолско.[435]

---

[432] Ефтим Бојаџиевски, op.cit.221; Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија,.... 104, Аграрното поверенство со седиште во Скопје било надлежно за околиите: Скопска, Велешка, Горнополошка, Долнополошка, Жеглиговска, Прешевска, Кривопаланечка, Босилградска и Кратовска, аграрното поверенство во Штип било надлежно за Штипската, Овчеполската, Кочанската, Царевоселската и Малешевската околија, поверенството во Струмица било надлежно за Струмичката и Радовишката околија, во Неготино за Неготинската, Кавадарската, Гевгелиската и Дојранската околија и поверенството во Битола било надлежно за Битолската, мариовската, Преспанската, Охридската, Струшката, Галичката,Прилепската, Поречката, Крушевската и Кичевската околија. (Богдан Лекиќ, op.cit, 89)

[433] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија,...121

[434] Ђорђе Крстић, op.cit, 3

[435] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија,...123, Според д-р Апостолов во периодот од 1919 до 1923 година, на територијата на Македонија биле населени 2.139 колонистички семејства од повеќе делови на Кралството СХС.

Во вториот период кој трае до шестојануарската диктатура, процесот на колонизација стагнирал, доколку го споредиме со претходната деценија. Во некои области се расформирале колониите и населениците се враќале во краиштата од каде што биле колонизирани, заради неприлагодување со условите за живот во Македонија. Во некои случаи изостанувала и помошта од државата, иако колонистите и понатаму ја добивале најквалитетната земја, а во исто време локалното население кај кое постоел постојан "глад за земја" доколку добиело одреди парцели тоа биле или недоволни за егзистенција на тогаш многудетните македонски семејства, или со далеку полош бонитет на земјиштето, од земјата која им била доделувана на колонистичките семејства.

Населбите за колонистите понекогаш биле правени на терени кои не соодветствувале за таа намена. Карактеристичен пример за неуспех кој најчесто е споменуван во периодот кога колонизацијата сеуште била актуелна е колонијата Нова Батања во Овче Поле.[436] Ова населба била подигната на утрината на неколку соседни села кои до 1912 година, биле чифлици на локалните турски бегови, при што во текот на 1924 година, во неа биле населени 163 колонистички семејства со околу 800 жители, од кои најголемиот дел потекнувале од Унгарија од обласτа на Сегедин и кои по воспоставувањето на границите по Првата светска војна не сакале да останат да живеат во рамките на Унгарија.[437] При населувањето колонистите добивале големи површини на земја просечно по околу 10-12 хектари по семејство. Но и покрај вложувањата на државата колонистите кои се доселиле од средина со далеку повисок економски и културен стандард на живеење тешко се привикнувале на новите услови за живот. Веќе во 1926 година, дел од населениците започнал да се иселува. За само четири години

[436] Атанасије Урошевић, Аграрна реформа и насељавање,...829

[437] Jovan F. Trifunoski, Nova Batanja kolonističko naselje Srba optanata iz Mađarske u istočnoj Makedoniji, Novi Sad, 1961, 23 Населбата била формирана во атарите на селата Горни и Долни Балван и Трогерци, но некои од населениците добиле обработлива земја оддалечена и по десетина километри.

од формирањето населбата речиси се раселила. До 1928 година во Нова Батања останале уште само осумнаесет колонистички домаќинства.[438]

Најголем дел од колонистите заминал во Војводина, а на нивно место се населиле Македонци, од пасивните краишта во Осоговијата. Во оваа колонистичка населба државата вложила околу дванаесет милиони динари[439] што за тогашни услови било прилично големо вложување. Одговорниот државен службеник за спроведувањето на процесот на колонизацијата, Ѓорѓо Крстиќ пишува дека “Нова Батања не е само загуба за колонистите и трошење на средства, туку е загуба за српскиот национално-државен престиж.”[440] Слични примери имало и на други места каде имало и подобри услови за населување. Од колонијата Кадрифаково во Овче Поле за еден краток период се иселиле најголем дел од колонистичките домакинства, по што од страна на органите вклучени во колонизацијта се констатирало дека кон ова прашање се пристапило на исклучително површен начин.[441]

После ваквите неуспеси аграрните поверенства биле доста попретпазливи во процесот за населување, па затоа во периодот од 1923 до крајот на 1928 година бројот на колонистичките семејства се зголемил за нешто помалку од 300 во однос на претходниот период.[442] Но имало и успешни примери на основање на колонистички населби во Скопско, Кумановско, или јужно Повардарие во кои државата меѓу двете светски војни вложила големи суми на пари, а тие опстанале и по ослободувањето, кога се вратил и дел од колонистите иселени за време на Втората светска војна.[443] Со

[438] Ibidem..., 11

[439] Атанасије Урошевић, Аграрна реформа и насељавање,...829

[440] Ђорђе Крстић, op.cit, 26

[441] Ibidem...,3

[442] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија,...125

[443] Станува збор за Љубодраг, Умин Дол, Ново Село, Тромеѓа, Речица, Брзак, во Кумановската област, Мршевци и Марино во Скопско, Јосифово (основано како колонија Караѓорѓевац), Сретеново, Црничани во Гевгелиско и др. Во овие колонии особено по

воведувањето на т.н шестојануарска диктатура во 1929 година, од страна на кралот Александар започнал еден нов период воопшто во политичкиот и општествен живот на кралството, па така и во процесот на колонизацијата кој ќе заврши со сломот на Кралска Југославија во април 1941 година. Во овој период бил донесен "Законот за колонизација на јужните краеви" по што продолжил процесот на населување.

Но аграрните власти се соочувале со проблемот на немање на доволно слободна земја за населување во и онака земјоделски пренаселената Македонија, во која едно просечно земјоделско домакинство располагало со помалку од два хектари обработлива површина. Аграрните поверенства откупувале земја од турските семејства кои се селеле за Турција, како и од локалното население, или од самите колонисти кои по десетгодишно поседување на земјата добивале законско право за нејзино оттуѓување.[444]

Некои проследувачи на оваа проблематика целиот процес на одвивање на аграрната реформа и колонизацијата во периодот од 1918-1941 година, го делат на пет потпериоди главно врз административната и организациона структура на органите кои биле задолжени за спроведување на аграрната реформа и колонизацијата.[445]

Колонистите биле поделени во неколку подгрупи[446] како што биле доброволците, се мисли на доброволците кои учествувале во ослободителните војни на српскиот народ после 1878 година, четници кои имале посебни заслуги во "јужните српски краишта", државни службеници, автоколонисти, бегалци од соседните земји кои по разграничувањето на Кралството со соседните држави останале да живеат во Италија, Унгарија, Албанија или Грција, како и разни државни, културни, просветни или

---

Втората светска војна се населиле и Македонци пред се од нивната околина со што населените места заживеале и добиле нова демографска и економска функција.

[444] Ibidem...,126

[445] Богдан Лекић, op.cit, 94-95

[446] Поопширно за структурата на колонистите во Македонија: Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија..., 63-73; Богдан Лекић, op.cit, 150-201

стопански организации. Но домашните интересенти кои призлегувале најчесто од редовите на поранешните чивчии, добиле најмал дел од земјата која потпаѓала под одредбите на аграрната реформа. Домородечките семејства како најчесто биле нарекувани македонските домакинства кои побарувале земја во просек добиле околу 3 хектари земја, додека заслужните за "национална дејност" добивале обработлива површина во големина од 8 до 15 хектари. Според наредбите на аграрните поверенства се предвидувало на колонистичките семејства во селските реони да им се доделуваат најмалку по 5 хектари, а во градските по 2 хектари. Освен тоа секој женет член на семејството имал право на уште 4 хектари, а неоженетите од 16- 21 годишна возраст имале право на уште 3 хектари. Во исклучителни случаи со оглед на квалитетот на земјиштето одредбите предвидувале на колонистичките семејства да им се доделуваат дополнителни 3 хектари, доколку семејството го имало соодветниот инвентар за обработка на земјата. На колонистите им биле давани и други погодности како, безплатен материјал за градба на куќите, безплатен превоз на покуќнината и семејството со железницата и др.[447]

Што се однесува до бројот на колонистите кои во текот на дваесетина години биле населувани во Македонија, има повеќе податоци кои не секогаш соодветствуваат меѓу себе. Едно е сигурно најголемиот број од колонистите потекнувал од пасивните краишта на Кралството, со чие населување во Македонија требало од една страна да се реши нивното егзистенцијално прашање, а од друга страна со тоа се доселувало население кое било верно на власта, со што се задоволувала и етничката и политичката димензија на колонизацијата.

Населувањето на т.н "јужни краишта" било од првостепена важност за идеолозите на тогашната српска политика. Населувањето не се одвивало само на територијата на Македонија, уште посилен бил процесот во

[447] Историја на македнскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, 31; Атанасије Урошевић, Аграрна реформа и насељава...,830

населување на српски и црногорски колонисти во косовско-метохиската област сред немирното албанско население. [448] Според одредени непотполни податоци кои се однесуваат за периодот до 1936 година, од вкупно 15.594 семејства кои биле населени во "јужните краишта" две третини биле населени токму во косовско-метохиската област. Населувањето било особено интензивно кон границата со Албанија, слично како во Македонија, каде се инсистирало на формирање на колонии или покрај важните комуникации или кон границата со Бугарија.

Според податоците кои се однесуваат на периодот до крајот на 1938 година, во срезовите во Македонија биле населени 3.643 колонстички семејства со вкупни 18.384 жители.[449] Колонистите потекнувале од сите тогашни бановини, но во мнозинство биле Србите со над 80% од населениците, но имало и Хрвати кои главно потекнувале од Далмација или Лика, населувани по речиси сите околии во Макед[450]онија. Анализата на овие податоци покажува дека колонистите биле населувани пред се долж Повардариeто, и во источните околии на Македонија, кои биле од исклучително стратешко значење за новата српска власт, но и во областите

---

[448] Милован Обрадовић, Аграрна реформа и колонизација на Косову (1918-1941), Институт за историју Косова, Приштина, 1981

[449] Богдан Лекић, op.cit, 463-470

[450] Заслужува да се спомене примерот на селото Мршевци Скопско, кое до 1908 година било чифлик на Турци од Скопје. Селото на почетокот на XX век имало околу 30 жители, кои ја обработувале беговската земја. Сопствениците на чифликот ( Нури-бег и Асан-бег од Скопје) решиле да го продадат на државата која ги протерала македонските семејства, а на нивно место биле населени босанско-херцеговски муслимани. Овие мухаџири се иселиле во 1912 година, заедно со повлекувањето на турските војски при што Мршевци останало ненаселено се до 1921 година. Во оваа година наместо да се обештетат "домородните" семејства кои со генерации ја обработувале чифличката земја, или земјоделци од околните села кои чувствувале вгладг за земја, биле населени околу 80 домакинства кои потекнувале од Србија, Босанска Краина па дури и од Кордун во Хрватска. Секои семејство во просек добило од 5-15 хектари обработлива земја. ( Јован Трифуноски, Сеоска Насеља Скопске Котлине, Скопје, 1964, 38-40)

каде до Балканските војни во значителен дел живеело турско население или друго муслиманско население. Населениците биле населувани на овие имоти кои најчесто биле нарекувани "трајно напуштени" главно на штета на дотогашните чивчии кои живееле на овие беговски имоти. Бројни се таквите примери, при што некои од семејствата кои претходно биле протерани од земјата која ја обработувале, а биле протерани од чифликасајбиите особено во периодот непосредно пред Балканските војни кога дел од беговите ја продавале својата земја на државата, воопшто не им било дозволено да се вратат, туку на нивно место биле доселувани колонистички семејства.

Колонистите биле населувани и на утрините кои во Македонија ги имало во голем број заради нефункционалниот османлиски аграрен систем, кој бил на сила до Балканските војни. Колонистите биле населувани и на земјата на македонските бегалци кои по воспоставувањето на српската власт на овие простори ја напуштиле Македонија, доколку не оставиле наследници на земјата која ја напуштиле.[451] Карактеристични се случите на населување на колонисти на споменатите утрини и празни села кои биле напуштени од нивните муслимански жители по Балканските и Првата светска војна. Ваквите примери се бројни, особено карактеристични за просторите каде османлиските власти населувале мухаџири во периодот на Источната криза, или по анексијата на Босна во 1908 година.

Понекогаш биле оформунавини и сосема нови населби, при што биле одземани делови од атарите на соседните села. Особено карактеристична е мрежата на повеќе селски населби во кумановскиот крај каде што по Првата светска војна биле населувани колонисти на поранешниште мухаџирски имоти, или пак се формирале сосема нови села.[452] Овие колонисти кои често

---

[451] Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилепско меѓу двете светски војни, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 30, Скппје 1977, 65

[452] Карактеристични се селата Љубодраг, Ново село, Умин дол и Речица каде главно по 1921 година, биле населувани колонистички домаќинства од повеке делови на тогашното Кралство, пред се од јужните делови на Србија и од пасивните предели на Динарскиот простор. На пример во Ново село во 1878 година, биле населни повеќе мухаџирски семејство

пати потекнувале од краиштата кои до Првата светска војна биле под власт на Австро-Унгарија, каде што некои од нив живееле на повисоко економско или културно ниво, неретко со себе носеле и новитети во земјоделството, во начинот на одгледување на стоката, или во градењето на куќите со што често пати влијаеле и на околината во позитивен контекст.

Од вкупните површини опфатени со аграранта реформа на територијата на Македонија над 52% им биле доделени на колонистите, додека македонските селани добиле нешто помалку од 40% од земјиштето. Во периодот меѓу двете светки војни просечната големина на земјоделските имоти во Македонија се движела околу четири хектари. За разлика од просекот колонистичките семејства добивале воочливо поголеми имоти со што сосема јасно властите ја позиционирале нивната "национална улога." Со тогашните законски одредби се овозможувало дел од колонистите да добиваат за македонски услови изразите големи поседи.

Во стратешките области за државата како Повардарието на пример, дел од поседите надмашувале и 50 хектари, а во Неготинската околија над 40% од колонистичките имоти биле поголеми од 15 хектари.[453] Со одредбите за аграрна реформа било дозволено да се поседуваат и до 300 хектари обработлива површина. Оваа одредба постоела заради политичката спогодба меѓу српските владеачки кругови и поранешните турски бегови. Интересно е да се напомене на кој дел од македонското население властите обрнувале најголемо внимание. Во аграрното поверенство се сметало дека "на чуварите

---

од Бугарија, кои биле Помаци. Кон крајот на XIX век, во селото живееле 250 жители. (Васил К`нчов, Избрани произведения...,515) Помачкото население кое започнало да се сели веднаш по балканските војни целосно го напуштило селото околу 1925 година, продавајќи го својот имот, при што имотот сега бил купуван од колонистите кои во селото биле населени мекслку години претходно. (Јован Трифуноски, Кумановска област, сеоска насеља и становништво, Скопје, 1974, 50-54) Во четирите колонистички населби во 1925 година живееле 121 домакинство со 727 жители. (Речник места, Народна просвета, Београд, 1925, 286)

[453] Ванчо Бурзевски, Економската положба на македонските селани меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ, XXVI/2-3, Скопје, 1982, 98

на националното име и национална идеја" од одредени делови на Македонија како што била на пример Скопска Црна Гора требало да име се обрне посебно внимание.[454] Со ваквите ставови на аграрните власти сосема е јасно какв била позадината на аграрната реформа и оземјувањето на македонскиот селанец која ја спроведувале српските власти.

Најмногу колонисти биле населени во Скопско, 626 семејства[455], со 3.163 жители кои потекнувале од Зетската, Моравската, Приморската, Дунавската и Врбаската бановина. Најголемиот дел од нив биле Срби, 2.783, но имало и еден дел на Хрвати од Далмација 363 лица.[456]

Други области каде биле населени поголеми групи на колонисти биле Овчеполието со 3.036 колонисти во 606 семејства, Кумановско 500 семејства и 2.497 колонисти, Штипско 209 семејства и 1.046 колонисти, Струмичко 233 семејства со 1.149 лица, Дојранско 243 семејства со 1.193 лица, Прилепско 250 семејства со 1265 лица[457] Во останатите области на Македонија колонизацијата биле со поумерен интензитет, а населените лица не

---

[454] Ђорђо Крстић, op.cit, 20; дел од селаните во оваа област добиле земја во селата во Скопско поле.

[455]Најчесто во селата од Скопско поле во дваесетите години биле населувани по неколку десетици семејства кои главно се бавеле со земјоделство или со определени занаетчиски дејности. Дел од нив работеле и во државните служби, или пак добивале земја во околните скопски села заради нивните заслуги за внационалното делог во претходниот период. Карактеристични се повеќе села во околината на Скопје, во кои до 1941 година, живееле по педесетина колонистички семејства: Синѓилиќ, Маџари, Трубарево, Марино Мралино, Кадино, Огњанци, Ржаничино, каде до 1941 година, колонистите претставувале добар дел од населението или мнозинство, додека во другите села од Скопско нивното присуство може да се каже дека било повеќе симболично во однос на другото население. Колонистите најчесто Срби потекнувале од Босна, Црна Гора, Лика, Херцеговона, Србија, па дури и од Војводина

[456] Богдан Лекић, op.cit, 468

[457] Ibidem...,469-470 ; неможе да се каже дека вкупниот број на колонистите секогаш е најпрецизен. Кога станува збор за Прилепско се наведува бројка од вкупно 281 семејства со 1507 лица (Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилепско..., 69) За колонизацијата на Прилепско и Битолско: Петар Солакоски, Колонизацијата во Битолско и Прилепско (1919-1941), Битола, 1992

преминувале повеќе од илјада. Во некои области на Македонија воопшто не се спроведувала колонизацијата како во Дебарско, Горни Полог, или Струшко.[458] Поинтензивно населување имало уште во Тиквешијата[459] и Гевгелиско и Дојранско.[460] Овој простор бил особено интензивно колонизиран од повеќе причини. Тука поминувала главната железничка и патна артерија што ја поврзувало моравско-вардарската долина со солунското пристаниште, а што било уште поважно овој простор бил дел од пограничниот сектор кон Грција, но бил блиску и до бугарската граница. На овој простор кај Удово во април 1915 година, биле убиени околу 200 српски војници, од страна на вооружените чети под команда на Александров.[461] Не случајно близу Вардар била создадена една од најголемите колонистички населби во Македонија-Караѓорѓевац[462], во која во периодот 1919-1937 година, биле колонизирани 127 семејства.[463] Колонизацијата во областа била така

---

[458] Во Долни Полог, колонисти биле населени во селото Брвеница во периодот меѓу 1928-1931 година. Колонистите околу 40 семејства потекнувале од Лика, Србија и Херцеговина.

[459] Колонизацијата била интензивна во оваа област особено во првиот период од населувањето на колонисти во Македонија. До 1923 година во неколку села од областа биле колонизирани 180 семејства кои потекнувале од најразлични делови на Кралството. (Војислав С. Радовановић, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 244) Во Тиквешко големи имоти купиле и некои тогашни политички првенци од Белград, а свој имот имал и кралот.

[460] Во Тиквешијата биле населени 151 семејство со 778 лица, а во Гевѓелиско 163 семејства со 811 колонисти (Богдан Лекиќ, op.cit, 469)

[461] Александар Апостолов, Колонизацијата во составот на аграрната реформа во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни со посебен осврт на гевгелоско, сп. Историја, XIV/1, Скопје, 1978, 35

[462] Денешно село Јосифово во општина Валандово.

[463] Јован Трифуноски, Карађорђевац-Јосифово, Динарско насеље у Доњем Повардарју, Наша насеља , књига прва, Скопје, 1971, 41-47, Населбата била на изградена на атарот на селата Калуцково и Калково кои биле населени главно со турско население. (види: Васил Кънчов, Избрани Произведеня, том втори..., 462) Во колонијата биле населени Срби кои потекнувале од Босанска Краина, Кордун, Банија, Лика, Црна Гора, Далмација. За време на Втората светска војна речиси сите домакинства биле иселени од бугарските власти,а на нивно место

интензивна бидејки по иселувањето на дел од турското население во многу места останале големи комплекси на земја празни. Просечно колонистите добивале по околу 10 хектари земја. Така на 25 колонистички домакинства во село Сретеново им биле доделени 249 хектари земја, а на 127-те домакинства во споменатото Караѓорѓевац државата им доделила 1.350 хектари.[464] Овие простори биле исклучително тешки за брзо привикнување на колонистите на новите климатски услови, бидејки најголемиот дел од нив потекнувале од планинските краишта на Босна или Црна Гора. Затоа и смртноста особено кај постарото население била висока.

Колонизацијата како што истакнавме била и прашање од исклучително политичко значење. Освен на колонистите земја во согласност со одребите од Законот за Аграрна реформа била доделувана и локалното македонско население, но најчесто тоа трбало да се луѓе "истакнати во својата национална дејност." Во една наредба од 1934 година, од струмичкиот срез се вели "...при доделување на земјата во Струмичкиот срез секогаш да ги имате во предвид интересентите кои од 1921 година, до денес се истакнале во дејноста на сузбивање на бугарските комитски акции и во чување на јавната безбедност во Струмичкиот срез...за нивната национална работа да им се доделат поголеми површини земја."[465] Ваквите односи и хаосот кој бил направен со аграрната реформа довел до појава на антагонизам меѓу колонистите и локалното македонско население. На теренот постоеле бројни нерешени прашања во врска со сопственоста врз одредени земјишта, а со населување на колонистите ваквите проблеми само се зголемувале.

---

властите населиле Македонци од околните села. Во селото во 1946 година се вратиле околу 40 семејства. (Јован Трифуноски, Op. cit, 43-44 )

[464] Александар Апостолов, Колонизацијата во составот на аграрната реформа во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни со посебен осврт на гевгелоско...,41 По национален состав колонистите во гевгелискиот и дојранскиот крај биле:1.560 Срби, 433 Хрвати и 11 Словенци (ibidem..., 42)

[465] ДАРМ, ф. 121, к-1, а.е. 101 /285-287 Акт од 12.февруари 1934

Властите често нераководејки се од економските причини вршеле колонизација и на одредени крајно пасивни краишта во каде што месното неселение очекувало да добие земја со аграрната реформа. Во некои области особено во источните делови на Македонија биле населувани повеќе колонисти од тоа што било предвидено, по што била одземана земја која припаѓала на селските атари, со цел на тие површини да се создадат колониите.[466] Заради ваквите односи и политика на српските власти кај еден дел од населението се јавило незадоволство кое водело кон иселување, при што се јавиле доста барања упатени до властите за иселеување во Бугарија. Вакви барања имало особено во околиите кои и претходно биле поврзани економски или пак преку семејни врски со Бугарија.[467]

Пред државните органи имало и изјави во кои јасно се изразувало незадоволството од политиката на властите кон македонскиот народ. Можеле да се чујат и вакви размислувања во Струмичко: "Тешко ми паѓа кога гледам што се им се дава на колонистите, а на домородното население во село Иловица само мал дел од тоа. Изгубивме верба во државата Југославија, која нас не ѝ третира подеднакво со граѓаните од старите граници".[468] Неможе точно да се каже колкав бил бројот на лицата кои побарале да се иселат заради незадоволство од политиката која била водена од властите, или пак од одредини други причини, како што била грубата денационализација во овој период, но сигурно е дека и тие иселувања влијаеле негативно врз популационата структатура на македонскиот народ бидејќи најчесто се иселувало работоспособното младо население, а тоа влијаело на вкупното опаѓање на Македонците во структурата на населението.

Постоеле и самоволија од најразлични структури кои биле докажани во својата "национална дејност" како што бил Василије Трбиќ кој делувал во Прилепско. Тој дури бил и назначен за чиновник  за спроведување на

[466] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија...,146

[467] ДАРМ, ф. 121, к-1, а.е.94 / 195-198

[468] ДАРМ, ф. 121, к-1, а.е. 97 /205-208

аграрната реформа при што започнал самоволно да одзема земја особено од имотите на муслиманските сопственици кои во овој период се иселувале за Турција и на нивно место да населува свои приврзаници четници и доброволци.[469]

Нетрпеливоста меѓу локалното население и колонистите се засилувал и со форсирањето од страна на властите на одредени категории како што биле т.н. четници кои како што често се истакнувало имале заслуга во борбата со "бугарските комити" Ним им се доделувале посебни парцели на земја за нивните заслуги и придодонеси.[470] Некои од колонистите кои добиле прилично големи поседи за македонски услови дури и не ја обработувале земјата, туку ја давале под наем на месното население, што повторно раѓало нетрпеливост кон колонистите, но и недоверба кон властите.

Од друга страна како и во другите делови на Кралството и во Македонија постоеле проблеми во спроведувањето на аграрната реформа кои произлегувале од политизацијата на ова прашање преку моменталните интереси на политичките партии.[471] Како особено заинтересирани за аграрното прашање и неговото разрешување уште во 1919 година, поранешните големосопственици, а во Македонија поранешните сопственици на чифлиците се организирале со цел да си обезбедат подобри позиции во општеството. Една од главните причини за основање на организацијата "Џемиет" во Македонија била токму аграрната реформа.[472] Ораганизацијата "Џемиет" во соработка со Радикалната партија побарала отштета за чифличките поседи во Македонија и во други делови во Кралството. Нивните пратеници барале на чифлик-сајбиите да им се остават по 30 хектари земја на

---

[469] Александар Апостолов, Колонизацијата во Прилепско...,70

[470] ДАРМ, ф. 121, к-1, а.е. 100 /204

[471] За односот на одредени политички партии кон колонизацијата пошироко: Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија...,165-204

[472] Слична цели во делувањето имала и Југословенската муслиманска организација (ЈМО) предводена од Мехмед Спахо во Босна и Херцеговина и Санџак. Овие организации ќе имаат клучна улога за обезбедување на мнозинство при изгласувањето на т.н Видовденски устав.

слободно располагање, а на поранешните бејлуци до 300 хектари, да се признанат како слободна сопственост, а за земјиштето над оваа површина да се овозможи надокнада по пат на откуп. На крајот бил постигнат компромис со кој на сопствениците на чифлиците им била исплатена надокнада за одземената земја, а во сопственост им биле оставени по 20 хектари. За возврат тие гласале за Видовденскиот устав.[473] Со тек на времето Џемиетот станал "балансер" во односите и интересите меѓу владеачките српски слоеви, особено оние од радикалите и интересите на агите и беговите. Заради ваквите политички договори, пазарења и компромиси меѓу Радикалите, Демократите и Џемиет во 1921 година, поранешните чифчии се до 1929 година, не можеле да ја добијат доделената земја во своја сопственост, што била уште една голема причина за незадоволство и иселување кое несомнено влијаело и на етничките прилики.

Пред почетокот на Втората светска војна привршувала и аграрната реформа и колонизацијата со распуштање на некои органи кои се бавеле со овие прашања. Според податоците кои се однесуваат на процесот на населувањето и неговата динамика видливо е дека некои простори во Македонија воопшто не биле опфатени со колонизацијата, како Дебарскиот, Гостиварскиот, Реканскиот и Кривопаланечкиот крај, додека во некои области како Кичевско, Преспа или Кратовско може да се каже дека колонизацијата била само маргинална појава.[474] Почнувајки од 1935 година, забрзано се работело на привршување со населувањето бидејки немало слободни површини на кои би се создавале колонии, а во 1935/36 година, со населувањето се завршило во Овчеполието, Штипско, Пијанец, Малешево, Радовишко и Струмичко, додека во останатите срезови се работело на што побрзо завршување на овој процес.[475] Според еден извештај на аграрното

---

□ Milivije Erić, Agrarna reforma u Jugoslaviji 1918-1941...,179; Богдан Лекиќ, op.cit,128

[474] Атанасије Урошевиќ, Аграрна реформа и насељава...,832

[475] Во овој период се привршувало и со доста интензивната колонизација во некои области во косовско-метохиската област, особено во Ѓаковица, Дреница, Вучитрн, Лап и во срезовите во

поверенство од ноември 1940 година, на колонисти, доброволци, оптанти и автоколонисти им биле доделени 33.823 хектари[476] плодна земја, но и тоа не било сосема доволно на колонистите и домашните интересенти да им обезбеди пристојна егзистенција со начинот на производство кој тогаш се практикувал, како и поради брзото ситнење на доделените поседи, заради високиот наталитет. Определени површини на земја им биле доделени и на т.н автоколнисти, поранешните чивчии и на други интересенти како што биле одредени јавни установи, угледни економии, на основните училишта, на војската и жандармеријата.

На самиот почеток од спроведувањето на аграрната реформа еден дел од неинформираност, но и заради одредени политички цели властите сметале дека со иселување на поранешниот беговски слој ќе се ослободат големи површини на земја на кои би се вршело населување на лојално население на српската власт.

Меѓутоа реалнаста била сосема поинаква. Во Македонија не постоеле големи земјишни поседи како во некои други делови на Кралството СХС (Војводина или Славонија), а според одредени податоци средната големина на еден чифлик изнесувала околу 60 хектари, земја која во просек ја обработувале 7 селски домакинства.[477] Реткост биле чифлиците со големина над 100 хектари, односно простори каде би можеле да се создадат колонии. Речит пример за оваа констатација е охридската област каде во 1912 година биле затекнати 214 чифлици. Од нов 14 биле со површина над 100 хектари, а речиси половината биле помали од 10 хектари[478], што значи тие и воопшто не подпаѓале под одредбите на Законот за Аграрна реформа. Од друга страна

---

Санџак каде во споредба со Македонија или косовско-метохиската област колонизацијата била симболична (ibidem...,833)

[476] АЈ, 96-15-57; Богдан Лекиќ, op.cit,474

[477] Ефтим Бојаџиевски, op.cit 236

[478] Љубен Лапе, Охридскиот округ во 1914 година, ГИНИ, XIII/3, Скопје, 1969, 188-189 Со најголема површина на земја во овој крај располагал манастирот Свети Наум

споменатиот ситен земјопосед создавал големи економски проблеми на земјоделското население.

Според податоците од 1931 година, дури 52.000 селски домакинства во Македонија располагале со имот помал од два хектари,[479] што јасно покажува дека колонизацијата во никој случај не била природен процес како што се обидувале да докажат некои тогашни автори. Освен тоа дел од чифликсајбиите уште пред балканските војни ги продавале своите чифлици, веројатно свесни за претстојните политички и територијални промени.

И покрај тешкотиите со кои се соочувала власта во процесот на колонизацијата до 1940 година, на територијата на Македонија биле населени 4.167 семејства.[480] Според тогашните демографски мерила на едно просечно семејство отпаѓале по 5-6 членови, може да заклучиме дека на територијата на Македонија биле населени меѓу 20.000-25.000 лица. Според пребројувањето на иаселнието во 1921 година, во Вардарскиот дел на Македонија живееле 798.286 жители, а во 1931 година, 933.339 жители. Процентот на колонистите во вкупниот број на население од 1931 година, на пример бил 2.2-2.7% од вкупното население.

Во согласност со Законот за населување, главна цел на Аграрното повереиство во Скопје била да изврши колонизација на "Јужните краишта" на тој начин што ќе изврши населување на "здрави национални елементи" од пасивните краишта на Кралството, да создааде услови за нивно населување и да ја подигне нивната духовна и материјална култура.[481] Ваквите "здрави национални елементи" биле основата на националната политика на тогашниот режим. Ова население било населувано со цел да влијае за што побрзото асимилирање пред се на Македонците, но двете децении се покажале како краток период за спроведување на ваква национална програма.

---

479 Lazar Sokolov, Promena u strukturi stanovništva...,69

480 Богдан Лекиħ, op.cit, 471-472; Апостолов, Колонизацијата на Македонија...,208

481 AJ, 67-28-263; Богдан Лекиħ, op.cit, 475

За целиот период на спроведувањето на Аграрната реформа и колонизацијата главна цел на властите била да се населат што поголем број на колонисти заради наведените причнини, неводејќи доволно сметка за подготовителните дејности, што условувало во некои краеви колонизацијата да доживее неуспех. Со одредбите на Законот за населување на Јужните краеви од 1931 година и неговите дополни од истата година и од 1933 година, аграрните интересенти стекнувале право на целосна сопственост врз земјата, по десет години непрекинато обработување на истата. Овој рок од десет години законодавецот го предвидел од неколку причини. Со овие одредби требало колонистите да се врзат за земјата, но и да се привикнат на новата средина на начинот на живот во неа, а особено било битно своите етнички особини кои ги носеле со себе да ги прилагодат на новата средина, но и да влијаат на тукашните етнички прилики.

Се разбира дека тие имале влијание во етничката структура, но не така одлучувачка со што би можеле да имаат некоја посилна улога во етничките процеси. Во вкупната бројка на колонисти најголем дел биле Срби, но како што видовне имало и доста Хрвати ( според податоците од 1936 година околу 3.500)[482] Со тоа учеството на српското население преку колонизацијата пораснало на неколку проценти. Аграрната реформа и колонизацијата на територијата на Македонија, сосема е јасно била спроведувана со цел да се промени националниот состав во полза на српскиот национален елемент и да се создадат силни пунктови за успешно спроведување на денационализацијата. За ваквата цел на српската политика во дваесетите години пишувале и истакнатите раководители на ВМРО (об), како што бил Панко Брашнаров.[483] За да имаме попрецизна слика во влијанието на колонизацијата врз етничката структура, мора да се истакне дека во бројката

---

[482] Ibidem..., 463-470

[483] Константин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918-1941, София, 1983, 29; www. promacedonia.org.

на колонисти не влегувал административниот апарат, полициските и воените службеници и стручните кадри.

По 1941 година, најголемиот дел на колонистите од страна на бугарските окупациони власти биле протерани, освен оние кои потекнувале од крајните јужни и југоисточни делови на Србија и кои биле третирани како етнички Бугари.

Доколку ја споредиме српската колонизација меѓу двете светски војни со колонизацијата што ја спроведувала грчката влада на територијата на егејскиот дел на Македонија особено по Лозанскиот договор од 1923 година, ќе забележиме дека влијанието на српската колонизацијата врз етничките процеси во Вардарскиот дел била далеку послаба, побезболна и без далекусежно дејство врз етничките територии за разлика од Егејска Македонија.

За ваквата состојба постојат неколку причини. Србија излезе како победник од Балканските и Првата светска војна, добивајќи големи, етнички исклучително етнички нехомогени територии. Просторот кој бил опфатен со колонизаторски дејства бил доста голем од Војводина преку косовско-метохиската област до Македонија. Сите овие области требало да добијат српски етнички карактер. Но српскиот етнички корпус го немал тој демографски капацитет успешно да го опфати овој простор, а и времето на спроведување на колонизацијата од две децении било релативно кратко за да би можело да се реализираат до крај сите нејзини предвидени влијанија, како што ги навел еден од најодговорните за колонизацијата во Македонија и Косово, Ѓорѓо Крстиќ, “Од наше гледиште колонизацијата е првокласно државно прашање на југот...таа спроведува национализирање и асимилирање на тамошните наши краишта.”[484]

Колонизациајта била особено силна на просторот на косовско-метохиската област, особено во областите кои граничеле со Албанија, како и во деловите на областа каде што постоеле големи простори на обработлива

[484] Ђорђо Крстић, op.cit, 136

земја, а српското население претставувало мал дел од вкупното населението. Според истражувањата правени во Косовската област во периодот меѓу двете светски војни[485], добар дел од српското население во Косово било колонизирано по 1918 година. Во триесетите години на XX век, околу една теретина од српските семејства во пространата област на Косовската котлина (просторот од Качаник до Митровица), припаѓала на колонистите населени по Првата светска војна.[486] Во Лапската област пак, целото српско население потекнувало од колонисти бидејки староседелското српско население се иселило од областа по српско-турското разграничување во 1878 година.[487]

Доколку сега ја направиме споредбата со Грција може да се забележи дека таа ги немала овие тешкотии. Напротив Грција располагала со 1.500.000 бегалци од Мала Азија кои требало да распоредат по целата нејзина територија, особено во Македонија. Влијанието на грчата колонизација можеби најдобро го објаснил долгогодишниот лерински митрополит Августин кој истакнал “Ако Грција денес постои како хегемон етнос, таа и го должи тоа на малоазиската катастрофа. Да недојдеа стотиците илјади бегалци во Грција, денес немаше да постои грчка Македонија. Бегалците ја создадоа националната хомогеност на нашата држава.”[488]

Оваа споредба можеби најдобро ќе ја отслика причинита за делумниот неуспех на српската колонизација. Во Македонија српската политика се

---

[485] Атанасије Урошевић; Горња Морава и Изморник, Насеља и порекло становништва, књига, 28, Београд 1935; Истиот Косово, антропогеографска проучавања, Насеља и порекло становништва, књига, Београд, 1965

[486] Во периодот 1931-1935 кога колонизацијата сеуште била во тек од вкупно 4.059 српски семејства на просторот на Косовското поле (без градовите), 1.437 биле колонистички и тоа во најголем дел по потекло од Црна Гора, Босна и Хрватска. (Атанасије Урошевић,Етнички процеси ан Коосву током турске владавине, Београд, 1987, 19-20

[487] Властите успеале до 1940 година на споменатиот простор колонизираат 1.183 семејства и претставувале околу 30% од населението на областа (Атанасије Урошевић, Етнички процеси...,28-29)

[488] Анастасија Каракасиду, Полиња Жито Ридишта Крв, Патиштата кон националноста во грчка Македонија, Скопје, 2002, 165

сочила со веќе јасно изразен македонски национален идентитет и релативно малиот број на колонисти кои неретко потекнувале од патријархалните области на според Цвијиќ "динарскиот вариетет" и score неможеле да влијаат врз претопувањето на македонското население, што била една од главните цели на колонизацијата. Доколку ги споредиме бројките на колонизираните семејства се забележува дека властите особено биле заинтересираните со населување на српски и црногорски колонисти, да успеат да ги "пацифизираат" немирните области со доминантно албанско население во Косово. Најголем дел од населениците во т.н Јужни области всушност бил колонизиран во областите на Косово и Метохија. До 1940 година на тие простори биле населени безмалку 14.000 семејства,[489] доколку сите тие биле населени во Македонија колонизацијата би имала далеку поголеми последици по македонскиот етнички простор.

Масата на население кое властите во Кралството го колонизирале било разводнето на големи територии и затоа неможеле да бидат постигнати планираните и посакувани национални ефекти од оваа колонизација. Состојбите во Кралството Југославија биле такви да неможела да се создаде онаа планираната национална хомогеност.

[489] Богдан Лекић, op.cit, 471

## 9 . Етничките и демографски промени за време на Втората светска војна

По крахот на Кралска Југославија, за време на т.н априлска војна дошло до нејзина окупација и поделба. На оваа "војна" претходеле мартовските настани кога на 25 март 1941 година, Владата на Драгиша Цветковиќ потпишала пристапување кон Тројниот пакт, по што на 27 март во целата земја избиле демонстрации против пристапувањето кон пактот. Ноќта спрема 27 март, група на пробритански ориентирани офицери на југословенската војска предводени од генералот Душан Симовиќ извршиле државен удар и образувале нова влада. Тоа било доволно добра причина Германија да се подготви за напад на Југославија. Нападот започнал на 6. април 1941 година, по што земјата била поразена и поделена. Кралот и владата ја напуштиле земјата.

Вардарскиот дел на Македонија се нашол под двојна германско-италијанска окупација. Од 20-29 април 1941 година, се воделе преговори меѓу министрите за надворешни работи на Германија и Италија, Ќано и Фон Рибентроп, за поделба на поразената Југославија. На овие преговори била определена и демаркационата линија меѓу бугарските и италијанските окупациони сили во Македонија.[490] Одредбите за демаркационата линија биле привремени, се додека границата не била утврдена од Бугарско-италијанска и Бугарско-германска гранична комисија.[491] Според одредбите на оваа спогодба поголемиот дел од Македонија бил окупиран од Бугарија. Западна Македонија со градовите Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга бил окупиран од италијанските војски. Бугарските војски навлегле на територијата на Македонија во текот на втората половина на април, по што

[490] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, 279

[491] Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата (1941-1944), Скопје, 1998, 8

се воспоставила и бугарската административна управа. Окупираните области од Бугарија биле поделени во две области Скопска и Битолска.[492] Бугарските власти присоединувањето на делови од Македонија кон Бугарија го сметале за исклучителен национален настан, кој барал нуморна деноноќна работа, со цел да се воспостави духовно единство во новите бугарски граници.[493]

Во исто време во Западна Македонија се воспоставила италијанската власт. Летото 1941 година, италијанските власти ги обединиле со Италија окупираните територии од Македонија, Косово и делови од Црна Гора со што се создала т.н Голема Албанија. Оваа држава била составен дел од италијанската империја со изразито ограничена државност. Државата опфаќала територија од 42.469 км2, со близу 1.800.000 жители, наспроти 28.748км2 и 1.100.000 жители пред 1941 година.[494] Дел од албанската политичка елита исто како и во Бугарија и Хрватска за време на Втората светска војна во сојузништво со силите на Оската ја видела можноста за релизацијата на своите големодржавни проекти.[495] Дел од албанските водачи во новонастаната ситуација виделе можност да ги расчистат "старите сметки" со своите соседи, при што страдале голем број на Срби во косовската област[496], а ваквата состојба особено негативно се одразила и на состојбата во окупираните делови од Македонија, со иселување на македонското население од овие простори.

---

[492] Во 1943 година, била основана Горноџумајската област кон која биле приклучени Струмичката, Беровската и Царевоселската околија од тогашната Скопска област.

[493] Во еден акт од 18.06.1941 година, упатен до началниците на обласните служби, околиските управници и кметовите на градските и селските општини се нагласувало дека "Присоединувањето на големи делово на чисто бугарски земји кон територијата на бугарската држава ги оствари историските тежненија на бугарскиот народ, што бара мобилизација на националната, физичка и духовна моќ на нацијата." (ДАРМ. Ф. 128, к-1, а.е.8/8-9)

[494] Петер Бартел, Албанци од средњег века до данас, Београд, 2001, 220

[495] Барбара Јелавиќ, Историја на Балканот, дваесети век, Том II, Скопје, 1999, 318

[496] Миранда Викърс, Албанците Съвремена История, София, 2000, 173

Во јули 1941 година, со декрет на кралскиот наместник на Албанија Франческо Јакомони, спомената територија била припоена кон Албанија, со што всушност и започнал еден сосема нов период во овој дел од Македонија. Започнала да се создава албанска администрација, полиција, во училиштата се воведувл албанскиот јазик и сл. [497] Областите од Македонија присоединети кон Албанија административно биле организирани во префектура со седиште во Дебар. Во рамките на префектурата имало вкупно 48 општини. Во 1944 година била формирана и префектура во Тетово. Префектурата на оваа територија претставувала највисок орган на власта.[498] Според проценките на оваа територија живееле околу 250.000 жители.[499]

### *9 .1 Активности на бугарските власти*

Во август 1941 година, Министерството за внатрешни работи на Бугарија побарало од обласните власти во Македонија да испратат точни податоци за населението, неговата бројност, етнички состав и др. Во извештаите управителите на областите и општините биле должни најпрвин да дадат краток географски опис на околијата за која го испраќаат извештајот, со прецизни граници на околијата.

Бројот на населението требало прецизно да биде пресметан, особено неговиот народносен состав. Посебно внимание требало да се обрне на бројката на Евреите.[500] Пред да бидат побарани вакивте податоци за бројот и

---

[497] Глигор Тодоровски, Западна Македонија...,12

[498] Историја на македонскиот народ...,289-290

[499] Глигор Тодоровски, Западна Македонија...,22

[500] Во препораките до обласните власти детално е определено како да се внесуваат податоците за селата поединечно во секоја општина. На крајот се констатира дека овие податоци се од големо значење бидејки тие ја илустрираат наполно состојбата во Македонија за селата општините и областите заради што се барало до општинските и околиските власти

составот на целото население уште во јуни 1941 година, властите побарале од околиските управници и градските и селски кметови да состават извештаи за бројот на населението кое се иселило од нивните околии. Овде станува збор за иселувањето, односно протерувањето на српските колонисти од Македонија.

Периодот на окупацијата за време на Втората светска војна во Македонија ќе остане запаметен по искоренувањето на еден цел народ од просторот на кој живеел со векови. Станува збор за Евреите, кои во 1943 година, од страна на бугарските власти ќе бидат испратени во логорот Треблинка, од ниту еден не се вратил. Во Македонија непосредно пред почетокот на Втората светска војна живееле околиу 7.700 Евреи, од кои најмногу во Скопје 3.795, во Битола 3.351 и во Штип 551.[501] Првите преговори на бугарските власти и германските претставници во Софија за депортирање на Евреите од Бугарија започнале кон крајот на 1941 година, а се интензивирале во текот на 1942 година. Во април 1942 година, бугарското собрание донело закон со кој бил ополномоштен министерскиот совет да преземе мерки за решавање на еврејското прашање. Во февруари 1943 година, била склучена писмена спогодба меѓу Бугарија и Германија за иселување на 20.000 Евреи од Бугарија во источните области на Германија.[502] Заради противење на дел од бугарската јавност еврејското население од т.н. стари предели не подложело на спогодбата, но затоа Евреите од Македонија на 11.03.1943 година, биле донесени во собирен логор во Скопскиот монопол, по што во текот на втората половина на март 1943 година, биле транспортирани во логорот Треблинка. Со тоа еден народ кој на овие простори оставил траги уште од периодот на антиката и кој континуирано живеел во Македонија од XV век, носејќи ги со себе Сефардските традиции од Шпанија од каде и се населиле, бил целосно уништен. Во периодот по

да се вложат поголеми напори и податоците да бидат грижливо обработени. (ДАРМ. Ф. 128, к-1, а.е31 /38-41)

[501] Александар Матковски, Трагедијата на Евреите од Македонија, Скопје, 1962, 21

[502] Ibidem...,58-60

Втората светска војна во Македонија останале да живеат неколку десетини лица од еврејско потекло кои успеале да го избегнат транспортот до Треблинка, или пак подоцна се доселиле.

Обиди за целосно етничко чистење на некој етнос од просторот каде што живее на Балканот ќе има и во доцниот XX век.

*9 .2 Иселување на колонистите*

За време на Втората светска војна и во областите од Вардарска Македонија кои биле под бугарска окупација дошло до одредени етнички промени и поместувања. Времетраењето на окупацијата било релативно кратко (три години и пет месеци), за да можело да дојде до некои корените етнички промени. Сепак една од првите мерки кои ги презела бугарската власт било иселувањето на српските колонисти, кои започнале да се селат уште во првите денови од окупацијата. Останатите биле иселени по наредба на властите. Исклучок биле само колонистите кои биле населени во Македонија, а потекнувале од јужните делови на Србија или од Пиротскиот крај, кои сега биле во границите на Бугарија, така што овие колонисти биле бугарски поданици.[503] Еден дел од поранешните колонисти по 1945 година се вратиле во Македонија, додека еден дел бил населен во Војводина.[504]

За иселувањето на српските колонисти детално биле известувани властите во Софија и тоа за секоја околија посебно. Во согласност со прокламираната политика се бележеле сите имоти кои останале празни по иселувањето на колонистите, бројот на куќите кои веднаш биле вселиви, или

---

[503] ДАРМ, м-4410, Рапортъ отъ Владимирь П. Тодоровь, 9.II. 1942

[504] За проблемите и статусот на поранешните српски колонисти по 1945 година види: Виолета Ачкоска, Разрешување на колонистичкиот проблем во Република Македонија 1945-1946 година, Гласник на ИНИ, XXXIV/1-2, Скопје, 1990, 33-47; Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1944-1953 година, Скопје, 1998, 117-162

пак оштетени. За секоја општина се водела евиденција за слободните земји кои останале празни, а им припаѓале на колонистите, при што се давале предлози за големината на парцелите што требало да се доделат на локалното население. Ваквите извештаи најчесто биле испраќани во почетокот на 1942 година. Најмногу напуштени имоти од колонистите имало во Скопско,[505] Штипско,[506] Кочанско[507], Светиниколско[508], Битолско[509],

---

[505] На почетокот на 1942 година било констатирано дека во Скопје се иселиле 72 колонистички семејства кои одставиле 2.435 декари земја, од тогашното село Тафталиџе се иселиле 9 колонистички семејства и оставиле 130 декари земја, од село Кисела Вода се иселиле 3 семејства и слободни останале 7 декари, во Маџари останале слободни 1.730 декари земја кои ги оставиле 45 српски семејства, во Долно Водно 22семеејства се иселиле со 145 декари земја, Горно Водно 3 семејства 4.8 декари, Горно и Долно Нерези 16 српски семејства со 483 декари земја. Вкупно во Скопско имало 4.987 декари земја оставена од колонистите. (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Кирилъ Коларовъ, 9.II.1942 )

[506] Во градот Штип 1942 година, имало 104 напуштени куќи кои припаѓале на поранешните колонисти или на членовите на полициско-административниот апарат, а од околните села се иселиле речиси сите колонисти. Од село Дољани 38 семејства се иселиле и оставиле 4.739 декари, Карбинци се иселиле 12 српски семејства со 623 декари, Таринци, се иселиле 35 семејства со 4.564 декари слободни останале 45 куќи, Караорман 23 семејства поседувале 1.927 декари и 18, Батања 33 семејства со 64 куќи. (ДАРМ, м-4410, Доклад отъ Михаилъ Георгиевъ)

[507] Иселени поранешни колонисти во оваа околија имало во самиот град Кочани и селата Мојанци, Долни Подлог, Нивичани, Зрновци, Теранци, Мородвиз, Видобиште, Виница, Градец, Истибања, Калиманци, Облешево, како и во Злетово и Рударе кои припаѓале на Кратовската околија. (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Цветанъ Цветковъ раководител на оземяването)

[508] Во Светиниколска околија најмногу колонисти имало во селата Кадрифаково а колонистите зад себе оставиле 38 куќи, Мустафино го напуштиле 77 српски семејства кои поседувале 11.359 декари земја, во Каратманово живееле 8 српски семејства а поседувале 2.500 декари земја, (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Д. Берберовъ, 9.II. 1942)

[509] Во Битолско колонистите се иселиле од селата Кравари, Оптичари, Новаци, Рибарци, Бињаник, Трап, Дедебалци, Бач и др во кои останале повеќе десетицини илјади декари слободна земја.

Прилепско[510], Кумановско[511], Радовишко[512], односно онаму каде колонизацијата била најсилна.

Властите констатирале дека голем дел на граѓани од "небугарско" потекло се иселиле или се подготвувале да го сторат тоа. Бидејки колонистите поседувале недвижен имот, кој сега останал без сопственици, обласните власти требало овие имоти да ги водат како "безсопственички" и да водат грижа за нив. Обласните бласти биле задолжени во рок од пет дена да изготват известувања за состојбата со ваквите имоти.[513] Обласните власти меѓу другото требало да достават и информација за бројот на иселените домаќинства пооделно по општини, етничкото потекло на иселените, какви имоти оставиле, состојбата во која биле оставени имотите, особено за недвижните имоти.

---

510 Во Прилепско колонистиите ги напуштиле селата Александрово, Петрово и Браилово каде имало исто тако повеќе илајади декари слободна земја која ја поседувале колонистите. Во селото Браилово имало еден посед со површина од 1.450 декари, на кој бугарските власти планирале да населат малоимотни селани од планинските села од околината.( ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Никола Стефановъ, инструктор за оземяаването за извршената работа от 15-16 Януари въ Битолска и Прилепска околия)

511 Во Кумановско колонистите се иселиле од 14 села со вкупно 294 семејства кои оставиле речиси 20.000 декари земја. Најмногу колонисти се иселиле од селата Умин дол, Љубодраг, Речица, Тромеѓа и др. Колонистите кои потекнувале од Пиротско кои најмногу биле населени во Матејче во поголем дел останале во селото. (ДАРМ, м-4410, Докладъ отъ Владимиръ Тодоровъ, 9.II.1942)

512 Во Радовишко меѓу двете светски војни биле населени повеќе колонистички семејства. Најголемиот дел од нив се иселиле во 1941 година. Тие живееле во Радовиш 25 семејства кои оставиле 1.393 декари земја и 44 куќи, Конче 2 семејства со 102 декари, Ракитница 1 семејство со 90 декари, Подареш 3 семејства со 157 декари, Злеово 4 семејства со 257 декари, Калугерица 1 семејство со 58 декари, Ораовица 6 семејства со 328 декари, Покрајчево 3 семејства со 125 декари, Радичево 5 семејства со 75 декари земја. Вкупно од Радовишко се иселиле 76 семејство кои поседувале околу 4.000 декари земја.

513 Ваквото барање Министерставото за внатрешни работи го доставило на 2. јуни 1941 година. (ДАРМ. Ф. 128, к-1, а.е14 /16)

Новите бугарски власти сакајќи да се претставaт како ослободители од српската власт, против која во Македонија имало оправдано големо незадоволство, започнале со иселување на колонистите и другите доселеници кои биле главно од српско потекло. Со ваквата политика бугарските власти се труделе да ги исклучат идните големосрпски аспирации врз Македонија и да покажат дека конечно Македонија се нашла во својата матица без инородни елементи. Бугарските власти се плашеле дека поранешните колонисти тешко би ја прифатиле политиката на бугаризација која ревносно ја спроведувале во Македонија од првиот ден на окупацијата. По претходно извршените подготовки организираното иселување на Србите од Македонија започнало во мај 1941 година.[514]

Властите јасно ставиле на знаење дека имотите на поранешните колонисти биле во државна сопственост при што требало да се предупредат лицата кои ги обработувале овие имоти дека земјата може да ја обработуваат како исполичари, немајки право на сопственост врз неа. Властите биле задолжени да му објаснат на населението дека само временски ги обработува овие имоти.[515] Бугарската држава направила исклучок за државјаните на новоформираната Независна Држава Хрватска, кои до април 1941 година, живееле во Македонија и поседувале имот кој не им бил даден под условите на колонизацијата, да им се овозможи на сопствениците да го продадат имотот, или пак доколку се иселиле да ополномоштат застапник.[516] Се проценува дека од Македонија во 1941 година, се иселиле меѓу 25.000 и 35.000 лица од српска националност[517] од кои најголемиот број биле колонисти или дел од адмистративниот и полициски апарат на државата.

Уште во 1941 година бугарската влада донела “инструкции оземјување и преселување на земјоделски семејства” . Оземјувањето можело да биде

---

[514] Виолета Ачкоска, Некои карактеристики на бугарското воземјувањег во Македонија 1941-1944 година, Гласник на ИНИ, 41/1-2, Скопје, 1997, 87

[515] ДАРМ. Ф. 128, к-1, а.е14 /16

[516] ДАРМ. Ф. 128, к-1,а.е.12/14

[517] Виолета Ачкоска, Некои карактеристики на бугарското воземјување ...,87

извршено на земји кои државата не би ги употребувала за свои стопанско-културни цели, на безсопственички земји како и на останати земји за кои државата немала непосреден интерес.[518]

Државниот земјишен фонд во Македонија се образувал и од земјите кои до 6. април 1941 година биле сопственост на поранешната југословенска држава, поранешните чифлички имоти кои по решение на југословенскиот аграрен суд биле ставени на располагање на државата, сите земји на јавно-правните установи како училишта, општини, цркви кои по април 1941 година, престанале со дејност, земјите на сите лица од туѓо национално потекло кои ја напуштиле земјата по присоединувањето на Македонија кон Царството, како и закупените земји во согласност со законот за заштита на нацијата кои биле во сопственост на лица од Еврејско потекло.[519]

Според законските одредби на оземјувањето подлежеле лица кои биле "со бугарско национално потекло и бугарски државјани, да биле работоспособни и да докажеле дека можат да бидат добри стопани, да не биле лишени од граѓански и политички права" и сл. [520] Бугарските власти сакале пред македонското население да се претставаат како ослободители, сосема различни од претходните српски власти, така што во извештаите што биле испраќани од Македонија до властите во Софија често пати се зборувало за "исправање на неправдите од српските власти" а тоа исправање на неправдите најчесто се однесувало на доделување на земја на малоимотните македонски селани, со што тие требало да станат лојални граѓани на

---

[518] Тука влегувале и земјите кои останале неразделени од поранешната југословенска главна дирекција за колонизација и други земји кои потпаднале во државна сопственост. (ДАРМ, м-4410, Инструкция за приложението на Наредбата оземляване и преселването на земеделскить стопани и за снабдяване на нуждаещите сь жилищни сгради вь Македония)

[519] Ibidem, Инструкция за приложението на Наредбата оземляване и преселването на земеделскить стопани и за снабдяване на нуждаещите сь жилищни сгради вь Македония, 2

[520] Потенцијалните сопственици требало да бидат жители на населениете места каде се вршело оземјувањето, нетребало да се постари од 60 години.( ibidem...,3)

Царството.[521] Што се однесува до српската колонизација, бугарските власти понекогаш исправно ги воочувале нејзините цели, но и грешки и неправди правени врз македонското население. Во извештаите се зборува за постапките на српските власти кога тие одземале делови од селските утрини на кои ги создавале новите колонии, наместо земјата да ја поделат на безимотните македонски селани.[522]

Се разбира овие констатации се точни, но и бугарските власти применувале исти или слични методи при доделувањето на земјата, барајќи од населението да биде лојално на власта. Единствена промена на бугарските во однос на српските власти е што земјата ја доделувале на локални селани, а не на доселеници од Бугарија. Локалните власти детално известувале за ослободените земји и куќи кои останале празни по иселувањето на поранешните српски колонисти

### *9.3 Бугарски извештаи за етничките структура во Западна Македонија*

Бугарските окупациони власти големо внимание посветувале на извештаите кои биле испраќани од италијанско-албанското окупационо подрачје, особено на политичката состојба, бројноста на населението и неговиот етнички состав. Тоа го правеле со надеж дека при некое ново разграничување поголемиот дел од Западна Македонија би можела да и припадне на Бугарија

---

521 Виолета Ачкоска, Некои карактеристики на бугарското воземјување ...,86

522 Во извештаите се критикуваат поранешните српски власти кои нештедро ја доделувале земјата на четниците, доброволците и други заслужни елементи за српството, но се признава и дека дел од земјата бил доделуван и на месните интересенти за кои се внимавало тие да биле лојални на режимот. Се известува и за случаи кога српските власти доделувале земја и на вмирни и тивки местни луѓег, но во тој случај парцелите според извештаите биле мали и со низик квалитет на земјата. (ДАРМ, м-4410, Докладь оть Никола Хр. Яржковь, Областен агроном за оземяването и преселването вь град Скопйе, 6.XII 1941)

Освен тоа локалните органи постојано биле советувани од страна на Министрерството за внатрешни работи во врска со “националното и верско прашање” во Македонија, бидејќи националното прашање било оценето како “особено комплицирано”[523] Бугарските власти биле свесни за своите позиции и големо внимание посветувале на етничките и верски односи на овие простори чија генеза понекогаш со право ја барале уште во “турскиот период.” Насоченоста била голема кон одредени групи за кои се сметало дека би можеле да бидат нелојални кон бугарската власт “гркомани”или “србомани” заради што локалните власти се упатувале како да се однесува со ова население.

Се забранувало поранешните патријаршисти да се нарекуваат гркомани, особено пред населението, а во административната комуникација требало да се употребува терминот “патријаршисти”. Се барало од службениците, учителите и свештениците да посветат особено внимание на ова население, кон него да постапуваат со “такт, топлина и убедување” и да му посочат на ова население дека неговото место е во Бугарската православна црква.[524] Сето ова зборува за етничките состојби кои владееле во Македонија, заради што бугарските власти се обидувале уште во 1941 година, да имаат точна бројка на населението во областите кои ги окупирале и на областите кон кои претендирале. Во анализите особено внимание се посветувало на малцинските етноси.

Извештаите најчесто биле правени по области и мошне детално и релативно точно била претставувана етничката слика на посочените области. Обласната дирекција од Битола во август 1942 година, го известува Министерството за внатершни работи дека во битолската област живееле

---

[523] ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.1/10-11

[524] На началниците на обласните служби, на околиските управници и градските и селски кметови им се посочувало дека “Гркоманството ги опфаќало погрчените Бугари кои немаат никаква крвна, јазична, или државна врска со Грците. Ова население зборува на чист бугарски јазик без да разбира ниту еден грчки збор. Семејниот бит му е селски бугарски, како и обичаите.” ( Ibidem...,10)

238.783 жители. Во извештаите посебно се означувало "инородното население" кое во битолската административна област сочинувало околу 17% од вкупното население. Според овие извештаи во областа живееле 23.784 Турци, од кои 2.917 биле Помаци (исламизирани Македонци).[525] Во областа живееле и 8.757 Албанци кои претставувале 3.5% од вкупното население. Во извештаите детално се опишани местатата во кои живеело албанскато население и неговата бројност. Најмногу ги имало во Битола околу 2.000.[526] Според овие податоци во околијата живееле 2.018 Грци[527] и 9.087 Власи.[528] И за влашкото население постои детален извештај за неговата бројност и разместеност во областа.[529] Бугарските власти немале доверба во влашкото население констатирајќи дека во мнозинство Власите биле "гркомански" настроени бидејќи грчкото влијание и воспитание биле сеуште доста силни.

---

525 Исламизираните Македонци во битоласката област живееле главно во Северна Пелагонија во селата Дебреште, Пешталево и Лажани како и во битолското село Трновци.

526 Според овој извештај Албанци во областа живееле во следните места: Село Злокуќани 107 жители, Дрвеник 433, Нижеполе 122, Братин Дол 58, Магарево 21, Трново 106, Снегово 141, Старо Змирнево 141, Кишава 397, Острец 355, Лажец 253, Породин 32, Рамна 19, Кажани 30, Доленци 195, Лера 195, Црновец 39. Во Демирхисарско Албанци живееле во селата: Обедник 410, Мургашево 309 и во Суводол 157. Во Крушевско живееле во селата: Житоше 1169, Јакреново 205, Саждево 189, Норово 511, Алдинци 351, Белушино 221 и Пресил 534 жители. Според овој извештај во Охрид бугарските власти регистрирале 120 Албанци и во Ресен 53 Албанци. ( ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.39/60-64)

527 Веројатно се мисли на дел влашкото население во Битола кое заради припадноста кон Цариградската патријаршија до 1912 година, покажувало прогрчка ориентација. Во оваа област никогаш не живееле Грци по потекло.

528 ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.42/71-72

529 Во Битола бугарските власти регистрирале 3.447 Власи, како и во битолските села: Нижеполе 347, Магарево 94, Трново 147, Кажани 10, Маловиште 552, Крушево 1.821, Житоше 13, Лажани 42, Охрид 85, Прилеп 1.951, Ресен 403 и Јанковец 158 (Ibidem...,71)

Се наведува дека дел од влашкото население се интересира за судбината на Грција, при што било подложно на англо-грчко влијание.[530]

Голем интерес бугарските власти покажувале за состојбите во македонските области кои биле под италијанско-албанска окупација. Често пати околиските или општинските власти од бугарското окупационо подрачје испраќале извештаи за состојбата “преку границата” со нагласка на статистичките податоци за Струшко, Кичевско, Дебарско, Гостиварско, Преспа. Властите во Битолската обласна дирекција во септември 1942 година, проценувале дека во Струшко живееле вкупно 33.223 жители од кои 20.752 “Бугари” 1.863 Власи и 10.608 Турци и Албанци. Во исто време според проценката во Кичевско живееле вкупно 32.217 жители, од кои 15.318 “Бугари”, 12.529 Албанци и 4.370 Турци.[531] Се разбира ова биле проценки за населението и не секогаш биле најпрецизни, но давале одредена слика на бугарските власти за етничката состојба на посочените подрачја.[532]

---

530 Ви извештаите се констатира дека “заради гркоманството голем дел од влашкиот елемент во областа не е добро расположен спрема нашата власт Со тоа може и да се објасни и учеството на Власите во комунистичкото движење, а во формирањето на Крушевската чета имало и 17 Власи” (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.42/ 72)

531 ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.91/ 269-273 Исламизираните Македонци во Кичевски најверојатно бите регистрирани како дел од Албанците или Турците.

532 Во извештајот што на 26.08 1942 година го испратила Охридската градска управа до Министерството за внатрешни работи е наведено дека во градот Струга имало 893 домакинства со 4.470 жители од кои: 2.669 Бугари, 463 Власи и 1.338 муслимани (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.40/ 65-69) Во речиси исто време на 19.08.1942 година, сличен извештај испратила и општинската управа од Велгошти според која во Струга имало 920 домакинства со 4.420 жители од кои 3.190 Бугари и 1.230 Турци. Според овој извештај во Струшко заедно со градот живееле 25.470 жители од кои 18.835 Бугари, 3.405 Албанци и 3.230 Турци. (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.38/ 59)

| Општина | Бр. на домакинства | Бр. на жители | Бугари | Албанци | Турци |
|---|---|---|---|---|---|
| Струга | 410 | 6.870 | 5.510 | 130 | 1.230 |
| Караормanska | 500 | 2.500 | 2.250 | 250 | --- |
| Дримколска | 570 | 2.850 | 2.650 | --- | 200 |
| Вевчанска | 930 | 4.650 | 4.150 | --- | 500 |
| Лабунишка | 430 | 2.150 | 1.300 | --- | 850 помаци |
| Радолишка | 490 | 2.450 | 1.325 | 1.025 | 100 |
| Велешка | 600 | 3.000 | 1.650 | 1.000 | 350 |
| Делогошка | 200 | 1.000 | --- | 1.000 | --- |
| Вкупно | 5.130 | 25.470 | 18.835 | 3.405 | 3.230 |

Извор: ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.38/ 59

Битолската дирекција испраќала детални извештаи до Министерството за Внатрешни работи, особено по започнувањето на иселувањето на Македонците од италијанско-албанското окупационо подрачје. Ова население по правило се движело кон Скопје или Битола, заради што и се зголемувал интересот на бугарските власти за случувањата на тие подрачја. Се констатирало дека албанската пропаганда била доста силна, при што во Струга во 1942 година, албанско училиште посетувале околу 300 Македончиња.[533] Македонското население се иселувало и заради нападите на качачките банди, со кои како што се констатира во извештаите неможеле да се справат ниту италијанските административни и воени власти.[534] Почнувајќи од втората половина на 1942 година, Битолската обласна дирекција започнала да испраќа детални извештаи за речиси сите македонски области во италијанско-албанската окупациона зона, а не само за пограничните места.

Извештаите се однесувале и на Реканската област, Дебарско и Гостиварско. Според нивните проценки во овие области во октомври 1942

[533] Во извештајот стои бугарчиња

[534] ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.91/ 269-273

година, односно по иселувањето на дел од македонското население во Реканскиот крај живееле 67% "Бугари", 25% "Помаци" и 8% Албанци, во Дебарско живееле 41% "Бугари", 40 Албанци и 19% "Помаци" и во Гостиварско 50% "Бугари" и 50% Албанци.[535] Положбата во овие области била оценета како лоша, во секој поглед, како политички така и економски. Качачките банди и "националистичките чети приврзеници на Зогу" го ограбувала "бугарското население" при што администрацијата не преземала никакви мерки да ги сопре ваквите дејства. Сето ова резултирало со иселување на Македонците. Во извештаите има и одредени грешки во однос на населението. Македонците муслимани во некои случаи се запишани како Албанци, додека православните се водат како муслимани. Во гостиварско воопшто не се запишани Турците, иако живееле во градот и неколку околни села. Заради непознавање на теренот или административни грешки во списоците недостасуваат и некои населени места[536]

Извор: ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.93/ 277

| Населено место | Вкупно | Бугари | Помаци | Албанци |
|---|---|---|---|---|
| Галичник | 2.360 | 2.360 | | |
| Рособи | 208 | 208 | | |
| Лазарополе | 1.934 | 1.934 | | |
| Тресонче | 1.100 | 1.100 | | |
| Селце | 182 | 182 | | |
| Јанче | 479 | 134 | 345 | |
| Сушица | 72 | 72 | | |
| Скудриње | 730 | | | 730 |
| Присојница | 575 | | | 575 |
| Аџиевци | 84 | | | 84 |

[535] Во сите извештаи Македонците со православна вероисповед се заведуваат како Бугари, додека исламизираните Македонци се водат како Помаци или Торбеши (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.93/ 276-279)

[536] Македонците муслимани во селата Скудриње, Присојница и Аџиевци во Река се запишани како Албанци, Албанците од Горна Река се водат како Помаци,а сите Турци во Гостиварско се ставени во графата на Албанците (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.93/ 276-279)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ростуше | 691 | 206 | 485 | |
| Битуше | 574 | 574 | | |
| Велебрдо | 208 | 96 | 112 | |
| Требиште | 666 | 216 | 450 | |
| Болетин | 335 | | 335 | |
| Жировница | 960 | | 960 | |
| Видуше | 148 | 94 | 54 | |
| Врбјани | 215 | | 215 | |
| Сенце | 652 | 280 | 372 | |
| Речани | 350 | 350 | | |
| Тануше | 310 | 150 | 160 | |
| Грекај | 140 | 62 | 78 | |
| Нивишта | 130 | 70 | 60 | |
| Рибница | 275 | 205 | 70 | |
| Жужње | 220 | 220 | | |
| Бибај | 245 | 195 | 50 | |
| Нистрово | 280 | 210 | 70 | |
| Бродец | 370 | 310 | 60 | |
| Ничпур | 175 | 122 | 53 | |
| Кракорница | 190 | 110 | 80 | |
| Богдево | 330 | 270 | 60 | |
| Гари | 1.400 | 1.400 | | |
| Вкупно | 16.571 | 11.103 | 4.079 | 1.389 |

### *9.4 Иселување на македонското население од Западна Македонија*

Со воспоставувањето на италијанската, а потоа и албанската власт во Западна Македонија, започнал процес на интензивно менување на етничката стуктура на овие простори на штета на Македонците. Италијанско-албанската окупациона власт затекнале предели со компактно македонско население, а Албанците претставувале мнозинство само во Полог и градот Дебар. Во Кичевско нивниот број не достигнувал повеќе од една третина, а во Струшко Албанците биле застапени со нешто помалку од 30%. Ваквата

структура на населението не одела во прилог особено на великоалбанските кругови кои по секоја цена настојувале да создадат еден етнички чист простор.

На почетокот процесот на иселување на Македонците се одвивал тивко, но како одминувало времето се поголем дел од македонското население ги напуштало своите домови. Тешката состојба на македонското население особено дошла до израз во 1943 и 1944 година, кога личната, семејната и имотната сигурност со ништо не биле гарантирани, бидејки на овој простор владеела речиси анархична состојба, особено по капитулацијата на Италија во септември 1943 година.[537] За иселувањето на Македонците допринеле и постојаните напади, грабежи и убиства што ги вршеле качачките банди и т.н. "доброволечки одреди" предводени од националистичката албанска организација Бали Комбетар (Национален Фронт).[538] Балистичкото движење во Македонија, главно било раководено од Тетово и Гостивар. Во Тетово раководел адвокатот Шаип Камбери, кој бил и претседател Тетовската општина за време на окупацијата, а во Гостивар раководител бил Кадри Сали. И двајцата биле членови на фашистичкиот корпоративен совет во Тирана. Водачи на "доброволечките одреде" биле Џемаил Хасани од село Симница Гостиварско и Мефаил Шеху од Зајаз, Кичевско. Почнувајќи од пролетта 1943 година, Балистите се поагресивно започна;ле да настапуваат кон македонското население. Во месец април 1943 година, една балистичка чета на чие чело се наоѓал Акиф Речани го нападнале Ново Село Гостиварско, каде што во тој момент се наоѓал еден партизански одред при

---

537 Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата...,70

538 Во Ноември 1942 година Националниот фронт (Balli Kombëtar) бил формиран од повеќемина антикмунистички и националистички албански политичари, некои од нив претставници на некогашната феудална елита во Албанија. Нивни предводници биле Митхад Фрашери, син на Абдул Фрашери, Али Клисура и др. Во основата на ова движење било воспоставување на република, и зачувување на ветничките границиг на Албанија, односно задржување на границите од 1941 година. Нивните вооружени единици Балисти направиле големи злосторства пред се во Западна Македонија и на Косово.

што четвотица биле убиени, а единаетсетмина заробени. Во нападот кој се случил на 22 април, Велигден, учествувал и Џемо Хаса, со што започнала една нова етапа од делувањето на белистичките единици на овој простор, со влегување во македонски села новно палење и убивање на дел од жителите, која ќе продолжи до крајот на војната.[539]

Веќе наредните денови една поголема група на Балисти се упатила кон мавровскиот крај каде биле извршени грабежи и насилства врз македонското население.[540] Мавровскиот крај бил нападнат повторно во август 1943 година, кога селото Никифорово било бомбардирано. Во ова село влагле регуларните италијански војници и балистите кои вршеле насилства врз селаните, при што запалиле поголем дел од куќите. Италијанско-балистичките сили влегле и во селото Леуново, а подоцна и Маврово било ограбено и запалено од еден од балистичките водачи во Гостиварско, Акиф Речани.[541] По ваквите настани на населението на му преостанувало ништо друго освен да започне еден масовен процес на иселување. Повеќе села во Дебарско, Река и други простори биле напуштени од своите жители. Населението најчесто се упатувало кон Скопје или Битола каде барем им била гарантирана личната сигурност. Најголемиот дел од селата кои биле напуштени од своите жители веќе не успеале да се ревитализираат и по завршувањето на окупацијата.[542] Според извештаите од теренот до есента 1943 година, областа околу Галичник веќе ја напуштиле околу една четвртина од населението.[543] Селаните ги напуштале своите домови заради се

---

[539] Гале Фиданоски, Априлскиот злостор во Ново Село, Гостивар, 1976, 18

[540] Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата...,165

[541] Виолета Ачкоска, Македонија во Југословенската федерација 29.11.1943-8.09.1991, Скопје, 2001, 20

[542] Станува збор пред се за некои Дебарски села како Горно и Долно Мелничани, Осој, Гари, Тресонче, Селце. Росоки, Лазарополе, Галичник Тресонче, Сушица и др. Некои од нив на почетокот на векот имале и по неколку илајди жители.

[543] Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата...,140

позасилениот терор кој бил спроведуван врз нив. Во мијачкото село Тресонче бил убиен свештеникот, учителот и неколку селани по што голем дел од жителите го напуштиле селото. Убиствата ги извршила вооружена балистичка група од околу 25 луѓе, кои извршиле и грабежи во селото. Меѓу бегалците како што известувале бугарските власти во Битола, кои помно ги прателе овие настани имало и голем број на деца, кои со своите мајки ги напуштале реканските села. Во истиот период една група од петмина вооружени Албанци побарале од селото Галичник да им бидат платени 25.000 леки со цел да го чуваат селото од други банди преку зимата. Истото се случило и во селото Лазарополе со тоа што вооружените банди се закaнувале дека ќе го запалат селото доколку не им биде исплатен бараниот износ пари.[544] Од есента 1943 година, до пролетта 1944 година, балистичките единици запалите повеќе села на потегот од Кичево кон Охрид, а особено настрадале областите Дебарца и Копачка.[545]

Балистичките единици во текот на 1943/1944 година извршиле бројни злосторства на овој простор, но уништувањето на селото Беличица и масакрот кој бил извршен врз нејзините жители, вреди посебно да се спомене бидејки предизвикал нова бегалска река да го напушти овој крај. Балистичките единици предводени од Акиф Речани на 19. септември 1944 година, влегле во селото Беличица во областа Горна Река, каде што во тој момент се наоѓале борците од Тетовскиот партизански одред.Во налетот на Балистите биле запалени 45 куќи во селото (само 5 куќи не биле запалени), 21 партизан биле убиени, а откако престанал отпорот кој го пружал партизанскиот одред Балистите убиле и 17 жители на селото пред се жени и деца.[546] Сите овие настани влијаеле некогаш полните повеќеилјадни македонски села за еден краток период речиси целосно да бидат напуштени

---

[544] (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.50/189)

[545] Во овој период беле запалени селата: Сливово, Врбјани, Мраморец, Црвена Вода, Турје, Лактиње, Малкоец, Попоец, Раштани, Пopoложани, Кленоец, Јудово, Мешеиште, Белчиште, Брждани, Белица, и др.

[546] Нешо Марковски, Беличица во пламен, Тетово, 1975, 43

од нивните жители со што неминовно дошло и до промена во етничката структура на овие области.

Тоа всушност и била целта на албанските власти, што поголем број на Македонци да ги напуштат областите кои биле под нивна контрола. Злосторства се случувале и во другите области кои биле под окупација на италијанско-албанските сили. Селото Тумчевиште во Горни Полог, било речиси целосно запалено од балистите, од кои најголемиот дел биле од соседното Чегране, а населението се вратило во своите домови дури по завршувањето на војната.[547]

Балистичките чети влавале страв кај македонското население, заради што и започнало масовното иселување. Први кои започнале да се иселуваат особено од градските средини биле дотогашните службеници пред се во општинските администрации кои го губеле работното место заради непознавање на албанскиот јазик. Речиси целата албанска власт се ангажирала административно што побргу да се овозможи иселувањето на македонското население. Со ваквите подготовки се бавеле и највисоките политички органи како што биле службениците од Дебарската префектура при што во нивната официјална кореспонденција се истакнувало дека иселувањето на македонските христијани оди во полза на албанскат кауза.[548]

Особено голема економска штета трпеле сточарите од Реканскиот крај кои по воспоставувањето на новите граници неможеле своите стада да ги префрлат преку зимата во Повардариeто. На барање на сточарите од Галичник, италијанските власти одобриле да им се издадат пасоши со цел да можат да преминат на територијата на Бугарија со своите стада. Но проблеми правеле локалните албански власти кои барале одредена сума пари

---

[547] Јован Трифуноски, Полог-антропогеографска проматрања...,221

[548] Ѓорѓи Малковски, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944, Скопје, 1995, 96; Глигор Тодоровски, Западна Македонија за време на окупацијата...,73

од сточарите.[549] Сето ова влијаело населението на кое му била неизвесна основната егзистенција економска и лична, помасовно да ги напушта своите села. Во услови на крајна лична и економска несигурност, како и постојани притисоци, голем дел Македонци се решиле да ги напуштат своите домови и да се иселат пред се во деловите кои биле под бугарска окупација. Сето ова влијаело на брзо менување на етничкиот состав на населението, кое пак оставило и понатамошни политички последици врз овие краеви. Во некои села македонското население не се вратило по завршувањето војната како на пример во Дебарско или во Реканската област, кои етнички и најмногу настрадале за време на окупацијата.

Како пример ќе ја земеме релативно малата област во Дебарско, Жупа. Во областа живееле Турци, Македонци од православна и муслиманска вероисповед и Албанци. Населението од економски или други причини се иселувало од оваа пасивна област, доста често и пред Втората светска војна. Но за време овој процес се интензивирал особено кај македонското население. За интензивноста на иселувањето на Македонците во периодот 1941-1944 најдобро зборува фактот што за времето меѓу двете светски војни, Жупа ја напуштиле 39 македонски домакинства, додека за трите години на италијанско-албанската окупација се иселиле 35 македонски домакинства[550] или околу 300 лица кои заминале во правец на Битола или Скопје. Карактеристично за Македонците е дека при селењето најчесто го продавале целиот недвижен имот бидејќи цената на недвижностите била релативно повисока одколку во подрачјето под бугарска окупација. При продажбата на

---

[549] Од сточарите се барале по 3.000 лека за секој овчар, за да можат безбедно да поминат на територијата под власт на Бугарија. (ДАРМ. Ф. 127, к-1,а.е.50/189)

[550] Бранислав Русиќ, Жупа Дебарска, Скопје, 1957, 36 Иселувањето од областа било најизразено токму кај Македонците. Во посочениов период 1941-1944 од Жупа се иселиле пет турски, семејства, осум домакинства на Македонсците муслимани (според авторот Торбеши), додека албанското население за време на втората светска војна не дало иселеници од областа. (Ibidem...,36-37)

имотот македонското население било здушно помагано од локалните албански власти на кои ова им одело во прилог на "националната кауза"

По војната Македонците во областа останале само незначително малцинство кое полека целосно ќе ја напушти Жупа.[551] Примерот на оваа мала област во основа го објаснува начинот и темпото на иселувањето на Македонците од целато албанско-италијанско окупационо подрачје.

[551] Македонците речиси целосно се иселиле од Жупа по војната особено по забраната на држење на козите, и по неуспешната колективизација, така што овие економски мерки на властите по 1944 година, успеале да ги остварат целите на големоалбанските власти од окупацијата.

# 10. Етно-демографските движења во Македонија во првите години по ослободувањето.

### *10.1 Воведни напомени*

Етничката слика на Македонија се формирала со векови. На нејзиното обликување влијаеле повеќе фактори. Природното движење на населението, економските причини и барањето на подобри услови за живот, но и политичките одлуки за населување на определено население на овие простори.

На етничкиот мозаик значајно влијание имале промените кои настанале на поширокиот балкански простор, особено по Балканските и Првата светска војна. Самите војни како што претходно констатиравме, довеле до битни и длабоки промени во етничкиот состав и распоредот на населението на голем дел на Балканот и особено во Македонија.

Етничките состојби се менувале и модифицирале и во целиот период меѓу двете светски војни, пред се со колонизацијата која била спроведувана од страна на државата, како и со иселувањето на еден дел од турското и друго муслиманско население во Турција во дваесетите и триесетите години.

Етничката шареноликост, карактеристична без исклучок за сите балкански земји се огледа и во составот на населението на Македонија по конституирањето на македонската држава во рамките на тогашна Авнојска Југославија во 1944 година.

Почнувајќи од 1948 година, редовно се одржувале пописи на населението преку кои можеме да ги следиме и етничките движења и промени кои настанале во македонското општество предизвикани од повеќе фактори. Значајно е да се истакне дека Македонците како посебен народ официјално се појавуваат во една државна статистика дури во споменатиот

попис од 1948 година.[552] Сите претходни податоци се извдувани врз основа на определени проценки кои не секогаш биле сосема прецизни, а неможе да се исклучи и политичката и пропагандната позадина на повеќето податоци кои се однесуваат на етничкиот состав на населението во Македонија.

По Втората светска војна, Македонија се развива како засебна република во една национално доста хетерогена држава, при што таа хетерогеност имала и влијание врз етничкиот структура на населението во Македонија, најповеќе преку доселување на население од другите југословенски републики, пред се од Србија, Косово и во помал број од Црна Гора, а помалку преку иселување на население од Македонија, најчесто од економски причини, или како колонисти во Војводина веднаш по 1945 година. Во исто време врз етничката структура влијаело и иселувањето на еден дел од турското и друго муслиманско население од Македонија, пред се во педесетите години.

Во овој период, односно во втората половина на XX век, населението на Македонија како и целото општество минува низ една етапа на значајни структурни промени. Целиот процес на популацискиот развој бил диктиран од динамиката на развојот на економските, демографски и општествено политички фактори како на републичко, така и на сојузно ниво. Врз етно-демографската слика влијаел и "беграундот" на македонското општество, некои историско-културни и традиционални вредности на локалната средина. Преминот од традиционален кон современ облик на живеење се одвивал во нерамномерна временска динамика кај различните етноси.

Вкупниот број на населението во Македонија во проследуваниов период од 1948 година, до 1994 година, се покачил од 1.152.986 жители на 1.945.932 жители или за 819.945 лица, односно за 71%. Просечната стапка на пораст на населението била најголема во периодот 1948-1953 година, кога годишно македонската популација се зголемувала за околу 30.000 жители, што било одраз пред се на сеуште високиот наталитет кај населението. Во

552 Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,437-450

периодот 1953-1961 година, во Македонија дошло до намалување на порастот на населението, најмногу како последица на иселувањето на дел од турското и друго муслиманско население. Во посочениов период дошло и до одредено опаѓање на стапката на природен прираст, така што во 1958 година, стапката на наталитет се движела на ниво на 32.7%, односно опаднала за цели 10% во однос на 1948 година.[553] Воопшто наталитетот на подрачјето на Македонија бележи постојана општа тенденција на опаѓање во периодот по Втората светска војна, односно за само неколку децении дошло до двојно намалување на наталитетните стапки на населението. На таков начин Македонија за еден релативно краток период во демографски поглед преминала од исклучително високо наталитетно подрачје во ниско наталитетно подрачје.[554] Така од 40.7 живородени деца на 1.000 жители во 1948 година, тој број постепено се намалува па во 1961 година, изнесува 29.9, во 1971 година, 22.9, а во 1981 година, 20.6,[555] до 16% во средината на деведесетите.

Меѓутоа во децениите по Втората светска војна се забележуваат значителни разлики во интензитетот на опаѓањето на наталитетот во одредени подрачја на Македонија, односно изразената тенденција на опаѓање на наталитетот не é изедначена на ниво на републиката. Во 1981 година, во општините каде Македонците биле во апсолутно мнозинство како Берово, Битола, Кочани, Демир Хисар, Кратово, Прилеп, Пробиштип, Ресен, Св. Николе и др. имале изразито низок наталитет.

---

[553] За наталитетот во Македонија по 1948 година и неговото влијание врз демографскиот развој види: Мирјана Маџевиќ, Наталитетот на населението во Република Македонија, Географски разгледи, книга, 38-39, Скопје, 2003/2004, 75-87

[554] Амалија Јовановиќ, Социјалните аспекти на планирањето на семејството во СР. Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985, 125

[555] Блага Петроска, некои согледувања во врска со наталитетот во Ср. Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985, 169

Од друга страна во општините со мнозинско албанско население како Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево и Струга наталитетот се движел меѓу 14-30%.[556] Опаѓањето на општата стапка на наталитет придонела во последните децении вкупното население релативно брзо да се зголемува, особено по 1981 година. Бројот на Македонците во периодот 1981-1994 се зголемил за 16.691 жители, а на Албанците за 63.896 што претставува опаѓање и кај двата етноса во однос на претходниот пописен период, особено кај Македонците.[557]

### *10.2 Првиот повоен попис од 1948 година*

Веднаш по ослободувањето на земјата биле преземени повеќе чекори за утврдување на точниот број на населението, пред се заради планираните активности во обнова на прилично опустошената земја, од четиригодишната исцрпувачка војна која однела голем број на човечки животи.

Првиот попис во повоена Југославија бил одржан на 15 март 1948 година и тој од подготвувачите бил наречен "краток попис", затоа што целта била првенствено да се соберат податоци за бројот и составот на населението во Југославија. Промените кои настанале во периодот од седумнаесет години, од последниот предвоен попис, не биле познати, а проценките врз основа на вообичаените статистички методи во такви услови биле речиси невозможни. На сите повоени пописи на населението во Југославија, било поставувано прашањето за народност и тоа според слободно изразената волја на граѓаните. Тоа било во склад со определбата во повоените Уставите на

---

[556] Опаѓњето на наталитетот било најинтензивно кај Македонците од 34.8 % во 1953 година, на 17.8% во 1981 година. Кај албанското население во истиот период стапката на наталитет опаднала од 57.2% на 30% (Ibidem...,179); Во 1981 година највисока стапка на наталитет имала општина Деабр со 20.8% а најниска Демир Хисар со 7.9% (Амалија Јовановиќ, Op. cit, 127)

[557] Во периодот 1971-1981 година бројот на Македонците се зголемил за 136.948 лица, а на Албанците за 97.337 лица.

државата за спроведување на рамноправноста на народите и народностите и на слободно национално определување на сите нејзини граѓани.

Мора да се напомене дека со овој попис за прв пат можела да се добие приближно точна слика за националниот состав на населението, бидејќи заради познатата политика на предвоена Југославија на негирање на националните субјективитети на некои народи (Македонците, Црногорците), се добивала сосема погрешна слика за етничката структура на населнието.

Од особено значење е што Македонците за прв пат на еден попис можеле слободно национално да се определуваат. Всушност пописот од март 1948 година, претставува прво статистичко утврдување на Македонците на територијата на Југославија, односно утврдување на нивната структурата и територијалната распространетост во државата.

Мора да се истакне дека на овој попис не била предвидена можност за верската определба, која во многу би помогнала за подетално определување на структурата на населнието. На пописот во 1953 година, освен за националната определба и мајчиниот јазик, било поставувано прашање и за верската определба на населението.

Според резултатите од пописот од 1948 година, на територијата на Народна Република Македонија живееле 1.152.986 жители од кои 789.648 Македонци, или 68.5%. Втори по застапеност биле Албанците, со 197.389 односно 17.1% од населението.[558] Изведувачите на овој попис, односно Сојузниот завод за статистика во својата публикација за конечните резултати изразуваат одредена доза на сомнеж кон вкупната бројка на Албанците на *ниво на Југославија од 750.431, или 4.8% од вкупното население на државата.* Спроведувачите на пописот констатираат дека еден дел од Турците во Македонија, и косовско метохиската област се декларирале за Албанци со што нивниот број на пописот бил нешто повисок отколку во стварноста.[559]

---

[558] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, Beograd 1954, 14

[559] Ibidem

Во однос на конечните резултати од овој попис се наметнува констатацијата дека безмалку сите Македонци со муслиманска вероисповед се декларирале за Македонци, постапка која нема да се повтори во наредните пописни изјаснивања. Нивниот број изнесувал 37.096, односно влегувале со 4.6% во вкупната маса на Македонците во тогашна НР. Македонија. [560] Исклучок прават месните народни одбори во Болетин, Веле Брдо, Јанче и Требиште каде Македонците со муслиманска вероисповед биле попишани како Албанци.[561] Во сите останати краишта населени со ова население како, Скопско, Велешко, Дримкол, Кичевско, Долни Полог ( селата Урвич и Јеловјане), безмалку целото ова население се декларирало за македонско. Во наредните пописни изјаснувања националната припадност на ова население значително ќе варира. Веќе во 1953 година, добар дел од Македонците муслимани заради иселување во Турција се декларирале за Турци.

Во овој контекст ќе напоменеме дека од вкупно 97.954 Турци колку што живееле во ФНРЈ во 1948 година, дури 97%, односно 95.940 живееле во НР Македонија, и претставувале 8.32 % од вкупното население на Македонија.[562]

### *10 .3 Колонизација на македонско население во Војводина*

Карактеристичо е дека како последица на колонистичките процеси кои се одвивале на ниво на федерацијата по ослободувањето, Македонците се јавуваат во значителен број во Еовојводина, посебно во Банат. Со одредбите на Законот за Аграрна реформа и Колонизација, донесен на 23 август 1945 година, меѓу другото се предвидувало на напуштените имоти од т.н."Фолксдојчери", односно Германци кои живееле главно на просторот на

---

[560] Konačni rezultati popisa stanovništva,...17

[561] Ibid,...438-439

[562] Vladimir Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalistickih republika 1921-1961, (studije, prilozi, analize) Beograd, 1964, 31

Војводина и кои се повлекле заедно со германската војска или биле протерани или затворени, да се населат сиромашни семејства од пасивните краеви на земјата, или боречки семејства.

Германците претставувале значаен дел од популацијата во Војводина се до крајот на Втората светска војна. Во 1910 година, кога оваа област била под власт на Австро-Унгарија тие претставувале 21.4% од вкупната популација (323.779), додека во 1921 година, во Војводина живееле 333.272 Германци, или 22% од населението.[563] На целата територија на Кралска Југославија пред почетокот на Втората светска војна се проценува дека живееле околу 500.000 Германци. По војната во државата останале само околу 50.000 Германци,[564] дел од нив со тек на време се иселиле од Југославија.

Во рамките на Југославија се предвидувало 45.000 семејства да бидат опфатени со оваа колонизација, од кои 2.000 семејства било планирано да се колонизираат од Македонија.[565] Македонците главно биле населени во околината на Панчево[566], како и во други делови на Војводина но во помал

---

[563] The Ethnic Structure of the Population of Vojvodina www.rastko.org/yu Германците на овие простори биле колонизирани во текот на XVIII по австиското завладување на просторите на север од Сава и Дунав. Германците биле трети по бројност во Војводина и во периодот меѓу двете светски војни. Тие биле главно сконцентрирани во централна и западна Бачка и Банат. Во одреденои градови во 1910 година, тие претставувале апсолутно мнозинство како во Оџаци (68.9%), Врбас (61.1%), Апатин (60.3). Германците биле апсолутно мнозинство во 63 населби во Војводина, додека во пет градови претставувале релативно мнозинство од населението со застапеност од 30.8 до 47.7% од населението. Ова е простор каде по Втората светска војна настанале длабоки етнички промени, при што една важна етничка компонента речиси исчезнала од оваа област.

[564] Енвер Реџиќ, Националните малцинства во Југоисточна Европа, Гласник на ИНИ, XXV/2-3, Скопје, 1981, 126

[565] За Аграрната реформа и колонизација види (Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1945-1953, ИНИ, Скопје, 1998)

[566] Во 1948 година на просторот на срезот Панчево биле регистрирани 5872 Македонци, сконцентрирани во селата Качарево 2.109 Македонци од вкупно 5.044 жители, во селото Глогоњ 914 Македонци од вкупно 3.678 жители и во селото Јабука каде Македонците биле

број. До почетокот на 1948 година, од Македонија биле населени 1.678 семејства на просторот на Војводина, што значи дека не била остварена предвидената бројка од 2.000 семејства.[567] Поединечно населување на население од Македонија во Банат имало и по 1948 година. Освен во околината на Панчево, Македонци биле населувани и во околината Вршац, каде во 1948 година биле регистрирани 1.308 Македонци.[568] Македонците главно биле сконцентрирани во неколку села од овој дел на Банат, а нивното населување кое во периодот 1945-1948 година било планско и оргнизирано, поединечно траело се до 1956 година.[569] Според д-р Бранислав Русиќ вкупниот број на доселеници од Македонија во околината на Вршац од 1946 до 1956 година изнесувал 353 семејства со 2.095 лица.[570]

Овие миграции од Македонија главно ги опфакале Македонците, но мора да се напомене дека тие *не оставиле некои видливи последици врз демографската и етничка слика во Македонија,* иако по својата бројнаст

---

мнозинство од населението, 2.806 Макаедонци од вкупно 4.392 жители (Konačni rezultati popisa stanovništva,...338) Од колонистите речиси сите биле Македонци со исклучок на мал број на Роми и Власи,а потеклото на колонистите било од Кривопаланечко, Кумановско, Велешко, Гевгелиско, Струшко и други главно пасивни караеви на Македонија ( Jovan. F Trifunoski, O posleratnom naseljavanju stanovništva iz NR. Makedonije u tri banatska naselja-Jabuka, Kačarevo i Glogonj, Novi Sad, 1958)

567 Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1945-1953,237-238

568 Konačni rezultati popisa stanovništva, ...341

569 Branislav Rusić ovi Sad,1958, Слично како и во околината на Панчево колонистите потекнувале главно од Кривопаланечко, Кумановско, Скопска Црна Гора, Дебарца, Демирхисарско, Дримкол и од други места од каде населувањето било поединечно. Во најголем број колонистите и тука се Македонци, освен неколку семејства Власи од Гевгелиско и меколкумина Албанци од Полог кои без своите семејства се населиле во околината на Вршац. Најмногу колонисти имало во Пландиште, Гудурица, Велика Греда, Велико Средиште и во помал број и во други места. Така во местото Пландиште во 1948 година живееле 3.040 жители од кои 905 биле Македонци или 30% од населението (Konačni rezultati popisa stanovništva, ...342)

570 Branislav Rusić, Beleške,...19

неможе да се рече дека биле занемарливи. На територијата на Војводина во 1948 година, живееле 9.052 Македонци што претставувало 1.11% од вкупниот број на Македонците во тогашна Југославија.

## 11. Иселување на турското население по Втората светска војна

Во почетокот на педесетите години започнува еден мошне силен процес на иселување на турското и другото муслиманско население од Македонија, во Турција. Иселувањето својата кулминација ја достигнало во средината на педесетите години по што процесот спласнал, но не престанал. Иселувањето на турското население всушност преставувало продолжение на процесот започнат со распаѓањето на османлиската империја, односно продолжување на иселеничките бранови кои кај ова население започнале со Балканските војни.

По Балканските војни еден дел од турското население како и Македонците со муслиманска вероисповед, Албанците и Босанско - херцеговските муслимани кои живееле во Македонија започнале со миграциони движења кон Турција. Тешко е да се дадат точни податоци колкава била бројката на населелението кое заминало во Турција, но најмасовните иселувања биле веднаш по завршувањето на балканските војни, па се до средината на дваесетите години, кога дошло до краткотрајно стивнување на иселувањето, за по 1928 година, овој процес повторно да добие во интензитет.[571] Потоа се до 1941 година, процесот на иселување течел перманентно, но со намален интензитет.

---

[571] Ваквата констатација се потврдува и преку истражувањата кои биле вршени во повеќе области во Македонија во текот на дваесетите и триесетите години на ЏЏ век. Примерите од населените места најдобро зборуваат за интензивноста на иселувањето од некои подрачја. Од Тиквешката област во периодот 1912/1914 година се иселиле околу 500 муслимански семејства. Најмногу биле од селата Долни Дисан 36 домакинства, Тимјаник 10 домакинства, Курија 22 домакинства, Возарци 10 домакинства, Кишарка 15 домакинства итн. (Воислав Радовановић, Тиквеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 243-498); Иселувањата биле масовни и на просторот на Повардарието. Од големото турско село Иванковци во околината на Велес во периодот од 1912 до 1930 година, се иселило половината од турското население, а на нивно место на крајот од дваесетите години започнало да се

Особено податливо за елаборирање е прашањето за причините кои довеле до иселувањето на турското население во предвоена Југославија, како и споредба со причините за иселувањето по Втората светска војна. За време на Кралството Југославија турското население не уживало некои посебни малцински права, но доколку се споредат со политичките и граѓански права и слободи на Македонците на пример, слободно би можело да се каже дека Турците, односно нивната граѓанска елита била во некоја привилегирана положба.

Во овој контекст значајна е улогата на националната турска партија - "Џемиет" која меѓу другото била и прва и единствена граѓанска партија основана од дел од населението во Македонија, која ги опфакала само граѓаните од муслиманска вероисповед.[572] Улогата на 'Џемиетот" била да го собира муслиманското население во Македонија под раководство на поранешните аги, бегови и муслиманскиот клир, со цел да се бори за правата на Муслиманите, а во основа да ги штити интересите на поранешните чифликсајбии кои биле загрозени од аграрната реформа. "Џемиетот" одиграл клучна улога и во донесувањето на т.н Видовденски устав со чии гласови се создало потребното мнозинство за изгласување на Уставот на 28 јуни 1921 година. [573]

Се разбира сето ова било правено во дослух со претставниците на Радикалната партија кои требало да ги заштитат интересите на водачите на "Џемиетот". Откако оваа организација ја одиграла својата политичка улога, Радикалите ја растуриле оваа партија, која веќе не се појавува како посебен политички субјект.

Заради ова и се засилило иселувањето на турското население во доцните дваесети години, иако по градовите Турците имале сосема солидни

---

доселува македонско население од Кривопаланечко и Кратовско. (Миљенко С. Филиповић, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 532-566) Турското население од споменатото Иванковци целосно ќе се исели во педесетите години.

[572] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, 177

[573] Историја на македонскиот народ, книга трета, Скопје, 1969, 26

позиции во трговијата, а во селата располагале со големи површини на квалететна земја, како поранешни сопственици на чифлици. Од оваа констатација исклучок правеле некои села во Радовишко, Велешко и Дебарско каде турското население живеело во прилично тешки услови[574] За раководството на "Џемиетот" веројатно било сосема доволно што турското и останатото муслиманско население имало слобода на вероисповед, верски училишта, т.н сибијан мектеби ( основни училишта), кои постоеле при секоја џамија и биле масовно посетувани, како и медреси (средни училишта за исламска теологија).[575]

Во овој период реформите кои биле преземани во Турција од страна на раководството предводено од Кемал Ататурк од некои претставници на муслиманскиот клир на овие простори биле сватени како борба против муслиманската вера, тие делувале сред муслиманското население, повикувајќи го да не се сели во Турција, нарекувајќи ја Турција безбожничка земја, каде не постои морал и не се почитувале верските слободи и права. Во ваквата активност предничел Ата Оџа кој заради своето делување морал да ја напушти Турција и се населил во тогашна Кралска Југославија при што станал прилично влијателен меѓу турското и останатото муслиманско население. [576]

Сиот тој сплет на околности несомнено влијаел бројот на Турците кои се иселувале во Турција да се намали, особено во годините непосредно пред почетокот на Втората светска војна. Но тоа не значело дека тие престанале да се селат. Дел од турското население само временски го одлагало своето

---

[574] ДАРМ, ф. ЦК. КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60,а.е.7,

[575] Поопширно за верскиот живот на муслиманското население во Македонија меѓу двете светски војни види: Глигор Тодоровски, Осверт на верскиот и општествен живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето, ГИНИ, 40/2, Скопје,1996, 105-117

[576] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е.7; Глигор Тодоровски, Осврт за верскиот..., 116; Виолета Ачкоска, Братството и Единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје,2003, 224

селење. Бранот на иселување стивнал по 1934/1935 година кога еден добар дел на Турци и други муслимани се иселиле во Турција.[577] Во 1938 година била склучена и спогодба меѓу владата на Милан Стојадиновиќ и Турската влада за иселување на турското население од Југославија[578], но политичката нестабилност и брзиот почеток на Втората светска војна го запрело реализирањето на оваа спогодба.

Начинот на иселување на турското население е карактеристичен по тоа што безмалку ниту една турска фамилија не заминувала целата наеднаш. Најнапред одел еден дел од фамилијата, а по одреден период, можеби и неколку години, се иселувале и останатите членови на семејството. Овој начин на иселување се практикувал пред се од економски причини, да се зачува стариот имот додека првите иселеници не обезбедат средства за целата фамилија. [579]

---

[577] Миленко.С Филиповић, Етничке прилике у јужниј Србији, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопје 1937, 426; Иселувањето на муслиманското население во некои области било со умерен интензитет. Така од селата населени со албанско население во Кумановско и Прешевско, за периодот 1912-1940 година, се иселиле 53 семејства во Турција, што во однос на вкупниот број на населението било незначително.( Јован Ф. Трифуноски, Кумановско-Прешевска Црна Гора, Насеља и Порекло Становништва, књига, 33, Београд, 1951, 111 ). Но во некои области иселувањето на муслиманското население меѓу двете светски војни било помасовно. Во Скопско Морани, населено со албанско население после Првата светска војна во Турција се иселиле 64 семејства, но 12 веднаш се вратиле по што бранот на иселување не продолжил. Од оваа област масовно се иселувале и Македонците муслимани. Од Држилово меѓу двете светски војни се иселиле 40, а од Умово 34 семејства, што било доста голем процент од вкупното население на селата. (види: Јован Ф. Трифуноски, Слив Маркове Реке-антропогеографски проматрања, Скопје, 108, 180, 184 )

[578] “Нова Македонија”, X,2.910, Братството и единството меѓу македонскиот народ и националните малцинства веќе стана нешто природно во свеста на луѓето

[579] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е.7

## *11.1 Иселувањето по Втората светска војна*

Првите години по ослободувањето повторно, но сега поединечно продолжил процесот на иселување во Турција. Покрај редовните барања за иселување, кои најчесто биле одбивани од страна на властите, било забележано бегање преку границите на припадници на турското малцинство. Во овој период , непосредно по завршување на војната и воспоставувањето на новата власт тенденциите за иселување најчесто биле доведувани во врска со верските и национални чуства.

Процесот на иселување во Турција по Втората светска војна првично започнал во Бугарија и Грција. Овие земји процесот на иселување на Турците го поттикнувале во услови на тогаш заладените бугарко-турски и грчко-турски односи. Бугарија во првата половина на 1950 година, побарала од турската влада да прифати 250.000 Турци, бугарски државјани. Во овој период добар дел од турското население ја напуштил Бугарија.[580] Всушност Бугарија и Турција уште во октомври 1925 година, потпишале меѓусебен договор со кој се обврзале дека нема да го попречуваат доброволното иселување на инородното население што живеело во двете држави.[581] Токму затоа и Бугарија по Втората светска војна, барала од Турција да ги прифати бугарските државјани од турско потекло. Статистичките податоци покажуваат дека во периодот 1948-1951 година, Бугарија ја напуштиле околу 150.000 Турци, а во периодот 1969-1978 уште 130.000 Турци се иселиле во Турција.[582]

---

[580] Глигор Тодоровски, Демографските процеси во Македонија предизвикани од иселувањето на Турци во педесетите години, Гласник на ИНИ, 41/1-2, Скопје, 1997,64

[581] Стојан Киселиновски, Ирена Ставови-Кавка, Малцинствата на Балканот (XX век), Скопје, 2004, 145

[582] Иселувањето на Турците од Бугарија продолжило и кон крајот на осумдесетите пред големите политички промени, при што само во 1989 година од Бугарија во Турција се иселиле уште околу 300.000 Турци. (Владимир Ортаковски, Меѓународна положба на малцинствата, Скопје, 1996, 280) Токму заради вака масовните и чести иселувања на Турците

Вакво договорно иселување на турското население меѓу Југославија и Турција не постоело, а во партиските анализи и извештаи за прашањето на иселувањето на турското население се вели дека овој процес може да се подели на два периоди: до 1952 година кога отпуст од државјанство не се давал на лица од турска националности, иако биле поднесувани повеќе молби за иселување, позитивно не било решено ниту едно барања и периодот по 1952 година, кога бил дозволен отпустот од државјанство кога всушност и започнува иселувањето.[583]

Во текот на 1948 година, десетина фамилии поднеле молби за отпуст од државјанство, барањата продолжиле и во наредните години но сите биле негативно решени. На почетокот на 1952 година, позитивно биле решени седум молби поднесени во претходниот период, што било поттик за зголемување на бројот на лицата кои барале отпуст од државјанство. Во 1952 година, позитивно било решено барањето на 35 фамилии со над 150 лица.[584] До крајот на 1953 година биле решени молбите за отпуст од југословенско државјанство на 922 фамилии со 2.404 лица. Најмногу барања за отпуст од државјанство во овој почетен период на иселување имало од Скопје и околните места, а меѓу нив имало земјоделци, занаетчии и помал број на работници.[585]

Партиските анализи зборуваат за одредено пропагандно дејствување од страна на Турција, но и на како што се вели "антикомунистичка пропаганда", која поаѓала од премисите дека со доаѓањето на новата власт ќе се забрани религијата, втемелените обичаи и др. Во прилог на ова одело и

---

и покрај високиот природен прираст нивното учество во вкупното население на Бугарија во текот на целиот XX век останува на ниво од околу 10%.

583 ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-49,а.е.3, Анализа за иселувањето на турското население.

584 ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ , к-125,а.е.5. Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од територијата на Народна Република Макадонија

585 "Нова Македонија" , X, 2.910,28.03.1954, Братството и единството меѓу македонскиот народ и националните малцинства веќе стана нешто природно во свеста на луѓето

донесувањето на Законот за забрана на носење на зар и фереџе од јануари 1951 година [586], создавањето на селските работни задруги, укинувањето на себијан мектеби (основни верски училишта). Напоредно со ова некои иселеници во Турција апелирале кај Турската влада да се преземат мерки за иселување на нивните роднини од Југославија.

Доколку го анализираме социјалниот состав на иселениците во почетните години на иселување1952/1953 година, може да се констатира дека преовладувале луѓе од чаршијата кои сметале дека во Турција ќе можат да продолжат со својата работа. По ослободувањето со мерките кои ги преземале властите за воведување на т.н социјалистичко стопанисување на трговците им било оневозможено да се бават со слободна трговија. Најголем дел од нив имале сочувано дел од својот капитал, со што сметале дека би можеле да продолжат со трговијата во Турција. Сличен бил случајот и со занаетчиите, во почетокот на педесетите години во Турција индустријата била доста слабо развиена, така што занаетите таму сеуште добро просперирале.

Дури кон средината на педесетите години за засилил процесот на иселување на селаните и тоа на почетокот во Источна Македонија и Повардариeто, едноставно од страв дека ке останат сами бидејки од Штип, Велес и други градови Турците веќе масовно се селеле.[587] Овде мошне силно влијание имал и психолошкиот момент, кој понекогаш бил посилен од економските или политичките причини.

Лицата кои добиле отпуст од државјанство најчесто се селеле после приемот на уверенијата за отпуст од југословенско државјанство.

---

[586] Закон за забрана на носење на зар и фереџе, “Народна задруга”, VI/184, 12.01.1951 .

[587] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е.7 Според социјалниот состав, иселените во Турција до крајот на 1953 година биле: работници 232, занаетчии 215, земјоделци 202, службеници 84, студенти и ученици 24, и слободни професии 8 лица. Овде станува збор за професијата на главите на семејствата, бидејќи бројот на иселените лица во 1953 е доста поголем.

*11.2. Постапка при иселување*

Кон крајот на 1951 година, кога властите започнале со давање на отпусти за државјанство, на сите кои тоа го побарале им било дадено. Во целата 1952 година, исклучок биле само три фамилии од Кичево. На почетокот барателите отпустот го добивале после долго чекање, односно ниту еден предмет не бил решен побрзо од шест месеци. Оваа спорост доаѓала од таму што било отежнато давањето мислење за барателите од страна на УДБ-а.[588]

Со тек на времето решавањето на ваквите предмети одело многу побрзо во споредба со предходните години. Најчесто за решавање на еден предмет било потребно да поминат два до три месеци од поднесување на молбата до добивањето на решението за отпуст. До вакво забрзување на постапката меѓу другото дошло и заради подобрените односи меѓу Југославија и Турција, како и од дадените упатства од страна на Сојузниот секретаријат за внатрешни работи и на Извршниот совет на НРМ. Според упатството на Сојузниот секретаријат отпустот од државјанство можел да биде даден на секое лице доколку во фамилијата на барателот се употребува турскиот јазик и доколку после 1944 година, пред надлежните државни органи се декларирале како Турци.

Како припадник на турското национално малцинство се сметало само она лице кај кое ќе се стекнале и двата услова со тоа што во поглед на вториот услов било потребно лицето континуирано да се декларирало како припадник на турската националност.[589] Била скратена и процедурата за давање на мислење од страна на органите на УДБ-а.

---

[588] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-49,а.е.34,Отпуст од државјанство на ФНРЈ на лица по народност Турци

[589] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128,а.е.5, Информација за иселување на припадниците на турското национално малцинство од територијата на Народна Република Македонија

Самата пак постапка за иселување била следната: Лицата што барале отпуст од државјанство на ФНРЈ за иселување во Турција, најпрвин добивале гаранција, односно потврда од своите роднини во Турција преку турскиот конзулат во Скопје. Потоа лицата биле повикувани во конзулатот каде им се врачувала потврдата со што се гарантирал нивниот прием во Турција и во турско државјанство. По добивањето на оваа потврда заинтересираните почнувале да ги вадат потребните документи. [590] Во согласност со Законот за државјанство молителот кој барал отпуст од државјанство требало да има наполнето 18 години и да ги исполнил своите обврски кон државата. Освен тоа според овој Закон барателот за отпуст морал да достави и гарантно писмо од државата во која се иселувал дека таму добил државјанство или ќе добие, за да можеле државните органи да го усвојат неговото барање за отпуст.

Комплетните документи биле предавани во Секретаријатот за внатрешни работи, каде по решавањето на предметот се добивале патни исправи пасоши и визи. Проблеми се јавувале само во случаите кога барателот не доставувал судски пренос на продадената недвижнина заради што и не можело да му се издаде уверени за отпуст од државјанство. Тие тешкотии произлегувале главно заради тешко наоѓање на купувачи ( и покрај ниската цена во некои региони)[591] или заради тешкотијата да се наплати договорената сума, бидејки често купщите го одолговлекувале плаќањето, заради што сопствениците не сакале да извршат судски пренос на недвижноста. Но ваквите случаи не биле пречка иселувањето да се одвива релативно брзо.

---

[590] За да се изваделе сите потребни документи биле потребни околу 20.000 тогашни динари за едно лице што не била сосема мала сума.( ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-72,а.е.1

[591] За колку ефтино се купувале имотите на иселениците најдобро зборува примерот дека во околината на Скопје една турска куќа со два хектара земја била купена за 50.000 динари (Јован. Ф Трифуноски, Бошњаци у Македонији, Географски преглед, Сарајево,1961)

*11.3. Засилување на процесот на иселување*

Процесот на иселување се засилува во 1954 година, особено по изјавата на Лазар Колишевски за весникот "Нова Македонија", од 28-ми март 1954 година, за можноста за иселување. [592] Оттука и во партиските анализи кога се зборува за иселувањето се зборува за периодот пред и по овие изјави.[593] Колишевски во своето интервју нагласува дека не се сложува со терминот иселување, бидејки во овој процес не постоела никаква принуда врз населението кое сакало да ја напушти Југославија.

Зборувајки за причините заради кои ова население барало отпуст од југословенско државјанство со цел да се иселат во Турција Колишевски вели: "Што се однесува до причините заради кои се бара отпуст од државјанство можам да речам дека се тие прилично разбирливи. Пред се тоа се роднинските врски, верски побуди под влијание на реакцијата за одење во Турција, најпосле чувството до кој степен еден дел од турското малцинство ја сватило нашата заедница како своја, бидејки тоа малцинство е сепак турско припадник на една одредена нација и доколку тоа чувство за оваа наша социјалистичка заедница е поголемо дотолку ќе бидат помали и тенденциите за нејзино напуштање."[594]

За иселувањето се зборувало и во Сојузното собрание, односно пратеникот од Косово Хавзи Сулејмани поставил прашање дали Сојузната влада се согласува со ставовите на Колишевски за иселувањето, на што му било одговорено дека ставовите на Колишевски не се во спротивност на политиката на сојузната влада ( во смисол на поврзување на иселените семејства) и дека иселувањата од овие простори не се нова појава, како и дека иселувања има и од страна на Македонците во Австралија или Канада.

---

[592] "Нова Македонија" , X, 2.910,28.03.1954, Братството и единството меѓу македонскиот народ и националните малцинства веќе стана нешто природно во свеста на луѓето.; Драган Кљакиќ, Времето на Колишевски, Скопје 1994, 250

[593] Виолета Ачкоска, Братството и единството,....276

[594] "Нова Македонија" , X, 2.910,28.03.1954

Лазар Колишевски примил и писмо од турскиот амбасадор во Белград, Агах Аксел, кој пишувал дека со голем интерес ја прочитал изјавата на Колишевски за прашањето околу давањето на отпуст од државјанство на Турците, при што ја оценил како коректна и вистинита.[595] До овој период иселувањето по некогаш било оценувано и како непријателска дејност,но по овие настани било оценувано дека "...не постојат никакви оправдани политички или економски причини за некаква интервенција на народните власти против иселувањето воопшто, или за ограничување на истото."[596] Се разбира и на Турција и биле потребни занаетчии, како и квалификувани стручни кадри, па и земјоделци по финансиската помош што турската влада ја примила од САД, во индустријата и земјоделството, како стратешки партнер во тогаш блоковски поделениот свет. За процесот на иселување најдобро зборуваат бројките, односно решенијата за отпуст од државјанство: Во 1951 година биле регистрирани само 31 иселено лице; 1952 година, 153 лица; 1953 година, 1.939, лица, но до драстично зголемување доаѓа 1954 година, со 17.396 иселени лица; во 1955 година, оваа бројка го достигнала својот максимум со дури 38.045 отпусти од државјанство односно иселувања, по што од 1956 година, процесот на иселување започнал умерено да слабее со 28.816 иселени; во 1957 година, имало 27.432 иселени; во 1958 година, бројката сеуште паѓала и имало 23.626 отпусти од државјанство, а до 15 март 1959 биле регистрирани 6.362 иселени лица.[597] Вкупниот број на граѓани кои добиле отпуст од југословенско државјанство, односно се иселиле во наведениов период бил 143.800 лица.

Меѓу иселените најголем број според архивските податоци биле Турци, но меѓу нив имало и доста исламизирани Македонци и Албанци, или како во овој период најчесто се нарекуваат во државните документи Помаци, или

---

[595] Драган Кљакиќ, Op. cit, 251

[596] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства,к-72,а.е.1

[597] ДАРМ, ф. ЦК.КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128,а.е.5, Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од територијата на Народна Република Македонија, 24 август 1959

Торбеши. Од иселените заклучно со 1956 година, 22.646 биле турски семејства со вкупно 67.236 членови, имало и 4.643 семејства на Македонци муслимани со 13.926 членови и 1.464 албански семејства со 4.643 членови.[598]

До крајот на педесетите години се иселиле поимотните, кои полесно можеле да се снајдат во новата средина и да отпочнат приватна дејност во Турција. Исто така и високите такси условувале дел од населенито кое се подготвувало за иселување да се откаже од оваа своја намера. Влијание за видливото намалување на иселеничкиот бран веројатно имал и Законот за национализацвија на наемните згради и градежно земјиште донесен на 25.11.1959 година, според кои одреден број за сопственици веќе не можеле да ги продаваат своите имоти кои потпаѓале под одредбите на овој закон.[599] Од аспект на регионалното потекло на иселените лица најголемиот број потекнувал од просторите во чија структура имало висок процент на турско население до 1953 година, како што биле Скопје, Битола, Валандово, Виница, Делчево, Кичево, Куманово, Неготино, Прилеп, Радовиш, Свети Николе, Струмица, Велес, Штип.[600] Не значи дека процесот на иселување запрел кон крајот на педесетите години, навистина иселеничкиот бран осетно спласнал, но и во текот на шеесетите години имало барања за отпуст од државјансто и иселување во Турција. Според податоците од документацијата на Министерството за внатрешни работи и Заводот за статистика, во периодот 1961-1969 година, од Македонија се иселиле 44.757 лица од кои 10.299 биле Македонци. Вкупниот број на иселени лица за периодот 1961-1971 година, според некои проценки се движел 47.000 илјади, од кои 34.700 илјади или

598 ДАРМ, ф.Републички ГО на ССРНМ, к-40, Исељавање припадника турске националне мањине са подручја НРМ

599 Виолета Ачкоска, Иселувањето на Турците од НР.Македонија..., 100

600 Верица Јанеска, Современите меѓународни миграции, емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој, Скопје, 2001,167

близу три четвртини отпаѓале на иселениците кои заминувале во Турција[601] Како карактеристични ќе ги земеме 1968 и 1969 година кога според некои податоци отпуст од државјанстов и иселување во Турција побарале 6640 лица.[602]

Во подецнежните години барањата за иселување во Турција биле главно поединечни, пред се заради семејни причини, кога делот од семејството што останал во Македонија се селел заради спојување со фамилијата. По 1970 година, бројот на иселените во Турција осетно се намалува и статистичките податоци покажуваат 2.144 лица[603] Со тоа завршил еден доста динамичен миграционен процес на иселување на турското и останатото муслиманско население од територијата на Македонија, кој оставил траги и врз подоцнежната демографска слика и структура на македонското население.

И покрај брзото зголемување на турското население во периодот 1948-1953 година, што го покажуваат статистичките податоци за целиот понатамошен период Турците бележат постојано намалување, сразмерно на нивното иселување. Цели региони каде што живеело турското население регистрирано во 1953 година, за многу кратко време биле напуштени. Ќе наведеме само неколку карактеристични типични примери за процесот на иселувањето на Турците и причините за нивното повоено мигрирање од повеќе делови на Македонија.

Селото Бајрамбос географски лоцирано во изворошното подрачје на Анска Река на 16 километри од Валандово.[604] Ова село до Балканските војни

---

601 Димитриева Елка, Јанеска Верица, Особеностите на емиграционите движења од СР. Македонија во странство, Проблеми на демографскиот развоја на СР. Македонија, МАНУ, Скопје,1985, 337-353

602 Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија со посебен осврт на исламизираните Македонци, Скопје 2001, 390-391

603 Димитриева Елка, Јанеска Верица. Op.cit, 340

604 Митко Панов, Енциклопедија на селата во Македонија, Скопје, 1998,17

било релативно големо со околу 120 куќи, а главен извор за егзистенција на населението било козарството. Во периодот 1923/1924 година, еден дел од населението започнал да се сели во Турција, но голем дел се откажале заради промените кои настанале во оваа земја, пред се заради започнатиот процес на одбулување на жените. Инаку од гевгелиско-валандовскиот регион за време на предвоена Југославија според некои анализи се иселиле над 1.300 Турци[605] За време на Втората светска војна иселување безмалку и да немало, но по ослободувањето во ова село процесот се засилил. Конкретно за Бајрамбос и целета околија можеби клучно значење имала Уредбата за забрана на држење на кози односно ограничувањето на нивниот број.[606] После носењето на оваа Уредба селаните ја изгубиле основата на нивната егзистенција козарството. Иселувањето од селото се засилило, а во периодот 1953-1961 година, населението се преполовило.[607] Процесот продолжил и потоа така што во средината на деведесетите години селото имало само осум жители.[608]

Ова село можеби е добар пример за тоа кога започнал и кои биле причините за иселување на дел од селското турско население. Во Гевгелиско-валандовската област по носењето на Уредбата за забрана на козите биле уништени над 11.000 кози, а процесот на иселување од селските подрачја се засилил. Само до 1954 година, молби за иселување поднеле 187 домакинства

---

605 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-60,а.е.3, Анализа на турското национално малцинство во Гевгелиска околија

606 ДАРМ, ф. Претседателство на влада на НРМ, к-20, Уредба за забрануење држење на кози односно за ограничуење на нивниот број 17.09.1947; Виолета Ачкоска, задолжителнио откуп во Македонија 1945-1955 Скопје 1995, 223-234

607 За иселувањето од селските средини и погледите на “обичните” селски луѓе на овој процес мошне сликовите е претставен во повеке прозни остварувања. Оваа тема и денес е актуелна особено за писателите кои творат на турски јазик во Макеоднија, види: Фахри Каја, ”Не ја гаси лампата”, Корени, iv/16, 2005,537-548

608 Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...53

со 1.320 членови.[609] Анализата на статистичките податоци тоа сликовито го потврдува. Ваквата појава била особено изразена во Источна Македонија. Пред започнувањето на иселеничкиот бран во 1953 година, во Валандовската околија биле регистрирани 4.474 Турци, осум години подоцна нивниот број бил намален на 1.374.[610] За истиот овој период се иселило речиси целото турско население од едно од најголемите села во Пелагонија, Кременица, како и од селото Блатец, Виничко [611] Исти или слични се примерите и со селата во Повардариeто. Во селото Иванковци, Велешко каде заедно со Македонците, живеело и турско насеелние, за предочениот период тоа целосно го напуштило селото така што во 1961 година, не бил попишан ниту еден Турчин.[612] Во Делчевско од 5.706 Турци во 1953 година, по осум години биле попишани 875.[613] Осетно намалување на турското население имало и во Овче Поле. Во областа околу Лозово во 1953 година, имало 5.546 Турци,

---

[609] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-60,а.е.3

[610] Ibidem

[611] Кременица било доста големо село населено Турци, српските власти во 1913 го регистрирале со 2403 жители (Речник места,...21), во 1953 година, значи непосредно пред иселувањето селото имало 2077 жители од кои 2023 Турци, (Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962, Скопје, 1964) Веќе на наредниот попис во 1961 година во селото имало 113 Турци, Несметајки го природниот прираст од селото се иселил 95% од Турците. Слично е и со селото Блатец, Виничко од каде за периодот 1953-1961 година се иселиле близу 90% од жителите Турци, односно нивниот број сенамалил од 2.068 на 235 ( Ibid,...45)

[612] Во селото 1953 живееле 1.830 жители од кои 525 Македонци, и 1.298 Турци, кои за неколку години целосно се иселиле од селото Опширен опис за селото Иванковци и н неговите население дава (Миљенко. С Филиповић, Северна Велешка Села, СЕЗ, књ. 51,Београд, 1935) Ист бил случајото и со селата Долно и Горно Каласлари, Мамутчево, Кумарино, Крушје, како и со Горно Оризари и Црквино каде по иселувањето на Турското населени се населуваат бројни доселеници од Санџак.

[613] Турското население живеело во самиот град делчево и во околните села Вирче, Габрово, Звегор, Град, Стамер, Тработивиште и др. (Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...87-88)

додека во 1961 останале 728, а нивото иселување продолжило и во текот на шесетите години.[614]

Турското население се иселувало и од Струмичко, Тиквешијата, и од пелагониските села. И Турците Јуруци главно населени во Радовишко и Штипско мигрирале во овој период. Во Радовишко нивниот број се намалил за 70%. Овде наведовме само некои покарактеристични примери кои даваат јасна слика за размерот на иселувањето на турскто население во педесетите години на дваесетиот век. Но овие примери зборуват главно за селските подрачја.

Иселувањето всушност започнало кај градското турско население, кај економски подобростоечките слоеви, односно кај занаетчиите и трговците, кои не ја гледале својата иднина во новиот социјалистички начин на стопанисување.[615] Во некои од градовите еден дел од Турците емигрирале уште во периодот меѓу двете светски војни, но сепак тие останале значаен фактор особено во чаршискиот живот.

Во Скопје се бележи нивни намалување во периодот 1953-1961 година, за околу десет илјади, со тенденција за натамошно намалување, а во Битола бројот на турското население во овој период се намалил речиси за половина.[616] Ист бил случајот и со Кичево иако таму најголем дел од декларираните Турци по потрекло биле исламизирани Македонци, а еден помал дел и Албанци. Намалување на турското население бележел и Охрид, иако не во толкав обем. Во споменатата област Жупа постоело континуирано иселување на турското и муслиманско население по балканските војни. Ќе го спомeнеме само селото Коџаџик кое до 1912 година било седиште на нахија, а при крајот на XIX век имало 1.250 жители.[617] Заради постојаното иселување (до средената на педесетите год. на XX век, во Турција се иселиле околу 100

---

614 Ibidem,...170

615 Виолета Ачкоска, Иселувањето на Турците,...90-92

616 Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962,42

617 Васил Кънчов, Избрани Произведения...,561

семејства) селото во 1954 година, имало 674 жители,[618] кога започнал нов процес на иселување, така што во 1961 година кога иселувањето речиси завршило во Коџаџик живееле само 110 жители[619], со што селото засекогаш ја изгубило улогата на центар на областа.

Сите овие статистички податоци даваат една јасна слика на обемот кој го имал иселеничкиот бран кон Турција во средината на педесетите години. Безмалку ниту едно место во Македонија кое било населено со турско или друго муслиманско население не останало пострана од овој процес.

### 11.4. *Промена на националниот идентитет кај дел од муслиманското население заради иселување во Турција*

Промената на националната припадност претставувал актуелен проблем кој како појава бил мошне изразен во периодот на педесетите години. Државните структури во Македонија оваа појава ја дефинирале како проблем кој постоел и кај муслиманското население, но и кај државната управа. За оваа појава биле заземени најразлични становишта но истите останале без резултати.[620] Имало примери каде во матичните книги таткото бил заведен како Албанец, а децата како Турци и обратно. Имало и примери повеќе браќа и сестри да бидат запишани со различна националност. Државните и партиските структури го поставувале прашањето, кои биле причините за едно вака широко прелевање на една националност во друга во зависност од пописните години.

Одговорот најчесто бил дека постоела една објективна основа за националната нестабилност и недооформрност на националните чувства кај

---

[618] Бранислав Русиќ, Жупа Дебарска..., 75

[619] Вкупно население на Република Македонија...,283

[620] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства,к-128,а.е.5

повеке слоеви на населението од муслиманска вероисповед.[621] Се констатира дека Албанците манифестирале прилично неедооформено национално чувство, со што всушност се изразувала и националната недооформеност на албанската нација, "како заради неразвиениот капитализам во Албанија, така и заради попречениот национален развиток во предвоена Југославија". Во своите анализи Комисијата за национални малцинства констатира дека Албанците за време на предвоена Југославија, биле потиснати како политички, така и економски. Биле вршени различни политички манипулации од страна на власта, со цел да не се развие националното чувство кај албанското население, плашејќи се од компактноста на албанските маси долж југословенско-албанската граница.[622]

За време на предвоена Југославија еден дел од градските чаршиски слоеви на Албанците, се прелевале во турското население, го учеле турскиот јазик, и се декларирале за Турци, како заради верскиот фактор, така и заради здобивање на некаков углед и достоинство.[623] Овие појави се разбира не останале без влијание врз процесот на националното определување на ова населенио во првите повоени пописи, особено кај оној дел од населението кое имало прилично лабилно национално чувство, односно кај оние лица каде што преовладувала верската идентификација. По ослободувањето дошло до една сосема нова политичка и општествена реалност која го разгорела процесот на национално издиференцирање и доофурмување. Со тоа муслиманското население започнало јасно национално да се определува.

---

[621] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства,к-71,а.е.1 Партиските структури констатираат дека во Македонија имало релативно малку " Ас Турци" но дека кон нив постојано се слевала прилично голема маса на Македонци со муслиманска вероисповед, кои биле прилично верски фанатизирани, без јасно определено национално чувство. (Ibidem,...5)

[622] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства,к-27а.е.56

[623] Ваква појава на асимилација на муслиманското население и негово прелевање во турското население била карктеристична за целиот период на османлиското владеење на овие простори.

Во 1948 година, овие национално лабилни елементи во муслиманското население главно гравитирале кон албанското население, бидејќи односите со Албанија во овој период биле прилично добри, при што се сметало дека декларирањето како Албанци им носи повеќе привилегии и заштита отколку ако се декларираат за Турци, во времето кога Турција била прилично непопуларна во југословенската јавност и третирана како земја од непријателски блог. Се разбира за ваквата национална ориентација основи постоеле уште за време на окупацијата, кога под власта на италијанско-албанските власти се вршело обединување на муслиманскиот елемент врз основа на големоалбанските идеи.[624]

Исто така во партиските анализи се констатира дека и еден добар дел од исламизираните Македонци во 1948 година, се декларирале за Македонци,[625] како заради вистински македонски чувства, бидејќи знаеле и зборувале само македонски, или заради тоа што се сметало дека времето се променило и Македонците ќе бидат владеачка националност.[626]

Но во 1953 година, кога се одржува вториот попис во Авнојска Југославија ситуацијата била битно променета на политички план во однос на 1948 година. После резулуцијата на Информбирото односите со Албанија осетно се влошиле, а Турција станала сојузник на ФНРЈ, по потпишувањето на Балканскиот пакт. Во меѓувреме верскиот фанатизам кај дел од турското население бил засегнат по донесувањето на Законот против зарот и фереџето. Сето ова несомнено се одразило врз националното определување на оној дел од муслиманското население со нестабилно национално чувство.[627] Во овој период се појавила и можноста за иселување во Турција, процес кој мошне силно влијаел врз добар дел од муслиманското население во неговото национално определување. Државните структури биле свесни дедка заедно со

624 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, 72,а.е.1

625 Тоа го потврдуваат и статистичките податоци (Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,…437-450)

626 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, Ibidem

627 Ibid,...7

Турците и извесен дел на Македонци со муслиманска вероисповед и Албанци заради наведените причини ќе покажат интерс за иселување во Турција. Се констатира дека "еден дел од нив покажува недвосмислена тенденција да се обезбеди за ова иселување со менување на својата национална припадност". За релативно кратко време биле дадени поголем број на молби за менување на националната припадност со што нивното решавање во судовите било отежнато, а целата процедура се одвивала прилично бавно. Заради ваквата ситуација Врховниот суд на Народна Република Македонија после определени консултации упатил писмо до Секретаријатот за внатрешни работи од 5-ти април 1954 година, постапката за утврдување на националноста да може да се врши во Секретаријатите за внатрешни работи. После ова исправката на националноста се вршела во тогашните секретаријати за внатрешни работи по околите.[628] Промената на националноста во матичните книги најчесто се изведувала со изјава на двајца "веродостојни сведоци". Во партиските анализи се заклучува дека начелно постоел став да се дозволи иселување во Турција на припадниците на турската националност кој во основа не бил проширен и на Албанците и на Македонците со муслиманска вероисповед, но дека кај еден дел од ова население јасно се оцртувале тенденции за иселување од најразлични причини, најчесто семејни и верски. Еден дел од ова население од 1956 година, па до почетокот на шеесетите се иселиле без да извршат промена на својата националност. [629]

До крајот на 1957 година, според интерните упатства на Секретаријатот за внатрешни работи било дозволено да се врши промена на националната припадност, во управна постапка врз основа на Законот за државни матични книги. Во исто време и околиските судови во Македонија решавале по предметите за промена на националната припадност во

[628] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-72,а.е.1
[629] Ibidem

вонпарнична постапка. Ваквата промена на националната припадност кај муслиманското население зело широки размери. [630]

Меѓутоа од почетокот на 1958 година, била запрена секаква промена на националната припадност, заради како што официјално се кажувало "немање на материјален пропис во законодавството". Судовите ги одбивале барањата за промена на националната припадност со образложение дека во Законот за државните матични книги не постоела таква одредба. Но откако судовите престанале да издаваат уверенија за промена на националната припадност граѓаните кои сакале да се иселат во Турција продолжиле сега своите барања да ги упатуваат до државните органи, па дури и до одредени раководители за кои веројатно верувале дека би можеле да интервенираат во полза на нивните барања, образожувајки ги своите барања со фактот дека имаат свои роднини порано иселени во Турција.

Голем број на граѓани лично или во вид на делегации доаѓале во Секретаријатот за внатрешни работи на Македонија, со барање да им се појасни како да добијат изводи од матичните книги на родените во кои ќе се наведе дека нивната народност е турска. Сето ова им било потребно на граѓаните бидејки од 1958 година, Турскиот конзулат во Скопје како да ги заоштрил прописите за издавање на турско државјанство, така што без изводите од матичните книги во никој случај не им се издавала потврдата за гарантиран прием во турско државјанство "весеки".[631]

Се разбира сето ова во многу допринело од крајот на педесетите години значително да се намали бројот на граѓаните кои се селеле во Турција.

---

630 Според податоците од Секретаријатот за внатрешни работи до крајот на 1957 година,СВР и околиските судови издале 9.494 дозволи за промена на националната припадност.

631 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128,а.е.5 Како пример за заострување на политиката за прием во турско државјанство на муслимани од Македонија и другите републики на Југославија ќе го наведеме и барањето од турскиот конзулат во Скопје кон некои грани во изводите од матичните книги на родените пред 6-ти април 1941 година, да се набележи и националноста, иако до 1941 година националноста ретко се пишувала бидејки се воделе верски матични книги.

Заоштрената политика на турските власти кон прашањето за емигрирање на муслиманите од просторот на поранешна Југославија и недозволување на промената на националноста во матичните книги од страна на управните органи на Македонија во многу влијаеле кај албанското и македонското население со муслиманска вероисповед да не продолжат со процедурата за иселување во Турција. Ваквите односи придонеле и многумина од турската националност да се откажат од намерата за иселување. Со тоа како што покажуваат и статистичките податоци миграционото движење ќе добие еден умерен карактер со тенденција за постојано намалување, за по неколку години иселувањето да се сведе на поединечни случаи најчесто од семејни причини.

Според некои проценки во проследуваниов период, најповеќе кон средината на педесетите од Македонија се иселиле помеѓу десет и осумнаесет илјади Македонци со муслиманска вероисповед.[632] Некои автори кои работеле на проблематиката за промената на националната определба кај дел од муслиманското население со цел побрзо иселување во Турција не го отфрлаат и социјалниот и психичкиот момент. Иселувањето на блиските роднини, пријателите, соседите, раѓало една верижна реакција и став дека ќе се остане сам по што многумина се одлучувале на иселување.[633]

Но сепак повекето автори се сложуваат дека верскиот фактор бил најсилната причина за ваквата појава обусловена од желбата и потребата за иселување во Турција. Добар дел од ова население не можело да прифати промените кои се вршеле во Македонија (колективизацијата во селото, аграрната реформа, отфрлањето на зарот и фереџето). [634]

Според тоа можеме да кажеме дека конзервативноста и традиционалноста на дел од муслиманското население во многу придонело

---

632 Нијази Лиманоски, Исламската религија и исламизираните Македонци. Скопје, 1985,99

633 Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени,...320

634 Виолета Ачкоска, Братството и единството,...220-225; Истата иселувањето на Турците од НРМ,...89-93; Глигор Тодоровски, Демографските процеси,...67; Драган Кљакиќ. Времето на Колишевски,...249

процесот на иселување да не остане само кај Турците по потекло и јазик, туку да се прошири и кај дел од населението кои својата муслиманска вера директно ја врзувало со турското име етнос, несомнено остаток од долговековното владеење на Османлиската империја на овие простори. Секако причините се повеќеслојни но наведените верски причини заедно со актуелниот политички момент најмногу придонеле за масовноста на иселеничкиот бран.

*11.5. Статистички податоци за промената на националната определба кај дел од муслиманското население во периодот 1948-1953*

Доколку ги анализираме статистичките податоци несомнено се потврдуваат иселеничките бранови особено од местата каде што турското население претставувало компактна група. Турците и покрај иселувањата за време на балканските војни, како и во периодот меѓу двете светски војни, ни од далеку не ја изгубиле својата етничка компактност и бројност како што било случај во Егејскиот дел на Македонија. Тие главно го населувале Повардариeто, Овче Поле, јуручките села на Плачковица, нивните населби се простирале во Струмичко, Радовишко, во помал број во јужните и централни делови на Пелагонија, како и во Скопско, Полог, па се до крајната западна турска етничка граница на Балканот обласа Жупа во Дебарско.

И покрај значајните етнички поместувања во градовите меѓу двете светски војни тие и понатаму претставувале значаен дел од населението во некои градски населби.[635] Турското население претставувало значаен дел од населението на Скопје, каде што во 1948 година живееле 13.928 Турци, или

[635] Јов,Ф Трифуноски, Македонска градска насеља, Београд, 1947,49

безмалку 16% од вкупното население.[636] Тие претставувале и една четвртина од населението на Охрид, а биле застапени и во сите поголеми градови.[637] Турците живееле во поголеми групи во Радовишко, Кочанско и Повардариeто. Според овие податоци од 1948 година, во некои градови во Западна Македонија (Гостивар и Тетово), безмалку целосно изостанува турското население. Карактеристично е дека целото население кое во претходниот период се чувствувало и декларирало за турско[638] од низа политички причини и притисоци кои биле вршени од некои албански националисти се декларирале за Албанци. Ваква појава имало и во другите делови на Западна Македонија но во помали размери.

Меѓутоа статистичките податоци по само пет години ни даваат една коренито различна етничка слика на населението во Македонија. Кои се причините за оваа појава? Еден дел од причините биле од политички карактер, односно подобрување на односите меѓу Југославија и Турција, кои се одразиле и врз декларирањето на дел од населението на пописот 1953 година. Но од друга страна не смееме да заборавиме дека дел од муслиманското население сеуште ја немало јасно дефинирано својата национална свест, односно ја немало диференцирано својата етничка од верска припадност. Токму поради ова на повеќе пописи населението во повеќе населени места кое било со македонско или албанско потекло се декларирало за турско. Тоа го потврдуваат низа статистички податоци.

Ќе започнеме со Скопската област. Во сливот на Маркова река се наоѓа областа наречена "Торбешија" со шест села населени со Македонско

---

[636] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix. Stanovništvo po narodnosto, Beograd 1954, 447

[637] Според податоците од пописот во 1948 година, на територијата на Македонија живееле 95.940 Турци што претставувало 8.32% од вкупното население. Веќе на наредниот попис во 1953 година овој број значително ќе се зголеми.

[638] Rudolf Petrovič, Polog-Antropogeografko proučavanje, Zagreb 1942

население со муслиманска вероисповед.[639] Додека во 1948 година, безмалку целото население од наведените села се декларира за македонско околу 4500 жители[640] веке во 1953 година, најголемиот дел од населението се изјаснило како турско[641] Меѓутоа ова не е појава која се јавила само кај македонското население со муслиманска вероисповед. Истата промена на националното определување се случува и кај албанското население. На истиот овој простор во некои села речиси половина од албанското население се декларирало за турско. [642]

На просторот на Скопска Црна Гора каде што воопшто не живеело турско население ниту во периодот пред балканските војни[643] во 1953 година, за Турци се декларирале 1.961 жители од селата Брест, Танушевци и Блаце.[644] Се разбира набројувањето на ваквите примери би одземало многу простор па ги наведуваме само најкарактеристичните.

Оваа појава била карактеристична за сите области од Македонија каде што живееле Македонци со муслиманска вероисповед. Во Долна Река каде што живеело само македонски население (муслиманско и православно) во

---

[639] Станува збор за селата Долно Количани, Пагаруша, Држилово, Елово Цветово и Умово. Детални описи за овие села за нивното население и историја оставиле: Васил Кънчов, Македонија етнографија и статистика, София, 1900, Материјали по проучването на Македоиния София, 1896, Јован Хаџи Васиљевић, Скопље и негова околина, Београд, 1930, Јован Трифуноски, Слив Маркове реке-антропогеографска проматрања, Скпље 1958

[640] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix. Stanovništvo po narodnosto, Beograd 1954, 446-447

[641] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност, по општини и населени места, според пописите, Скопје 1996, 271-273

[642] Таков е случајот со селата Алдинви, Црн Врв, Горно Количани каде од 872 жители, 835 се декларирале за Турци ( за потеклото и етничката припадност на населението во Горно Количани види: Јован Хаџи Васиљевић, Скопље и негова околина, Београд, 1930, 289-290)

[643] Светозар Томић, Скопска Црна Гора, Антропогеографска и етнографска студија, Српска краљевска академија,Насеља српских земаља, Београд, 1905

[644] Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962,42

наведената година, 2.802 жители се декларирале за Турци, а на овој простој ваквата појава продолжила и во наредните пописи.[645]

И во областа Жупа[646] и во Дримкол добар дел од македонското население со муслиманска вероисповед се декларирало за турско. Такви појава имало во селата Лабуништа, Подгорци, Октиси[647] Ист е случајот и со селата Урвич и Јеловјане во Тетовско каде во 1948 година, речиси сите се декларирале за Македонци (во Јеловјане сите 893 жители),[648] додека во 1953 година, од вкупно 2.094 жители дури 2.009 се декларирале за Турци.[649] Заслужува да се наведе и примерот на селата Пласница и Преглово населени со Македонци муслимани,[650] кои вкупно во 1948 година. имале 2.114 жители од

---

645 Ibidem, 237-239

646 Географски релативно малата област Дебарска Жупа е особено податлива за процесот на иселување на турското и македонско население по 1912 година. Од оваа област во периодот 1913-1954 година се иселиле 323 турски и 87 македонски муслимански домакинства. Процесот бил најсилен меѓу двете светски војни. Во овој период се иселиле 291 турско домакинство и 69 домакинства на македонци муслимани Најголем број на овие домакинства се иселиле во Турција. Интересни се забележувањата на истражувачите кои причините за иселувањето по 1912 година, ги гледаат во желбата на вТурците да живеат во турската држава меѓу своите сонародници со иста вера и јазикг Кај Македонците муслимани бидејќи верата успеала да го искорени чувството за македонското потекло, причината за иселување во Мала Азија во основа е исто како и кај Турците по потекло. (Бранислав Русиќ, Жупа Дебарска, Скопје, 1957, 35-38) Од оваа област иселувањето продолжило можеби уште помасовно и по 1954 година. Во периодот 1953-1961 година, бројот на населението во областа се намалил од 6.119 на 4.398 жители.

647 Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962, 67

648 Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix. Stanovništvo po narodnosto, Beograd 1954, 449

649 Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...125-126

650 Нијази Лиманоски, Исламизацијата и етничките промени во Македонија, Скопје, 1993 Јован хаџи Васиљевиќ, Муслимани наше крви, Београд, 1924

кои 2.110 се декларирале за Македонци, а немало ниту еден Турчин,[651] но веќе во 1953 година, најголемиот дел од муслиманското население на овие две села се изјаснило за турско, односно се појавиле 1.934 Турци.

Доколку ги анализираме првите два повоени пописи во Македонија од 1948 и 1953 година, ке забележиме дека националното определување особено кај населението со муслиманска вероисповед е доста флуктуирачко. За оваа констатација има повеќе примери.

Во Прилепско во селата каде живее македонско население со муслиманска вероисповед и македонски мајчин јазик Лажани, Дебреште и Пешталево[652] во 1948 година населението се декларирало за турско во селото Пешталево, а во најголем број за албанско во Лажани и Дебреште.[653] За само пет години во 1953 година, муслиманското населението на овие три села во најголем број (преку 90%) се декларирало за турско.[654]

И на ово, простор тоа не случај само со Македонците муслимани, туку и со Албанците. Во околината на Прилеп и Крушево има повеќе села населени со албанско население[655] Сите тие на пописот од 1948 година, се декларирале во најголем број за Албанци, но во 1953 година, безмалку целото население од наведените села се декларира за турско.[656] Токму за овој простор се говори во еден извештај на ЦК во кој се наведува дека населението од муслиманска вероисповед немало искристализирана национална свест. Се констатира дека во Велешка, Прилепска и Битолска

---

[651] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix. Stanovništvo po narodnosto, Beograd, 1954, 437

[652] Јован Трифуноски, Битољско-Прилепска котлина, 24

[653] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine...,448

[654] Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962, 9

[655] Црнилиште, Десово, Житоше, Борино, Саждево, Белушино, Норово, Алданци, Јакреново, Пресил. Во некои од овие села живееле и Македонци , а во педесетите години откако иселеничкиот бран за Турција го зафака и овој простор во селата Десово и Житоше се населиме муслимани од Санџак. Муслиманско население се населило и во Лажани, а во помал број и во други села од овој крај.

[656] Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962

околија има села во кои дома се говори “шиптарски” а се чувствуваат за Турци. Кај ова население постоела голема желба за иселување во Турција.[657] Слична состојба имаме и во Велешко. Тука во сливот на реката Тополка до средината на педесетите години во селото Горно Врановци живееле безмалку 4.000 исламизирани Македонци. Во 1948 година, сите 3.354 жители се декларирале за Македонци, но во 1953 непосредно непосредно пред да започне иселеничкиот бран за Турција од вкупно 3.847 жители, 3.780 се декларирале за Турци.[658] Почнувајки од 1953 година, ова дотогаш најголемо село со исламизирани Македонци се празнело, а во него се населувало главно албанско население од Косово или блиските албански села Горно и Долно Јаболчиште.[659] За овој простор е карактеристично дека селото Мелница е едно од ретките населени места со исламизирани Македонци, каде населениието и 1948 година, се декларирало за турско. [660]

---

[657] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к 60, а.е.7 Интересно е да се напомене дека за споменатите селе се извршени и антропогеографски и етнолошки испитувања при што ед утврдено дека во селата Лажани, дебрештѕе и Пешталево етничката основа била во мнозинство словенска со примеси на турско и албански население. Истражувањата биле вршени во почетокот на педесетите години при што е утврдено дека во селото Дебреште 87% од населението било со словенско потекло, 9% од турско и 4% од албанско потекло, во селото Пешталево, 93% од населението било од словенско, а 7% од албанско и во селеото Лажани 45% биле од нетурско потекло, 27% со словенско потекло, 24 со албанско и 4 % со турско потекло. Поради истоветноста на муслиманската вера доселените Албанци и Турци кои биле застапени во помал број на овој простор набргу започнале да стапуваат во брачни врски со исламизираното македонско население и на тој начин благодарејки на својата бројност македонското население постепено го наметнало на турското и албанското население својот јазик носија, обичаи и др.

[658] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...285

[659] Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени во Македонија од крајот на XIV век до балканските војни, Скопје 2000, 294-295

[660] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix. Stanovništvo po narodnosto, Beograd 1954, 450

За да биде појасно така драстичното зголемување на турското население што ни го покажуваат статистичките податоци за периодот 1948-1953 година, мора да се опфати и Карадачкиот регион, односно просторот на Кумановско. На овој простор каде што живеее албанско население заедно со Македонци и Срби[661] без градот Куманово во 1948 година, имало 17.669 Албанци и 883 Турци[662]. Албанското население е сконцентрирано највеќе во селата на подножјето на Скопска Црна Гора од каде полека се населувале во селата во кумановското поле и во самиот град. Меѓутоа во 1953 година, најголемиот дел од албанското население се изјаснило за турско. Од вкупно 18.070 жители на Липковскиот крај 4.111 се изјасниле за Албанци, а дури 12.743 за Турци[663] Ваквото национално изјаснување на ова население било карактеристично и за 1961 година, по што на наредните пописи речиси целосно се попишува за албанско што само по себе претставува една социолошка појава податлива за анализирање. Се разбира вакви примери има повеке особено во градовите но таму е потешко да се следи целото население заради бројноста, но и заради етничките прелевања кои настанале во претходните периоди. Како карактеристични примери ке ги наведеме веќе споменатите градови Тетово и Гостивар. Во Тетово во 1948 година, имало 17.259 жители, од кои 5.992 Македонци, 9.975 Албанци и 302 Турци. [664] Но во 1953 година, бројот на турското население значително бил зголемен, односно сега биле регистрирани вкупно 20.209 жители, од кои 7.575 Македонци, 7.155 Албанци и 4.470 Турци[665]

---

[661] За историјатот и потеклото на населението на овој простор поопширно види: Јован.Ф Трифуноски, Скопска и Прешевсака Црна Гора, Београд 1951 (ова е Докторската дисертација на д-р Трифуноски одбранета на белградскиот универзитет), Јован Хаџи Васиљевић, Јужна Стара Србија, књ. I Кумановска област, Београд 1909

[662] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,…443-444

[663] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...167

[664] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,…450

[665] Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM, spored administrativno-teritorijalnata podelba od 9-II-1962

Ист е случајот и со градот Гостивар, каде безмалки целото турско население во 1948 година, било попишано како албанско,[666] односно од вкупно 7.832 жители, 1.911, биле Македонци, 5.333, Албанци и само 53 жители Турци, што секако е нереална бројка. Но веќе во 1953 година, градот нараснал на 9.509 жители, од кои 2637 Македонци, 4313, Албанци, и 1.924 Турци[667] За различното изјаснување на етничката припадност најдобро зборува и податокот дека и покрај иселувањето на турското население во педесетите години веке во 1961 година, бројот на Турците во Гостивар пораснал на 4.349 и тие според овој попис биле повеќе во градот од албанското население кое сега броело 2.904 жители.Карактеристично е дека бројот на Турците останал речиси непроменлив до средината на деведесетите, додека бројот на Албанците значително се зголемил.[668]

---

[666] Сите историографски, етнографски или антропогеографски истражувања почнувајки од втората половина на деветнаесетиот и дваесетиот век зборуваат за значително присуство на турско население во градот Гостивар види: : Васил Кънчов, Македонија етнографија и статистика, София, 1900 513 , Материјали по проучуването на Македоиния София, 1896 427-431, Rudolf Petrovič, Polog-Antropogeografki prikaz, Zagreb 1942, 30 Според Кжнчов кон крајот на XIX век, во Гостивар живееле 310 Бугари, 3100 Турци и 100 Арнаути, како и други народности. Во 1905 година, Гостивар го посетил српскиот етнограф Светозар Томиќ. Според неговите податоци во овој период во Гостивар живееле околу 3.400 жители од кои само 17 куќи биле христијански, а останатите муслимани. За потеклото на муслиманското насеелние на Гостивар Томиќ вели:"За Гостиварце неки веле да их има много пореклом Османлија, т.е правих Турака. Ну каквога порекла они били, они су данас и по говору и по оделу и по начину живота прави Арнаути" И податоците од 1921 година, зборуваат за значајно присуство на турско население во градот Гостивар. Според официјалната државна статистика во 1921 во Гостивар 3743 жители се изјасниле со мајчин јазик турски, наспроти 138 со албански (арнаутски) како го водела тогашната статистика
( Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 јануара 1921 године, Сарајево,1932, 117

[667] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...78

[668] Во 1994 година, во градот покрај другите националносто живееле 12.084 Македонци, 14.128 Албанци и 4475 Турци.

Овие статистички податоци само треба да потврдат дека во првите години по ослободувањето националната свест кај одреден дел од населението во Македонија била доста флуктуирачка за што постоеле и историски, но и реални политички причини. Тоа значи доколку бројките што ни ги даваат првите два повоени пописи ги анализираме некритички би можеле да дојдеме до сосема погрешни заклучоци.

Бројот на Турците од 95.940 во 1948 година, нараснал на 203.938 во 1953 година, т.е процентуално бројот се покачил од 8.32% на 15.63%. Се разбира дека овие бројки не ја покажуваат реалната етничка слика на Македонија во овој период. Бројот на Албанците во 1948 година, е 197.389 или 17.12% од вкупното население, додека во 1953 година, нивниот број опаѓа на 162.254 односно 12.45% од вкупното население на Македонија. Кои се причините за вака големата диспропорција на овие две националности за еден релативно краток временски период.

Прво бројот на Албанците во 1948 година, е повисок од реалната бројка бидејки еден дел од Македонците со исламска вероисповед се декларирале за Албанци,[669] како и со веке наведените примери на Гостивар и Тетово, каде што градското турско население речиси во целост било попишано како албанско. Вакви примери веројатно во помали размери имало и во други места на Западна Македонија. Во 1953 година, оној дел од турското население кои претходно се декларирало за албанско повторно се слеало во рамките на Турците, а еден дел од Албанците како што видовме од најразлични причини ( најчесто затоа што ја поистоветувале својата религија со турскиот етнос, како и заради желбата на дел од нив за иселување во Турција) се декларирале за Турци.

Сето тоа неприродно го зголемил бројот на Турците за цели седум проценти за само пет години, а кон зголемување на нивниот број придонеле и

---

[669] Оваа констатација се однесува на некои села во регионото на Река, Велебрдо,Болетин, Јанче каде муслиманското население се води како албанско (Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine,...438-439)

Македонците муслимани кои речиси целосно особено во селските населби се декларирале за Турци.

### *11.6. Политички и економски аспекти на иселувањето*

Следејки го процесот на иселување државните структури најчесто заклучуваат дека "ова прилично масовно мигрирање тече политички многу мирно и нормално" и дека немало никакви возбудувања меѓу населнието, ниту пак имало раздвижувања во меѓунационалните односи.[670] Во основа иселувањето на турското население во педесетите години не била историски нова појава, така кај најголемиот дел од населението овој процес се прифаќал нормално. Мошне интересен за анализа е фактот дека миграциониот процес започнува во период кога на територијата на Македонија работеле 144 основни ( до четврто одделение) училишта на турски наставен јазик, со над 14.000 ученици и 326 учители.[671] Бројот на учениците и кадарот во осумгодишните училишта може да се каже дека бил задоволителен за тој период. Наставата во учебната 1951/1952 година, се изведувала во 14 училишта со 1.188 ученици и 54 наставници.[672]

Исто така и во поглед на културниот живот имало видливо напредување во однос на претходниот период. Се до 1953 година, имало еден нормален развиток и видна активност на повеке турски културно-уметнички друштва. Во градовите низ Македонија активно работеле 12 културно-просветни друштва со над 1.200 членови. Се разбира сета оваа активност почнала

---

[670] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-72,а.е.1

[671] Ibidem,...к-84,а.е.86

[672] Во наредната учебна 1952/1953 година, кога и започнува масовното иселување во Македонија имало 120 основни училишта и осмолетки на турски јазик, со 450 паралелки и 17.822 ученици. Малцинскиот народен театар во Скопје во 1952/53 година дал 44 претстави на турски и албански јазик, а претставите ги посетиле речиси 8.000 гледачи ("Нова Македонија", X, 2.910)

полека да спласнува како се зголемувал бројот на иселените лица, а во некои подрачја особено во Источна Македонија безмалку и да престанала сета активност.[673] Оттука во некои делови од политичкото раководство се поставувало прашањето зошто токму во периодот кога започнале да се решаваат малцинските и националните права на целото население, една прилично голема маса на граѓани да ризикува со своите животни интереси и да се иселува во неизвесност.[674] Заклучокот главно се движел во правец дека идејата и иницијативата за иселување се родила и развила во самото население во услови на остварена рамноправност, дури и во услови на одреден притисок од страна на властите против иселувањето.

Толеранцијата кон иселувањето се сметало дека не бил определен политички потег на властите за поттикнување на иселувањето, односно стихијата на ова движење имала многу подлабоки историски, верски и општествени корени, за да може да се објасни само со одредено назадоволство на турското население од определени состојби. Иселувањето создало и "определена пасивност" кај општествено-политичките организации и другите органи на власта во врска со решавањето на низа проблеми од општествен и културен карактер на турското население. Не се посветувало доволно внимание во решавањето на проблемите од сверата на образованието, како што било прашањето за оспособување на учителски и друг наставен кадар, одржување на постојани училишта на турски наставен јазик и др. Со мотивација дека наскоро ќе се иселат имало примери да не се доделат стипендии на деца од турското национално малцинство.[675]

Политичките последици од иселувањето започнале да се чувствуваат особено кај албанското население, односно кај еден дел од интелегенцијата (главно учителите), и кај дел од верските службеници кои биле повеќе национално ориентирани со тенденција да се направи платформа под

673 Ibid

674 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-72, а.е.1

675 Виолета Ачкоска, Братството и единството 1944-1974,...285

паролата муслиманското население да не се сели, особено да не ги напуштаат пределите на Западна Македонија, бидејќи во тој случај би останале малцинство и би изгубиле при еден иден референдум, кога населението би решавало дали да живее во состав на тогашна ФНРЈ, или пак да се приклучи кон Албанија.

Карактеристично е што и покрај фактот дека еден дел од албанското население се обидувало да добие одобренија за примање во турско државјанство преку менување на националноста, токму тоа придонело да се јави едно раздвижување особено меѓу дел од муслиманските верски службеници, кои во џамиите апелирале населението да не се иселува, да не се декларираат за Турци и сл. Кај дел од поекстремните националисти меѓу Албанците иселувањето се сметало за непријателски чин организиран од страна властите. Одредени учители барале начин како тоа да се спречи. Дури имало и предлог преку анонимно писмо да се заканат на турскиот конзулат во Скопје да не издава визи за иселување во Турција, па дури биле фрлани и летоци во кои се повикувало албанското население да не се сели во Турција.[676] Од друга страна имало и примери кога особено сред верските службеници да агитираат за заминување во Турција, или пак во Сирија каде сметале дека ќе имаат поголеми верски слободи. Меѓу турското и муслиманското население се лансирале пароли што побргу да се исели во Турција додека сеуште се отворени границите, или пак да се чека со заминувањето бидејќи од нивното заминување зависело која партија ќе победи на изборите демократската или републиканската.[677]

Во периодот непосредно пред почетокот на масовното иселување, како и за време на неговиот тек, се јавило бранување и во врска со отварањето на училиштата на турски наставен јазик во градовите и некои села во Западна Македонија. Во првите години по ослободувањето пред се заради пасивниот

---

676 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84,а.е.88, Некои прашања за непријателската дејност меѓу учители од шиптарското малцинство, 30.09.1955

677 Еден дел од турското население бил целосно неинформиран, па дури сметале дека во Турција ќе можат слободно да носат зар и фереџе, или чалми ("Нова Македонија", X, 2.910)

однос на надлежните органи во одредени места Турците и Македонците муслимани посетувале училишта на албански јазик. Само во Кичево и во дел од Дебарско, Македонците муслимани не се сложувале да ја следат наставата на албански јазик и барале училишта на македонски јазик.

Турците во Тетово го поставиле прашањето за училишта на турски јазик, а потоа вакви барања биле поставени и во Гостивар, како и во Тетовското село Теарце и Гостиварските села Горна и Долна Бањица и Врапчиште.[678] Сето ова предизвикало реакција кај дел од албанските националисти. Нивниот став бил дека власта сака да го наруши единството на албанските маси, и да го поттикне процесот на иселување. Имало и тврдења дека Партијата и власта ги подржувале Турците и нивните барања на сметка на интересите на Албанците.[679] Слободно може да се каже дека ваквиот став на одредени интелектуалци и раководители Албанци во врска со отворањето на училишта на турски јазик не бил карактеристичен само во периодот на актуелизацијата на прашањето за иселување во Турција. Напротив овој проблем бил актуелен и непосредно по ослободувањето. Особено некои тогашни раководители како што бил Неџат Аголи член на владата и на Президиумот на АСНОМ, се спротиставувале на отварањето на училишта на турски јазик. Карактеристичен пример бил градот Струга каде по негова интервенција и покрај препораката на обласниот Народноослободителен одбор од Битола за изведување на наставата за децата од турската националност на турски јазик до тоа не дошло. На приговорите зошто не се отвара училиште на турски наставен јазик се одговарало дека во Струга не живеат Турци.[680] Обиди за отварање на училишта на албански јазик имало и

---

[678] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ к-27,а.е.56

[679] Со цел да сеспречи отварањето на училишта на турски наставен јазик во западна Македонија главно од редовите на учителите се развивале разни теории дека всушност на тие простори не живее турско население. " Тука порано имаше Турци но кралска Југославија ги исели и нема потреба од турски училишта" или "Има луѓе во Гостивар и Тетово кои зборуваат турски, но тоа се само потурчени Албанци за време на турската империја" (Ibidem)

[680] Глигор Тодоровски, демографските процеси и промени,...331-332

во селата Октиси и Подгорци каде живеле само Македонци со православна и муслиманска религија.

Сето ова зборува дека полтичките импликации кои се јавиле кај дел од албанското население, особено кај учителите и кај дел од државните раководители своите корени ги имале од порано, особено искристализирани за време на окупацијата во Втората светска војна, за обединување на целото муслиманско население на просторите на Западна Македонија под албанскиот етнички чадор. Ваквите односи веројатно имале влијание и врз националното определување и прелевање на добар дел од Турците, Македонците муслимани и Албанците на првите два повоени пописи.

Националистичките испади не биле единствените проблеми кои се следеле од страна на државните структури во врска со ова прашање. Во Партијата се констатирало дека во местата каде во поголем број живеело турско население пред и за време на иселеничкиот бран дошло до пазивизирање на комунистите од турска националност, како и до пасивизирање воопшто на основните партиски организации во сите општествени должности. За потребите на државните органи кон крајот на 1958 година, биле прибрани податоци за иселените во Турција, а кои претходно работеле определени државни служби, како што биле: службеници на Секретаријатот за внатрешни работи, матичари, резервни офицери, членови на СКЈ и др.[681] Најголем дел од членовите на СКЈ по народност Турци во овој период се "пасивизирале". Еден дел поднеле и молби за иселување. Ваквата состојба можеби била уште поизразена и во селата каде живееле Македонци муслимани. Така во селото Горно Врановци, Велешко,

---

681 Меѓу иселениците според податоците од Секретаријатот за внатрешни работи имало: 7 службеници во СВР, 24 матичари, 49 милиционери, 97 резервни офицери и 610 членови на Сојузот на комунисти. Во бројот не биле вклучени податоците само од тогашната Скопска околија. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-128,а.е.5 Овие податоци од 1958 година можеби на некој начин зборуваат за тоа дека за иселување на се одлучувале само градските чаршиски слоеви, селаните или традиционалистички верски настроеното население, туку и луѓе кои биле етаблирани во тогашната управа и членови на Партијата.

дејствувала партиска организација со 73 членови. Со почнување на процесот на иселување целата организација се распаднала како и да не постоела.[682] Ова зборува за фактот дека членството во Сојузот на комунисти била само површна форма на делување меѓу ова земјоделско и изразито верски ориентирано население. Ваквите членови најчесто биле исклучувани од Сојузот на комунисти без некои големи процедури, освен во некои општински комитети кои ги повикувале своите членови кои се спремале за иселување, ги казнувале за неактивност или ги повикувале на партиска одговорност.

Процесот на иселување освен на политички, можеби уште повеке се одразил на економски план, се разбира во одредени аспекти на економското живеење. Во секој случај иселувањето на еден дел од населението кој имал свој допринос во економскиот живот не останало без определени последици. Во определени региони дошло до намалување на сточниот фонд, а големи парцели на квалитетно земјиште каде што се произведувале индустриски, градинарски и други култури во извесен преоден период останале необработени. Сето тоа имало свое влијание врз обимот, структурата и приносите во производството. Ваквите последици биле различни во определени реони и во многу зависеле од тоа кој ја преземал земјата од населението кое се иселувало, дали тоа биле земјоделци од истиот реон, со исти работни навики и познавање на условите за обработка, при што промената можела да биде безмалку без последици, или пак земјата била купувана од селани кои доаѓале од попасивните краишта кои имале сосема други работни навики и без познавање на конкретните услови за работа. Врз производството се одразувал и непродадениот имот на иселениците кој или не бил обработуван од никого, или доколку бил преземен од државата не биле преземени сите мерки за негово ставање во стопанска активност.

Заради ваквите проблеми кои се јавувале Државниот секретаријат за финансии при Извршниот совет на Македонија донел Одлука за корисниците

---

682 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-60, а.е.7

и условите под кои би се давале заеми за купување на недвижности од припадниците на турското национално малцинство кои се иселувале од Македонија.[683] Корисници на делот од средставата на Републичкиот инвестиционен фонд намемети за купување на недвижности и инвентар од припадниците на турското национално малцинство кои се иселувале од Македонија можеле да бидат политичко-територијалните единици, замјоделските стопанства, земјоделските задруги и земјоделските установи со самостојно финансирање. Средставата кои би ги добиле наведените организации требало да ги употребат за проширување на постојните земјоделски стопанства или пак за основање на нови поголеми но претходно морале да дадат определени гаранции за враќање на заемот.[684] Секретаријатот за финансии преземал низа мерки за точно евидентирање на иселените домакинства се разбира од причини кои го засегале овој ресор сепак целата евиденција се крајот на 1959 година, не била целосно средена. Особено била лоша состојбата во Штипската околина каде што имало и најголем број на иселени домакинства.

Со цел посеопфатно да го согледаат обемот на промените кои можеле да настанат со иселеничкиот бран државните органи се обидувале во втората половина на педесетите години да го проценат вкупниот имот на населението кои се иселувало, бидејки непостоел попис на имотот на овие граѓани. Се проценувало дека граѓаните од турска националност располагаат со близу 100.000 хектари обработлива земја, со околу 350.000 овци и над 80.000 глави крупен добиток.[685]

---

683 ДАРМ, ф. Извршен совет, к-85, а.е.7 Извршниот совет на Македонија оваа одлука ја донел во времето кога осетно се намалил бројот на иселениците во Турција. Се разбира за ова имало потреба бидејки одредени површини земја седеле необработени

684 Овој заем бил одобруван со рок на враќање од 20 години, и каматна стапка од 1% годишно. Отплаќањето на заемот започнувало од 1961 година. ( Ibidem)

685 Проценките се однесуваат на сите граѓани кои 1953 година се декларирале за Турци, а не само за населението кое се селело.

Се разбира овие бројки треба да се земат само како една ориентациона вредност на имотот со кој располагале овие лица.[686] Иако властите имале точна бројка на иселените лица, како и на оние што имале поднесено барање за отпуст од државјанство, не можело точно да се утврди колкав дел од проценетиот недвижен и движен имот бил влезен во промет. Иако се водела евиденција за продаените куќи или земјиште тие податоци до 1956 година сеуште не биле системетизирани.

Како карактеристични ќе ги прикажеме податоците за иселените од Скопската околија до почетокот на 1957 година. Иселените домакинства од Скопската околија располагале со околу 1.400 хектари земја. Најголемиот дел од обработливата земја бил откупен од приватни лица, а само еден мал дел од земјоделските задруги.[687] Како се засилувал процесот на иселување така паѓала цената на недвижностите заради големата понуда. Најниска била цената на куќите и земјиштето во Велешка и Штипска околија, како заради големата понуда и послабиот бонитет на земјиштето, така и заради помалата побарувачка, од причина што во овие краишта имало помалку доселеници, за разлика од Скопската област каде доселувањето, а со тоа и побарувачката била најголема. [688]

---

[686] Во вкупната проценка влегувале и околу 25.000 куќи во селата и 10.600 во градовите што заедно со обработливото земјиште и добитокот се проценувала на над десет милијарди тогашни динари (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-72,а.е.1 )

[687] Карактеристично за иселените од Скопската област барем според овие податоци е дека преовладувале иселеници со послаба имотна состојба. Во просек на едно домакинство отпаѓале по 1.5 хектари земја главно со слаб бонитет, и според тогашните просечни приноси тешко можеле да се издржуваат многучлените домаќинства само од обработка на земјата (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84,а.е.85, Анализа за иселување на турското малцинство од територијата на НО на скопската околија-Скопје)

[688] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-72,а.е.1 Од оваа констатација за немање на интерес за купување на земја во Штипско и Велешко исклучок прават селата Горно Оризари и Црквино во Велешката околија каде во педесетите години на местото на целосно иселеното турско население масовно се населеиле муслимани од Санџак

Во некои околии како Охридската или Тетовската цените на недвижностите биле доста повисоки, бидејки се работело за градски куќи. Карактеристично е дека безмалку во сите околии продажбата на недвижниот имот се вршела на приватни лица, учеството на задругите се до 1956 година, било минимално, а државата во откупот безмалку и да не учествувала. Според важечките законски прописи било предвидено сите лица кои се иселувале претходно имотот да го понудат на Народните одбори, па доколку тие не биле заинтересирани за купување тогаш имотот можело да се продава на други лица. Ова особено важело за обработливото замјиште, кое многу малку се откупувало од страна на државата. Причините за незаинтересираноста на државата за откупување на земјиштето биле од финансиска природа, како и заради расцепканоста на парцелите.

За економскиот аспект до иселувањето се дискутирало и на состанокот на Извршниот комитет на ЦК СКМ во јануари 1957 година. Било констатирано дека ниту еден државен орган систематски не ја следел целокупната проблематика околу иселувањето вклучувајќи ги и економските и финансиските аспекти. Пред се сé мислело на земјиштето и куќите кои останувале по иселувањето на населението. Нерешените прашања на недвижностите требало да се решат применувајки ги прописите за национализација, а стопанските организации не биле заинтересирани за откуп на земјата заради парцелизираноста и постапноста на иселувањето од повекето краеви. Се препорачувало да се разгледа можноста создавање на големи земјоделски стопанства каде што иселувањето било речиси стопроцентно.[689] Се препорачувало што побрзо да се реши прашањето со обработливата земја која останала непродадена, а која имала економска вредност, со кредитирање на стопанските организации, а каде што тие биле

---

[689] Се мисли на некои села во Велешко и Овчеполието каде останале големи комплекси на земја необработени во средината на педесетите години, особено во некои села од каде што населението се иселило за релативно кратко време.

незаинтересирани останувало да се изнајде решение на друга основа[690] веројатно преку национализација.

Според законските прописи недвижниот имот кој останал непродаден или непренесен на друго лице од страна на сопственикот подлежел на национализација. Но неможе да се каже дека национализацијата опфатила некои големи површини на земја, вкупната површина изнесувала 826 хектари заклучно со 1956 година.[691]

Имало определени случаи кога лицата кои добиле отпуст од југословенско државјанство подолго време да не биле во состојба да ги продадат своите имоти или пак да извршат пренос врз други лица, по што некои од нив барале да им биде вратено државјанството. Во овој контекст влијание имал и Законот за национализација на наемните згради и градежно земјиште,[692] според кој земјиштето кое се наоѓало во потесните градежни реони било национализирано. Законот бил донесен на 25.11.1958 година, и се случувало веке тие имоти да биле продадени, а купувачите заради одредбите на Законот неможеле да добијат купопродажен договор, затоа што не бил извршен судски пренос на земјиштето или куќата пред донесувањето на Законот. Вакви случаи имало во Струга, Кумановско, Битолско. Секретаријатот за финансии побарал од народните одбори да утврдат дали ваквите случаи се бројни. Било утврдено дека ваквите случаи биле инцидентни.[693] Со цел да не се јавуваат вакви проблеми Сојузната комисија за

---

[690] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-66,а.е.44, Записник са састанка Извршног комитета ЦК СКМ оржаног 18. јануара 1957 године. На овој состанок присуствувале: Видое Смилевски, Љупчо Арсов, Вера Ацева, Крсте Црвенковски, Страхил Гигов, Борко Темелковски и Лазар Колишевски.

[691] Од вкупната површина на национализирана земја најголемиот дел бил во Велешката околија 561 хектар, Охридската 167 ха, Кумановска 43ха, Штипска 55 ха, додека во Тетовската околија немало национализирана земја по основ на иселувањето. (ДАРМ, ф. ЦК KPM/SKM, k-72,a.e.1

[692] Службен лист на ФНРЈ 52/58

[693] Имало 15 вакви случаи во Охридската околија и 8 регистрирани во Кумановско (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-128,а.е.5)

национализација со писмо од 8-ми мај 1959 година, дала појаснување за тоа дали градежното земјиште кое влегло во потесниот градежен реон[694] ќе го одземе народниот одбор или ќе му се остави на користење на новиот сопственик, требало да одлучи народниот одбор. Ваквите прашања релативно брзо се решавале особено во градовите каде имало голема потреба за градежно земјиште.

Процесот на иселување се почуствувал и на просветен план. Од ослободувањето школството на турски јазик започнало рапидно да се развива. Но по 1954 година, бројот на децата како последица на иселувањето започнал да опаѓа. Во учебната 1956/1957 година, бројот на основните четворогодишни училиштата бил преполовен во однос на 1954 година. Намалување имало и во бројот на учителскиот кадар.[695] Во Штипската околија намалувањето на бројот на училиштата и учениците бил адекватен на намалувањето на бројот на турското население во оваа околија, за разлика од Тетовската околија каде и покрај зголемувањето на турското население на пописот 1953 година, во однос на 1948 година, не дошло до зголемување на бројот на учениците кои наставата ја следеле на турски наставен јазик.

Особено важно било прашањето на кадарот кој ја изведувал наставата на турски јазик. Со процесот на иселувањето овој проблем кој постоел и претходно само се усложнил. По 1944 година, биле организирани курсеви преку кои се оспособувал кадар за работа во училиштата, но еден дел од нив кои веке стекнале искуство во просветата, се иселиле, а на нивно место морало да се создава нов кадар кој заостанувал во квалитетот на

---

[694] Се однесува на земјиштето околу куќите кое иселениците го продале заедно со куќите

[695] Во учебната 1954/55 година во четворогодишните основни училишта наставата ја следеле 14.155 ученици на турски наставен јазик во 144 училишта, а наставата ја изведувале 326 учители, за три години бројот на училиштата како последица на иселувањето бил намален на 71, во кои учеле 10.949 ученици, а работеле и 214 наставници. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84, а.е.86 )

изведувањето на наставата. Заради ваквата ситуација нивното понатамошно доквалификување се поставило како нужен императив за подобрување на квалитетот на наставата. Но се јавувал проблем што и дел од од новоквалификуваните просветни работници се иселувале. Оттука се јавило размислување сите кои би поминале низ курсевите за оспособување на просветен кадар за наставата на турски јазик да се условат со определен договор за останување во учителската служба одреден период. Со ова се целело да се обезбеди наставен кадар кој би ги задоволувал потребите за одвивање на наставата на турски јазик додека траел процесот на иселување.[696] Но не се намалувал само бројот на децата кои ја следеле наставата на турски јазик. Во селата каде живееле Македонци муслимани исто така дошло до осипување на децата како последица на иселувањето и кај ова население. Во некои села дошло и до укинување на училиштата заради иселување на целото население, како што било селото Умово, Скопско.[697]

За прашањето за одвивањето на образовниот процес на турски јазик се дискутирало и на на состанокот на Извршниот комитет на ЦК СКМ на 18. јануари 1957 година. Во заклучоците меѓу останатото се констатирало дека е потребно културно-просветните и образовни прашања да се проучат од републичките и околиските совети за образование и култура и да се донесат конкретни прашања. Прашањето за наставниот кадар требало да се решава брзо меѓу другото и преку менување на постојните прописи за оформување на знаења и квалификации за наставниот кадар. Било констатирано дека големи подрачја биле во таква состојба да немало услови за основна училишна активност.

Се предвидувало идејно-политичката активност да се зголеми, а односот кон турското национално малцинство да не се менува бидејки и покрај иселувањето, турското население останало да живее во Македонија во

[696] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84, а.е.86

[697] ДАРМ, ф.Извршен совет,к-103,а.е.16 Решение за укинување на Основното училиште во село Умово од 23.04.1962 година

значителен број. [698] Државните фактори постојано нагласувале дека и покрај намалувањето на учениците на кои ја следеле наставата на турски јазик, политиката во однос на образованието нема да претрпи битни измени ниту во поглед на обезбедување на материјални средства, ниту во поглед на оформувањето на наставен кадар за непречено одвивање на наставата.[699]

Во однос на изданијата на учебници и останатата литература на турски јазик како од писатели кои твореле на турски јазик, така и преводисе продолжило со издавањето. Во 1955 година, биле печатени триесет книги и брошури со научно-популарна содржина во тираж од безмалку 60.000 примероци. Биле печатени и дела од турски автори од Македонија, се издавале и учебници за потребите на учениците. Но после 1955 година, особено во наредните две години освен издавањето на пет учебници за основните училишта, друга литература не била издадена.

Весникот "Бирлик" како орган на тогашниот Социјалистички сојуз продолжил да излегува со таа разлика што наместо како неделник излегувал на петнаесет денови. Но тиражот на весникот бил стабилизиран и покрај тоа што еден дел од читателите се иселиле. Тоа се објаснувало со фактот дека бил зголемен интересот за учење на турскиот јазик од страна на она население кое се подготвувало за заминување во Турција, а турскиот не бил негов мајчин јазик.[700]

---

[698] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-66,а.е.44

[699] Во одредени подрачја особено во Источна Македонија останале многу малку ученици турци, а некаде било тешко да се најде соодветен кадар заради што и се предлагало во ваквите случаи децата да се насочуваат на настава на македонски јазик, со посебно изучување на турскиот јазик. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84,а.е.86 )

[700] На турски јазик се издавал и детскиот месечник дСевничг чиј тираж исто така не се намалувал. Во периодот до 1955 година, биле преведени дела од 11 странски автори во тираж од 23.000 примероци, а вкупниот тираж на издадени книги на турски јазик изнесувал над 142.000 примероци што за периодот на средината на педесетите години било голема продукција. Државните органи настојувале установите кои се бавеле со турската култура јазик и образование да бидат што поактивни, да влијаеле врз таквите институции во внатрешноста за она население кое одлучило да остане во Македонија да може в поправилно

Во духот на времето во кое се живеело властите предлагале да се обрне посебно внимание на потребата од издавање на марксистичка литература " како од нашата социјалистичка стварност, така и од класичната марксистичка литература, имајки во предвид дека ова население се иселува во една изразито заостаната капиталистичка земја како што е Турција." Сето ова покажува дека властите настојувале она население кое решило да остане во Македонија да ги има истите можности за развој како и до средината на педесетите години кога започнува процесот на иселување. Со ова комплексно прашање било ангажирано највисокото тогашно раководство на Македонија, од една страна да ги согледа причините за едно вака масовно мигрирање, а од друга страна да ги намали последиците (политички и економски), од иселувањето што се јавувале во некои краишта на Македонија. Но иселувањето се одвивало се до оној момент, додека имало поголема маса од населението спремно да го прифати предизвикот, да се исели во својата матица (како што размислувале поголем дел од мигрантите), без разлика на неизвесноста која таму ги очекувала.

Во овој процес на иселување во Турција според некои проценки[701]од средината на педесетите години па до распаѓањето на Југославија биле опфатени безмалку 200.000 луѓе од најразлично потекло (Турци, Македонци муслимани, Албанци ), оставил видливи траги врз етничката карта на современа Македонија, процес кој предизвикал етнички поместувања и во другите делови на поранешна Југославија ( се разбира не толку видливи во тие простори) со населување на муслиманско население во Македонија со цел од тука полесно да се исели во Турција.

---

да ги разбере и толкува општествените промени каки и да се активира и вклучи во напорите за изградба на нови односи кај насг (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84,а.е.86, Ibid)

[701] Виолета Ачкоска, Иселувањето на Турците,..., 89: Врз основа на податоци од Заводот за статистика се тврди дека во периодот од 1953 до 1965 година, од Македонија во Турција се иселиле 179.000 лица од турска националност и 7.000 од други националности. (Огнен Дамев,..op.cit, 70)

Ова всушност било само продолжение на процесот на повлекување на турското и дел од останатото муслиманско население од Балканот, започнат во првата половина на деветнаесетиот век, кога заморената османлиската империја започнала територијално да отстапува пред младите и витални балкански држави, повлекувајќи го со себе она население кое несакало да остане да живее во рамките на доминантно христијанските балкански монархии.

Иако миграционите движења од педесетите години се одвиваат во едни сосема нови историски услови кои во определени свои делови биле сосема различни од причините за иселувањето во претходните периоди (иселувањето се одвивало на доброволна основа), со тоа само потврдува дека некои историски процеси се одвиваат во различни услови се додека постојат причините за нивното започнување.

# 12. Промена во етничката структура на градското население по Втората светска војна

## *12.1 Етнички промени и демографски движења во градовите во Западна Македонија*

Значајните демографски промени кои настанале во повоеното македонско општество, односно рапидниот пораст на градското население како последица на индустријализацијата што била спроведувана по Втората светска војна, влијаеле и на промената на етничкиот состав на населението во градовите во Македонија.

Според податоците од првиот повоен попис во 1948 година, во Македонија нема град поголем од 100.000 жители, што укажува на доцнењето на процесот на урбанизација на целото македонското население. Тој процес тукушто започнал и некои градови биле зафатени со коренити промени во својата структура.

Промените кои настапиле биле особено интензивни и можат да се споредуваат со промените во структурата на градското население кои настанале по заминувањето турските власти. До тогаш поголемите македонски градови имале изразите оринтален карактер, со доминантно муслиманско население, кое по Балканските војни започнало еден тивок процес на иселување. Воопшто процесот на иселување на муслиманското население кој со мали прекини континуирано траел од 1912 година, во периодот меѓу двете светски војни најмногу ги зафатил градовите Скопје, Штип, Струмица, Прилеп, Дојран и др. во кои постоело бројно турско и муслиманско население од различно потекло.[702]

Во овој период особено чести биле преселбите од помалите кон поголемите градови, каде што стопанството трговијата, занаетчиството и

[702] Јов. Ф. Трифуноски, Македонска градска насеља, Београд, 1947, 53

воопшто економијата биле поразвиени. Бројни, пред се занаетчиски семејства од Велес се преселувале кон Скопје, од разурнатиот во време на Првата светска војна Дојран се селеле кон Гевгелија, Струмица или Скопје, од Ресен и Крушево кон Битола, која започнала полека да се оправува после разурнувањата за време на Првата светска војна итн.[703] Миграционите движења играле голема улога и пред балканските војни. Од Крушево по Илинденското востание еден дел од Македонците заминале во Бугарија, додека дел од Власите се населил во Солун.

Етничката структура на македонските градови пред Втората светска војна била доста разнолика. Македонците биле во постојан пораст почнувајки од Балканските војни и тоа во повеќето градови со исклучок на пограничните. Најголемиот дел од македонското градско население го сочинувале постапно доселени родови уште од османлискиот период. За движењето на населнието влијаеле најразлични фактори, пред се градското стопанство, кое најчесто овозможувало подобри услови за живот, како и поголемата сигурност, што го пружале градовите особено во времето на Османлиите кога во некои селски средини особено во западните делови на Македонија централната власт речиси да не се чувствувала.

Но голем дел од градското македонско население биле релативно нови доселеници од околните села кои се населнле во градовите во последните децении на османлиското владеење, или набрзо по нив. За ова говорат и статистичките податоци од 1921 година.[704] Меѓу македонското градско население уште во периодот на Османлиите имало поголемо или помало присуство на етноси од соседните земји.[705] Во периодот од наш интерес освен Македонците, етничкиот мозаик го сочинувале Турците, Албанците,

---

[703] Јосиф Михајловић, Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица двадесетпоетогодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље, 1937, 799-817

[704] Дефинитивни резултати пописа становниипітва од 31 јануара 1921 године, Сарајево, 1932, 88-123

[705] Види: Александар Стојановски, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век - демографски проучувања- Скопје, 1981, 174

Власите, Евреите (Сефарди) безмалку целосно уништени за време на окупацијата, Срби, Роми и други помалку застапени етноси.

Турците живееле во речиси сите градови но најбројни биле во поголемите како Скопје, Битола, Охрид, Штип, Радовиш, Гостивар и др. Тие тука биле населени за време на долгото османлиско владеење од најразлични области. Еден дел од турското население го сочинувале стари доселеници од Мала Азија, колонизирани уште во XV и XVII век, додека еден дел од ова население всушност биле доселеници мухаџири од Србија Бугарија или Босна кои се доселиле во Македонија во текот на XIX век.[706] Во рамките на турскиот етнос по градовите влегувало и друго муслиманско население кое релативно брзо во градските средини се турцизирало.

Покрај Македонците и Турците, Албанците во овој период се најбројната група меѓу градското население. Карактеристично за албанското население е дека тоа компактно живеело главно во селските средини, додека како што веќе беше напоменато во градовите релативно брзо заради муслиманската вера се претопувале во побројното турско население.[707] Мошне интензивен бил процесот на населување на албанофонското население од денешна северна Албанија почнувајки од крајот на XVII век. Албанското население особено било сконцентрирано во градовите во близина на границата со Албанија, како Дебар, Гостивар, Кичево.[708] Со овие т.н метастазички движења албанското население преку Шара се ширело кон Полог до Тетово, а преку Качаничката клисура се населувале во Скопје и Куманово.[709] Некои автори сметаат дека албанското население би се ширело и понаисток доколку не ги спречиле Балканските војни и повлекувањето на

---

[706] Јован Цвијић, Сабрана Дела, Говори и чланци, Београд, 1987, 199-204

[707] За ваквите етнички процеси зборуваат речиси сите истражувачи на балканските етнички процеси и историјат почнувајки во XIX и XX век, пред се балканските истражувачи.

[708] Тома Смиљанић, Кичевија, насеља и порекло становништва, књига, 28, Београд, 1935, 337-483

[709] Јов. Ф. Трифуноски, Македонска градска насеља, 49

османлиските власти.[710] Во периодот до ослободувањето еден дел од албанското селско население продилжил да се населува во градовите.[711] Тие биле мнозинство во Дебар, а биле застапени и во повеќето градови во Западна Македонија.

Во Полог албанското население било во мнозинство, но во градовите барем според официјалните статистички податоци Албанците биле релативно слабо застапено под 10%.[712] Слично било изјаснувањето и во Кичево каде само 35 жители на градот во 1921 година, се изјасниле за Албанскиот (арнаутски како го водела официјалната статистика) за мајчин јазик.[713] Според овие податоци албанското население било застапено со помалку од 10% и во другите градови во Македонија. Останатите етноси биле застапени во многу помал број. Меѓу двете светски војни бројот на Србите во рамките на градското население заради администрацијата и безбедносните сили бил нешто поголем, но по 1941 година најголем дел од нив се иселнили или биле протерани од окупационите власти.

Иако во периодот меѓу двете светски војни градовите започнале полека да ја менуваат својата структура, најзначајните демографски промени ќе настапат почнувајки од педесетите години. По неуспешната колективизација на македонското село и укинувањето на т.н. селски работни задруги еден дел од вишокот на земјоделско население се слеал во градовите, барајки егзистенција во градската индустрија која сеуште била во повој.

Во некои од градовите ќе дојде до значајни етнички поместувања кои ќе имаат влијание и на современите состојби. Според податоците од 1948 година, Македонците биле мнозинство во повеќето градови. Албанското

---

710 Миљенко. С. Филиповић, Етничке прилике у Јужној Србији, Споменица двадесетпоетогодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље, 1937, 420-438

711 Savremeni etnički procesi u Skoplju, Etnološki preglad 13, Beograd, 1975, 123-130

712 Во Гостивар во 1921 година биле регистрирани 138 жители со мајчин арнаутски јазик, додека во Тетово 1.298. Се разбира дека кај градското албанско население од верски и културолошки причини имало прелебања ви рамките на Турците. (Rudolf Petrović, op.cit)

713 Дефинитивни резултати пописа становнииштва од 31 јануара 1921 године, 88

население претставувало мнозинство во градовите Дебар, Тетово и Гостивар.[714] Видливо е дека еден дел од Турците во Тетово и Гостивар на овој попис се декларирале за Албанци, односно започнал обратен процес од претходниот период. Ова било правено од низа политички причини, пред се заради тогаш блиските сојузнички врски на Југославија и Албанија, додека Турција била сметана за непријателска земја припадничка во спротивниот идеолошки блок, но и како последица од окупацијата кога се најстојувало да се албанизира целото муслиманско население.[715]

Меѓутоа веќе во 1953 година, состојбата во етнички поглед била променета. Спомената промена на етничката и национална припадност на населението од муслиманска верска припадност дошла целосно до израз. На пописот од 1953 година, голем дел на муслимани од различно етничко потекло се изјаснувале за Турци, пред се заради желбата за емигрирање во Турција. Во споменатите градови оваа појава била особено изразена. Ваквата тенденција особено е воочлива во градовите во Западна Македонија, каде Македонците муслимани и Албанците се декларирале за Турци. Ваквото изјаснување ќе продолжи и во 1961 година.

Како пример сега ќе го наведеме градот Кичево, во кој во 1948 година, Македонците сочинувале 61.8% од населението. Во градот мнозинското население било со муслиманска вероисповед но со мајчин македонски јазик.[716] Ова го потврдуваат и податоците од 1921 година, кога незначителен дел од муслиманското население во градот се изјаснило за турскиот или албанскиот

---

[714] Од вкупно 4.844 жители на Дебар, Албанците биле застапени со 71.9%, а Македонците со 22.3%. Во градот Гостивар од вкупно 7.832 жители 5.333 или 68% биле Албанци, 1.911 или 24.4% биле Македонци, во Тетово од вкупно 17.259 жители 9.975 или 57.8% биле Албанци, а 5.992 или 34.7% биле Македонци, Според овие податоци Во Гостивар живееле само 321 Турци, а во Тетово 302.(Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,437-450)

[715] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-27, а.е.56 269-287; Славко Милосавлевски, Мирче Томовски, Албанците во Република Македонија, Скопје, 1995; Виолета Ачкоска, Братсто и Единството..., 245-269

[716] Кон крајот на XIX век во градот живееле 1.200 православни и 3.560 муслимански Македонци.

како мајчин јазик. Кичево е карактеристично по тоа што што најголемиот дел од населението без разлика на верата како мајчин јазик го имале македонскиот. Според истражувачите оваа муслиманска супгрупа во Кичево која го имала македонскиот јазик како мајчин, всушност настанала со мешање на локалното македонско население кое го прифатило исламот, албнското население кое најчесто се доселувало од околината на Дебар или од селата на север од градот и од мал број на Турци кои во градот останале да живеат како службеници или отслужени војници. Меѓу ова население заради истата вера доаѓало до брзо претопување, но заради доминантноста на македонското население, македонскиот јазик останал да биде главно обележје на ова население и покрај тоа што најголемиот дел од него преку религијата се идентификувало со турскиот народ.[717]

Во 1953 година, најголемиот дел од градските муслимани се декларирале за Турци, а нивниот број од 1.693 жители во 1948 година, се зголемил на 4.749 во 1953 година.[718] Видливо е дека настанало прелевање од еден етнички и национален контингент во друг, односно кичевските Македонци со муслиманска вероисповед се изјаснувале за Турци, прво заради желбата да емигрираат во Турција, како и заради недооформените национални чувства. Како и во повеќето градови и во Кичево се бележи константно намалување на турското население кое практично стагнира во периодот 1961-1994.

---

[717] Со помасовното населување на албанско население од околните села по Втората светска војна во Кичево, започнал да се одвива еден обратен процес. Заради истата вера, семејни врски и др. еден дел од муслиманското население во градот започнало да го прифаќа албанскиот јазик и се разбира да влегува во таа културна свера. (Јован Трифуноски, Наша насеља, књига прва, Скопје, 1971, 22-24)

[718] Населението во градовите на СР. Македонија 1948-1981 година, Скопје, 1986, 20-21

| Кичево | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 4.500 | 608 | 1.639 | 479 | 7.280 |
| 1953 | 3.747 | 232 | 4.749 | 839 | 9.567 |
| 1961 | 6.809 | 681 | 2.079 | 755 | 10.324 |
| 1971 | 9.900 | 2.284 | 2.041 | 1.168 | 15.395 |
| 1981 | 13.236 | 4.516 | 2.175 | 3.720 | 22.479 |
| 1994 | 15.255 | 5.902 | 2.174 | 1.783 | 25.129 |

За разлика од Турците, Албанците се во постојан раст особено по 1961 година, а во 1994 година претставуваат безмалку една четвртина од градската популација во Кичево. Македонците бележат пораст во градот иако по 1981 година, се забележува стагнирање во порастот на македонското население. Во 1961 година, Македонците претставувале 66% од градското население , а во 1994 нивното учество опаднало на 60%.[719]

И Струга не отстапува од општата слика на развојот на градското население во Западна Македонија. Карактеристично за 1948 година, е дека најголем број од муслиманското население се изјаснувало како албанско.[720] Почнувајки од 1953 година, бројот на македонското и албанското население во градот е во постојан пораст додека турското население бележи стагнирање, односно постепено опање. Во 1953 година, Турците учествувале со 18.5 % во вкупното население на градот, додека во 1994 година, нивното

---

719 Во периодот 1948-1994 година градот ја зголемил својата популација од 8.761 на 27.543 жители. Карактеристично е дека голем дел на села особено во областа на Копачка и Вранештица бележат значителна депопулација. Дел од тоа население својата егзистенција главно ја нашло во градот Кичево. Како и во другите делови со мешан етнички состав во селата каде живее исклучиво албанска популација, или пак е во мнозинство бележат раст на населението.

720 Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,448

учество паднало на само 5.5%.[721] Во овој контекст мора да се истакне дека еден дел од декларираните Турци во Струга всушност се Македонци со муслиманска вероисповед по потекло од дримколските села, кои во повоените пописи често пати различно се декларирале. [722]

| Стуга | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 2.990 | 1.567 | 285 | 856 | 5.683 |
| 1953 | 2.194 | 1.109 | 927 | 766 | 4.996 |
| 1961 | 3.423 | 1.649 | 994 | 791 | 6.857 |
| 1971 | 6.215 | 3.508 | 730 | 1.022 | 11.475 |
| 1981 | 8.002 | 4.149 | 832 | 1.337 | 14.325 |
| 1994 | 9.433 | 4.330 | 887 | 1.376 | 16.037 |

Зголемувањето на населението во Струга во разгледуваниов период за речиси четири пати е плод на големата миграција на населението од нејзината најблиска околина. Затоа најголем дел на селата од Дримкол или Малесија останале речиси празни.[723] Карактеристично за етничката карта на Струга е брзото зголемување на албанското население во повоениот период. Но во градот и покрај етничките промени мнозинството го сочинувало македонското население.

Градот Дебар исто така ја носи спецификата на останатите градови во овој дел од државата. Но за разлика од повеќето места каде постојано во повоениот период се намалува бројот на турското население, овде се одвивал

[721] Во 1953 година, во градот живееле 927 Турци, а во 1994 година, 887,но бројот на населението во градот се зголемило од 4.996 на 16.037 жители. Во истата година Македонците учествуваат со 58.8%, а Албанците со 27 % од вкупното население.

[722] Глигор Тодоровски, Демографските процеси и промени...,332-337

[723] Митко Панов, op. cit...,327-329

еден обратен процес, Во 1948 година, во градот биле попишани само тројца жители кои се декларирале за Турци. По 1953 година нивниот број е во постојан пораст.[724] И во овој случај покрај Турците кои на овој простор живеат од османлискиот период во неколку села во Дебарска Жупа[725] еден дел од Македонците муслимани се декларирале за Турци, со што нивниот број вака се зголемил во градот во периодот 1948-1994 година.

| Дебар | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 1.080 | 3.483 | 105 | 281 | 4.844 |
| 1953 | 1.110 | 4.122 | 53 | 235 | 5.520 |
| 1961 | 1.009 | 4.507 | 195 | 612 | 6.323 |
| 1971 | 1.276 | 6.681 | 367 | 505 | 8.823 |
| 1981 | 1.106 | 8.625 | 573 | 1.907 | 12.201 |
| 1994 | 1.431 | 9.400 | 1.175 | 1.336 | 13.340 |

Според статистичките податоци од крајот на XIX век, во градот доминирало албанското население. Градот доживеал голем пад особено по настаните од есента 1913 година, кога еден дел пред се од муслиманското население се иселило. Во 1948 година, градот имал помал број на население од 1921 година, што се должи на постојаното иселување на неговите жители, особено на Македонците за време на Втората светска војна кога овој дел на Македонија е под италијанско-албанска окупација. Во сите поствоени пописи доминира албанското население кое претставува околу 70% од градската популација,

[724] Во 1953 година, во градот Дебар живееле 53 Турци додека во 1994 година нивниот број се накачила на 1175 жители.

[725] Види; Бранислав Русић, Жупа Дебарска, Скопје, 1957

додека Македонците стагнираат, а во учеството во вкупното население се во постојано опаѓање.[726]

Слична состојба на етнички план имаме и во другите градови во Западна Македонија. Во Гостивар муслиманското население флуктуирало во своето национално изјаснување. Во 1953 година, Албанците претставувале релативно мнозинство во градот со 45.4% од вкупното население, веќе во 1961 година, нивното учество опаднало на 22.7% и покрај високиот наталитет на ова население.

| Гостивар | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 1.911 | 5.333 | 321 | 588 | 7.832 |
| 1953 | 2.637 | 4.313 | 1.924 | 635 | 9.509 |
| 1961 | 5.092 | 2.904 | 4.343 | 442 | 12.787 |
| 1971 | 8.109 | 6.044 | 4.449 | 865 | 19.467 |
| 1981 | 10.127 | 10.791 | 4.378 | 2.430 | 27.726 |
| 1994 | 12.084 | 14.128 | 4.475 | 2.239 | 32.926 |

Затоа пак бројот на Турците во периодот 1953-1961 година во градот се зголемил од 20% на 34%, односно евидентно е дека дел од албанското население од веќе споменатите причини се декларирало за турско.[727] Во првите повоени години се зголемувало и учеството на Македонците во вкупниот број на население во овие градови. Тоа се должело пред се на значајната маса на луѓе која масовно ги напуштала селата барајќи

[726] Во 1953 година Македонците претставувале 20% од населението на Дебар додека во 1994 нивното учество опаднало на 10.7%.

[727] Бројот на Албанците во 1953 година бил 4.313, додека во 1961 опаднал на 2.904 жители. За разлика од нив во 1953 имало 1.924 Турци, а за осум години нивниот број се зголемил за 4.349 жители. (Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM...,58)

егзистенција во градското стопанство. Така во Гостивар, град во кој на почетокот на XX век, имало неколку десетици македонски семејства благодарејки пред се на структурните промени во стопанството, бројот на Македонците во периодот 1953-1961 година, значително се зголемил. Во 1953 година, во градот живееле 2.637, додека по осум години во 1961 година, во Гостивар живееле 5.092 Македонци и претставувале релативно мнозинство во градот со 39.8%. Заради продолжената миграција од селата бројот на македонското население во градот ќе продолжи да се зголемува и во наредното десетлетие, па така во 1971 година македонците претставувале 41.6% од вкупното население. По оваа година заради доселување се поголемото доселување и на албанско населние од околните села процентот на Македонците ќе започне забрзано да опаѓа, така што во 1994 година, тие се 36.7 % од населението во градот, додека сега релативно мнозинство претставуваат Албанците со 42.9%. Турското население за периодот од 1961-1994 година стагнира, а неговото учество во вкупното население било во постојан пад од 34% во 1961 година, на 13.6% во 1994 година.[728]

Речиси истите процеси се забележуваат и во Тетово-центарот на полошкиот регион. По 1948 година, на наредните пописни изјаснувања бројот на турското население започнал брго да се зголемува, благодарение на прелевањето од другите национални контингенти (албански, ромски и Македонци муслимани). Во 1953 година, Македонците биле застапени со 37%, Албанците со 35% а Турците со 22%.[729] Бројот на Турците се зголемувал се до 1961 година, кога започнува нивниот континуиран пад дел заради иселувањето, а дел зарди нивното тивко прелевање во побројното албанско население.

[728] Населението во градовите на СР. Македонија...,9-21; Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,78

[729] Попис на населнието и становите во 1971 година, основни податоци по општини, Скопје 1972, 16

| Тетово | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 5.992 | 9.975 | 302 | 990 | 17.259 |
| 1953 | 7.575 | 7.175 | 4.470 | 1.009 | 20.209 |
| 1961 | 11.631 | 6.435 | 5.864 | 1.427 | 25.357 |
| 1971 | 14.415 | 15.388 | 3.545 | 2.399 | 35.745 |
| 1981 | 17.817 | 21.741 | 2.757 | 4.154 | 46.523 |
| 1994 | 19.439 | 25.128 | 2.073 | 3.704 | 50.344 |

Етничките прилики во педесетите години биле предмет на анализа и на политичките и општествените фактори во земјата, така што во прилог на констатацијата за прелевање на еден дел од турското население во албанското мнозинство во тетовско и во некои други околии на Западна Македонија во анализа на партиската комисија за малцинства од 1957 година се вели: "Ваквите промени и прелевање во составот на населението од националните малцинства резултираат од следните моменти: вакви промени исклучиво се должат на периодот на окупацијата во Западна Македонија, кога поголем број на Турци под притисок на албанската пропаганда и администрација а користејки го верскиот момент беа подвргнати на една прилично јака политика на асимилација"[730]

Во овој период имало и прилично силен отпор од некои елементи кон отварањето на училишта на турски јазик во овие краишта. Сето ова веројатно резултирало полека еден дел од Турците да се претопуваат во албанското население.

Карактеристично е дека бројот на Албанците во Тетово во периодот 1948-1961 година, опаѓал заради обратниот процес кој е присутен во овој

---

[730] ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-84, а.е.86/ 463-469

период на прелевање на дел од албанското во турското население,[731] како и во другите градови во Македонија и во Тетово бројот на Македонците заради нивното брзо напуштање на селата, растел во градот. Нивниот број од 5.992 во 1948 година, се зголемил на 19.439 во 1994 година, но почнувајки од 1971 година, нивното учество во вкупниот број на населението во градот опаѓа. Во 1994 година, Македонците претставувале 38.6% од вкупната популација на градот Тетово.

Што се однесува до порастот на албанската градска популација во повоениот период градот Куманово можеби претставува најдобар пример. На првиот повоен попис во градот биле регистрирани 2.370 Албанци.[732] Во однос на 1921 година, бројот на Албанците во градот пораснал за безмалку четири пати.[733] Но веќе во 1953 година, во градот биле регистрирани значително помалку Албанци во однос на претходниот попис. Односно 951 жители на Куманово се декларирале за Албанци. И овде мора да се констатира дека во меѓуписниот период дошло до прелевање на едниот етнос во друг. Но почнувајки од 1961 година, бројот на албанското население во градот исто како и ви неговата околина бележи постојан раст.

Карактеристично за Куманово е дека прима доста голем број на доселеници од Косово и Јужна Србија почнувајќи од педесетите години.[734] По

---

[731] Во периодот 1948 -1961 година, бројот на Албанците во градот Тетово опаднал од 9.975 (во оваа бројка се вклучени и поголем дел од градските Турци) на 6.435 во 1961 година. Оваа година претставува прекретница по што бројот на Албанците во Тетово е во постојан пораст-1971 година, 15.388, 1981 година, 21.741, 1994 година, 25.128 жители со што Албанците претставуваат половина од градското население. ("Статистички преглед" бр.115, Републички завод за статистика, Скопје, 1981; Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,276)

[732] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,444

[733] Во 1921 година, во Куманово според официјалните резултатати од пописот живееле 641 Албанци и 2.916 Турци. (Дефинитивни резултати пописа становниишта од 31 јануара 1921 године..., 100-101)

[734] Според одредени истражувања во Куманово во 1981 година биле регистрирани 1.986 жители родени на територијата на Косово во најголем дел Албанци кои во периодот по

1961 година, бројот на албанското население во градот постојано расте, може да се каже со едно изразито брзо темпо. Во 1961 година во градот имало 1.893 Албанци, а нивниот број за три децении во 1994 година се зголемил на 15.612 жители.[735] Ова пред се должи на споменатото доселување, но и на постојаниот прилив на албанско население од Карадачкиот регион, процес кој се одвивал и претходно, особено активно и во XIX век.[736]

| Куманово | Македонци | Албанци | Турци | Срби | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 12.981 | 2.370 | 1.498 | 1.222 | 2.171 | 20.242 |
| 1953 | 14.351 | 951 | 3.858 | 1.791 | 2.389 | 23.339 |
| 1961 | 20.323 | 1.893 | 2.512 | 2.808 | 3.226 | 30.762 |
| 1971 | 28.789 | 7.827 | 1.791 | 3.759 | 4.197 | 46.363 |
| 1981 | 36.812 | 12.997 | 936 | 4.252 | 5.845 | 60.842 |
| 1994 | 40.634 | 15.612 | 241 | 3.649 | 3.649 | 65.223 |

Македонците во градот по ослободувањето бележат постојан пораст, благодарејќи на постојаниот прилив на селско население пред се од блиските пасивни козјачки села.[737] За период од 46 години бројот на македонското население се зголемил за повеќе од три пати. Како последица на зголемувањето на градското население повеќе планински села во Кумановско останале речиси празни. Во регионот на Козјак, односно областа која гравитира кон Старо Нагоричане, во 1961 година, живееле над 15.000

---

педесетите години се населиле во Куманово. Во оваа бројак не влегуваат и нивните потомци родени на територијата на Македонија. Голем бил и бројот на доселеници од јужните општини на Србија. ( Душан Бубевски, Миграциите на населението во СР. Македонија-внатрешни меѓурепублички текови, Скопје, 1990, 237-250)

735 Населението во градовите на СР. Македонија...,9-21; Вкупно население ма Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,164

736 Јован Хаџи Васиљевић, Јужна стара Србија, књига I Београд, 1909; Јован Трифуноски, Кумановска и прешевска Црна Гора, Београд, ......

737 Јован Трифуноски, Кумановска област, Београд, 1974

жители а во 1994 година, бројот се намалил на 5.000 жители.[738] Најголемиот дел од нив се населиле токму во Куманово, наоѓајки егзистенција во индустријата на овој град прилично развиена до 1990 година. Во 1948 година во градот живееле 12.981 Македонци и претставувале 64.13% од градското население, додека во 1994 година во Куманово биле регистрирани 40.634 Македонци или 62.3%од населението. Турците во периодот по 1953 година, заради иселувањето речиси се губат од градската етничка карта. Од 3.858 во 1953 година, се намалиле на 241 или 0.36% од населението. Карактеристично за Куманово големото присуство на српска популација во градот и неговата околина. Во 1994 година, Србите претставувале 7.8% од вкупното население.[739]

### *12 .2 Демографските промени во Скопје 1948-1994 година*

Град во кој доаѓа до најзначајни демографски промени и етнички поместувања во Македонија во периодот во Втората светска војна е Скопје. Градот уште меѓу двете светски војни бележи брз напредок, особено во периодот 1921-1931 година, кога градското население се зголемило за две третини. Ваков пораст на своето население за една деценија градот нема да забележи и во декадата по катастрофалниот земјотрес.[740]

Но и покрај тоа што градот бележел голем демографски раст, бидејки по 1918 година, станува центар на јужниот дел на Кралството СХС, мора да се истакне дека аграрната структура била доста нагласена во еден дел од

---

[738] Митко Панов, Енциклопедија на селата во Република Македонија, Скопје, 1998, 329

[739] Во градот во 1948 година биле регистрирани 1.222 жители од српска националност. Во натамошниот период ова население е во постојан пораст.

[740] 1921 година во Скопје живееле 40.666 лица, додека во 1931 бројот на градското население пораснал на 68.334 лица што за една деценија претставува пораст за 27.668 жители.

населението. Во Скопје како и во останатите поголеми градови во Македонија во овој период доминирало занаетчиството и трговијата.[741]

По ослободувањето Скопје станува главен град на една од тогашните републики на федерална Југославија, со што и вложувањата во него биле значителни, заради што доаѓа до споменатиот рапиден пораст на неговото население. Уште еден момент имал можеби одлучувачко влијание за развојот на градот во познатите насоки. Тоа е катастрофалниот земјотрес од 26. јули 1963 година, по што Скопје значајно ја менува својата демографска структура. Градот бил прогласен за "отворен" по што во него се слеала значајна маса на население не само од Македонија, туку и од Косово, Јужна Србија и Санџак, детерминанти кои суштински ќе влијаат на етничката структура на населението во градот. Брзото зголемување на градското население предизвикало и бројни социјални, економски, образовни и други функционални проблеми за чие решавање е потребно долго време и исклучителни напори, како и доста финансии. Мошне динамичните промени во демографската карта на Скопје влијаеле некои населени места во негова близина во периодот по земјотресот да станат составни делови од градот, со што понекогаш влијаеле и на неговиот поспор развој.[742]

Според податоците од првиот повоен попис во Скопје во 1948 година, живееле 87.654 жители. Според овие податоци во градот доминирало македонското и турското население, додека останатите етноси биле застапени со под 10%. Најбројни биле Македонците со 51.819 жители или 59.1% од вкупното население. Втора по бројност група, биле Турците со 13.928 или 15.9%. Србите претставувале 6.7%, Ромите 6.6% и Албанците 5.9%

---

[741] Јаким Синадиновски, Основните структурални промени и тенденции во повоениот развој на Скопје и неговото население, Гласник на ИНИ, Скопје 1973, XVII/3, 20

[742] Некогашните чифлици во кои до 1912 година, по правило живееле по неколку христијански фамилии кои како чифчии ја обраотувале беговата земја, како Тафталице, Влае, Злокуќани, Киселе Вода и др. за само неколку децении станале составни делови на градот, а некои од нив и едни од попристојните места за урбано живеење.

од вкупното население на градот.[743] Во 1953 година, бројот на градското население нараснало на 119.134 жители[744] со што всушност започнал брзиот пораст на градското население.

Една од главните предземјотресни карактеристики на демографскиот развој на градот е масовното иселување на турското и дел од другото муслиманско население во текот на педесетите години. Ова миграционо движење ќе остави траен белег врз структурата на населението во Скопје. Навистина, Скопје се наоѓа на простор на кој и во минатото се среќавале различни етноси и култури, така што етничкото шаренило може да се каже дека е повеќевековна константа на градот. Сепак споменатото раздвижување и иселување на дел од населението повлијаело да дојде до некои значајни промени.

Масовното продавање на имотот од страна на градските Турци, влијаело ова прашање да се разгледува и на највиско рамниште. Се предвидувале разни мерки од страна на општествените и партиски фактори, кои начесто не се применувале во практика.[745] Тогашните власти особено тешко се справувале со неконтролираното доселување на население од

---

[743] ДАРМ, ф. 427, к-60, а.е.11/ 161-162; Кона ни резултати пописа становни тва од 15. марта 1948 год....,447; Овие податоци се однесуваат само на тогашното градско подрачје. Според тогашната територијална поделба постоел посебен срез Ѓорче Петров, кој го опфаќал истоименото место и повеќе села. Во овој срез во 1948 година живееле вкупно 21.046 жители од кои 14.395 Албанци и 5.521 Македонци. Во рамките на срезот Ѓорче Петров спаѓале месните народни одбори: Бардовци, Блаце, Бојане, Волково, Глумово, Горче Петров, Долно Свиларе, Крушопек, Кучково, Оризари, Радуша, Рашче, Семениште и Танушевци.

[744] Населението во градовите на СР. Македонија...,14

[745] Во еден партиски документ од 1957 година се вели: "Во Скопје за да се полесно реши генералниот регулационен план и донекаде спречи непожелното и неоправдано имигрирање на население од внатрешноста и од А.О Космет, во границите на можностите се превземени мерки да се имотот на турското малцинство првенствено понуди на откуп на Народниот одбор така да се досега откупени преку 170 куќи." (ДАРМ, ф. 427, к-84, а.е.85/ 454 Анализа за иселувањето на турското малцинство од територијата на НО на Скопската околија-Скопје, 3.01.1957)

другите републики, пред се од Косово и јужните делови на Србија. Албанците главно ги купувале куќите на иселените Турци, како и на поедини Македонци, така што со тек на времето тие започнале да му даваат главно обележје на просторот на левиот брег на Вардар, простор кој претходно имал претежно турско население.

Се разбира албанското население во Скопје не се доселувало само од Косово. Бројни биле и доселениците од околните села или од поширокото подрачје во Македонија, но доселувањето од Косово било особено масовно во педесетите, иако тоа постоело и претходно пред се заради блиските сообраќајни и економски врски на Скопје со овие области.[746] За ваквите констатации најдобро зборуваат статистичките податоци. Безмалку 70% од доселеното население од Косово на територијта на Македонија се населило во Скопје.[747] Овие доселеници најмногу биле сконцентрирани во старото градско јадро или пак во периферните населби на градот каде живееле во супстандарни живеалишта, најчесто во диво изградени населби. Најголемиот дел од овие нови доселеници како што рековме се сконцентрирале во само еден дел од градот, со што интеграцијата на ова население во новата средина и привикнувањето на тукашните услови и навиики оделело доста тешко.

Но брзото зголемување на градското население не оставило белег само врз етничката слика на градот. Последиците се чувствувале и на економски план. Во периодот 1945-1963 година, градското население се зголемувало за околу 7.500 жители годишно, додека во првите години по земјотресот стапката на зголемување пораснала на безмалку 23.000 лица годишно.[748] Меѓу доселеното население во градот голем бил процентот на

---

[746] Savremeni etnički procesi u Skoplju, Etnološki preglad 13, Beograd, 1975, 128

[747] Во 1981 година во Македонија биле регистрирани 21.245 лица родени во Косово. Овие бројки не ја даваат вистинската претстава на миграционите движења од Косово затоа што во вкупниот број не влегуваат и потомците на доселените кои се родени во Македонија. Од вкупно доселените родени во Косово. 14.870 се населиле во Скопје. (Душан Бубевски, Миграциите на населението...,243)

[748] Јаким Синадиновски..., op. cit, 25

неквалификуваните или нискоквалификуваните работници со што во годините веднаш по земјотресот нивниот број во вкупно вработените лица изнесувал и до 50%. Но ваквата квалификациона структура на населението започнала негативно да се одразува на можноста за негово брзо вработување. Проблемот се појавил во првите децении по ослободувањето.

Бројот на вработените во Скопје пред земјотресот изнесувал 33% од неговото вкупно население, иако бројот на работоспособните лица од 20 до 65 години изнесувал 54% од градската популација. Се зголемувал и бројот на невработените лица. Во 1961 година, работа барале 8.139 лица, додека во 1972 година, оваа бројка се зголемила на 16.404 лица.[749] Друга карактеристика на населението во градот бил големиот процент на население кое се сметало за мигрантно. Во 1961 година, новеќе од половината од градското население било доселено од други места. Овој број со почетокот на седумдесетите полека започнал да опаѓа, но сеуште бил надполовичен.[750] Промени настанувале и во најблиската околина на градот.

Во 1948 година разликата во односот на градското население во однос на населението во околните села кои гравитирале кон Скопје бил 59.4% градско и 40.4% селско население, оваа разлика мошне бргу се зголемувала така што веќе во 1971 година, соодносот бил 80% градско и 20% селско население. Ова зборува дека процесот на деаграризација бил уште посилен во непосредната околина на градот, во однос на републиката што може да се разбере со оглед на процентот на вложувањето во индустриските објекти во Скопје и околината во однос на другите места низ републиката.[751]

Миграционите движења не го зафатиле само градот. Повеќе мали населени места кои до Втората светска војна не броеле повеќе од сто жители,

---

[749] Статистички годишник на СР. Македонија, Скопје, 1971, 318-320

[750] Во 1961 година, 59.2% од населението во Скопје било родено надвор од градот, додека во 1971 година, се бележело благо намалување на 55.1% (Јаким Синадиновски..., op. cit, 28)

[751] Марика Ботева -Панкова, Петар Трајковски, Структурни промени во демографскиот развој на градот Скопје ( според пописите на населението), Проблеми на демографскиот развоја на СР. Македонија, Скопје, 1985, 601-606

почнувајки од шеесетите години примиле голема миграциона маса, со што и нивната дотогаш примарна земјоделска фунција или станала второстепена или целосно била истисната. Од овој период повеќе приградски населби станале дел од т.н. рурбална зона на градот.[752]

Во својот демографски развој од пописот во 1948 година, до пописот во 1994 година, населението вкупно се зголемило за близу три пати. Карактеристична е забрзаната динамика на порастот на населението во периодот до седумдесетите години. Растежот на населението главно се остварувал во потесното градско подрачје, како и во веќе споменатите приградски населби. Во споменатиот период населението се зголемило од наведените 87.654 жители на 444.760 жители.[753]

По 1953 година, дошло и до видлива промена во етничката структура. Споменавме дека со иселувањето на турското населнеие дошло до одредени етнички поместувања. Според пописното изјаснување во 1953 година, на подрачјето на градот[754] живееле 25.346 Турци или 17.12%. Во наредните години бројот на ова население заради споменатите причини е во постојан

---

[752] Митко Панов, op.cit..., 327-333; Во непосредната околина почнувајки од шеесетите години некои села повеќекратно го зголемиле своето население. Ќе наведеме неколку примери: Селото Марино во 1961 година, имало 243 жители додека во 1994 година бројот на населението се зголемил на 3.359, Арачиново во 1948 година имало 584 жители, додека во 1994 година бројот на неговите жители се зголемил на 6.328. За ова село е карактеристично големото населување на албанско население од карадачкит крај и од Косово. Ова село е пример за брзиата промена на етничкиот состав на населнието во некои населби во околината на Скопје. Според теренските испитувања на д-р Јован Трифуноски ова село во 1953 година имало 37 македонски и 16 албански куки, покрај нив во селото живееле и Роми. (д-р Јован Трифуноски, Сеоска насеља скопског поља, Насеља и порекло становништва, књига 35, Београд 1955, 118; По четири децении во 1994 година, состојбата е целосно променета. Во селото живееле вкупно 6.328 жители од кои 620 Македонци и 5.675 Албанци. (Митко Панов, оп.цит...,12) До забележително зголемување дошло и во Сопиште, Кондово, Зелениково и др.

[753] Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,24

[754] Во овие податоци не е опфатено населението на сегашните приградски општини.

пад, така што во 1994 година, во Скопје живееле 9.249 Турци или 2% од вкупното население во градот.

Затоа пак бројот на албанското население бележи континуиран пораст. Во 1953 година, Албанците претставувале 3.7% од градската популација односно 5.461, за во 1994 нивниот број да порасне на 57.986 или 13% од населнието. Бројот на албанското население во овој период е во постојан пораст и во непосредната околина на градот. Пораст бележат и Македонците, во 1953 година тие учествуваат со 63% во градската популација односно со 93.671 жители, додека нивниот број во 1994 година, се зголемил на 324.946 жители или 73% од вкупното градско население.[755] Во градот Скопје живее и значајна српска популација. Во 1994 година само во градот живееле 16.267 жители од српска националност што претставува 40% од вкупната српска популација во Македонија. Всушност во скопско-кумановскиот крај живее безмалку 80% од вкупната српска популација во Република Македонија.

| Скопје | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 51.819 | 5.209 | 13.927 | 16.698 | 87.654 |
| 1953 | 72.477 | 2.975 | 22.491 | 21.919 | 119.134 |
| 1961 | 109.799 | 11.151 | 14.610 | 29.969 | 165.529 |
| 1971 | 215.578 | 28.705 | 18.586 | 50.111 | 312.980 |
| 1981 | 292.485 | 50.461 | 13.384 | 66.969 | 432.742 |
| 1994 | 324.964 | 57.976 | 9.249 | 52.561 | 444.760 |

[755] Vkupno naselenie na Republika Makedonija spored izjasnuvawe po nacionalna pripadnost...,25

## 12.3 Етнички и демографски промени во другите градови

Во останатите градови во Македонија етничките промени биле поумерени, или пак воопшто и ги немало. Во еден од градските центри како Битола, Македонците биле апсолутно мнозинство за целиот период по Втората светска војна. Нивниот број во вкупното население полека се зголемувал за целиот период. Во 1948 година, Македонците претставувале 77.2% од населението, додека во 1994 година, 90%. За разлика од Македонците, Турците биле во постојано опаѓање. Во 1953 годин,а тие учествувале со 16.47% од вкупната битолска популација додека во 1994 година, нивното учество опаднало на само 2%.[756]

Слично се одвивале и процесите во Велес. Во овој град во целиот XX век, македонското население било во мнозинство.[757] И во Велес се бележи постојано опаѓање на учеството турското население во вкупната градска популација од 8.22% во 1953 година, на 3.56% во 1994 година. Во исто време Македонците го задржале апсолутното мнозинство во градот со благо покачување во вкупното население од 86.95% во 1953 година, на 93.26% во 1994 година.

До одредени промени во етничката структура на градското население во втората половина на XX век, дошло во Охрид. Македонците се во постојан пораст по 1948 година, кога претставувале 54.56% од градското население.[758] Во истата година Турците сочинувале 24.70% од градската популација, додека Албанците биле 9.05%.[759] Во 1953 година, од познатите причини се зголемува бројот на декларираните Турци, така што нивното учество се зголемува на

---

[756] Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност..., 42

[757] Во градот кон крајот на XIX век, живееле вкупно 19.700 жители од кои 12.000 Македонци, 6.600 Власи, 600 Роми и 500 Власи. (Васил Кънчов, Избрани произведения том втори...,456)

[758] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine...,445

[759] Ibidem

29.01%, додека учеството на Албанците се намалило на 6.05%.[760] По иселувањето на дел од муслиманското население од градот во педесетите години, учеството на Македонците бил во постојан пораст.[761] Во 1961 година тие претставувале 68.04% од населението, а во 1994 година 80.63%. Албанците по Втората светска војна во Охрид се доселувале главно од околината на Струга,[762] во 1981 година претставувале 8.63%, додека во 1994 година, нивното учество опаднало на 6.56%.[763]

Од поголемите градски центри бројот на турското население се намалил и во Прилеп од 8% во 1953 на симболични 0.3 во 1994 година.[764] Во Радовиш, исто така има умерено зголемување на бројот на Македонците заради иселувањето на турското население, но и благодарејки на доселувањата од околните рурални подрачја. Во 1953 македоското население учествувало со 69.14% во вкупното население, додека во 1994 година, учеството пораснало на 87.98%. Во истото време турското население од 24.98% се намалило на 11%.[765] Слична биле состојбата и во Штип град кој

---

760 За структурата на населението во Охрид во педесетите години види: Атанасије Урошевиħ, Охрид-географска монографија, Скопје 1957, 10-20

761 Бројот на Македонците во Охрид се зголемувал и заради големата миграција на селското население од околината на Охрид и Струга, особено од Дебарца во градот. Бројот на Македоците во градот од 6.094 во 1948 година, се зголемил на 41.146 во 1994 година.

762 Атанасије Урошевиħ, Охрид-географска монографија...,15-16

763 Од 3.373 во 1981 година бројот на Албанците во 1994 се намалил на 2.703 лица. (Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,207)

764 Кон крајот на XIX век во градот живееле околу 6.000 Турци и сочинувале од вкупната градска популација. (Васил Кънчов, Избрани произведения том втори...,544)

765 Бројот на Турците во градот се зголемил од 1.310 во 1953 година на 1.662 во 1994 година но опаднал во ужеството во вкупното население заради брзото зголемување на македонското население во градот заради споменатата миграција од селата. И турското население се доселувало во градот од околните јуручки села особено од средината на шеесетите години, бидејки во 1961 во градот живееле 592 Турци, додека десет години подоцна нивниот број се зголемил на 1.280 лица. Бројот на Македонците се зголемил од 3.663 во 1953 година на 13.258 во 1994 година. (Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,225)

заради големите вложувања во индустријата во годините по Втората светска војна во периодот 1948-1994 година го зголемил своето население за речиси четири пати.[766] Бројот на Турците и тука после 1953 година, се намалувал кога претставувале околу 10% од населението, додека во 1994 тие биле само 2% од вкупното градско население.[767] За целиот период после Втората светска војна Македонците биле над 80% од градската популација од 81.31% во 1953 година, до 88.94% во 1994 година.

Процесот бил ист или сличен и во помалите градски центри во Македонија. Во Ресен турското население се намалило од 1/3 во 1953 годин,а на 16% во 1994 година, додека албанското население за целиот период е на нивото од околу 3%. Македонците бележат благо зголемување од од 61% на 74%.[768] До одредени етнички промени дошло и во Крушево. Во градот во 1948 година, 65.72% биле Македонци и 33.12% Власи. [769] Од почетокот на педесетите години во градот започнале да се населуваат жители од околните села особено по завршувањето на неуспешната колективизација. Во исто време еден дел од влашкото население започнало да се сели кон поголемите центри. Така учеството на влашкото население во градот во 1953 година, опаѓа на 25.9%, во 1981 година, 15.22%, додека во 1994 година, Власите сочинувале 16.18% од популацијата во Крушево. Веројатно еден дел од влашкото население, на некои од пописите се декларирале за Македонци. Бројот на Македонците умерено расте така што во 1994 година 82.70% од жителите биле Македонци.

Од помалите градски центри ќе го спомeнеме и Делчево. И ова место не претставува исклучок во однос на градовите кои до педесетите години

---

766 Од 11.361 во 1948 година, на 41.730 жители во 1994 година.

767 На крајот од XIX век во Штип живееле 8.700 Турци, кои во најголем дел се иселиле по балканските војни

768 Бројот на Макеедонците во градот пораснал од 2.536 лица во 1948 на 6.439 во 1994 година, во истиот период Турците и Албанците останале речиси на исто ниво. Турците 1.320 во 1948 и 1.388 во 1994 година, а Албанците 338 во 1948 и 328 во 1994 година

769 Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine...,443

имале значителен дел на турска популација. Во 1953 година, во Делчево Турците претставувале 35.51% од вкупното население, но по миграцијата од средината на педесетите години веќе во 1961 година, турската популација била само 10%. Во 1994 година, Турците биле застапени со симбилични 1%. Како резултаат на иселувањето на турското население и на доселувањето на Македонци од во градот од околните села, учеството на македонското население се зголемило од 52.62% во 1953 година, на 93.28% во 1994 година.[770]

Во останатите поважни градски центри во Македонија по втората светска војна не дошло до некои етнички поместувања или промени. Македонците во Кавадарци, Неготино, Крива Паланка, Кратово, Берово Виница, Струмица, Валандово, Гевгелија за целиот проследуван период биле апсолутно мнозинство, а во поголемиот дел од нов над 90%.

До поголеми етнички промени во градовите по Втората светска војна всушност дошло во поголемите градови главно во Западна Македонија. Во некои од градовите како Кичево во текот на шеесетите и седумдесетите значајно пораснал бројот на Македонците благодарејќи на доселувањата од бројните македонски села во околината, додека почнувајки од седумсетите се поголем дел од албанското население од околните големи албански села започнале да се населуват во градот, со што овој град во кој на почетокот на XX век, мнозинското население било муслиманско но со македонски мајчин јазик добивал една нова етничка структура. Градовите во кои останал значаен процент на турско население во најголем дел го изгубиле ова население почнувајки од средината на педесетите, а на нивно место се населувале Албанци и Македонци во Западна Македонија, односно Македонци во градовите во Источна Македонија.

---

770 Во Делчево во 1953 живееле 1.596 Македонци, а во 1994 нивниот број пораснал на 9.845 лица, за разлика од Туците чии број континуирано опаѓа од 1.127 во 1953 на 121 во 1994 година. (Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,86) Во Делчево односно Царево Село кон крајот на XIX век живееле во мнозинство било муслиманското население. Во градот живееле и голем број на исламизирани Македонци. (Васил Кънчов, Избрани произведения том втори...,528)

Воопшто деаграризацијата и брзото напуштање на селото условило во некои градови да дојде до промени и во етничката структура. Во Куманово покрај македонското население се населиле и голем број на Албанци од Карадачките села, со што во градот албанското население имало се позначајна улога. Во Скопје пак на местото на Турците се населувале голем број на Албанци од околината, но и од други делови на Македонија и од Косово и Јужна Србија, но во исто време се наслувале и голем број на Македонци, со што Македонците ја задржале процентуалната застапеност, додека бројот на албанското население се зголемувал.

Тетово, Гостивар, Дебар во втората половина од XX век, добивале албански етнички карактер, додека градовите во Источна Македонија го зацврстилее својот македонски етнички лик.

# 13. Динамика во промените на етничката структура во Македонија по 1948 година

Промените во составот на населението според националната припадност во периодот 1948-1994 година, биле во непосредна поврзаност со влијанието на бројните фактори (политички, економски, социјални) кои го определиле карактерот на етно-демографскиот развој на Македонија. Во овој речиси полувековен период природните и миграциони движења предизвикале видливи последици во етничката композиција на населението.

| | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.152.986 | 1.304.514 | 1.406.003 | 1.647.308 | 1.909.136 | 1.945.932 |
| Македонци | 789.648 | 860.699 | 1.000.865 | 1.142.375 | 1.279.136 | 1.295.964 |
| Албанци | 197.648 | 162.524 | 183.108 | 279.871 | 377.208 | 441.104 |
| Турци | 95.940 | 203.938 | 131.481 | 108.552 | 86.591 | 78.019 |
| Власи | 9.511 | 8.668 | --- | 7.190 | 6.384 | 8.601 |
| Роми | 19.511 | 20.462 | --- | 24.505 | 43.125 | 43.707 |
| Срби | 29.721 | 35.111 | 42.728 | 46.465 | 44.468 | 40.228 |
| Муслимани | 1.560 | --- | 3.002 | 1.248 | 39.513 | --- |
| Други | 3.661 | 13.122 | 47.821 | 37.350 | 12.184 | 36.427 |
| Југословени | --- | --- | --- | 3.652 | 14.225 | --- |
| Бошњаци | --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| Непознато | --- | --- | --- | --- | --- | --- |

Податоците за бројот на населението во Р. Макеедонија според националната припадност се земени од публикуваните книги за Пописите на населението од Сојузниот завод за Статистика за 1948 година книга IX, за 1953 година, книга I, за 1961 година, книга VI, за 1971 година, кнога VI, за 1981 година, од Статистички преглед 126, за 1994 година, Соопштение 2, Попис 1994 година.

## *13.1 Бројна состојба на Македонците во периодот 1948-1994 година*

Македонците во овој период успеваат да одржат еден континуитет во бројноста со учество од околу две третини од вкупното население (во 1994 години Македонците се намалиле за 1.9% во однос на 1948 година), со тенденција на намалување на нивниот број заради нискиот наталитет, кој кај македонското население се јавува од средината на шеесетите години кога заради економската миграција, односно брзото напуштање на селото, дошло до значителни структурни промени во општеството. Така во периодот 1971-1994 година средногодишната стапка на зголемување кај  Македонците е 0.58%, односно за трипати помала одколку во периодот 1950-1971 година.[771] Бројот на Македонците по првиот попис од 1948 година, изнесувал 789.648 лица, или 68.5% од вкупното население. Во 1953 година, бројот на Македонците пораснал на 860.699 лица, но процентуиално опаднал на 65.97%, што е резултат на промената на националната определба кај најголемиот дел на Македонци муслимани, во однос на 1948 година.

Во 1961 година, Македонците учествувале со 71.19% од вкупното население во Македонија. Зголемувањето на учеството на Македонците во вкупното население во однос на 1953 година, било за 5.21% и било последица на масовното иселување на турското и друго муслиманско население население во меѓупописниот период.

Во периодот по Пописот од 1953 година, дошло и до населување на Македонци бегалци од Егејскиот дел на Македонија, кои се наоѓале пред се во земјите од Источниот блок. Во тогашна Н.Р Македонија Македонците од Егејскиот дел се доселувале како последица на теророт што врз нив го спроведувале властите во Грција. Иселувањето се зголемило во периодот 1946-1949 година, за време на Граѓанската војна во Грција.

---

[771] Васа Даскаловски, Тенденциите на демогеографскиот развој на Република Македонија, Зборник од вториот конгрес на географите на Република Македонија, Охрид 3-5 Ноември, 2000, 124

Во педесетите години започнало нивното враќање (од Источно-европските земји) во матичната земја при што кон крајот на 1955 година, биле регистрирани 5.749 семејства, со 23.181 бегалеци од Егејскиот дел. По 1955 година, дошле уште 1.535 семејства, со 4.500 лица, или кон крајот на 1958 година, во Н.Р Македонија биле регистрирани 27.687 бегалци од Егејскиот дел на Македонија.[772] Враќањето на ова население во Македонија продолжило и во понатамошниот период, а во 1960 година властите заземале став просечно годишно да се дозволува вселување на по 600 бегалци, со можност да се надмине оваа бројка.[773]

Сето ова влијаело да дојде до зголемување на Македонците во вкупното население во Македонија, кое и понатаму ќе се зголемува бројчано, но ќе се намалува процентуално. Во 1971 година, на пописот биле регистрирани 1.142.375 Македонци или 69.35%, а во 1981 година, 1.279.323, или 67.01%, додека во 1994 година имало 1.295.964 Македонци, или 66.6%.[774] Континуираното процентуално намалување Македонците во вкупното население по 1961 година се должи на значително побрзото намалување на природниот прираст во однос на другите етноси (Албанци, Турци, Роми, Муслимани), односно Македонците побрзо влегле во процесот на т.н демографска транзиција. Причините за намалување на стапката на наталитетот кај едно население се различни но најчесто произлегуваат од вкупниот општествено-економски развој на државата и општеството. Подигнувањето на животниот стандард, унапредување на социјалната и здравствената заштита, подигнувањето на образовното и културно ниво на населението, еманципацијата на жената, планирањето на семејството,

---

[772] Ова население било распоредено во следните околии: Скопје 3.436 семејства, Битола 1.350, Велес 1.079, Штип 1.145, Струмица 100, Тетово 139, Охрид 35 (ДАРМ, ф. 159, к-84, а.е 6/182-189, Информација за положбата на бегалците од Егејска Македонија од 26.12. 1958.

[773] ДАРМ, ф. 159, к-101, а.е 15/279-298; Во 1962 година било констатирано дека во земјите од Источна Европа имало уште околу 25.000 македонски бегалци од Егејскиот дел на Македонија.

[774] Вкупно население...,Op cit, 55

урбанизацијата условиле континуиран пад на бројот на раѓањата, а со тоа и пад на стапката на наталитетот. Ова секако имало влијание и врз природното движење на населението и миграционите движења, заради што дошло и до пад во процентуалното учество на Македонците во вкупното население.

*13.2 Промени во бројот на Албанците, Турците и другото муслиманско население во периодот 1948-1953 година.*

Албанското население во проследуваниов полувековен период бележи постојан раст со исклучок на периодот 1948/1953, година, за што ќе зборуваме подолу. Нивниот континуиран пораст, со што во 1994 година, сочинуваат 22.7% од вкупното население на Р. Македонија, ги става во редот на значаен демографски, а оттука и политички и економски фактор, кој со својата бројност и политичка моќ ќе влијаат врз натамошниот развој на државата. Бројноста на албанското неселение и натаму ќе бележи тенденција на зголемување, затоа што ова население од низа причини подоцна влезе во процесот на т.н демографска транзиција, за разлика од Македонците.

Од друга страна турското население бележи континуирано намалување по 1953 година, кога и дел од другите етноси со муслиманска вероисповед заради желбата за иселување во Турција, се декларирале за Турци. Во 1953 година, Турците претставувале дури 15.6%, од населението, додека во 1994 година, само 4%.

Од ова се гледа дека порастот на бројноста различните етноси во Македонија не бил еднаков, односно нивното учество од попис до попис прилично се разликува. Дел од причините делумно ги објаснивме во претходните поглавја, а на останатите ќе се осврнеме на ова место. Особено големи промени во бројот на пооделни етноси се забележуваат во пописните изјаснувања во 1948 и 1953 година. Тука настанале прелевања пред се кај популацијата со муслиманска вероисповед. Во 1948 година, еден дел од Турците пред се во Западна Македонија особено во Гостивар и Тетово се декларирале за Албанци. Ваква појава има и кај дел на Македонците

муслимани особено во Реканските села.[775] Навистина останува отворено прашањето за цврстината на националниот идентитет кај ова население бидејќи на наредните пописи дел од Македонците со муслиманска вероисповед ќе се покаже како доста флуктуирачки. Сепак во 1948 година, најголемиот дел од ова население се декларирало за македонско, нешто што во наредните пописи нема да се случи во толкав број. Дури и партиските анализи од педесетите години потсетуваат на ваквата состојба зборувајќи пред се идентификацијата на ова населние со верата, а не со своето потекло. Во споменатите анализи се зборува за национална нестабилност и недоформени национални чувства кај ова население како резултат на нивниот специфичен развој во претходниот период.[776]

| Попис | Македонци | Албанци | Турци |
|---|---|---|---|
| 1948 | 789.648 | 197.389 | 95.940 |
| 1953 | 860.699 | 162.524 | 203.938 |

Од табелава се гледа дека во рагледуваниов период постои голема осцилација во бројот на албанското и турското население. Кажавме дека во 1948 година, еден дел од турското население се декларирало за албанско. Тоа биле оние градски муслимани (дел од албанско дел од македонско потекло) кои уште во османлискиот период учејќи го турскиот јазик како тогашен јазик на чаршијата, а заради влијанието на верата се прелевале во рамките на турското население. Ова население останало "национално лабилно" по ослободувањето и во најголем дел се декларирало за албанско (шиптарско

[775] Ваква појава во 1948 година, е забележана во месните народни одбори во Дебарскиот срез и тоа во Болетин, Веле Брдо, Јанче Требиште, како и во месниот народен одбор Лажани во прилепскиот срез каде исламизираното македонско население е заведено како албанско.(ibidem...,438-439,445)

[776] ДАРМ, ф, 427. к-72,а.е.1/ 1-67, Иселување на припадниците на турското национално малцинство од подрачјето на НРМ, декември 1956

според тогашната официјална статистика), бидејки односите со Албанија во овој период сеуште биле пријателски. [777] Во 1953 година пак, како што претходно видовме, ќе имаме сосема различна слика во однос на националната определба на ова население, процес кој ќе продолжи во поумерена форма и во 1961 година.

Според податоците од пописот 1948 година, во Македонија живееле 789.648 Македонци или 68.49% од вкупното население во тогашна НРМ. Според официјалните податоци во вкупниот број на Македонци влегуваат и 37.096 Македонци со муслиманска вероисповед[778], со што најголемиот дел од исламизираните Македонци, освен во претходно посочените села за прв пат се декларирале за Македонци. Тие учествувале со 4.69% од вкупно декларираните Македонци во НРМ.[779]

Веќе во наредниот попис најголемиот дел од ова населние ќе се декларира за турско од познатите причини за што побрзо емигрирање во Турција. Во 1953 година, бројот на Македонците изнесувал 860.699 жители,но се бележи пад во вкупниот број на населението на 65.98%, од наведените

---

777 ДАРМ, ф, 427. к-27,а.е.56 /269-287; Виолета Ачкоска, Идејата за вГолема Албанијаг и некои демографски промени во Западна Македонија во XX век, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје 1998.99, год. 17. бр. 1, 123-130; Глигор Тодоровски, Демографските промени...,287-361. Според анализите на државниот врв ова население декларирајки се за албанско сметало дека би имало повеќе изгледи за заштита и напредок отколку декларирањето за Турци во време кога Турција била непопуларна во југословенската јавност, па дури и третитрана како не сосема пријателска држава. За ваквото национално определување постоеле и други причини како што била италијанско-албанската окупација 1941-1944 година, кога врз основа на големоалбанските идеи се вршело обединување на целото муслиманско население.

778 Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,(uvoden del xvii)

779 Речиси во сите области на Македонија каде било застапено македонското населеноие со муслиманска вероисповед најголемиот број се декларирале за Македонци.почувајки од селата во скопска торбешија, селата Урвич и Јеловјане во Тетовско, Горно Врановци и мелница во Велешко, Пласница, Челопеци и Лисичани Кичевско еден дел од селата во реканскиот крај како Жировница, Ростуше, Могорче, како и во Лабуништа, Подгорци, Октиси и Боровец во Дримкол.

причини. Како пример ќе наведеме неколку населени места во кои живееело исклучиво македонско населние со муслиманска вероисповед. Велешкото село Горно Врановци во 1953 година броело 3.847 жители, безмалку сите се деклариале за Турци,[780] дури во ова село постоела и партиска организација со седумдесетина членови која се распаднала веднаш штом започнал процесот на иселување за Турција. Друг карактеристичен пример е Пласница и околните села во кое живее исламизирано македонско население. Во овие села во 1953 година, биле регистрирани безмалку 3.000 Турци, а тоа се всушност споменатите исламизиран Македонци.[781] И во сите села во Скопско[782], Тетовско[783] македонското население се декларирало за турско. Во Дримкол и Реканскиот крај оваа појава била нешто поумерена.

Споредувајки ги податоците од пописот во 1953 година, само за селата во кои живеело исламизирано македонско население се доаѓа до бројка од околу 22.000 лица кои се декларирале за Турци. Во оваа бројка не влегуваат градовите во кои исто така живеело исламизирано македонско население. Во Кичево на пример во 1948 година, биле регистрирани 1.693 Турци,[784] додека во 1953 година, нивниот број се зголемил на 4.749,[785] со што станале мнозинско население во градот, односно тоа зборува дека над триесетина илјади исламизирани Македонци се прелеале во турскиот етнос. Ова е една од причините намалувањето на Македонците во вкупното население на Македонија.

---

780 Од 3.847 жители само 47 се декларирале за Македонци, а 3.780 за Турци.

781 Вкупно население...,Op cit,21; Сите проучувачи од балканските земји од крајот на XIX и почетокот на XX век се сложуваат дека станува збор за исламизирано население. (Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви, Братство, књига 32, Београд, 1925, 21-95

782 Држилово, Долно Количани, Пагаруша, Цветово, Елово, Умово и Држилово

783 Урвич и Јеловјане

784 Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,442

785 Попис на населнние и станови во 1971 година, Основни податоци по општини, Скопје 1972, 20

Во периодот 1948-1953 година, доаѓа и до значајно намалување на албанското население во Македонија. Од 197.389 во 1948 година, нивниот број се намалил на 162.524 жители, што значи дошло до намалување за околу 35.000 лица. Знаејки дека албанското население спаѓало во групата на високонаталитетно население ваквото намалување изгледа нелогично. За високиот наталитет зборува и фактот што во 1948 година, 42.4% од албанското население на територијата на тогашна Југославија било под 14 години. За споредба во оваа старосна група припаѓале 37.1% од Македонците, 32.3% од Србите и само 28.1 % од Словенците. Во истиот овој период непостои ниту значајно иселување на Албанците од Македонија. Главната причина за ваквото намалување на албанското население за период од пет години е прелевањето на еден негов дел во турското население заради споменетите причини. Политичките прилики сега биле значајно променети. Односите со Албанија по 1948 година, се влошиле, додека по потпишувањето на Балканскиот пакт Турција станала сојузника на тогашна ФНРЈ. Исто така дошло до зголемување и на верскиот фанатизам кај еден дел од муслиманските Албанци заради носењето на низа закони какошто бил на примр Законот против фереџети и др.[786]

Во некои области на Македонија значаен дел од Албанците во 1953 година, се декларирале за Турци. Тоа е особено карактеристично за селските средини каде верската идентификација преовладувала над националната, а во исто време се јавила и можноста за иселување во Турција.

Ваквата тенденција се јавила во Скопско, каде во некои села дури поголемиот дел од албанското население се декларирало за турско.[787] Слично било определувањето на дел од населението во албанските села на

---

[786] ДАРМ, ф, 427. к-72,а.е.1/6

[787] Ова е особено карактеристично за селата по сливот на Маркова и Кадина река За потеклото на ова население постојат повеќе научни студии: Јован Хаџи Васиљевић, Скопље и негова околина, Београд, 1930, Матрияли за проучуването на Македония, София, 1896; Јован Трифуноски, Поречието на Кадина Река, Скопје, 1952

Скопска Црна Гора.[788] И во Кумановско еден дел од албанското население во 1953 година, се декларирало за турско. Само во Липковскиот крај од 19.178 жители во 1953 година, 12.743 се декларирале за Турци, а 4.111 за Албанци.[789] На истиот овој простор во 1921 година, најголемиот дел од муслиманското население се изјаснило дека е со мајчин албански (арнаутски) јазик.[790] Постои богата литература за потеклото на ова население кое на просторот на Кумановско започнало да се населува од втората половина на XVIII век, најчесто од северноалбанските области.[791] Ваквата појава го објаснува брзото процентуално зголемување на албанското население, на овој простор по 1961 година, кое се должело и на доселувањата од Јужна Србија и Косово, но и на флуктуирачкото национално определување кај дел од албанското население, за што постојат повеќе конкретни примери изведени од бројните теренски истражувања.[792] Ќе наведеме само еден пример кој добро ја илустрира промената во идентитетот кај муслиманското население преку примерот на

---

788 За потеклото на ова население: Светозар Томиќ, Скопска Црна Гора, СЕЗ, књига 5, Београд, 1905; Во селата на Скопска Црна Гора (Танушевци, Брест и Блаце) во 1953 година дури 1.961 лице се декларирале за Турци. Ваквата тенденција иако намалена продолжила и во 1961 година кога 1.052 од Албанците се декларирале за Турци. По 1961 година, кога престанува бранот на иселување во Турција бројот на декларираните Турци бил безначаен.

789 ДАРМ, ф, 427. к-72,а.е.1/ 4

790 Дефинитивни резултати поиписа становништва...,100-101

791 Јован Хаџи Васиљевић, Јужна Стара Србија, књига I, Београд, 1909; Јован Трифуноски, Кумановско- Прешевска Црна Гора, Насеља и порекло становништва, књига, 33 Београд, 1951; Атанасије Урошевић, Куманово, с.л, 1949

792 Едно од поголемите села во општина Куманово, Романовце, според пописот од 1953 година, имало 2.078 жители од кои 997 Македонци, 72 Албанци и 939 Турци, додека во 1961 година, во селото живееле 2.077 жители од кои 1.013 Македонци, 126 Албанци и 833 Турци (Вкупно население...,Op cit 165) Во овој период во селото биле извршени теренски истражувања и според резултатите од овие истражувања во селото во 1963 година, имало околу 330 семејства од кои 180 македонски, 140 албански и само 8 турски,( Јован Трифуноски, Сеоска насеља скопске котлине, Скопје 1964, 29), што значи најголемиот дел на албанските семејства се декларирале за Турци од најразлички причини, заради желба за иселување во Турција, или пак заради недоволно оформената национална свест

селото Лопате, за оваа појава да биде сосема јасна. Во 1961 година, во селото живееле 1260 жители, од кои 475 Македонци, 129 Албанци и 578 Турци.[793] Во селото според теренските истражувања од 1965 година пак имало 79 македонски, 76 албански и 4 турски семејства ( кои биле населени во селото како мухаџири од Бугарија во 1878 година), што значи и тука најголемиот дел од албанското население се декларирало за турско, иако Албанците по потекло биле од селата на Скопска Црна Гора, населени во ова рамнинско село почнувајќи од втората половина на XIX век.[794] Карактеристично е дека во ова и другите села со албанско муслиманско население, жителите започнале да се декларираат за Албанци дури во седумдесетите, особено во осумдесетите години, од кога бележиме само симболична застапеност на турското население во оваа област.

Вакви прелевања имало и во други области но во помала мера. Карктеристично е дека во некои села во Пелагонија и Крушевско исто така дел од албанското население се попишало како турско. Ваква појава имало и во Демир Хисар каде во 1948 година, биле попишани 946 Албанци и само 6 Турци, додека по пет години во 1953, имало регистрирани 1.015 Турци и само 50 Албанци.[795] Промени имало и во некои градови, иако во градовите е потешко да се следи населението особено од муслиманска вероисповед пред се заради неговото релативно брзо амалгамирање, односно мешање во рамките на верската група, без разлика на етносот.

Во Охрид во 1948 година, биле регистрирани 1.011 Албанци и 2.758 Турци. Во 1953 година, бројот на Албанците и покрај посочениот голем пророден прираст се намалил на 765 лица, додека кај Турците дошло до зголемување на 3.667 лица, односно еден дел од декларираните Албанци во 1948 година се прелеал во рамките на турското население.[796] Слична била

---

[793] Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM...,58)

[794] Јован Ф.Трифуноски, Кумановска област Сеоска насеља и становништво, Скопје, 1974, 44

[795] ДАРМ, ф, 427. к-72,а.е.1/ 4; Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,439

[796] Интересни се согледувањата на плодниот истражувач Атанасије Урошевиќ кој вршел теренски испитувања во Охрид кон средеината на педесетите година и на XX век. Зборувајќи

тенденцијата и во Битола. Во 1948 година, биле регистрирани 1.327 Албанци и 3.543 Турци, додека во 1953 година, имало 651 Албанци и 6.476 Турци.[797] Овде очигледно и еден дел од ромското население и другите муслимани се декларирале за Турци, заради што за само пет години бројот на турското население во градот речиси се удвостручил.

Во останатите области особено во Западна Македонија имало една доста стабилна етнички хомогена маса на албанско население која тешко се прелевала во рамките на други национални контингенти. Во Кичевско, Дебарско или Струшко ваквите појави како во Кумановско или Скопско биле само инцидентни. Во овие области многу поголема национална нестабилност покажало македонското население со муслиманска вероисповед кое речиси

---

за турското население во Охрид авторот забележува дека муслиманското население од разни народности кои се доселувале во Охрид бргу се претопувале во Турците кои биле носители на Исламот и градската култура. Овој процес ги офатил и доселените Албанци муслимани чии најстари родови во градот живееле од средината на XVIII век, а потекнувале или од блиската околина од територијата на денешна Албанија, или од Дебарско. Албански доселеници претоени во ликалното турско население имало и од Јужна Албанија за што сведочи нереткото презиме Тоска. Турското влијание главно преку јазикот се ширело меѓу ова население најдалеку во третата генерација од доселувањето во градот. Така на прмер родот Дервишлер во Охрид се доселиле во “Џеледин-бегово време” од селото Поум Струшко, каде пак биле доселени од Дебар, а старината им била во Северна Албанија, веќе кон крајот на XIX век, го напуштиле албанскиот јазик и заради мешањето со другото муслиманско население кое говорело турски, го прифатило турскиот јазик како домашен, односно требало да поминат 70-тина години за да почнат дома да го зборуват турскиот јазик. Инаку меѓу турското население во Охрид имали и фамилии со курдско и черкеско потекло доселени во XVIII и XIX век.( Атанасије Урошевић, Охрид географска монографија, Скопје, 1957, 14-16 ). Со тек на време ваквиот процес започнал да оди во обратен працец, така што се поголем дел од муслиманското население се декларирало за албанско. Бројот на Албансците пораснал од 765 лица во 1953 година на 2.703 во 1994 година, додека бројот на Турците се намалил од 3.667 во 1953 година на 2.344 во 1994 година. Бројот на албанското население се зголемувал и заради доселувањето од големите струшки села населени со албанско население.

[797] Попис на населнинието и станови во 1971 година, Основни податоци по општини...,16; Вкупно население...,Op cit,42

во сите поиписи по 1953 година, во најголем број се декларирало за турско, дури и во периодот по шеесетите години кога бранот на иселување во Турција целосно спласнал.

Само во селата во кои живеело албанско население во 1953 година, во Скопско, Кумановско, Крушевско, Прилепско, Битолско и др имало околу 30.000-35.000 лица кои се изјасниле за Турци. Во овие средини населението на сличен начин се определувало како и во селата населени со Македонци муслимани. Во некои средини ваквата определба ќе продолжи и во 1961 година.

Во овој контекст посебно внимание заслужуваат Македонците муслимани кои во најголем број во 1953 година се декларирале за Турци од добро познатите причини, додека во натамошните пописни изјаснувања нивното национално определување постојано се менува. Ова население кое мошне добро го сочувало својот мајчин македонски јазик заради верата ги изгубило врските со православните Македонци. Одреден број на истражувачи сметаат дека ова население преставува една посебна супгрупа.[798] Друг дел на истражувачи пак не се сложува со оваа констатација дека Македонците муслимани претставуваат посебна етно целина.[799]

Истражувачите различно ја проценувале бројноста на ова муслиманско население, но преовладува мислењето дека на територириторијата на Македонија во дваесетите години живееле околу 35.000[800] Македонци со муслиманска вероисповед. Најголемиот дел од нив после 1953 година, се декларирале за Турци, или пак за муслимани.

Токму затоа во 1953 имаме значајно зголемување на бројот на Турците во Македонија. Од 95.940 или 8.32% во 1948 година, на 203.938 или 15.63% во

---

798 Галаба Паликрушева Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката супгрупа, (докторска дисертација), Скопје, 1965

799 Нијази Лиманоски, Исламизацијата во Македонија...,

 Јован Хаџи Васиљевић, Муслимани наше крви у Јужној Србији, Братство, XIX, Београд, 1925, 28,( Автор ова население најчесто гоословува со термините Торбеши, или потурчењаци. )

посочената 1953 година. Ваквата демографска и статистичка нелогичност била констатирана и од страна на подготвувачите на пописните податоци од 1953 година. Во методолошките објасненија за наведениот попис се констатира дека пописите од 1948 и 1953 година, покажуваат разлики во бројот на припадниците на одредени народности што можат да потекнуваат единствено од различното декларирање на народностите во 1948 и 1953 година, мотивирано од посебни причини ( на пример бројот на Турците во 1953 година пораснал во толкава мера што е очигледно дека еден дел од Турците во 1948 година се декларирале за Албанци , односно Македонци и обратно еден дел на Албанци и Македонци се изјасниле за Турци.[801]

После 1953 година, настапува постојаното намалување на бројот на турското население кое ќе продолжи до крајот на разгледуванив период до 1994 година. Особено се осипува нивниот број во местата каде тие живееле во компактни групи пред се во Повардариeто, Овче Поле, Радовишко, како и во градовите каде претставувале значаед дел од населението како Скопје каде во 1921 година биле 34.4%[802] од вкупното население на градот, или во 1948 кога претставувале 16%. Намалување бележат и останатите градови, освен Тетово и Гостивар. Највисок процент на турско население бележи општината Валандово со 40% во 1953 година, а потоа Виница и Радовиш со над една третина од населението.

Кон крајот на педесетите години доаѓа до намалување на процесот на иселување на муслиманското население во Турција, така што се намалило и прелевањето на муслиманските етноси едни во други.

---

[801] Попис становништва 1953, књига I, XXXV

[802] Дефинитивни резултати поиписа становништва...,112-113

*13.3. Етничката промени и демографски движења по 1961 година*

*13.3.1 Иселувања од Македонија по 1961 година*

Во 1961 година, во Македонија живееле 1.406.003 жители. Во шеесетите години започнало помасовно заминување кон прекуокеанските и земјите од Западна Европа. Како резултат на ваквите процеси вкупниот број на вработени во странство во 1981 година, изнесувал речиси 60.000 лица. Еден дел од нив со тек на време ги повлекувале и своите семејства со што започнала да се менува демографската структура на некои области. За обемот на оваа "современа печалба" најдобро зборува фактот дека во 1981 година, просечно од 100 македонски домакинства 12 имале вработени лица во странство.[803] Од вработените во странство најголемиот број биле Македонци. Во 1971 година, Македонците учествувале со 67.8% од вкупно вработените во странство. Но учеството на Македонците во вкупниот број на работници во странство започнал да опаѓа особено по 1971 година, кога кај Албанците се јавил еден поинтензивен бран на заминување на работа во странство.

Во 1981 година, 27% од вработените во странство биле Албанци.[804] Во исто време бројот на лицата кои се селеле во Турција значително опаднал. Во периодот 1961-1971 година, просечно годишно населението на Македонија се зголемувало за околу 24.000 жители што е повисока стапка во однос на периодот 1953-1961 година. Во оваа деценија Македонија имала највисок пораст на населението во однос на другите републики од Југославија, освен со

[803] Васил Даскаловски, Дончо Герасимовски, Демографски аспекти на привременотог вработување во странство од СР. Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985, 707

[804] Ibidem...,716

Косово.[805] Стапката на релативно брз пораст на македонската популација се одржал и во периодот 1971-1981 година, населението се зголемило за 261.828 лица односно просечно годишно за околу 26.000 жители. По 1981 година, порастот на населението значително се намалува, па така во периодот 1981-1994 населението се зголемило за околу 36.000 лица.[806]

### *13.3.2 Бројноста и промените во етничката структура*

Од 1961 година, етничката слика на Македонија полека се стабилизира и нема големи диспропорции во бројот на одредени етноси како во периодот 1948-1953 година.

Албанското население во Македонија во 1961 година, било застапено со 183.108 жители или 13.02%. И во овој попис еден дел од албанското население сеуште се декларирало за турско, иако во многу помал број од 1953 година. Како пример повторно ќе го навадеме Липковскиот крај каде и во 1961 година, 12.345 жители се декларирале за Турци, иако по потекло биле Албанци. На овој простор по само една деценија како Турци се декларирале 1.598 жители, додека во 1981 година, 427.[807] Овој пример покажува дека со намалувањето на интересот за иселување во Турција, се намалувал и бројот од муслиманското население кое се декларирало за турско.

Во 1971 година, албанското население броело 279.871 жители или 17%, односно нивниот број се зголемил за речиси 100.000 жители. Во 1981 година, во Македонија живееле 377.208 или 19.8% Албанци. Ваквото зголемување на албанското население за неколку децении било резултат на високиот

---

805 Владо Картов, Движењето на вкупното население на СРМ во повоениот период и неговите промени во националниот состав (според пописите на населението), Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985, 515

806 Душан Бубевски, Националниот состав на населението во Република Македонија во периодот 1948-1994 година и некои аспекти на меѓунационалните односи, Годишник на институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, XVIII/1, Скопје, 1995, 9

807 Вкупно население...,Op cit, 167

природен прираст, како и на континуираното доселување на албанско население од Косово и јужна Србија.

Ваквиот демографски тренд бил следен и од тогашните политички структури во Македонија (партиски и републички). Се констатирало дека само за една деценија, во периодот 1971-1981 година, од Косово во Македонија се доселиле 21.245 лица, додека од Македонија во Косово се иселиле 5.600 лица.[808] Партиските структури барале начин да го спречат механичкиот прилив на албанското население пред се од Косово, бидејки ваквото движење на населението создавало низа економски, инфраструктурни, но и демографски и етнички проблеми и поместувања, особено во Скопје, Полошката котлина и Куманово каде доселувањето било најизразено. Се констатирало дека ова население најчесто се населува во национално хомогени населеби, при што македонското население во етнички мешовитите населби постојано се намлува.[809]

Промена во структурата на насeлелението имало и во области кои не биле најдиректно зафатени со ваквите доселувања од Косово или Јужна Србија. За целиот период по Втората светска војна константно е зголемувањето на албнското население во општините во Западна Македонија. Според официјалните податоци од 1981 година, во Македонија имало 21.245 лица доселени од Косово. Во овие бројки не се влезени лицата родени на територијата на Македонија, по доселувањето на нивните родители. Оттука дури и некои тогашни раководители пред се на општинско ниво (на пример од Тетово) искажувале сомнеж во овие податоци, наведувајки дека бројот на доселените од Косово во Тетовско бил неколкупати поголем од официјалните 2.500 лица. [810] Се разбира дека ваквите

---

[808] Славко Милосавлевски, Мирче Томовски, Албанците во Република Македонија 1945-1995 година, легислатива,политички документи статистика, Скопје, 1996, 256

[809] Ibidem..., 225

[810] Од нив 14.870 биле доселени на територијата на градот Скопје, 2.503 на територија на општина Тетово и 1986 на територија на општина Куманово, односно во овие три области

миграции оставиле белег во структурата на naselнието, така што доселување од Косово и Јужна Србија е една од причините за брзиот пораст на бројот на албанското население по 1961 година. Во 1991 Албанците, заради одредени политички причини ќе го бојкотираат пописот, заради што во 1994 година ќе се спроведе нов попис на кој како Албанци се декларирале 441.104 жители или 22.6% од вкупното население. Албанците претставувале апсолутно мнозинство општините Тетово и Гостивар, релативно мнозинство биле во општините Кичево, Дебар и Струга, додека значителен дел од населението биле во општина Куманово со 36.9% и на подрачјето на градот Скопје со 20.8%. Во другите општини албанското население во 1994 година, било под 10%.[811]

Најголема концентрација на албанското население имало во Полошкиот регион, односно општините Тетово и Гостивар. Во овие две општини живело 44.6% од вкупното албанско население во Македонија.

Албанското население претставувало апсолутно мнозинство во Полог, односно општините Тетово и Гостивар за целиот период 1948-1994 година. Во 1948 година, тие претставувале 73.87% од населението Гостиварско,[812] додека во Тетовско албанското население претставувало 66.80%. Во периодот до 1994 година, продолжува трендот на постојано зголемување на бројот на Албанците во однос на вкупното население како и на Македонците. Ова област е карактеристична со големата густина на населеност и аграрна пренаселеност, што пак вродило со прилично иселување особено од селата.

---

биле населени над 90% од доселениците од Косово. (Душан Бубевски, Миграциите на населението во СР. Македонија- внатрешни и мешурепублички текови, Скопје, 1990, 243)

811 Ваквата територијална поделба на Македонија важи до 1996 годоина.

812 Овде повторно напоменуваме дека најголемиот дел од Турците во градот и околните села се декларирале за Албанци, како Турци биле регистрирани само117 жители. (Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,438). Границите од 1948 и 1994 година за оваа општина не се совпаѓаат, бидејки во 1948 година месните народни одбори од Болетин, Велебрдо, Галичник, Жировница, Јанче, Лазарополе, Могорче и Ростуше биле во состав на Дебарскиот срез. Овие места во 1994 година биле во состав на општина Гостивар.

Областа била податлива за бројни истражувања кои покажуват една диспропорција во движењето на македонското и албанското население.

Така на пример во селата населени само со македонско население во периодот 1948-1971 година дошло до намалување на населението од 17.603 на 16.929 жители, додека во селата населени само со албанско население дошло до зголемување од 52.161 во 1948 година на 81.570 во 1971 година.[813] Македонците многу побргу ги напуштале селата и се селеле во блиските градови или погоолемите центри, а од овој простор е карактеристична и миграцијата особено на американскиот континент. Се разбира и наталитетот многу побргу опаѓал кај Македонците, додека во разгледуваниов период кај Албанците се одржувал на едно високо ниво.

Во Тетовско во 1948 година, живееле 51.586 Албанци, а во 1994 година, 128.051, односно порастот за четириесет и шест години бил 76.465 жители. Во 1994 година Албанците претставувале 74.4% од вкупното население во Тетовско.[814] За Тетовската област е карактеристичо брзото зголемување на бројот на населението во руралните средини.[815]

| Општина Тетово | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 25.461 | 51.586 | 620 | 1.885 | 79.498 |
| 1953 | 28.585 | 60.159 | 4.432 | 4.971 | 98.147 |
| 1961 | 32.921 | 65.482 | 10.155 | 2.272 | 110.831 |
| 1971 | 34.206 | 87.715 | 5.896 | 3.393 | 131.210 |
| 1981 | 38.451 | 113.414 | 4.675 | 6.838 | 162.378 |
| 1994 | 35.081 | 128.050 | 3.945 | 5.375 | 172.171 |

---

813 Илија Јосифовски, Општествени промени на село македонското, албанското и турското население на село во Полог-социолошка студија, Скопје, 1974, 49

814 Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност по општини, Скопје, 1996,23

815 Како пример ќе ја земеме општината Желино(во границите одредени според Законот за територијална поделба од 1996) во која во 1961 година живееле 10.979 жители, а во 1994 година населението се зголемило на 21.760, односно за 33 години населението се зголемило дупло. Во општината Вратница пак каде мнозинско било македонското население бројот на населението се намалил од 4.437 во 1961 на 3.270 во 1994 година. (Митко Панов, op. cit, 327 )

Бројот на албанското население според последните пописни изјаснувања е значителен и во Кумановската област. Албанците ги населуваат западните предели од оваа област ( Карадаг), додека почнувајки од шеесетите години на XX век, претставуваат значаен дел и од градската популација.[816] Тие биле значајна етничка компонента на областа и во периодот меѓу двете светски војни.[817] До 1948 година, бројот на Албанците прилично пораснал, така што сега претставувале 29.8% од вкупното население. Но веќе во наредните пописни изјаснувања голем дел од ова население како што видовме од најразлични причини се декалрирало за турско. Дури кога престанал процесот на иселување во Турција повторно нагло се зголемил бројот на декларираните Албанци во областа.[818]

| Општина Куманово | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 44.252 | 20.039 | 2.381 | 12.553 | 79.498 |
| 1953 | 48.974 | 5.416 | 19.487 | 16.095 | 89.977 |
| 1961 | 58.595 | 7.197 | 17.185 | 17.032 | 99.920 |
| 1971 | 62.412 | 28.418 | 5.072 | 17.529 | 113.431 |
| 1981 | 65.803 | 39.608 | 2.302 | 18.445 | 126.118 |
| 1994 | 64.526 | 47.178 | 422 | 15.688 | 127.814 |

---

[816] Според истражувањата албанското население во пределите на Кумановско започнале да се населуваат во втората половина на XVIII век, најпрвин во планинсите села на Карадаг, а потоа постепено и во рамничарскиот дел од областа. (Јован Ф. Трифуноски, Кумановско-Прешевска Црна Гора, Насеља и порекло становништва, књига, 33, Београд, 1951)

[817] Во 1921 година во Кумановската област живееле 9.925 Албанци, што претсатвувало 18.64% од вкупното население. ( Дефинитивни резултати Пописа Становништва...,100-101)

[818] Во 1961 година во Липковскиот крај од вкупно 19.481 жители за Албанци се декларирале 4.819 лица, додека по само една деценија бројот на декларираните Албанци пораснал на 17.654

За зголемување на бројот на албанското население во Кумановската област допринело и големото доселување од Косово и од Јужна Србија.[819] Во 1981 година, на подрачјето на тогашната општина Куманово биле регистрирани 1.986 жители доселени од Косово. Во оваа бројка не влегуваат нивните потомци родени на територијата на општината, како и лицата кои се доселиле од јужните предели на Србија (Прешево)[820] Доселувањето и високиот наталитет допринело бројот на албанското население брзо да се зголемува, така што во 1994 година, Албанците претставувале 36.9% од вкупното население со тенденција на натамошни зголемување.

Албанското население во значителен број живее и на територијата на Скопската област. На ова територија споменување на лица од албански

---

[819] Кумановската област е гранична со Прешевската и Гњиланската област така што уште во периодот меѓу двете светки војни, во кумановските села се доселувале бројни родови пред се од посочениве области. Теренските истражувања само ги потврдуваат и надополнуваат статистичките и архивските податоци за доселувањето на албанското население во Кумановската област. Ќе наведеме само неколку примери: Во селото Сопот на самата македонско-српска граница од крајот на Втората светска војна до 1971 година се доселиле 49 домакинскства од селата од околината на Гњилане и Прешево, во село Табановце само во 1962 година, се населиле 13 домакинства од околината на Гњилане, во Горно Коњаре, од 1960-1965 година се неселиле 10 домакинства од прешевско и Гњиланско, во Лопате во 1956/57 година, се населиле околу 20 куќи од Новобрдска Крива Река, (источните делови на Косово). Доселеници од овие области на Косово и Јужна Србија имало имало и во селата Опае, Черкеско Село и др. Значајна карактеристика е дека во некои села ( Табановце, Горно Коњаре) доселениците се наслувале на имотите кои ги откупувале од колонистите кои се вратиле по Втората светска војна, а во шеесетите години се селеле во Србија, додека во други села се населувале на имотите на своите сонародници кои во пеесетите години се селеле во Турција.(види: Јован Трифуноски, Кумановска област, сеоска насеља и становништво, Скопје, 1974, 25-56, Во исто време во областа дошло и до иселување на дел од албанското население во Турција. Од споменатаото Горно Коњаре во периодот 1955-1960 година во Турција се иселиле 39 домакинства, од Лопате во периодот 1954-56 година се иселиле 35 муслимански пред се абански домакинства. Иселувања имало и од Опае, Сопот и други села.

[820] Душан Бубевски. Op.cit, 479

етникон имало уште од средниот век, но нивното масовно населување во Скопската област датира од крајот на XVII и во текот на XVIII и XIX век .[821] Нивното присуство било значително и во периодот меѓу двете светски војни.[822] По втората светска војна кога Скопје и целата област станале административен, политички и економски центар на Македонија, започнало да се доселува население од целата република, како и надвор од неа. Скопската област станала примамлива особено за доселениците од Косово, од кои еден дел планирале да се преселат во Турција, но најголемиот дел останале да живеат на територијата на областа. Тоа се разбира го зголемило бројот на албанското население. Мора да се истакне дека еден дел од албанското население во Скопско во педесетите години се иселило во Турција, така што доселениците од Косово само го надополните нивниот број.[823] Веќе во 1948 година во Скопско, албанското население 35.727 жители или 20.72% од вкупното население во областа.[824] На пописите во 1953 и 1961 година еден дел од Албанците во скопската област се декларирале за Турци од познатите причнини.[825] Почнувајки од педесетите години во областа

---

[821] За историјата на населувањето ан албанското население на овој простор види: Миљенко. С. Филиповић, Етничке прилике у Јужној Србији, Споменица двадесетпоетогодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље, 1937, 420-438; Васил Кьнчов, Избрани Произведения, София, 1970; Матрияли за проучуване на Македония...,448; Јован Хаџи Васиљевић, Скопље и његова околина, Београд, 1930

[822] Во 1921 година во Скопската област живееле 19.626 Албанци или 21.37% од населението во Скопската област. Во некои тогашни општини тие претставувале мнозинство од населението како што биле Бродец, Градовци, Шишево, Чајлане, Рашче и др. (Дефинитивни резултати поиписа становништва..., 116-117)

[823] Во педесетите години од повеќе скопски села еден дел од албанското население се селело во Турција, како што биле Рашче, Крушопек, Нерези, Орланци, као и од селата по текот на Маркова и Кадина река. Иселување на албанско население од оваа област во Турција имало и во периодот меѓу двете светски војни.

[824] Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,440, 446-447

[825] Во 1953 година во Сарај биле регистрирани 2.703, а во 1961 2.265 Турци. Најголемиот дел од ова население биле Албанци. Или во селото Рашче во кое живее исклучиво албанско население во 1953 година од 1.590жители 976 се декларирале за Турци, додека во 1961 година,

започнале да се населуваат Албанци од Косово и Јужна Србија, а во 1981 година, биле регистрирани 14.870 доселени од Косово.[826]

Заради навдените причнини и сеуште високиот наталитет бројот на албанското население брзо се зголемувал во Скопско, особено по 1963 година. Така во 1971 година, во петте тогашни скопски општини[827] живееле 53.946 Албанци или 13.87%, додека во 1981 година, нивниот број пораснал на 86.462 или 17.12% од вкупното население. Зголемувањето на бројот на Албанците продолжил и понатаму, така што во 1994 година во областа живееле 113.426, или 20.8%.[828]

| Скопска област | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 95.276 | 35.729 | 16.816 | 24.564 | 172.384 |
| 1953 | 115.146 | 23.696 | 44.645 | 29.399 | 213.586 |
| 1961 | 165.270 | 34.790 | 31.939 | 38.300 | 270.299 |
| 1971 | 245.529 | 53.946 | 31.419 | 58.068 | 388.962 |
| 1981 | 320.562 | 86.462 | 20.563 | 77.375 | 504.932 |
| 1994 | 356.535 | 113.426 | 12.827 | 62.444 | 545.228 |

Промени во етничката структура имало и во областите во кои немало значителни доселувања на албанско население од другите делови на Југославија, но сепак албанското население бележело постојан раст. Во

552. Вакви примери има и во селата Света Петка, Чифлик, Грушино, Мојанци, Орланци, Брест, Палиград, Страхојадица и др. (Вкупно население...,Op cit, 32,112,113)

825 Во 1921 година во оваа област живееле 9.203 Албанци и претставувале 32.60% од вкупното население, додека во 1948 година нивниот број се зголемил на 12.402 лица или 33.07%. Во оваа област немало поголеми прелевања на албанското население во турско во 1953 година, особено не во албанските села во околната на градот.

825 Пресметувањата се извршени врз основа на изданијата на Републичкиот завод за статистика.

826 Душан Бубевски, Миграциите на населението..., 243

827 Центар, Кисела Вода, Карпош, Чаир и Гази Баба

828 Вкупно население...,Op cit, 23

Кичевската област во првата половина на XX век, албанското население броело околку 1/3 од вкупното население во областа.[829] Но веќе во 1981 година албанското население претставува релативно мнозинство во областа со над 45% од населението. Тоа се должи на поголемиот наталитет што го имало албанското население, како и на постојаното иселување на македонското население во поголемите индустриски центри. Карактеристично за областа е дека најголемиот дел од селата во кои живее албанско население бележат постојан пораст за разлика од македонските села.[830] Зголемувањето на бројката на албанското население се должи и на на иселување на дел од муслиманското население кое се декларирало за турско после 1953 година, како и на тивкото претопување на дел од муслиманското неалбанско население во Албанци.[831]

| Општина Кичево | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 22.738 | 12.402 | 1.797 | 560 | 37.497 |
| 1953 | 20.257 | 12.986 | 5.733 | 957 | 39.933 |
| 1961 | 20.850 | 14.537 | 2.649 | 941 | 38.977 |
| 1971 | 20.837 | 17.863 | 3.451 | 2.037 | 44.188 |
| 1981 | 21.190 | 23.338 | 3.342 | 3.552 | 51.422 |
| 1994 | 21.025 | 26.073 | 3.823 | 2.037 | 52.958 |

Структура на населението во Кичевско

[830] Карактеристични се руралните области околу Другово и Вранештица каде доминантно живее македонско население. Во селата околу Другово во 1961 година живееле 8.640, а во 1994 година 3.555 жители. Во вранештица во 1961 година живееле 3.503 жители а во 1994 само 1.650. ( Митко Панов, Енциклопедија на селата во Република Македонија, Скопје, 1998, 327)

[831] Јован Трифуноски, Наша насеља, књига прва, Скопје, 1971, 21-22

Речиси на ист начин дошло до зголемување и на албанското население во Струшко.[832] Високиот наталитет допринел албанското население бргу да се зголемува, додека иселувањето на Македонците од пасивните села на Малесија, во поголемите градови влијаело на бројноста на Македонците. Во овој предел е карактеристично за еден дел од Македонците муслимани на некои пописи да се декларираат за Албанци (пример село Лабуништа)[833] Бидејќи во околината на Струга има доста големи албански села дел од населението заради аграрната пренаселеност започнало да се сели во градовите пред се во Струга и Охрид. Високиот наталитет кај албанското население се одржувал и заради традиционалниот и патријархален начин на живот кај дел од ова население. Во седумдесетите години на XX век сеуште имало семејни задруги со по 10-15 членови.[834] Почнувајки од 1948 година албанското население е во постојан пораст во оваа област, од 33.27% во 1948 година до 41.85 во 1981 година.[835] Албанците станале релативно мнозинство во областа дури во 1994 година, кога сочинувале 45.23% од вкупното население во Струшко, додека Македонците биле застапени со 44.43%.[836]

---

832 На почетокот на XX век во Струшко според проценките живееле околу 6.000 Албанци, или помеѓу една петтина и четвртина од населението на нахијата. (Васил Кънчов, Избрани призведения...,552-554) Во 1921 година во Струшко живееле 6.449 Албанци или 25.6% од населението ( Дефинитивни резултати поиписа становништва ..., 104-105) овој попис албанското население во тогашната општина Радолишта е заведено како Турско

833 Во ова село кое е населено исклучиво Македонци од муслиманска и православна вероисповед дел од населението се декларирало за албанско. Во 1953 во селото биле регистрирани 733 Албанци, 1961-372, 1971-865, 1981-220 и 1994-1799 Албанци (Вкупно население...,Op cit, 166)

834 Јован Трифуноски, Охридско-струшка област, Антропогеографска проучавања, Београд 1992, 102

835 Пресметувањата се извршени врз основа на податоците од Заводот за статистика.

836 Пресметано врз основа на публикацијата Вкупно население...,Op cit, 60, 65,84, 166,172,266

Структура на населението во Струшко 1948-1951

| Општина Струга | Македонци | Албанци | Турци | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | 20.637 | 11.380 | 441 | 459 | 32.917 |
| 1953 | 21.554 | 12.723 | 1.935 | 1.881 | 38.093 |
| 1961 | 24.503 | 14.626 | 1.778 | 1.610 | 42.517 |
| 1971 | 25.951 | 20.127 | 1.450 | 1.310 | 48.838 |
| 1981 | 30.098 | 23.623 | 967 | 1.451 | 56.139 |
| 1994 | 27.850 | 28.351 | 3.337 | 3.141 | 62.672 |

Ваквите етнички и демографски трендови во западните делови на Македонија се разбира дека се рефлектираат и на политичкиот, образовниот и севкупниот живот на областите, бидејки менувањето на етничката структура неминовно води кон значајни општествени промени, понекогаш од траен карактер.

Во другите области на Македонија албанското население не ја надминува бројката од 10% и речиси во текот на целиот XX век, од кога има детални податоци за етничката структура на Македонија, нивната бројност не претрпела некои големи поместувања. На пример во Преспа во 1921 година, Албанците претставувале 8.4%, додека во 1994 година, 9.8, во Велешко во 1921 година Албанците биле 4.5%, а во 1994 нивниот број се зголемил на 6.7%, доедка во Битолско во 1921 година Албанците биле 8.00% додека во 1994 година, 3.7%.

Турското население после 1961 година кога речиси сосема стивнува иселувањето во Турција, бележи постојан пад. Во 1961 година учеството на Турците во вкупното население на Македонија било 9.4% односно 131.481. Неговиот број продолжил да опаѓа и во наредната деценија така што во 1971 година, како Турци се декларирале 108.552 жители или 6.6%. Во 1981 година бројот на турското население за прв пат по 1948 година опаѓа под сто илјади

и сега Турците претставувале 4.5% од вкупната македонска популација со 86.591 жители. Во 1994 година нивниот број бил 78.019 или 4.0%, со тенденција на натамошно опаѓање. На крајот од разгледуваниов период турското население со над 10% било застапено во општините Македонски Брод 30.8%, Дебар 26.3%, Радовиш 14%, Гостивар 12.7%, Валандово 12.1%, Ресен 10.6%.[837] Во останатите општини нивната застапеност била значително помала.

На подрачјето на градот Скопје каде на почетокот на векот турското население претставувало релативно мнозинство, во 1994 година, живееле 12.827 Турци, или 2.4% од вкупната градска популација. Истото може да се каже и за многу населени места особено во источните делови на Македонија, каде Турците претставувале само незначително малцинство. Во Радовишко пред балканските војни Турците претставувале апсолутно мнозинство со 57.2% од населението, додека во Штипско тие биле застапени со 55.5%.[838] На крајот од векот во Штипско живееле 2.057 Турци, во однос на 27.300 жители во 1912 година. Ова било резултат на повеќедецениското иселување на турското население. Во 1994 година, најголем процент од Турците (17.6%) живееле на територијата на општината Гостивар, со 13.752 лица. Најголемиот дел од нив живееле во градот (4.475) и во околните горнополошки села пред се Врапчиште, како и во реканските села околу Ростуше,[839] додека нивното

---

[837] Вкупно население...,Op cit, 23

[838] Йордан Ивановь, Българите вь Македония...,104

[839] Во овој контекст ќе споменеме некои теренски истражувања кои биле вршени во Полог он средеината на XX век. Во обемната студија вПолог-антропогеографска проматрањаг, се вели дека "Населението со турски јазик е од мешано потекло. Оваа мешавина била создадена затоа што еден дел на нетурско население (главно Арбанаси,а во помала мера Словени и др.) го примиле турскиот јазик, турското национално чувство при што се изедначиле со Турците по потекло." (Јован Трифуноски, Полог- антропогеографска проматрања...,81) Доколку овие забелешки на авторот се точни тогаш се потврдува тезата дека потеклото и идентитетот не секогаш мораат да имаат нужна корелација. За создавањето на националните идентитети види: Бенедикт Андерсон, Замислени Заедници,Скопје, 1998, 302; д-р Трифуноски утврдил

потекло според теренските проучувања било различно, но заради истата религија ова население се слеало во турскиот идентитет.

Повеќе автори се бавеле со релативно големиот пад на бројноста на турското население за помалку од половина век, при што се доаѓа до еднодушен заклучок дека тоа е пред се последица на нивното постојано иселување. До почетокот на деведесетите години се смета дека во Турција се иселиле околу 200.000 лица од турска националност или декларирани како Турци. Од друга страна бројот на турското население опаѓа и заради губењето на интересот кај дел од муслиманските етноси да се декларираат за Турци, бидејки веќе не се иселуват во Турција, или пак затоа што нивната национална свест се изсигнала на едно повисоко ниво.[840] Ова пред се се однесува на албанското население.

Овде мора да истакнеме дека сепак еден голем број на Македонци муслимани и понатаму продолжуваат национално да се определуваат како Турци. Во 1994 година дури 30% од населението на општината Македонски Брод се Турци. Овде станува збор за македонско муслиманско население од Пласница и околните села кои се декларираат за Турци. Истиот случај го имаме и во Скопско, Тетовско, Струшко, како и во Реканскиот крај и Дебарска Жупа.[841]

---

дека во Гостиварско (без градот), од турското население, 369 домакинства биле со албанско потекло, 277 со турско,а 13 со словенско потекло (Јован Трифуноски.Op cit, 82)

[840] Владо Картов, Движење на вкупното население..,519-522; Душан Бубевски, националниот состав на населението...,17

[841] Во 1994 година како Турци се декларирале 3.065 жители на општина Ростуше, 251 на општина Сопиште, 2.334 жители на општина Лабуништа, 2.962 жители на општина Долнени, 1.370 жители на општина Камењане, 3.216 жители на општина Студеничани, 4.300 жители на општина Пласница. Македонскиот јазик е мајчин на најголемиот дел од ова население, но сепак заради религиските чувства, овие исламизирани Македонци се декларираат за Турци.

## 13.4 *Промени во структурата кај помалите етнички заедници во Македонија*

Во периодот од 1948 до 1994 година, покрај побројните разгледувани етноси, етничкиот мозаик на македонското општество го сочинуваат и некои помали заедници кои заедно сочинуваат помалку од 10% од вкупната македонска популација.

Во прв ред ќе ги споменеме Србите кои до 1991 година, го имаа статусот на конститутивен народ во Југословенската федерација. По распадот на државата Србите ги добија истите права како и останатите заедници во Македонија. Населувањето на Србите во Македонија започнува веднаш по создавањето на Кралството СХС, како колонисти или пак како дел од тогашниот административен или воено-полициски државен апарат.

По 1944 година, во поинакви политички услови дошло до населување на српско население како дел од миграционите движења во тогашната држава, или пак како кадар во индустријата и воени сили. Во Македонија има и еден дел од автохтоното население, во северните делови на земјата кое на пописите по 1948 година се изјаснува за српско. Тоа е забележително во областите на Скопска Црна Гора, Кумановско и делумно во Тетовско.[842]

[842] Во 1948 година во некои села на Скопска Црна Гора кои тогаш припаѓале на месните народни одбори Кучевиште, Свети Никита и Мирковци 3.853 жители, од 5.440 се декларирале за Срби. Србите биле мнозинство и во месните народни одбори Никуљане, Матејче, Старо Нагоричане, Табановце Четирце и Умин Дол во Кумановско, а од вкупно 717 Срби во тогашниот Тетовски срез 495 биле регистрирани во Вратница. (Konačni rezultati popisa stanovništva od 15. marta 1948 god....,444,447,449) Во деловите на Македонија каде што српската пропаганда кон крајот на XIX и почетокот на XX век била силна, оставила силно влијание врз локалното население, така што нивните национални чувства се формирале во тој правец. Во селата на Скопска Црна Гора на пример, во посочениов период се водела една силна борба меѓу српската и бугарската пропаганда, така што во едно село имало и по две цркви и две училишта. (види: Светозар Томиќ. Скопска Црна Гора, Насеља српских земаља,III,с Београд, 1905) Сето тоа оставило последици врз формирањето на идентитетот на ова население.

Српското население бележи пораст во вкупното население на Македонија во периодот 1948-1961 година. Во 1948 година, живееле 29.721 Срби или 2.6% од населението. Нивниот број во 1953 година пораснал на 35.111, а во 1961 година на 42.728 жители или 3.0% од вкупното население. Во 1971 година нивниот број ќе се зголеми ан 46.465 но ќе опаде процентуално во однос на вкупното население на 2.8%. Од оваа година започнува постојано опаѓање на бројноста на српското население која трае до крајот на проследуваниов период.

Опаѓањето на бројот на српското население во овој период е последица на нивниот низок природен прираст, како и заради природното движење на населението, односно иселувањето на дел од ова население во Србија. Во овој период има и бројно присуство на српско население во општините Гевгелија, Неготино и Кавадарци, кои биле потомци на некогашните колонисти. Потомци на некогашните колонисти живееле и во околината на Скопје и Куманово. Во 1981 година, дошло до умерено намалување на српското население во однос на претходната деценија, односно нивниот број опаднал на 44..468 жители или 2.4%. Во овој период причините за намалувањето на ова население се исти како и во претходната деценија.

Непосредно пред распадот на Југословенската федерација во 1991 година, биле регистрирани 42.755 Срби. Во 1992 година од територијата на Република Македонија се повлекува ЈНА, а со неа и дел од дотогашниот офицерски кадар,кој во мнозинство беше од српско потекло. Токму затоа *веќе во 1994 година, бројот на српското население во Македонија се намалува* на 40.228, или 2.06%, со тенденденција за натамошно намалување заради нискиот наталитет кај ова население, како и заради тивкото претопување преку брачни врски со Македонците и др. Најголемиот дел од српското население во Македонија живее во северните делови на државата во Скопско и Кумановско. На овој простор во 1994 година живеело 78.9% од вкупното

српско население во Македонија.[843] Поголема застапеност на српското население имало и во Тетовско и во долно Повардарије ( Валандовско и Гевгелиско)[844]

По 1948 година, во Македонија на пописите се јавуваат и Муслиманите во смисол на националност. На територијата на Македонија, јужнословенско муслиманско население како што видовме започнало да се населува организирано уште во втората половина на XIX век. По Втората светска војна, особено во педесетите години муслиманско население пред се од Санџак и мал дел од Босна и Херцерговина, се населувало во селата кои биле напуштани од Турците или Македонците муслимани, со што нивниот број започнал да се зголемува.[845] Во 1948 година, Муслимани во смисла на националност биле регистрирани вкупно 1.560 лица. На овој попис ова население се води во графата "Неопределени Муслимани."[846]

---

[843] Вкупно население...,Op cit, 26

Во Скопската област српското население било мнозинство во некои села на Скопска Црна Гора, како Кучевиште со 78.49%, Бањани со 57.54%, Чучер 85.40%, додека во Кумановско српското население било мнозинство во неколку села покрај самата македонско-српска граница како Старо нагоричане со 84.64%, Алгуња 63.32%, Никуљане 100%, Четирце 93.80%, Карабичане 96.22%, Умин Дол 56.87%, и др ( Митко Панов Op. cit, 10-320).

[844] Во општините Тетово во 1994 година, живееле 1.172 Срби, а во општина Гевгелија 1.082 односно само во овие две општини (освен Скопје и Куманово) српското население било застапено со над 1.000 жители.

[845] За населувањето на Муслиманите во педесетите години на територијата на Македонија види: Јован Ф. Трифуноски, "Бошњаци" у Македонији (Прилог проучавању послератних миграција становништва у ФНРЈ), Географски Преглед, Сарајево, 95-103 Муслиманското (bo{wa~ko) naselenie najpove}e se naselilo vo okolinata na Skopje, Prilep i Veles.

[846] На пописот од 1948 година, било предвидено муслиманите по лично определување на прашањето за народност да одговорат со србин-муслиман, хрват-муслиман и муслиман-неопределен или др. При обработката на пописниот матреријал, муслиманите од југословенско потекло биле вклучени во наведената националност, а посебно биле искажани само муслиманите-неопределени. На пописот од 1961 година, методолошкото упатство претппаело одредени модификации. Лицата од југословенско потекло кои се декалрирале за муслимани во смисла на етничка припадност биле групирани Муслимани (посебна

Се до 1971 година, учеството на ова население во вкупниот број на населението во Македонија е незначителен. Но во 1981 година биле регистрирани 39.513 Муслимани кои во вкупната македонска популација учествувале со 2.07%. Се поставува прашањето од каде вакво големо зголемување на оваа популација, кога во периодот 1971-1981 нема значително доселување во Македонија на муслиманско население од другите југословенски републики. Одговорот е во тоа што еден добар дел од ова население во претходните пописни изјаснувања се декларирало како турско[847], бидејки и најголемиот дел од Муслиманите се населиле со цел подоцна да се иселат во Турција. Во групата на Муслимани освен доселеното муслиманско население пред се од Санџак, влегувале и дел од Македонците со муслиманска вероисповед.[848] Веќе во 1994 година, по распадот на Југословенската федерација, во согласност со новата етничка констелација на Балканот еден дел од Муслиманите се декалрирале за Бошњаци. Според

---

народност), додека Муслиманите кои се декларирале како Муслимани во верска припадност биле групирани како припадници на односната националност.

[847] Ваква појава постоела и во 1971 година кога бранот за селење во Турција, одамна бил престанат. Во селото Горно Оризари Велешко во кое речиси целосно живеело муслиманско население доселено од Санџак во педесетите години во 1971 година биле регистрирани 544 Турци, а во 1961 година дури 1.363. Ова всушност биле санџачките муслимани. За националното изјаснување на муслиманското население најдобро зборува примерот на доселениците од црногорскиот дел на Санџак. На пописот во 1971 година, меѓу доселениците од тогашна СР. Црна Гора 601 лице се декларирало дека е со турска националност, а како Муслимани само 18 лица. Но веќе во 1981 година како Турци меќу доселениците од Црна Гора се декларирале само 38 лица. (Душан Бубевски, Миграциите на населението...,409) Овде станува очигладно дека Муслиманите кои се доселиле од Црна Гора ( како и од другите делови на Санџак), кога се откажале од иселување во Турција, престанале да се декларираат за Турци и започнале во поголем број да се декларираат за Муслимани, заради што и нивниот број се зголемува на пописот во 1981 година.

[848] Душан Бубевски, Националниот состав на населението...,20 Во 1981 година најмногу регистрирани муслимани имало на подрачјето на градот Скопје 13.905, општина Гостивар 5.403, Прилеп 3.243, Велес 3.146, Дебар 3.137, Кичево 2.415, Крушево 1.840, Тетово 1.132, Битола 1.033.

објавените пописни податоци во 1994 година, во Македонија живееле 15.418 Муслимани и 6.829 Бошњаци.[849] Нивната концентрација била најголема во Скопје и некои околни места, и околината на Прилеп и Велес.

Ромите во Македонија од 1948 година од кога се води официјална статистика и за ова население па се до 1994 година се во постојан пораст. Во 1948 година во Македонија живееле 19.500 Роми, додека во 1994 нивниот број нараснал на 43.707 лица.[850] Мора да се истакне дека еден дел од ромското население често пати се изјаснувало како турско или албанско во зависност од местото на живеење или пак моменталните политички или други околности.

Влашкото население во Македонија главно потекнува од Власите кои се населиле на овие простори по палењето на Москополе, кон крајот на XVIII век. Власите во 1905 година, од страна на османлиската држава биле признати за посебен милет (народ).[851] Власите се воделе како посебен етникум и на пописот од 1921 година.[852] Нивната бројка во периодот 1948-1994 се намалила од 9.511 лица на 8.601 или опаднале во вкупното население од 0.83% на 0.44%. Мора да се забележи дека во 1994 година, нивниот број се зголемил во однос

---

[849] Вкупно население...,49

[850] На пописот 1961 година, Ромите не фигурираат како посебен етнос туку влегувале во графата "Други"

[851] Најмногу Власи на територијата на Р, Македонија на почетокот на XX век живееле во Битола околу 7.000, во Крушево околу 4.000 и во неколу големи села во околината на Битола (Гопеш, Маловиште, Трново, Магарево,Нижеполе) Власи во поголем број живееле и во Струшко и Ресенско. Вкупно во тогашната Битолска каза во посочениов период живееле близу 23.000 Власи. (Васил Кънчов, Избрани произведения...,542) Власи во помал број живееле и во поголемите градови главно како трговци, како и во источните области каде што на почетокот на векот сеуште живееле полуномадски живот.

[852] На овој попис постои посебна графа Цинцари-Румуни, при што во Македонија биле регистрирани 9.026 Власи (Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године...,88-123), или околу 1.1% од населението што бројчано претставува опаѓање во однос на почетокот на векот.

на 1981 година кога броеле 6.384 лица.[853] За разлика од почетокот на векот влашкото население најповеќе било сконцентрирано околу Крушево и Битола, во 1994 година, дури 25.9% од Власите живееле во општина Штип. Во градот Штип Власите биле застапени со 4% (1.694 жители).[854] Ист процент од влашката популација живееле и на подрачјето на градот Скопје.[855] Во Крушево каде на почетокот на векот влашкото население претставувало половина од популацијата на градот во 1994 година живееле 891 жители Власи или 16.18% од вкупното население.[856] Во Битола пак влашкото население во 1994 година било застапено со помалку од 1% од населението.

Во пописот од 1961 година, во Македонија 1.260 лица се декларирале како Југословени[857] и нивниот број во периодот до 1981 година, бил во

---

[853] На пописите од 1961 и 1971 година влашкото население влегувало во графата "Други"

[854] Влашкото население било мнозинство во селата Доброшани и Балталија во општина Штип, а биле застапени и десетина други штипски села. Влашкото население било застапено и во општината Свети Николе. Во градот Стрга влашкото население претставувало 1.5% од популацијата за разлика од 1953 кога биле застапени со 7% во градот Струга. Во оваа област живееле од втората половина на XVIII век, кога се населиле од областа на Москополе главно во две струшки села Горна и Долна Белица.

[855] Во 1994 година во Скопје и Штипско живееле повеќе од половината Власи во Р. Македонија.

[856] Вкупно население...,57

[857] На пописот од 1948 година, било предвидено граѓаните да можат да се изјаснат како "југословен неопределен" или "југословен -национално неопределен". На пописот од 1953 година покрај можноста за изјаснување на секој граѓанин кон одредена националност, граѓаните можеле да се определуваат и како "Југословен-неопредел", додека останатите национално неопределени лица се групирале во графата внационално-неопределениг. Лицата од јужнословенско потекло кои не биле поблиску национално определени биле третирани како "Југословен-неопредели", додека останатите национално неопределени лица биле се впишувале како "Национално неопределени". Во пописот од 1971 година, лицата можеле да се изјасната како "Југословени", додека во пописот од 1981 година, била дадена можност доколку граѓанинот сакал како одговор на прашањето за народност да се определи за вЈугословенг тоа да го стори, но со тоа не се сметало дека граѓанинот се изјаснил за припадност на некои од народите, народностите или етничките групи од тогашна Југославија.

постојат пораст, кога како Југословени се декларирале 14.225 жители на тогашна СР. Македонија. Како Југословени се декларирале најчесто жителите кои потекнувале од мешани бракови. Со распаѓањето на Југословенската федерација присуството на лица кои се декларират како Југословени е само симболично.

Повеќе деценискиот живот во една многунационална држава сосема нормално довел во Македонија да се населет припадници на народите кои живееле во државата. Тие најчесто биле припадници на вооружените сили или пак работеле како стручни или други кадри во индустријата. Така по 1948 во Македонија живеат и Хрвати, Словенци, Црногорци и др. Нивното учество вкупното население е исклучително мало. Хрватите во 1961 година, биле застапени со 3.801 лице а во 1994 година, нивниот број опаднал на 2.248. Како Црногорци во 1981 се декларирале 3.920 меѓу кои имало и мал дел на жители со муслиманска вероисповед кои потекнувале од црногорскиот дел на Санџак, додека во 1994 година бројот на Црногорците опаднал на 2.318 лица. Еден мал дел на Црногорци бил населен во Македонија уште во периодот меѓу двете светски војни како колонисти. На пописот од 1994 година, 3.080 граѓани на Македонија се декларирале како Египјани, а најмногу се застапени во Охридско-струшкиот регион. На ово попис како Бугари се деркларирале 1.682 лица, од кои добар дел потекнувале од Босилградската и делумно Димитровградската област во Србија, а се населиле на територијата на Македонија главно по 1945 година.

## 14. Доселувањето од другите југословенски републики и менувањето на етничкиот состав во периодот 1948-1994 година

По конституирањето на југословенската федерација, и во Македонија како дел од федерацијата повторно започнале одредени движења на населението, односно преселувања од една република во друга. Сето ова оставило белег и во етничката структура на населението на Македонија, иако учеството на доселените од другите републики и покраини било на ниво под 5% и во 1971 и 1981 година. Но сепак одредени подрачја во Македонија претрпеле забележителни етнички промени заради миграцијата од другите републики, пред се од Косово и Јужна Србија.

Доколку ги анализираме податоците од 1981 година (последниот попис пред распадот на Југославија во кој учествуваше целокупното население од Македонија) ќе забележиме дека најголем прилив на доселеници од другите југословенски републики имало во периодот 1946-1970 година, кога во Македонија се доселиле околу 51.000 жители. Во периодот 1971-1981 година, доселувањето го намалило својот интензитет така што барем според официјалната југословенска статистика се доселиле нешто помалку од 20.000 лица.[858] Оваа бројка се однесува на 1981 година, но во неа не влегуваат и лицата кои биле родени во Македонија по доселувањето на нивните родители.

Најголемиот дел од доселените во Македонија во периодот 1946-1960 година потекнувале од потесното подрачје на Србија 12.342 лица и од Косово 7.102

---

[858] Попис становништва, домаћинстава и станова у 1981 години, Табела 56 Становништво према подручју са кога је досељено, народности и и времену досељења, Београд, 1984

| Година на доселување | Вкупно |
|---|---|
| Пред 1940 година | 4.018 |
| 1941-1945 | 1.890 |
| 1946-1960 | 26.299 |
| 1961-1970 | 25.344 |
| 1971-1975 | 9.139 |
| 1976-1981 | 9.154 |
| Непознато | 1.404 |
| Вкупно | 77.248 |

Според податоците од Сојузниот завод за статистика: Попис становништва, домаћинстава и станова у 1981 години, Становништво према подручју са кога је досељено, народности и времену досељавања.

Се поставува прашањето зашто во овој временски период од деценија и половина (1945-1960), доселувањето во Македонија било така интензивно. Пред се ова е периодот на иселување на турското и дел од другото муслиманско население, а новните имоти често пати биле купувани од жители од другите републики, пред се Албанци од Косово и Јужна Србија како и муслимани од Санџак. Еден дел од ова население се доселил во Македонија со цел живеејќи одреден период (најчесто една година), да се здобијат со републичко државјанство, по што би поднеле молби за отпуст од државјанство на ФНРЈ и НР Македонија, со цел да се иселат во Турција, но сепак поголемиот дел животот го продолжиле во Македонија.

Ова население на почетокот главно се населувало во градовите, особено во Скопје, за подоцна населувањето да се прошири и на Велес, Куманово, Штип, како и селата во Скопско, Кумановско, Прилепско, Овче Поле, во селата околу Градско и Велешко. Ова доселување најчесто се одвивало во групи роднински или територијално поврзани, а често се доселувале и цели семејства. Почнувајки од 1951 година, бројот на овие

доселеници се зголемувал. Пред се станува збор за албанско население од Косово и Јужна Србија и муслимани од Санџак (имало доселеници и од српскиот и од црногорскиот дел на Санџак) и помал број доселеници од Босна и Херцеговина.

Ова население започнало да се населува во Македонија бидејќи во своите републики неможеле да добијат отпуст од државјанство за да можат да поднесат молби за иселување во Турција. Сето ова предизвикувало проблеми за властите не во смисол на самото доселување на населението, туку како што се констатирало: "се населувало стопански и производствено далеку послаб и понеопитен елемент од населението кое се иселувало" (најголемиот дел од доселениците биле од изразито пасивни и неразвиени краишта) и како второ еден дел од ова население доаѓало привремено, со цел по одредено време да се исели во Турција. Заради тоа еден дел од доселениците кон купената земја не се однесувале како производители чекајќи да помоне потребното време за да ја отпочнат административната процедура за иселување.[859]

Еден дел од новодојденото население било ориентирано кон купување на имот од градските Турци, или пак се населувале на градските периферии пред се во Скопје, со што се отварале низа други прашања - просветни, стамбени, комунални, здравствени и др. кои мошне тешко се решавале.[860] Доселувањето во градовите посебно во Скопје било од повеќе причини. Во Скопје релативно лесно се вработувале особено во градежништвото, или

---

[859]( ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-72,а.е.1 )

[860] Од страна на државните органи биле преземани разни мерки да се намали бројот на доселениците особено во градските средини најповеке во Скопје, но повеќето мерки се покажале како неефикасни и безмалку една деценија по отпочнување на процесот на доселување од другите републики на Југославија властите во Македонија можеле да констатираат само гпрашањето останува отворено а доселување се наставуваг. Оваа констатација е искажана во една партиска анализа од 24-ти август 1959 година (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-128,а.е.5 )

работеле како општи работници. Во селските краишта пак за релативно евтина цена можеле да купат земја, но биле оценувани за прилично лоши земјоделци, пред се заради фактот што биле ориентирани кон понатамошно иселување и заради тоа не нестојувале да се приврзат кон тукашното земјоделие.[861]

Се разбира не сите сакале само кратко време да се задржат во Македонија, пред конечно да се иселат во Турција. Еден дел од ова население трајно се населило во Македонија, со што нејзината етничка и демографска слика повторно претрпела модифицирање. Заклучно со 1956 година, во Македонија биле регистрирани вкупно 17.257 доселеници од кои 14.391 се населиле во градовите претежно во Скопје, а 2.866 во селата. Доселениците по потекло биле: 10.959 од Космет, 4.360 од Санџак, 1.110, од Црна Гора и 829 од Босна и Херцеговина.[862] Од вкупно доселените во Скопската околија поголем дел се населиле во Скопје, но повторно се јавувал проблем бидејки голем дел од купените куќи од иселените Турци, според урбанистичкиот план на градот подложеле на уривање. Доселувањето со ист интензитет продолжило и понатаму, така што веќе во средината на 1959 година, се бележи бројка од 22.776 лица[863]што значи дека за неполни три години се доселиле нови 4.500 жители.

---

[861]( ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-72,а.е.1 )

[862] Најголемиот број од доселениците биле населени во Скпската околија вкупно 15.197 жители, во Битолската 591, во Т велешка 783, штипска 504, Тетовска 105, Кумановска 83 и Охридска околија 4 лица. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-72,а.е.1)

[863] Доселениците биле населени во: Битолска околија1.341 лице, Кумановска околија1.888 Охридска 9, Скопска 12.912, Тетовска 625, Т.Велешка 4.003 и Штипска околија 1.999 лица. По потекло биле: од Србија 17.779, од кои 12.972 од Косово, 2.965 од Санџак и 1.842 од јужна Србија, 2.850 од Црна Гора и 2.147 од Босна и Херцеговина. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-128,а.е.5) Според поодатоците кои ги даваат други автори врз основа на материјали од Секретаријатот за Внатрешни работи до 1958 година во Македонија се доселиле 20.440 муслимани од другите југословенски републики. По потекло тие биле: 10643 од Косово, 5.276 од Санџак, 1799 од Босна и Херцеговина, 1.754 од Црна Гора и 977 од Србија. (Глигор Тодоровски, Демографските процеси,...76)

Доколку се осврнрме пошироко на овој процес на доселување ќе забележиме дека тој се одвивал и порано иако причините за доселување во Македонија не биле секогаш исти. Во Скопско на пример бележиме доселување на албанско население од Косоово уште во времето пред Балканските војни, а особено по Првата светска војна, кога Скопје станало центар на поголем дел од јужните области на новоформираното кралство.[864] Слични примери има и во повеќе други делови на Македонија. Особено податливо за историско истражување е населувањето на муслиманското население од Босна и Херцеговина и Санџак кое се бележи од крајот на XIX век. Забележано е дека немало поголемо место во Македонија во почетокот на XX век, а да немало посебно маало населено со босанско-херцеговски муслимани.[865] Биле населени и по градовите и селата во периодот по окупацијата на Босна и Херцеговина од страна на Австро-Унгарија во 1878 година, а особено по нејзината анексија во 1908 година. Но најголем дел од ова население по Балканските војни или во текот на дваесетите и триесетите години се иселило во Турција.

Сосема нов бран на доселување сега најчесто од поранешниот Новопазарски санџак се појавил во почетокот на педесетите години. Доселувањето на ова население најчесто се вршело по старите населби на

---

[864] Според теренските истражувања на д-р Јован Трифуноски, во селата во скопско поле во овој период ( првата половина на дваесетиот век) се населиле 106 муслимански семејства по потекло од Косово и Метохија, се разбира во овој период имало и населување на друго население од овие простори, (д-р Јован.Ф Трифуноски, Сеоска насеља скопског поља, антропогеографска испитивања,Насеља и порекло становништва, књига, 35, Београд, 1955, 385) Како карактеристични примери ќе землеме некои села од Скопско. Во селото Арачиново албанско население за прв пар се доселува во 1925 година, од селата на Скопска Црна Гора, за по нив да се населат и Албанци од окоилината на Гњилане и Прешево (Ibidem,...461,) Во селото Горно Лисиче албанското население датира од 1927 година кога започнале да се населуваат од Косово од околината на Урошевац. ( Јован Ф. Трифуноски, Слив Маркове Реке-антропогеографска проматрања, Скопје, 1958,101 )

[865] Јован Цвииќ, О исељавању Босанских Мухамеданаца, "Књижевни гласник" 16.јун 1910

веќе иселените Турци.[866] Од некои помали села во Санџак се преселило речиси целото муслиманско население, а освен споменатата причина преку Македонија полесно да се иселат во Турција, еден дел од населението планирал постојано да се насели, односно ова претставувала миграција на "планинците" во питомите македонски котлини каде што некои села останале празни по иселувањето на Турците.

Почнувајки од 1954 година, просечно годишно се населувале по 200 домакинства. Најголемиот дел од муслиманските доселеници биле млади луѓе, кои полесно можеле да се прилагодат на новите животни услови. [867] Сите овие доселеници по голем дел од доселениците по селата купувале и по неколку хектари земја за доста ниски цени.[868] Некои од селата во кои се населило муслиманското население бележат континуиран раст на населението, но има и такви кои стагнираат и од кои се иселуваат жителите чии претци се населиле пред само една генерација.

Мора да се истакне дека доселувањето во Македонија на албанското и муслиманското население било поттикнато и од причината што Србија не давала отпуст од државјанство на Албанците од Косово и Јужна Србија така што оној дел од населението кое сакало да се исели во Турција доаѓало во Македонија, најчесто на местото на иселените Турци и други муслимани сметајки дека тука ќе добијат отпуст од државјанство на ФНРЈ. Сите молби кои овие граѓани ги поднесувале до надлежните органи во НР Србија по неколкумесечно разгледување биле одбивани.

---

[866] Јован Ф. Трифуноски, Бошњаци у Макеоднији, Прилог проужавању послератних миграција становништва у ФНРЈ, Географски преглед, Сарајево,1961. 99

[867] Најголемиот дел од муслиманското население се населило градот Скопје и околните села Батинци, Љубин, Средно Коњари, во околината на Велес во селата Горно Оризари кое било најголемо доселеничко село на санџачки муслимани, Црквино, Виничани Водоврати и др и во околината на Прилеп во селата Десово, Житоше Лажани и др.

[868] Во околината на Прилеп три хектари земја и куќа можеле да се купат за 150.000 тогашни динари што за тогашните услови било исклучително евтино. (Јован Ф. Трифуноски, op cit, 102)

Државните органи во Македонија преземале низа мерки во правец да го намалат притисокот од доселувањето. Во 1953 година, била донесена мерка Албанците доселени од Косово да добиваат отпуст од државјанство после пет години престој во Македонија. Но по извесно време оваа мерка била укината, по што повторно се зголемило доселувањето.[869]

По извесно време и Србија започнала да дава отпуст од државјанства на Албанците од Косово кои тоа го барале од тамошните власти, така што државните органи во Македонија престанале со определени мерки да влијаат на доселувањето во Македонија, веројатно мислејки дека ќе се намали притисокот на доселениците од целото подрачје на Србија.

За одбележување е дека еден дел од новодоселените од Косово како и од другите миграциони подрачја своите деца ги испраќале во училишта каде можеле да ја следат наставата на турски наставен јазик. Меѓу останатото тоа била јасна индикација за властите за целта на доселувањето ова население.[870] Меѓутоа еден добар дел од муслиманското население трајно останал на овие простори, населувајќи се во Македонија, поточно во нејзините поголеми центри, како Скопје каде имале можност за брзо вработување и подобра егзистенција отколку во нивните родни места.

Почнувајки од педесетите години се случувале интересни етнички претопувања кои се разликувале од истите во претходните периоди. Ако до Втората светска војна во Скопје добар дел од муслиманското население (Албанци, Македонци муслимани, босански и санџачки муслимани) се претопувале во локалното сеуште многубројно турско градско населние, во овој период настанува сосема обратен етно-социолошки процес во кој главно

---

869 Во овој контекст територијата на Македонија била поделена на вдозволениг и внедозволениг подрачја во смисол доселениците во првите подрачја после пет години престој да можат да добијат отпуст од државјанство, додека во вторите подрачја отпуст не би добиле ни по пет години престој. Целта на оваа мерка била да се намали притисокот на доселување во некои подрачја особено во градот Скопје. Но и оваа мерка не траела долго време. (ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-72,а.е.1)

870 ДАРМ, ф. ЦК КПМ/СКМ, к-86,а.е.84

преку брачните врски и другите текови на симбиоза семејствата со турски јазик започнале како домашен да го усвојуваат албанскиот јазик. Ова било поткрепено од фактот што голем број на турски и турцизирани семејства се иселиле, а на нивно место се вршел постојан прилив на албанско населние од Косово или од околните села на Скопско и други краеви.[871] Ваквите демографски движења биле потстрек за повеќеслојни истражувања, особено економски, бидејки добар дел од новодојдените во Скопје биле економски мигранти од Косово или јужна Србија. Тие релативно лесно наоѓале работа во градежништвото или комуналните дејности, а откако ќе го обезбеделе станбеното прашање најчесто преку купување на имот за релативно ниски цени од населнието кое заминувало за Турција, го повлекувале и своето семејство, а по нив често пати се населувале и нивни пријатели или соселани.

Овие доселеници главно се населувале покрај во Скопје и во Тетово и Куманово. Од вкупниот број на доселените во Македонија од другите републики според податоците од 1981 година, дури 55% биле населени на подрачјето на Скопје, а 12% во Куманово.[872] Според податоците на извршените истражувања секој десети жител на Скопје на почетокот на осумдесетите години бил доселен од другите југословенски републики и покраини, а интензитетот на овие доселувања бил особено силен по земјотресот. Доселувањата во Куманово се објаснуваат со блискоста со јужните општини на Србија, и Косово , како и со релативно брзиот индустриски развој на градот.[873] Ваквите процеси биле карактеристични и за други градови, особено во Западна Македонија, оставајки белег врз современите етнички движења во Македонија. За да видиме колкав бил бројот на доселените од другите југословенски републики и дали тој број имал суштинско влијание врз промената на етничката и демографската слика

 Jovan F. Trifunoski, Savremeni etnički procesi u Skoplju, Etnološki pregled, 13, Beograd, 1975, 123-130

[872] Душан Бубевски, op.cit, 241

[873] Ibidem,...195

на македонското општество најдобро е да се анализираат податоците од последниот попис пред распадот на Југославија во 1981 година.

Според овие податоци во Македонија живееле 77.248 лица кои не биле родени во Македонија а потекнувале од другите југословенски републики.[874] Во исто време во другите југословенски републики живееле 88.405 лица родени во Македонија. Според етничката структура на доселените во Македонија предничеле Србите со 19.515 лица и Албанците со 19.077, додека за останатите народи бројката е значително помала освен кај Муслиманите 8.686. Мора да истакнеме дека овие бројки се однесуваат само на доселените во Македонија, а не и на нивните потомци кои се родиле тука по нивното населување.

Како што веќе истакнавме еден добар дел од доселениците од муслиманска вероисповед кои на овие простори се населиле во средината на педесетите години имале за цел набрзо потоа да се иселат во Турција. Во прилог на оваа констатација се податоците од националното изјаснување на доселениците од Црна Гора ( т.е црногорскиот дел на Санџак). Во 1971 година, од вкупно регистрираните доселеници од Црна Гора (3.642) како Турци се декларирале 601 лице, додека десет години подоцна бројот на декларираните турци опаднал на 38 лица. Што значи како опаѓал интересот за иселување во Турција, така се намалувало и националното конвертирање на дел од муслиманите во Турци.[875] Посебно заслужува да се разгледа бројот и структурата на доселениците од Косово бидејќи според наше мислење овие доселеници оставиле значајна трага во етничката композиција на македонското општество по Втората светска војна. Прва причина за доселување на населние од Косово во Македонија била спомената цел на

---

[874] Попис становништва, домаћинства и станова у 1981 години, Београд 1984 Во 1981 година биле регистрирани 4.896 доселени од Босна и Херцеговина, 3.678 доселени од Црна Гора, 4.513 од хрватска, 1.314 од Словенија, 36.681 од Србија без покраините, 21.245 од Косово и 4.921 од Војводина.

[875] Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност,...109; Јован Трифуноски, Битолско-прилепска,... Душан Бубевски, Op cit, 409

добар дел од муслиманите да се иселат во Турција, а тоа најлесно можеле да го сторат преку Македонија. Во 1981 година, во Македонија живееле 21.245 лица кои биле родени на територијата на Косово, (без нивните деца родени во Македонија), наспроти 5.600 кои од Македонија се иселиле во Косово.

Доселениците најмалку гравитирале кон општините во источните делови на Македонија, но и во некои општини во како Охрид, Струга, или Кичево. Од вкупно 21.245 доселени од Косово за време на пописот во 1981 година, 14.870 или 69% биле сконцентрирани на територијата на градот Скопје, 2.503 или 11.78% биле доселени во општина Тетово и 1.986, или 9.35% на територија на општина Куманово.

Но и овие бројки иако се однесуваат само на доселените родени во Косово, а не и на нивните потомци родени во Македонија, не значи дека се сосема прецизни, иако доаѓаат од релевантни државни органи. Во периодот кога се објавени овие резултати од страна на некои политички фактори во општина Тетово (ССРНМ) биле изнесувани ставови дека бројот на доселените од Косово бил неколку пати поголем.[876] Воопшто сите доселеници од другите југословенски републики главно биле сконцентрирани на Скопје и неговата облиска околина, каде живееле повеќе од половината доселеници во Македонија. Сето ова како што видовме предизвикувало и проблеми од егзистенцијална природа за што е пишувано особено од социолошки аспект.[877] Главна констатација на проследувачите на оваа проблематика е дека бројот на доселените реално бил поголем од прикажаниот со пописните податоци. За ваквиот механички прилив се разговарало и на партиските седниците особено во осумдесетите години. Констатацијата била дека ваквиот прилив на население од Косово особено во Скопско и Тетовско

---

[876] Ibidem,...243

[877] Илија Ацески, Социо-економските карактеристики на населението во приградските населби на подрачјето на Скопје,; Марика Ботева-Панкова, Структурни промени во демографскиот развој на градот Скопје (според пописите на населението), Проблеми на демографскиот развој на СР Македонија, Скопје 1985, 601-616

претставувало сериозен проблем при што се создавале национално хомогени населби.[878]

Скопје како политички, административен, стопански и образовен центар не само за Македонија, бил град во кој се слевале доселеници не само од другите подрачја на Македонија, туку можеби со ист интензитет и од Косово и јужна Србија. Ваквите доселувања се интензивни од средината на педесетите и особено по земјотресот. Сигурно дека вака интензивните доселувања од Косово и Јужна Србија не треба да се бараат само во празниот простор кој се јавил по иселувањето на еден дел од населението во Турција или заради можноста за вработување особено по 1963 година. Една од клучните прични за слевање на доселеници од наведените подрачја била и демогравската експлозија односно изразито високиот наталитет особено на албанското население, кое сочинувало најголем процент од доселениците.[879]

Се разбира во овој период имало и доселување на кадар од другите југословенски републики како помош во стопанството или другите дејности, како и на воени кадри кои најчесто потекнувале од другите републики. Доселувањето продолжило и во периодот 1961-1970 година, при што во 1981 година биле регистрирани 25.344 вакви лица. Тие во најголем дел потекнувале од потесното подрачје на Србија 11.594 и од Косово 7.573 лица.[880] Се разбира дека овие миграциони движења придонеле да дојде и до одредени поместувања во етничката структура на населението, во смисол на зголемување на бројката на албанското и муслиманското население. Во

---

[878] Славко Милосавлевски, Мирче Доневски, Албанците во Република Македонија 1945-1995 година, легислатива политички документи, статистика, Скопје 1996, 256

[879] За само тринаесет години односно од 1948 до 1961 година, населението на Косово се згилемило од 727.820 жители на 963.988 жители, односно се зголемило за 236.168 или безмалку една третина. Во истиот овој период населението на Словенија се зголемило за 51.727 или 3.5%. (Vladimir Simeunović, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961, Beograd 1964, 30

[880] Душан Бубевски, Миграциите ..., 438

педриодот 1971-1981 година во Македонија се доселиле уште околу 18.000 лица од другите југословенски републики.

Во истиот период од Македонија во другите републики на тогашна Југославија се иселиле 88.405 жители. Од иселените најголем број биле Македонци 29.840, а по нив следеле Србите со 26.120 лица. Најголемиот дел од Македонците биле иселени во Војводина веднаш по Втората светска војна или пак се населиле во другите републики како економски мигранти. Високото учество пак на српското население е заради населувањето на поранешните колонисти во други делови на државата по 1945 година. Еден дел од кадрите кои по ослободовувањето се населиле во Македонија по извесно време се враќале најчесто со своите семејства во Србија.

Сепак овие доселувања не оставиле некои позначајни траги во етничката слика на населението во Македонија. Траен белег врз современата етничка карта на Македонија оставиле пред се доселувањата на албанското население од Косово и Јужна Србија.

# 15. Демографски промени во Македонија 1948-1994 година (миграција село-град)

### *15.1. Процес на деаграризација и депопулација на селата*

Повоениот општествен и економски развој на Македонија најсилно се одразил во суштинските промени кои настанале во социјалната и демографската структура на населението. Овие промени најмногу се видливи во движењата кои настанале во однос на земјоделско и неземјоделско население. Во 1948 година, дури 71.5% од населението се бавело со земјоделство, додека само за триесетина година овој број драстично се намалил. Во 1981 година, само 22% од населението на Македонија е регистрирано како земјоделско. Ваквиот процес на брза и интензивна деаграризација во некои земји во Западна Европа траел многу подолго, по цело едно столетие.[881]

Ваквата брза деаграризација довела до силни миграциони движења во кои учествувало селското население, а причините треба да се бараат пред се во крупните промени кои настанале во општествените односи и стопанскиот

---

[881] Ваквите процеси во Западна Европа или Северна Америка се одвивале со помирно темпо во еден подолг временски период. Во почетокот на дваесетиот век од поголемите и развиени држави само во Велика Британија селското население претставувало помалку од половината од вкупниот број на жители.. Со тоа започнала да се руши или да се ограничува некогашната селска изолација. Како добар пример ќе послужат бројките за движењето на населението во поголемите европски држави и во САД. Во 1860 година, во градовите на Соединетите Американски Држави живееле само 3% до вкупното население додека во 1930 година, дури 56.2%. Во Велика Британија кон крајот на деветнаесетиот век во градовите живееле 72% од вкупното население. Во Германија во 1871 година, селското население претставувало 64% од вкупното, додека по половина век на село останале 37%. Некои градови во периодот од 1871-1910 го зголемиле своето на селение за пет пати. (The Oxford History of the Twentieht Century, Oxford University Press, 1998, 21-34)

развој во Македонија, како дел од истоветните промени во тогашна Југославија. Миграцијата, село-град претставувала доминантна форма на преселувањето на населението во Македонија. Карактеристично е дека до 1945 година, селското население повеќе се преселувало во други села отколку во градовите.[882] Дури со забрзување на процесот на индустријализација, како и распуштањето на селските работни задруги започнала да се слева реката на селското население кон градовите.[883]

Овој транфер на населението од селата во градовите, како и од пасивните во поразвиените подрачја, со себе носел и големи промени во начинот на живеење, бидејќи најголем дел од населението ги напуштало неразвиените и сиромашни подрачја за кои биле карактеристични доста низок станадард, а во исто време и висок природен прираст, населувајќи се во градските и индустриски населби во кои најчесто имале повисок животен стандард во однос на подрачјата од кои се иселувало. Сето ова резултирало со споменатото нагло зголемување на градовите, кои неретко со својата инфрастуктура не биле спремни да го издржат приливот на доселениците.

Карактеристично е дека бројот на населението во периодот по 1953 година, се намалил во голем број на села, особено во ридско планинските населени места. Исто така голем број на села во кои живеат изразито мал број на жители, или пак се целосно иселени се среќаваат и во регионите каде

---

882 Алескандар Ќурчиев, Трајните миграции на населението во СР. Македонија ( село-град, меѓуопштински и во однос на другите републики на СФРЈ), Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, Скопје, 1985, 298

883 Како добар пример за оваа констатација служи исклучително мигрантното подрачје на сливот на Маркова река во Скопско. Според теренските истражувања правени кон средината на XX век во едно од најмигрантните села од ова подрачје Горно Солње од 1912 до 1948 година во околните рамничарски села на Скопско каде населението кое хронично патело од недостатока на обработлива земја можело да дојде до поголеми обработливи парцели се иселиле 22 семејства, додека во истиот овој период од триесетина години во блиското Скопје се иселиле само 5 семејства. ( Јован. Ф Трифуноски, Слив Маркове Реке-антропогеографска проматрања. Скопје 1958,137)

што од средината на педесетите години постоеше масовно иселување во Турција.

Над двесте села во Македонија во 1981 година, имале помалку од педесет жители, односно биле на границата за целосно раселување. Најголемиот дел од овие села во педесетите години биле големи, а некои и со над петстотини жители.[884] Меѓу овие села имало и педесетина со помалку од десет жители.

Постојат голем број на причини за ваквото драстично намалување на населението во некои селски населби. Некои автори ги наведуваат инфраструктурните проблеми како што се: електричното осветление, поврзаноста со општинскиот или руралниот центар со современ пат, поврзаноста со овие центри со секојдневна автобуска линија, снабдување на населението со основните животни артикли, непостоење на осумгодишно училиште во населеното место или во неговата непосредна околина, снабденост на населението со вода за пиење, непостоење на амбулата и друга медицинска помош во населеното место, или во блиската околина.

Влијание имала и неповолната поседовна структура на земјоделските домакинства. Уситнетоста на земјоделскиот посед, а во исто време просечната големина на селските домакинства според бројот на членовите, доведувале до забрзано напуштање на селските населби, односно напуштање на земјоделството. Во теоријата како најчест фактор за миграциите село-град се определува економскиот. Тешките услови за живот, ниската продуктивност во земјоделското производство, аграрната пренаселеност, високиот природен прираст кај селското население се определуваат како клучни при определбата ова населние да го напушти селото. [885]

---

[884] Митко Панов, Енциклопедија на селата во Македонија, Скопје, 1998

[885] Ристо Карталов, Влијанието на миграциите врз промените во аграрната структура на СР. Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет кн.4 (30) Скопје, 1978, 438 ; Душан Бубевски, Миграциите на населението во СР. Македонија-внатрешни и меѓурепублички текови, Скопје, 1990

### *15.2 Влијаието на колективиацијата врз депопулацијата на селата*

Во Македонија како дел од Југословенската федерација, веднаш по завршувањето на Втората светска војна започнале да се спроведуваат економскте реформи кои воделе кон изградба на "социјалистички односи". Преобразбата на селото освен преку Аграрната реформа се одвивала и преку формирањето на Селските работни задруги (СРЗ). Колективизацијата всушност имала за цел да расчисти со сите "остатоци на капитализмот на село." Од ослободувањето па се до судирот со ИБ, властите настојувале преобразбата во селото да се извршува врз основа на објективните општествено-политички услови. Државното раководство во најголем дел настојувало да го почитува принциопот за доброволност за стапување во СРЗ.

Но за неколку години само еден мал дел од селаните претежно со многу мали поседи ја здружиле својата земја во колективите.[886] Работата на колективите на почетокот била неуедначена и препуштена на снаоѓањето на иницијаторите на теренот. Но набргу државните органи започнале да носат законски прописи и да преземаат потребни мерки со цел да им помогнат на селаните при формирањето на СРЗ. Законски ова област била регулирана главно во текот на 1946 година.[887]

Југословенско-советскиот судир од 1948 година, освен што оставил длабоки последици во политичкиот развој на државата, оставил траен белег и на политиката кон селото во цела Југославија. Во јануари 1949 година, се одржал се одржал Вториот пленум на ЦК. КПЈ, после кој дошло до

---

[886] Во 1945 година во НРМ биле формирани само 6 СРЗ, во 1946 година 31, во 1947 година 79 СРЗ. До нагло зголемување на бројорт на СРЗ дошло дури во втората половина на 1948 година, а на крајот од годината во Македонија имало 238 СРЗ. (Виолета Ачкоска, Аграрно-сопсртвеничките односи..., 265)

[887] Виолета Ачкоска, Задругарството и аграрната политика 1945-1955 година, Скопје, 1994, 106

радикална промена во југословенската аграрна политика. [888] После овие настани во Македонија дошло до формирање на Комисија за село при ЦК. КПМ.

До март 1949 година, на територијата на Македонија биле формирани 414 СРЗ. Најголемиот број од селаните неможеле да ја прифатат политиката на државата, односно не сакале да се откажат од своето парче земја. Започнал период на присила кон селаните да го прифатат здружувањето така што до 1951 година, во Македонија имало 981 СРЗ. Но набргу се виделе и резултатите на ваквата политика. Се покажало дека формирањето на задругите насекеде и по секоја цена било економски неиспалтливо, а притоа се создавале и бројни политички проблеми. Селаните кои се спротиставувале на влегувањето во колективите биле тероризирани од страна на властите, а некои биле осудени и на повеќегодишни затворски казни.[889] Со тек на време и државните органи увиделе дека најголемиот број на колективи не поседувале ниту минимум на услови за рентабилно економско работење, а уште помалку можеле да се развијат во некакви модерни земјоделски стопанства. Така постепено дошло и до реорганизирање и ликвидирање на СРЗ по 1953 година. Со тоа неуспешно била завршена една етапа од развојот на македонското село која требало да доведе до социјалистичка преобразба во земјоделството. Навистина еден мал дел од македонските селани особено поранешните борци и дел од сиромашните селани доброволно пристапиле кон создавање на колективи, но мерките кои биле преземани од државата довеле до разочарување кај селанството од новата власт. Всушност со мерките на државата во период од една деценија по ослободувањето бил разорен стариот систем на селото, а во ова разорување освен колективизацијата придонеле и задолжителниот откуп, мерките за уништување на козите, со што започнал и "егзодусот на македонското село."

---

[888] Бранко Петрановић, Историја Југославије, Београд, 1978, 211-256

[889] Новица Велјановски, Македонија 1945-1991 државност и независност, Скопје, 2002, 74; Виолета Ачкоска, Задругарството и аграрната политика...,129

Во Југославија се тргнувало од претпоставката дека индустријализацијата мошне брзо ќе доведе до урбанизација и трансформација на целата економија, а со тоа би дошло и до културна и економска преобразнба на селото. Меѓутоа методите кои биле користени од страна на властите не се поклопувале со интересите пред се на ситниот земјопоседник на село какви што биле мнозинсвото од селаните во Македонија. Сето ова довло до масовно напуштање на селото веднаш по неуспешно завршената колективизацијата, а за време на постоењето на СРЗ се јавила една незаинтересираност и индолентност на селаните кон задружната сопственост, наспроти интересот за својот приватен имот. Сосема се во право авторите кои колективизацијата на селото "како државно и вонекономски спроведено поопштествување на селото" ја дефинираат како "економска и политичка грешка која се покажала како крајно утопистичка..."[890] Ваквите грешки имале далекусежни последици по македонското село, како и врз натамошните демографски тенденции во македонското општество, а во овој контекст не изостанале и одредени етнички поместувања.

### *15.3 Причини за деаграризација и депопулација на селото*

Деаграризацијата не била процес карактеристичен само за тогашна Југославија или Македонија. Во истиот овој период кога Македонија е зафатена со ваква коренита прераспределба на селското и градското население слични процеси се одвиваат и во другите балкански земји, со разлика што еден дел од нив го немале проблемот на "социјалистичката преобразба на селото". Во Грција во шеесетите се одвивала една голема редистрибуција на селското население во градовите особено во Атина и други поголеми центри, додека вишокот на население мигрирал и во странство. Ист

[890] Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи..., 281

процес бележиме и во Турција каде градовите особено оние на егејското крајбрежје бележат рапиден раст.[891] Ваквото придвижување на населението во Македонија кон градовите довело до позитивно миграционо салдо кое го бележеле градските населби.

Во периодот 1953-1961 година, градското население се зголемило за 55.236 илјади жители, додека најголем пораст на своето население градовите бележат во меѓупописниот период 1961-1971 година, кога нивниот број се зголемил за 139.826 жители.[892] Во наредниот меѓуписен период 1971-1981 година, бројот на градското население се зголемил за 107.035 жители односно, процесот на слевање на селското население во градовите бележи опаѓање. Овие бројки се однесуваат само на населението кое се доселило во градовите во посочените периоди.

Како резултат на движењето на населението од земјоделските кон неземјоделските дејности, се намалувало и учеството на селското население во вкупниот број на населението, односно учеството на селското во вкупното население на Македонија во периодот 1953-1981 година, се намалило од 73.9% на 46.1 %. Како споредба во истиот овој период учеството на селското население во вкупниот број на населението на Југославија се намалило од 78.3% на 53.5%, односно за 3% помалку отколку во Македонија.[893] Се разбира во исто време опаѓа и бројот на земјоделското население, процесс кој бил карактеристичен и за најразвиените европски земји во овој период. Како пример ќе ги земеме шесте држави основачи на тогашната Европската

---

[891] Demografic and social change in Europe 1975-2000, Liverpool,1981 78-80 Карактеристично за Турција е дека во периодот 1960-1970 нејзиното население се зголемило за 28.2% со што се јавила голема аграрна пренаселеност, бидејки бројот на селското население заради исклучително високиот наталитет брзо се зголемувало. Најголем дел од вишокот на ова население се упатувал во градовите или мигрирал главно во западноевропските земји. Истите процеси се одвивале и на територијата на поранешна Југославија и Македонија.

[892] Републички завод за Статистика, Население во градовите на СР. Македонија, Скопје, 1986, 9-20

[893] Душан Бубевски. Op.cit, 483

Економска Заедница.[894] Во 1950 година, околу триесет милиони луѓе живееле од земјоделство, за една деценија овој број се преполовил, додека во 1972 година, се намалил на малку повеќе од осум милиони.[895]

Во периодот 1948-1981 година, бележиме драстичен пад и на земјоделското население, иако деаграризација во Македонија била нешто поспора отколку на ниво на Југославија. Земјоделското население учествувало со 70% од вкупното население на Македонија во 1948, додека во 1981 година, опаднало на 21%.[896] Брзото намалување на селското и земјоделското население во Македонија во повоениот период не може да се каже дека е последица само на брзата индрустријализација како што е случај со посочените западноевропски земји, туку влијание има и слабиот развој на селските подрачја, ниската стапка на економско вложување во овие подрачја и посочената инфрастуктурна неразвиеност, која едноставно го принудувала населението брзо да ги напушта селските подрачја, иако градовите го немале тој капацитет да го прифатат сето население.

Индустријализацијата на повоена Југославија иако земала силен замав во менувањето на социјалната структура, не била подеднакво интензивна во сите нејзини делови. Оваа констатација се однесува и на Македонија каде што во 1953 година, имаме 133 жители на 100 хектари обработлива површина, односно поголема од југословенскиот просек кој изнесувал (105 жители на 100 хектари), што значи во Македонија аграрната пренаселеност била

---

894 Белгија, Франција, Западна Германија, Луксембург, Италија и Германија

895 Migrations in Post-War Europe, University Colege London, 1975,34

896 На ниво на Југославија опаѓањето на селското население се движело од 67.2% во 1948 година на 19.9% во 1981 односно се намалило за 3.38 пати. Опаѓањето на учеството на земјоделското во вкупното насеелние во Македонија било постепено се до 1971 година од 70.6% во 1948, 62.7 во 1953 година, 51.3 во 1961 година, 39.9 во 1971 година, за во 1981 година земјоделското население да се сведе на 21.7%, Душан Бубевски. Op.cit,486

поизразена отколку во другите делови на поранешна Југославија.[897] Појавата на аграрна пренаселеност во Македонија постоела од поодамна но овој проблем се засилил особено со продирањето на посовршени средства за производство во земјоделието, а со зголемувањето на квалитетот на живеење се намлувала и смртноста со што бројот на населението побрзо се зголемувал.

Вака зголеменото селско население морало да ја бара својата егзистенција надвор од селското стопанство, или во градовите или емигрирајки во странство. Најголема аграрна населеност во Македонија во педесетите години на дваесетиот век, што значи во периодот кога со сета силина започнува процесот на деаграризација имало во Тетовско, Скопско, Кумановско и Штипско. Вишокот на селско и земјоделско населние било апсорбирано од градовите во времето на забрзаната индустријализација.[898]

Се оценувало дека екстензивното земјоделско производство и безмалку две третини на земјоделско население биле главниот проблем за забрзан развој. Аграрната пренаселеност, проблем за кој се зборувало често по Втората светска војна во екот на кампањата за побрза индустријализација, не било нешто ново на овие простори. Уште во периодот на османлиското владеење имало напуштање на селата заради пренаселеност, а некои краишта во Македонија се познати исклучиво како печалбарски. Меѓутоа аграрната пренаселеност како што видовме станал видлив и за општеството горлив проблем со продирањето на посовршени средства за производство, како и со измените во начинот на живеење, односно со модернизацијата. Се додека се работело со традиционалните средства и се живеело на еден патријархален начин змјоделското население во најголем број се задоволувало со средствата што ги поседувало и земјата што ја обраоботувало.

---

[897] Душко Анакиоски, Ефтим Бојаџиевски, Мерките за унапредување на земјоделствпото во Народна Република Македонија и проблемот на аграрната пренаселеност, Годишник на Економскиот факултет , Скопје 1959,138

[898] Ibidem,...141

Но со подобрувањето на животните услови смртноста кај населението се намалувала, а наталитетот сеуште бил доста висок, така што населението побрзо се зголемувало. Вака бројно зголеменото селско население во Македонија до крајот на Втората светска војна многу тешко наоѓало работа во неразвиената градска индустрија, така што вишокот на земјоделско население најчесто останувал на своите имоти.

Деаграризацијата главно го зафатила младото население кое забрзано ги напуштало селските средини, оставајки го селото и земјоделското производство на постарите лица, со што се јавува проблемот со т.н старечки домакинства.[899] Ова можеби било и нужност бидејки доколку ги споредиме податоците за педесетите години во развиените земји на Западна Европа ќе забележиме дека аграрната пренаселеност во Македонија во споредба со нив била огромна. Во Франција, Австрија или Швајцарија на сто хектари доаѓале по педесетина жители, а во Велика Британија само дваесет. Во Македонија но и речиси на целата територија на Југославија, само Војводина била близу до тогашниот европски просек.[900]

Властите во повоениот период често пати истакнувале дека проблемот со аграрната пренаселеност добил ново место во економскиот и политичкиот живот на земјата. Аграрната реформа која започнала да се спроведува во 1945 година по донесувањето на Законот за аграрна реформа и колонизација,[901] создале можеби и одредени негативности во смисол на уште поголемото ситнење на поседите со одредбите за земјишниот максимум, но

---

[899] Marković P. Staraćka domaćinstva na selu, Sociologija sela I/2, Zagreb 1963, 22: Во 1981 година имало над 20.000 селски домакинства со по 2 членови а нивниот број и мпонатаму растел. Овие старечки домакинства со тек ана времето станале посебна социјална категорија во земјоделството и на село. (Огнен Дамев, Деаграризацијата и процесот на урбанизација во селото во СР. Македонија ( од ослободувањето до почетокот на осумдесетите) Скопје, 1990, 122

[900] Душко Анакиоски, Ефтим Бојаџиевски..., op.cit.139

[901] Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1944-1953, Скопје, 1998, 162-239; Н Га е а, Аграрна реформа и колонизација, 1945-1948, Нови Сад, 1978

во ова време тоа меѓу другото било и политичка и економска нужност. Започнатата индустријализација особено по донесувањето на т.н Петогодишен план овозможил еден дел од земјоделското население да се апсорбира во стопанските дејности. Истовремено со индустријализацијата дошло и поголема продуктивност во земјоделството што дополнително го зголемил вишокот на земјоделско селско население кое морало егзистенцијата да ја бара во индустриските центри. Но во овој период постоела диспропорција во темпото на развојаот на индустријата и брзината на напуштањето на селата со што се создавале економски проблеми.[902]

Повеќето економски истражувања од педесетите и шеесетите години на XX век, во поранешна Југославија укажувале на неповолниот однос на земјоделското население и земјоделскакитe површини, заради што се јавувала голема резерва на работна сила во селските средини, при што во Македонија се проценувало дека кон крајот на педесетите години имало дури 120.000 луѓе вишок во земјоделството. Проблемот се усложнувал и со спомената исклучително неповолна поседовна структура во македонското село. Огромното мнозинство (78%) од земјоделците во Македонија поседувале имот до пет хектари. Како втор важен проблем во селото што го забавувало развојот и употребата на современи средства за обработка на земјата, со што само се зголемувала потребата од напуштање на селските средини била големата испарцелизираност на земјата. На една парцела отпаѓале помалку од три декари, со што биле крајно неповолни за современа обработка.[903] Ваквата поседовна структура условувала и соодветен начин на обработка на земјата. Земјоделството уште долго после прокламираната од страна на властите индустријализација и модернизација во сите сфери на живеењето било примитивно. На земјоделците им останувало релативно

---

[902] Душко Анакиоски, Ефтим Бојациевски..., op.cit. 140; Ќурчиев Александар, Миграцијата село-град и процесот на деаграризција...,145

[903] Во 1958 година кога процесот на деаграризација и напуштање на селата земал се поголем замав имало 141.767 индивидуални земјоделски домакинства. Од нив под пет хектари земја имале дури 100.737 домакинства. (Душко Анакиоски, Ефтим Бојациевски..., op.cit. 143)

малку вишок на производство за пазарот. Тоа произлегувало од малите вложувања во земјоделството, како и ниската продуктивност заради застарените методи на обработка. Иселувањето го потикнувалт и фактот што за релативно малку обработлива земја по Втората светска војна имало релативно брзо зголемување на населението. За развојот на земјоделството во овој период најдобро зборува и споредбата при употребата на современата механизација која во Македонија во споредба со југословенскиот просек била послаба.[904]

Според одредени истражувања најголемиот дел од мигрантите кои ги напуштале селските средини до почетокот на седумдесетите години потекнувале од ридско-планинските селски населби кои немале основни услови за развој. Тие биле подложни и на брза депопулација и поради промените кои настанале, односно одумирањето на екстензивното земјоделско производство.[905]

### *15.4 Засилување на процесот на деаграризација*

Овие миграциони движења кои оставиле длабока трага во македонската демографска слика најголем обем бележат во периодот 1961-1971 година, кога и механичкиот прилив во градовите бил најголем. Ваквите движења продолжиле и во седумдесетите години со една поумерена динамика, но миграцијата во градовите сеуште била значајна за брзо зголемување на бројот на нивните жители.

Карактеристично е дека во периодот 1981-1994 година, градското население во Македонија бележи само 9.300 жители позитивен миграционен

---

[904] На еден трактор во тогашна Југославија отпаѓале 512 хектари, а во Македонија 857 хектари. Само како споредба во тогашниот социјалистички блик во Полска еден трактор доаѓал на 542 ха, во Унгарија на 320, а во Романија на 610 хектари

[905] Кирил Миљовски, Преселничките движења на аграрното население во СР. Македонија, Стопански преглед, 1973/6, 7;

биланс, односно во овој период градското население се зголемува најмногу од природниот прираст.[906] Во периодот по 1953 година, изразите големи имиграциони движења се насочени кон градот Скопје што влијаело за неговото брзо ширење, но и причина за создавање на бројни супстандардни приградски населби. Во периодот 1953-1961 година, дури 53.7% од миграционото салдо на градското население било насочено кон Скопје.[907] Драстично се зголемило населението во Скопје. Градот во 1948 година, имал 87.654 жители[908] за во 1994 година, неговото население според официјалните статистички податоци да се заголеми на 444.760 жители.[909] Со право во некои економски анализи се констатира дека Скопје и другите градови растеле со побрзо темпо отколку што со своите можности можеле тоа да го издржат. Поради тоа се јавиле низа проблеми, особено економским како тешкотии во вработувањето на новодојдените лица, создавање на неурбанизирани населби и сл.[910]

Воопшто запоставувањето на развојот на земјоделството, особено промените кои настанале со аграрната реформа и колективизацијата по 1945 година, како и недоволноте вложување во развојот на селските подрачја предизвикале да се јави така силен бран на напуштање на селата и деаграрзација. Според одредени проценки во периодот 1948-1961 година, околу 220.000 лица во Македонија го напуштиле земјоделското производство и својата егзистенција ја побарале во индустријата.[911] Овој т.н руралeн егзодус влијаел цели области во Македонија да опустошат како Мариово, Поречието

906 Верица Јаневска, Современите меѓународни миграции од Република Македонија и социо-економскиот развој, Скопје 2002, 244

907 ibidem,..245

908 Konačni rezultati,...447

909 Вкупно население,...55

910 Александар Ќурчиев, op. cit, 309; Социолошка анализа на ваквите состојби во Скопје дава: Илија Ацески, Градот знаци во времето и просторот-Скопје 1963-2003, Скопје,2005,190

911 Ќурчиев Александар, Миграцијата село-град и процесот на деаграризција во СР. Македонија ( досегашен развиток и прогнози до 2000 година) Годишник на Економскиот факултет, Скопје 1980, 137-164

Реканскиот крај, Демир Хисарско, Дебарца, или пак областите во Источна Македонија, како Кратовско, Малешевијата и др. области кои бележат константен пад во бројноста и особено во старосната структура на населението. и др. при што до 1981 година, некои општини изгубиле повеќе од половината од селското население во однос на 1953 година.[912]

Конкретните примери најдобро ќе ја илустрираат депопулацијата што ги зафатила македонските рурални региони. Во Дебарца која се до Втората светска војна бележи постојан пораст на населението само за една деценија од 1961-1971 година, се иселиле околу 3.000 жители, пред се заради немање на основни услови за живот и минималните вложувања во областа.[913] По 1971 година, процесот се интензивирал така што во 1994 година, во целата област живееле 3.354 лица главно стари жители.[914] Има безброј примери на ваква депопулација на руралните области после Втората светска војна. Еден од карактеристичните е областа Порече,[915] по средниот тек на Треска. Во нејзиниот северен дел, односно областа околу Самоков, за само четири децении населението се намалило за речиси четири пати, од 7.895 во 1953 година на 2.057 во 1994 година.[916] Во овој контекст ќе ја споменеме и Криво-Паланечката област, која во текот на целиот XX век, дала голем број на иселеници. Веднаш по Балканските војни населението од оваа област започнало да се сели во селата кои биле напуштани од турското население

---

[912] Ова пред се се однесува на општините Свети Николе, Кратово, Штип, Пробиштип Велес, К Паланка, додека во општините Струмица, Тетово, Ресен, Делчево, Валандово, Струга, Гостивар над 60% од вкупното население живеело во селските населби.(Огнен Дамев, op. cit, 103)

[913] Јован Трифуноски, Охридско-струшка област, антропогеографска проучавања, Београд, 1992, 90

[914] Митко Панов, Енциклопедија на селата во Македонија, Скопје, 1998, 327

[915] За областа види: Петар С. Јовановић, Порече, несења и порекла становништва, књига 28, Београд, 1935

[916] Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,240; Митко Панов, Op. cit, 328

особено во источните и северните делови на Македонија.[917] Токму затоа во областа живеел речиси ист број на жители и непосредно пред балканските војни, и кон средината и на крајот на векот.[918] По Втората светска војна најголемиот дел од населението од областа се селел кон поголемите индустриски центри пред се кон Скопје и Куманово. Овој пример можеби најдобро зборува за констатацијата дека напуштањето на селата заради нивната аграрна пренаселеност започнал многу пред да започне процесот на индустријализација во Македонија.

Процесот на депопулацијата на селата, кој се засилил од педесетите години бил само логично продолжение на движењето на населението и од претходниот период. Слични констатации важат и за други области во кои преовладувало аграрното население. Во Малешевската област заради иселувањето на населението пред се од селата бројот на жителите останал речиси непроменет во целата втора половина на XX век.[919] Ист бил процесот и во другите споменати делови на Македонија. Еден од најкарактеристичните и Демирхисарскиот крај од каде се иселиле многу повеќе жители отколку што останале да живеат во областа. Напуштањето на областа масовно започнало по неуспешната колективизација, така што во 1994 година, во

---

917 Миљенко С. Филиповић, Етничке прилике у Јужној Србији...,421-438; Еден дел од македонското население од Кривопаланечката област заради пасивноста на местата во кои живееле и високиот наталитет, односно пренаселеноста започнале масовно да ги купува имотите на муслиманското население кое се иселувало од Кумановската област по 1912 година. ( Јован Трифуноски, Кумановска област..., 25-55)

918 Во Кривопаланечката каза пред балакнските војни живееле околу 27.000 жители (Йордан Ивановь, Българите вь Македония...,104), Во 1948 година во тогашниот Кривопаланечки срез живееле 28.827 жители (Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine..,443), а на крајот од векот, во 1994 година, во областа живееле 25.129 жители (Вкупно население на Република Македонија според изјаснување по национална припадност...,56-57)

919 Во 1948 година, во тогашниот Беровски срез живееле 18.144 жители, а по половина век во 1994 година 19.829. вака малото зголемување е последица пред се на иселување на најголем дел од селското население.

областа живееле речиси двојно помалку жители отколку во 1948 година.[920] Депопулацијата на Мариово е речиси целосна така што статистичките податоци во овој случај немаат никакво значење.

Но процесот на деаграризација и напуштање на селата не ги опфатил подеднакво сите региони во Македонија, односно не бил така интензивен кај сите групации од македонската популација што произлегува од спецификите на македонското општество и разликите кои постојат внатре во посебните етнички групи. Како пример ќе го земеме Полог, област во која доминира албанското население. Според социолошките испитувања на областа во седумдесетите години на XX век јасно се гледаат разликите во селата со македонско и албанско население. Испитувањето не ги опфаќало и градските населби во Полог.[921] Според ова истражување порастот на албанското население во селата во Полог бил константен. Во 1948 година, во селата со албанско население живеле 58.056 жители додека во 1971 година населението пораснало на 81.670 жители. Во истиот овој период во селата населени со македонско население дошло до опаѓање на бројот на населението. Во 1948 година во македонските села живееле 17.603 лица, додека во 1971 година населението опаднало на 16.929 лица. [922]

Навистина на овој простор албанското население доминирало и во претходниот период. Така според податоците од 1921 година во Полог без градовите Тетово и Гостивар живееле 69.666 жители. Од нив 42.689 се изјасниле со мајчин албански (арнаутски) јазик, 22.912 жители биле регистрирани со мајчин јазик српско-хрватски, односно тоа биле полошките Македонци и 3.917 се изјасниле со мајчин турски јазик.[923] Што значи во

---

[920] Во Демирхисарскиот срез во 1948 гоидина живееле 19.642 жители, додека во 1994 година биле регистрирани сано 10.610 жители.

[921] Илија Јосифовски, Општествените промени на село Македонското, Албанското, и Турското население на село во Полог-социолошка студија-Скопје, 1974

[922] Ibidem..., 49

[923] Дефинитивни резултати пописа становништва...,118-120

почетокот на дваесетите години на XX век, структурата на селското населние на Полог била следна: 61.2% биле Албанци, 32.8 Македонци и 5.6 Турци.

Состојбата останала речиси непроменета и непосредно по Втората светска војна кога Полошката област била предмет на едно обемно теренско истражување.[924] Во периодот 1946/1948 година, кога било изведено истражувањето во Полог имало вкупно 14.518 домови од кои 9.032 албански или 62.25%, 4.651 или 32.02% македонски, 757 или 5.21% турски и 72 или 0.52 ромски домови.

Овие истражувања покажуваат дека бројната состојба на различните етноси во селските населби во Полог била релативно стабилна се додека еден дел од населението, односно Македонците не го зафатил забрзан процес на деаграризација. Така во периодот 1948-1953 година, селата со албанско населние се наголемиле за 11% додека селата со македонско население за 8%. Но веќе во периодот 1953-1961 година, оваа разлика се зголемувала. Бројот на населението во селата со албанско население се зголемил за нови 11%, додека во македонските села населението се намалило за 3%. Во следниот период 1961-1971 година, албанското население се зголемило за 27%, додека бројот на жителите во македонските села се намалил за 8%.[925] Се разбира има и повеќе примери каде и албанското население ги напуштало пред се планинските и пасивни села и се населувало или во градовите или пак во други села каде постоеле подобри услови и каде можело да продожи да се бави со земјоделство.

Карактеристично е дека процесот на колективизација исклучително малку ги зафатил селата населени со албанско население, така што ова население барем во тој поглед не ги трпело негативните последици од овој неуспешен потфат.[926] Кај албанското население е карктеристично

---

[924]Јован Трифуноски, Полог антропогеографска проматрања, Насеља и порекло становништва, књига, 42, Београд, 1976

[925] Илија Јосифовски, Општествените промени на село...,49

[926] Во селата со мешан етнички состав во Селските работни задруги влагувале Македонците додека Албанците останувале надвор од нив. Во некои села населени со Албанци имало и

напуштањето на пасивните селски средини, но не во свој обем и масовност како кај македонското население. Населението од планинските села на Скопска Црна Гора постојано гравитирало кон градовите Скопје и Куманово и нивната блиска околина, со што дошло и до етнички промени во некои населени места од овие области.[927] До иселување на албанското население дошто и од високите планински села на Горна Река, во Кичевско и на други места. Но затоа пак некои села населени со албанско населени во Струшко, Скопско и во споменатиот Полог повеќекратно го зголемиле своето население.[928]

Ова покажува дека во првите децении по ослободувањето забрзаниот процес на напуштање на селата особено кај македонското население довело и јавување на етнички дизбаланс во определени области како што е Полог. Ваквиот процес продолжил и по 1971 година. Како пример ќе ги земеме

---

исклучително силем отпор при обидите за формирањето на СРЗ. Во Зајас и други кичевски села некои од селаните избегале во планина, пои што Околискиот одбор бил принуден да ја сопре акцијата за формирање на колективите во оваа област. До крајот на 1949 година, во селата населени исклучиво со албанско население биле формирани само 12 СРЗ. (види: Виолета Ачкоска, Задругарството и аграрната политика..., 165-175)

[927] Ке го земеме како пример само селото Брест на гребенот на Скопска Црна Гора. Селото во 1914 година, имало 1.014 жители, а за четириесетина години заради високиот наталитет и покрај иселувањата бројот на жителите се зголемил на 1.886 жители. Потоа започнува еден брз процес на иселување пред се кон Скопско и кон градот Скопје, така што во 1994 година, во селото живееле 1.158 жители речиси итсо како на почетокот на векот. Вакви примери има повеќе.

[928] Селото Велешта во 1948 имало 2.014 жители, а во 1994 година 5.034, во Боговиње тетовско населението се зголемило од 2.139 во 1948 година на 5.670 во 1994 година. Дури и во некои планински села бројот на населението во овој период се удвостручил. Во селото Гургурница Тетовско кое се наоѓа на 1.300 метри надморска височина и оддалечено 35 километри од општинскиот центар во Тетово населението од 1948-1994 се удвостручило ос 758 на 1.428 жители, што зборува за релативно спориот процес на деаграризација и урбанизација кај дел од албанското население. ( Митко Панов Op cit, 90)

селата околу Вратница[929], регион кој воедно претставува гранична област. Во 1971 година Македонците во овие села претставувале 66.3 % од населението а Албанците 30 %. Во 1994 година веќе имаме сосема поинаква етничка слика. Македонците претставувале 42% додека бројот на Албанците се наголемил на 55%.[930] Карактеристично е дека во сите села во кои живее етнички мешано население особено по 1961 година бројот на албанското население се наголемува додека македонското население по правило се намалува.

Низа истражувања потврдуваат дека деаграризацијата е сложен општествен процес кој може да се оствари преку вработување во неземјоделски дејности, преку школување, или пак преку повеќе други надворешни фактори.[931] Веќе напоменавме дека процесот на деаграризација најсилен интензитет имал во периодот на шеесетите години, но преселниците од селата не се упатувале само кон градовите, туку се почесто било емигрирањето во странство од селските подрачја. Со тоа само продолжила една традиција која на овие простори егзистира од поодамна. Карактеристично е дека во обемот на миграциите од селските подрачја за целиот повоен период се зголемувал особено од т.н високонаталитени области како Тетово, Гостивар, Струга, Кичево.[932]

Во почетокот на шеесетите години се менува тогашниот политички став кон вработувањето во странство. Привремената работа во странство како што вообичаено се нарекувало миграционото движење на работоспособното население од поранешна Југославија пред се кон земјите од Западна Европа, од политичките структури се прифатило како можност за решавање на економските проблеми на населението, кога се повеќе се зголемувал бројот на невработените во земјата, а со тоа растеле и

---

[929] Вратница, Беловиште, Старо Село и Рогачево населени со Македонци и Јажинце и Оращје населни со Албанци.

[930] Вкупно население..., 74

[931] Ристо Карталов, Демографските аспекти на деаграризацијата во СР Македонија, Проблеми на демографскиот развој на СР Македонија, Скопје, 1985, 379

[932] Александар Ќурчиев, Трајните миграции,...300-302

социјалните тензии. Во 1963 година, Сојузниот секретаријат за труд издал посебна инструкција за начинот на вработување во странство, со која всушност се вовел во употреба терминот на привремена работа во странство.[933] Подоцна биле донесени и други законски прописи кои ја регулирале оваа проблематика со која се легализирале миграционите движења на работоспособното население во странство. [934] Најголемиот дел од ова неселение потекнувало од селските подрачја и било исклучително младо. Дури 83% од мигрантите кои работеле во Западна Германија, а потекнувале од поранешна Југославија во седумдесетите години на XX век, биле во старосната граница меѓу 15-45 години.[935]

Иселувањето во странство исто така влијаело во селските средини на Македонија нагло да се промени старосната структура на населението. Ова е видливо во карактеристичните иселенички средини во Македонија кои се проучувани како што се Ресен и Битола. За овие простори е карактеристично дека се зголемувало учеството на мигрантите кои потекнувае од градските средини, но сепак доминантната миграциона маса ја сочинувале иселеници од селските подрачја. Така од просторот на Ресен во 1981 година, дури 87.1% од вработените во странство потекнувале од селата. Слична била состојбата и со Битола со 72.1%.[936] Во шеесетите години од споменатите простори само продолжиле да се одвиваат печалбарските текови од претходните periоди, започнати уште во XIX век. Но сепак традицијата не била одлучувачки

---

933 Службен лист на СФРЈ, бр. 42/1963

934 Брзиот еконсомски развој на повекето земји од Западна Европа предизвикал да се јави потреба од странска работна сила, која пак лесно се наоѓала во помалку неразвиените земји, меѓу кои била и Југославија. Тогашна Западна Германија н апример имала потпишано договори за прием на работници од странство со Грција, Мароко, Португалија, Шпанија, Тунис, Турција и Југославија.(Demografic i social change in Europe 1975-2000, Liverpool, 1981, 86)

935 Ibidem,...70

936 Верица Јаневска, Современите меѓународни,...298

фактор за иселувањето од овие простори. Во 1981 година, од територијата на Ресен имало повеќе вработени во странство, отколку во самата општина.[937]

Ретки биле просторите во поранешна Југославија од кои се иселилол толкав број на население како споменатите македонски области. Со ваков процент на миграција и напуштање на селото можат да се споредуваат само некои изразито пасивни области како што била Херцеговина.[938] Како илустрација за ваквата констатација ќе ги земеме статистичките податоци за бројот на населението во Преспа, кое во 1994 година, било безмалку на исто ниво како во 1921 година.[939] Доколку пак го споредиме бројот на населението во населените места на општината од првиот повоен попис во 1948 година, со истиот од 1994 година, ќе заклучиме дека освен во градот Ресен, во речиси ниту едно село не бил зголемен бројот на населението, што доволно зборува за масовноста на мигрирањето кон градовите, или пак во странство. Овој простор е само пример кој во македонски услови е прилично чест.

Втората зона од каде што потекнале голем број на мигранти кон градовите и кон странство е т.н високонаталитетна област во западниот дел на Македонија. Но и покрај и покрај ваквите движења во овие области не се забележува стагнирање или намалување на бројот на населението, пред се заради поголемиот природен прираст. Ваквите села се карактеристични за Полог, Струшко и Скопско.

Миграцијата од селските подрачја условила да дојде и до брз пораст на бројот на жителите во градовите така што во 1981 година, градското население претставувало 54% од вкупното население во Македонија или 1.053.102 жители.[940] Миграцијата село-град која во повоениот период го

[937] Ксенте Богоев,...op.cit, 21

[938] Slavica Juka, Vanjske migracija iz zapadne Hercegovine, sp. Migraciske teme,11/2 Zagreb 1995,187-204

[939] Во 1994 година, на територијата на општина Ресен живееле 17.681 жители, а 73 години претходно во 1921 на истата таа теритирија ( во која не го пресметуваме населението од тогашната општина Гопеш), живееле 17.232 жители.

[940] Население во градовите,...11

зафатила македонското општество најчесто се дефинира како стихијна со што се намалиле позитивните ефекти пред се во економскиот развој, односно во подигањето на стандардот на живеење на населението. Ваквото стихијно придвижување кон градовите го намалило својот интензитет по 1971 година, но се разбира оставило трајни последици како врз развојот на селата уште повеќе и на градовите.

Ваквиот процес бил карактеристичен за сите тогашни југословенски републики, иако во некои од нив како на пример Словенија овој процес бил доста поумерен и пообмислен. Во Словенија индустријата не била сконцентрирана само во големите центри, туку развојот се одвивал паралелно на целата нејзина територија, вклучително и во селските средини каде биле отварани повеќе индустриски капацитети со што населението и таму остварувало задоволителен стандард и немало така силна потреба да ги напушта селските подрачја. [941] Интересни се податоците дека Словенија имала помал процент на градско население од Македонија, Црна Гора, или Босна и Херцеговина кои спагале во групата неразвиени области во поранешна Југославија.[942]

### *15.5 Процесот на урбанизација*

Урбаниацијата како демографски, но и економски фактор имала значајна улога во севкупниот развој на повоеното македонско општество, а значајно влијаела и во општествено-економскиот развој на Македонија. Доколку ги анализираме статистичките податоци од повоените пописи може да се констатира дека урбанизацијата во нејзината класична смисла како квантитативен процес на пораст на градското за сметка на селското

---

[941] Vidi: V Klemenčić, The migration of population and the industrijalization of Slovenija, Population movment in the east european countres, Budapest, 1970, 21-27

[942] Во 1971 година, во Македонја во градовите живееле 48.1%, а во Словенија 37.7, за во 1981 година процентот да се зголеми во Македонија на 53.9%, а во Словенија на 48.9%

население е претставена во изразита прекумерност пред се во периодот до 1971 година, кога овој процес започнал полека да се смирува. Интензитетот на урбанизација во македонски услови, но и на ниво на тогашна Југославија, бил значајно поголем од интензитетот на индустријализација, односно овие два процеси не биле меѓусебно усогласени.

Урбанизација е директно поврзана со процесот на деаграризација, за која како што напоменавме може слободно да се каже дека се одвивала изразито динамично со белези на прекумерност. Ваквата неусогласеност на процесите на урбанизација од една и деаграризацијата и индустријализацијата од друга стана имале негативно влијание врз општествено-економскиот развој на Македонија, а влијаела и врз нерамномерниот регионален развој со што се зголемувала невработеноста, а продолжило и напуштањето на селските средини.[943] Македонското општество во овој контекст во себе носи една специфичност. Македонија имала доста висок процент на градско население во однос на другите југословенски републики, иако за целиот повоен период е едно од економски најнеразвиените подрачја во Југославија. Искуството на развиените земји покажува дека постоела меѓузависност во процесите економскиот развој и урбанизацијата и дека овие процеси најчесто се одвивале паралелно., што небило случај и во Македонија.[944]

Бројот на градското население во Македонија во периодот по 1948 година, покажува силна динамика на пораст во сите пописни изјаснувања. Градското население во 1948 година изнесува 27.6% од вкупното население, а веќе во 1961 година оваа бројка пораснала на 38.6%. Во 1971 година, бројот на градското население пораснал на 48.8%, а во 1981 година, на 53.9%.[945]

---

[943] Демографскиот развој како фактор, Скопје, 1990

[944] Ангел Георгиев, Специфични карактеристики на Урбанизацијата на СР Македонија, Проблеми на демографскиот назвој во СР. Македонија, Скопје, 1985, 391

[945] Урбанизацијата и нејзиното влијание како демографско-економски фактор, Демографскиот развој како фактор на ..., 158

| | 1948 | 1953 | 1961 | 1971 | 1981 | 1994 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Скопје | 87.654 | 119.134 | 165.529 | 321.980 | 423.742 | 444.760 |
| Берово | 3.619 | 4.176 | 4.289 | 5.092 | 6.070 | 6.752 |
| Битола | 30.761 | 37.546 | 49.001 | 65.035 | 78.507 | 77.464 |
| Брод | 567 | 628 | 947 | 1.219 | 1.961 | 3.358 |
| Валандово | 1.992 | 2.178 | 2.201 | 2.779 | 3.798 | 4.357 |
| Велес | 15.350 | 19.373 | 27.050 | 35.980 | 42.557 | 44.194 |
| Виница | 2.568 | 3.042 | 4.048 | 5.993 | 8.458 | 9.971 |
| Гевгелија | 4.967 | 5.777 | 7.332 | 9.414 | 12.399 | 14.974 |
| Гостивар | 7.832 | 9.509 | 12.787 | 19.467 | 27.726 | 32.926 |
| Дебар | 4.698 | 5.520 | 6.323 | 8.823 | 12.201 | 13.340 |
| Делчево | 3.173 | 3.033 | 3.147 | 5.104 | 8.065 | 10.554 |
| Д. Хисар | 543 | 902 | 1.129 | 1.828 | 2.283 | 2.447 |
| Кавадарци | 6.228 | 7.550 | 11.409 | 18.170 | 24.556 | 28.288 |
| Кичево | 7.280 | 9.567 | 10.324 | 15.396 | 22.479 | 25.129 |
| Кочани | 6.657 | 8.034 | 11.011 | 17.257 | 23.378 | 26.367 |
| Кратово | 1.925 | 1.993 | 2.411 | 3.735 | 5.442 | 6.481 |
| К.Паланка | 1.967 | 2.539 | 2.844 | 4.955 | 8.860 | 11.166 |
| Крушево | 3.570 | 3.846 | 4.099 | 4.477 | 5.211 | 5.507 |
| Куманово | 36.139 | 40.962 | 50.636 | 67.687 | 87.667 | 94.589 |
| Неготино | 2.683 | 2.820 | 4.087 | 7.139 | 10.297 | 12.516 |
| Охрид | 11.169 | 12.640 | 16.492 | 26.369 | 39.093 | 41.146 |
| Прилеп | 24.816 | 29.776 | 37.459 | 48.202 | 60.464 | 64.897 |
| Пробиштип | 1.051 | 1.883 | 2.242 | 4.119 | 5.896 | 8.608 |
| Радовиш | 4.678 | 5.255 | 6.246 | 9.639 | 12.188 | 15.068 |
| Ресен | 4.737 | 5.204 | 5.824 | 7.142 | 8.263 | 8.684 |
| Св.Николе | 3.468 | 3.621 | 4.420 | 7.440 | 10.829 | 13.292 |
| Струга | 4.932 | 4.996 | 6.857 | 11.475 | 14.325 | 16.037 |
| Струмица | 10.868 | 12149 | 15.949 | 23.034 | 29.263 | 34.067 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Тетово | 17.132 | 20.209 | 25.357 | 35.745 | 46.523 | 50.344 |
| Штип | 11.361 | 13.845 | 20.269 | 27.224 | 36.230 | 41.730 |
| Вкупно | 324.385 | 397.707 | 521.719 | 821.919 | 1.078.686 | 1.145.308 |

Доколку ги анализираме податоците ќе дојдеме до единствен заклучок дека без исключок сите градски средини во Македонија бележат еден брз пораст на своето население. Карактеристично е дека по 1981 година, доаѓа до намалување на миграциониот бран што било последица на започнување на економската криза во државата и неможноста да се најде работа во државниот и општествен сектор. Некои области каде било силно иселувањето во странство бележеле и пад на населението како што е пример градот Битола, каде бројот на жителите во 1994 година, се намалил во однос на 1981 година. Друга карактеристика е дека дошло голема концентрација на македонската популација на еден релативно мал простор.

Во 1994 година, дури 43% од вкупното население во Македонија живеело на просторот Скопје-Куманово-Тетово, за разлика од 1948 година, кога на истиот простор живеело 27% од вкупното население на Македонија. Карактеристично е дека до 1971 година, најголемиот дел од селската миграција се упатувала во Скопје и другите поголеми индустриски центри. По 1971 година, миграцијата зајакнала и кон помалите градови како Крива Палнка, Св. Николе, Неготино, Кратово, Валандово, Виница и др.[946] После Втората светска војна речиси сите градови во Македонија го зголемиле своето население за три, четири пати, некои и повеќе. Сето тоа довело до големи економски проблеми особено кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години кога се јавува огромна невработеност, како последица на распадот на дотогашниот систем. Ваквата состојба била последица и на лошите вложувања во претходниот период кога се инвестирало во непрофитабилни индустриски гранки, или пак дел од

946 Александар Курчиев, Трајните миграции на населението..., 305

населението се вработувало без за тоа да има потреба, или економска оправданост за отварање на такви работни места, односно вештачки се сокривала неможноста на стопанството да го вработи вишокот на работната сила.

Миграцијата кон градовите била особено масовна во периодот до 1971 година, при што градското население се зголемувало побрзо отколку во другите тогашни југословенски републики. Од 1948 до 1971 година, вкупното градско население во Македонија се зголемило за 45%. Сите други подрачја имале многу пома пораст на градското население, како на пример Словенија за 27.9%, Хрватска 27.6%, Војводина 27.6% итн.[947]

Но македонското општество како што видовме во одредени аспекти значајно се разликувало од словенечкиот случај на пример. Во периодот меѓу двете светски војни во Македонија се создале само определени предуслови за индустријализација и тоа само во поголемите градови ( Скопје, Битола, Велес, Куманово) додека, останатите градови останале заобиколени од некакви значајни вложувања во индустриски објекти. Тие останале да бидат само занаетчиски центри и пазари за својата најблиска околина. Во 1939 година, на територијата на Вардарска Македонија во индустријата и рударството имало вработено само 7.803 работници.[948]

Според други податоци кон крајот на Втората светска војна на територијата на Македонија имало 84 индустриски претпријатија во кои при оптимално користење на нивните капацитети би можеле да вработат околу 2.300 работници.[949] Овие податоци зборуваат за тоа дека тешко може да зборува за одредени индустриски капацитети, туку можеби за нешто посовршени занаетчиски капацитети. Сосема нормално во време на воените дејство бројот на индустриските капацитети се намалил. Непосредно пред Втората светска војна во Македонија имало 737 вакви капацитети, со

[947] Ангел Георгиев Специфични карактеристики на урбанизацијата на СР. Македонија...,393

[948] Развојот на СР. Македонија 1945-1984, Конгрес на СКМ, Скопје, 1986, 7

[949] Лазар Лазаров, Општествено-економскиот развој на НР. Македонија во периодот на обновата и индустријализацијата (1944-1957), Скопје, 1988, 162

прилично лоша географск, и територијална разместеност. Околу 40% од фабриките се наоѓале во Скопје или во неговата блиска околина, додека останатите 60% биле распоредени во останатаите градови на Македонија.[950]

Токму затоа безмалку сите околиски центри, но и поголемите градови во своето насеелние имале нагласена аграрна структура и со голем дел на невработена работна сила, или со занаетчиско ниво на производство.

### *15.6 Последици од брзаѿа урбанизација*

Бидејки индустријализацијата по 1945 година, не била сватена само како економска потреба, туку и како политичка и идеолошка нужност, новите власти започнале со припреми за радикална промена во економските и општествените односи. Во 1947 година бил донесен Петогодишниот план (1947-1951); со што се предвидувала промена во стопанската структура, при што во согласност со Планот, главната амбиција на сите републики и на Македонија, била индустријализацијата, без разлика на условите и претходните вложуваања.[951] И пред донесувањето на Петогодишниот план бројот на вработените во индустријата се зголемувал, доколку го спoредиме со периодот пред Втората светска војна.

Веке во 1945 година бројот на регистрираните вработени бил поголем од оној пред војната (26.437) од кои 10.405 биле вработени во индустријата, Во 1947 година, кога започнал да се спроведува Првиот петогодишен план, за развој на стопанството во т.н општествен сектор биле регистрирани околу 57.000 вработени. Земјоделството иако неразвиено сеуште било водечка гранка во македонското стопанство.[952] За да можеме подобро да го разбреме

[950] Коста Сидовски, Индустријата на територијата на НР. Македонија во периодот меѓу двете светски војни, Индустријата во НР. Македонија. Економски институт, Скопје, 1962,56

[951] Новица Вељановски, Македонија 1945-1991 државност и независност, ИНИ, Скопје, 2002,76

[952] Развојот на СР. Македонија 1945-1984...,11

така брзиот пораст на градското население и драматичниот ,ад на селското и земјоделско население мора да ги видиме условите кои владееле во македонското село во периодот непосредно по ослободувањето. Несомнено одлучувачка улога за побрзото напуштање на селото ќе има наведената колективизацијата која иако кратка ќе успее да разори дел од воспоставените односи во селото, но тука влегува и длабоката неразвиеност на нашето село. Оној дел од населението кој во минатото заминувал на печалба сега во првите повоени години главно се насочувал кон градските центри каде сепак можеле да остварат подобра егзистенција.[953]

Економската наука одамна утврдила дека општа причина на миграција на населението кон градовите е стремежот за балансирање на популацијата со растежот на економијата на одредена земја или регион. Миграцијата всушност се јавува како корекција на противречноста меѓу порастот ан населението и концентрацијата на производството, односно бидејќи капиталот најчесто се вложува во градовите, работната сила од село се сели во градовите каде што се акумулира капиталот.[954] Урбанизацијата со себе носи и други радикални промени во општествата кои се карактеристични и за македонското општество по Втората светска војна. Животот во градската (урбана) средина проследен со соодветна просвета, култура и “градски начин на живот” доведува да се јави планирање на семејството, а со тоа и до намалување на продниот прираст. Но сепак повеќето градски средини во Македонија во период од неколку децении нагло се зголемиле, со што се јавиле низа проблеми. Тоа се должело пред се на поинтензивното мигрирање во градовите, одошто се одвивал процесот на вистинската урбанизација

---

[953] Една од причините за неможноста за остварување на пристојна егзистенција во село била изразито ниската продуктивност. На почетокот на педестите години во просечно од еден хектар се произведувале 980 кг. пченица, а доколку ја знаеме поседовната структура на нашето село каде најголем дел од поседите биле до два хектари, лесно ќе заклучиме дека на едно тогаш просечно селско семејство тешко му било да обезбеди основна егзистенција.

[954] Никола Узунов, Емпириска анализа за влијанието на економските, социјалните и демографските фактори врз миграцијата од село во град во СР. Македонија, Скопје, 1975, 39

бидејки државата немала доволно средства да ја следи миграцијата на селското население преку изградба на станови, комунални објекти, образовни и здравствени установи што пак влијаело на социо-културната преобразба и адаптација на преселеното население на градската средина и живот.[955]

Процесот на брзата урбанизација предизвикал негативни последици во општествено-економскиот развој. Селото за релативно кратко време доживеало едно класично разорување и останало без најрепродуктивниот дел од населението.[956] Основната негативност во процесот урбанизација на македонското општество била што процесот на деаграризација не бил следен со ист интензитет во индустријализацијата. На социо-културен план оваа брза урбанизација се одразила во неколку сегменти. Најнапред дошло до брзо зголемување на градското население како последица на деаграризацијата, при што дошло до тн. рурализациај на градот.

Во македонското општество всушност дошло до тн. хиперурбанизација која ја карактеризира неусогласеноста на урбанизацијата и стопанскио развој. Најголемиот дел од населението од руралните области во Македонија не се преселило во градовите следејки ја логиката на развојот односно на индустријализацијата, туку сиромаштијата, неразвиеноста и аграранта пренаселеност биле главните мотиви за миграцијата кон градовите.[957] Се разбира тука неможе да се заборави и на спрементата колективизација која може да се каже му задала одлучувачки удар на македонското село, односно токму од средината на педесетите започнува и "походот" кон градовите. Ваквите процеси биле следени и со појава на нови општествени и економски феномени за Македонија.

Брзото преселување на селското население во градовите довело до постојано зголемување на невработеноста, како и до урбана пренаселеност, за разлика од периодот пред Втората светска војна кога една од основните

---

955 Ibidem...,50

956 Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи..,319

957 Христо Карталов, Неки аспекти урбанизације села у СР. Македонији, Социјологија села, 59/60, 1978, 20-21

карактеристики за Македонија е големата аграрна пренаселеност, а од друга страна мала градска невработеност.[958] Овие бурни економски и политички процеси кои довеле до радикална преобразба на македонското општество оставиле длабока трага како во структурата на населението, така и во идните економски и социјални движења особено кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години на XX век, кога започнува една коренита преобразба на целото општеството.

958 Виолета Ачкоска, Аграрно-сопственичките односи..,321

# ЗАКЛУЧОК

Етничките промени и миграциите се сставен дел на историјата од најстари времиња. Уште Асирските владетели вршеле присилно иселување на дел од своите поданици со цел полесно да воспостават власт на одредена територија. Ваквата практика продолжува и во денешно време можеби со одредени посифистицирани методи. Присилното иселување на одредени етнички или верски групи е речиси редовна практика која ја користеле повеќе режими од најразлична провиниенција и во текот на XIX и XX век. Доволно е да се потсетиме на присилното иселување на воинствените Чеченци од Кавказ, во казахстанските степи во времето на Сталин, или преселувањето на милиони Хундуси и Муслимани по 1948 година, во Индија и Пакистан за да ни стане сосема јасно какви методи се користеле за зацврстување на власта на одреден "немирен" простор и во "наше време." Настаните од последната деценија на XX век на просторот на поранешна Југославија се само продолжение на една разработена метода, само што сега гласност доби терминот етничко чистење доста долго применуван особено на нашиве простори.

Промената на етничката структура на одреден простор често пати е обусловен од низа политички, културолошки и воени фактори. Некои делови на Балканот добиле речиси целосен турски етнички карактер по османлиското освојување на областа. Властите ја користеле колонизацијата на муслиманско население од Мала Азија, како и исламизацијата на локалното христијанско население за зацврстување на својата власт. Турската власт била најцврста онаму каде во мнозинство живеело турско или муслиманско население. Со губењето на териториите во многуте војни почнувајки од крајот на XVII век, започнало долгото повлекување на турското и друго муслиманско население кои се идентификувало со османлиската држава и траело до половината на XX век. На сличен начин

етничкиот простор го изгубиле подунавските Германци, кои по Првата,а особено по Втората светска војна масовно се иселувале од средноевропските држави. Нивното иселување било директна последица на воениот пораз на Германија. Во области како Војводина на пример до крајот на Втората светска војна Германците претставувале речиси четвртина од вкупното население.

Овие примери сосема јасно ја прикажуваат поврзаноста на етничката структура на одредена држава или регија со политичките или уште повеќе воените случувања на тој простор. Оваа констатација е речиси правило во балканската историја, особено по формирањето на националните држави на балканските народи почнувајќи од првата половина на XIX век. Ваквата практика својата кулминација да доживува со потпишувањето на Лозанскиот договор меѓу Турција и Грција во 1923 година, кога околу два милиони луѓе од двете држави присилно морале да се иселат, со што коренито се променил етничкиот состав на населението во одредени делови на Мала Азија, но и на Егејска Македонија и Тракија. Практиката на насилно протерување на “инорондно” население масовно се применувала во сите балкански држави. По создавањето на автономна Србија муслиманското население започнало полека да се иселува во областите кои биле под власт на османлиите. По војните од 1877/78 година и проширувањето на Србија кон Ниш и Врање целото муслиманско население се иселило, најчесто во Косово и Македонија, со што новоослободените делови од Србија добиле српски карактер, а во Косово осетно се засилил албанскиот елемент. Според истражувањата правени во триесетите години на XX век во Косовската котлина, барем 1/3 од албанското население на овој простор потекнувало од бегалците кои ги напуштиле областите кои потпаднале под српска власт во согласност со одлуките на Берлинскиот конгрес од 1878 година. Политичките последици од овие етнички поместувања денес се сосема јасни.

Еден дел од ова население трајно се населило и во Македонија, заедно со муслиманските бегалци од Бугарија, Босна и Херцеговина како и мноштво на доселеници кои се слевале на овие простори и од областите на Крим или

Кавказ, како што биле Татарите или Черкезите, кои се повлекувале се подлабоко на османска територија по секој пораз на нивната војска. Османлиска Турција овие муслимански бегалци од најразлично етничко потекло организирано ги населувала во преостанатите балкански владенија, пред се во Македонија каде што сакала да насели што повеќе жители, кои како што мислела би биле лојални на нејзината власт. Властите планирале да населат околу 200.000 муслимански бегалци, што претставувало прво масовно и организирано колонизирање на македонската територија во поновата историја. До населеување на муслимански беглаци во Македонија дошло и по анексионата криза во 1908 година, кога Австро-Унгарија ја окупирала Босна и Херцеговина. Ова биле последните обиди на турските власти да населат население со муслиманска вероисповед со цел да ја зацврстат својата власт.

И покрај обидите на властите да колонизираат муслиманско население во Македонија тие неуспеале коренито да го променат верскиот или етничкиот состав на населението се до балканските војни. Мора да се истакне дека кај османлиите не постоела онаа тенденција да создаат етнички чиста држава, каква што била идеологијата на повеќето млади балкански монархии. Османлиската империја речиси до нејзиниот крај почивала на средновековниот религиозен принцип, за верска, а не национална идентификација на населението. Можеби токму затоа Македонија до крајот на турското владеење останала етнички доста колоритна, во која различните етноси имале одредени верски и граѓански права.

Ваквата етничка колоритност ќе започне да се менува со почнувањето на Балканските војни кои за Македонија имале исклучително негативни последици и на етнички и на политички план. Пред војните македонската територија била поделена во неколку вилаети (Скопски, Солунски и Битолски), чии административни граници излегувале од географските граници на Македонија. Властите често пати намерно приклучувале територии во кои биле населени повеќе етноси со цел полесно да можат да ги контролираат, пред се заради нивната етничка или верска нетрпеливост. Во рамките на трите вилаети непосредно пред војните живееле околу два

милиони жители од кои нешто повеќе од 1/3 муслимани, од кои мнозинството Турци, како и Албанци, исламизирани Македонци и во помал број Грци, Власи, Черкези, Роми и др. Останатите речиси 2/3 од населението биле христијани од кои во големо мнозинство (околу 70%) Македонци, како и Грци, Власи, а во помал дел и други етноси. Околу 3% од вкупната популација на Македонија биле Евреи.

Во официјалните турски статистики Македонците не фигурирале како посебен "Милет" и тие биле составен дел или од Бугарскиот или од Грчкиот (Рум) милет. Ваквата разделеност оставила длабока трага во македонскиот етнички корпус, а негативно влијаел и во формирањето на македонската национална свест. Токму затоа Македонците во државните или во статистиките на многумината истражувачи се заведувани како Бугари, Грци, Срби, Словени, Славофони итн, со што се создавала една исклучително нејасна етничка слика за Македонија. Оваа слика уште повеќе ја заматувале бројните истражувачи од соседните земји кои издавале разни публикации со кои имале за цел да докажат дека Македонија, цела или во најголем дел етнички и историски им припаѓа токму ним. Статистиката се користела во политички или националистички цели, но сепак делата кои ги оставиле овие истражувач (К`нчов, Цвијиќ, Иванов и др.) и денес се неодминливо историско четиво и извор за историјата на Македонија од крајот на XIX и почетокот на XX век.

Доколку ја анализираме етничката структура на населението во Македонија пред големите етничките поместувања по Балканските војни *неодминлив е заклучокот дека етносите во Македонија* според својата географска разместеност можеме да ги поделиме во три главни групи. Македонците и Турците ја населувале речиси целата територија, а во голем дел од областите претставувале и мнозинство. Во втората група влегуваат Грците и Албанците кои биле сконцентрирани во одредени области, првите на југ, а вторите на север и северозапад и во третата група влагувале Власите, Евреите и Ромите кои во помал број живееле распрснати во речиси сите делови на Македонија. Најголема концентарација на еврејско население

имало во градот Солун каде претставувале мнозинство. Според бројноста први биле Македонците околу 1.100.000-1.200.000 жители ( тука влегуваат и христијаните и муслимансите), 500.000-540.000 Турци, 230.000-250.000 Грци, 130.000-180.000 Албанци, 80.000 Власи, 70.000 Евреи, 50.000 Роми и др, етноси во многу помал број како што биле Черкезите, Ерменците, Русите, Србите и др.

Ваквата структура започнала да се менува веќе со почнувањето на Првата балканска војна во октомври 1912 година. Со навлегувањето на сојузничките (српски, бугарски и грчки) војски, започнало повлекувањето на еден дел од турското и друго муслиманско население кон Источна Тракија и Мала Азија. Во Втората балканска војна пак целосно бил променет етничкиот лик на одредени области. Македонското население страдало во меѓусојузничките судири, а оваа војна ќе остане запаметена и по уништувањето на градот Кукуш од кој грчите војски го протерале речиси целото население кое во големо мнозинство го сочинувале Македонци. Масакрите кои ги направиле грчите и бугарските војски во Серез или Докса трајно се забележани во извештајот на Карнегиевата комисија од 1914 година, масакри во кои најчесто страдало македонско (патријаршиско или егзархиско) население, но и грчко население кое ги населувало овие простори на Македонија.

Со балканските војни започнува и периодот на корените етнички промени во деловите од Македонија кои потпаднале под грчка власт, кои ќе продолжат и по Првата и Втората светска војна. Всушност првото големо етничко чистење на Балканот во XX век е направено токму во Егејскиот дел од Македонија. Сета специфика на македонскиот етнички простор се огледа и во фактот што Грција ги протерувала сите Македоци кои припаѓале на егзархијата, но на своја територија доста широкоградо ги прифаќала патријаршистите кои преминувале во деловите контролирани од грчките власти, како што бил случајот со дел од струмичките патријатшисти на кои им било ветено дека Грција ќе изгради “Нова Струмица” на темелите на разурнатиот Кукуш. Ако деловите кои потпаднале под грчка власт започнале

да го губат својот дотогашен македонски етнички карактер, тогаш областите кои биле под контрола на бугарските власти, односно Пиринска Македонија во која се доселиле голем број на бегалци од Егејска и Вардарска Македонија, добиле голем број на македонско население, со што се засилувал македонскиот елемент особено по иселувањето на дел од муслиманското население (турско и помачко) и на грчкото население пред се од Мелник. Сепак балканските војни ќе придонесат за раскинување на македонското етничко ткиво, што ќе има далекусежни политички последици по македонскиот народ.

Во деловите од Македонија кои биле освоени од српската војска, а по Букурешкиот договор потпаднале под власта на Србија новите власти спровеле попис уште во 1913 година. Иако податоците не може да се сметаат за сосема прецизни и точни тие даваат една општа слика за вкупниот број на населението кое живеело во Вардарска Македонија по завршувањето на балканските војни, а индиректно може да се добијат и податоци за етничката структура.

Пред Балканските војни на територијата која потпаднала под српска власт живееле околу 900.000 жители, од кои околу 65% православни и 35% муслимани. Во добар дел од градовите доминирало муслиманското население, кое сега полека ги губело позициите кои ги имало во претходниот период, заради што започнало и да се сели. Во овој дел од Македонија сега се појавил сосема нов политички фактор-српскиот, кој ќе настојува на Вардарска Македонија да и даде српски етнички карактер, но во тоа ќе биде спречен од Првата светска војна. За време на војната етничките поместувања биле ставени во втор план заради воените дејствија кои со сета жестина се водлеле и на македонска територија, која буквално била поделена на половина со линијата на македонскиот фронт кој бил пробиен од силите на Антантата во септември 1918 година, со што започнува една сосема нова етапа од развојот на Вардарска Македонија.

На 1. декември 1918 година, било прогласено Кралството на Србите Хрватите и Словенците со што се конституирала една многунационална и

многуконфесионална сложена држава, во која судирот меѓу српскиот хегемонизам и хрватскиот сепаратизам речиси секогаш ќе биде на прв план, од каде ќе произлегува и постојаната нестабилност, што ќе резултира со нејзиниот крах во април 1941 година.

Македонскиот народ во државата влегол како дел од српското воено наследство од Балканските и Првата светска војна, така што македонската територија за властите била Стара Србија или Вардарска бановина, а македонскиот народ бил сметан за составен дел од српскиот етнички корпус.

Во вакви политички услови сосема нормално македонскиот народ не фигурирал во официјалните државни статистики. За време на постоењето на Кралството СХС/Југославија, биле одржани два државни пописи во 1921 и 1931 година. На пописот од 1921 година, чии податоци може да се користат за споредбена анализа на етничката структура на населението во Вардарска Македонија, Македонците официјално се воделе во графата "Срби или Хрвати", што претставува тешкотија во одредувањето на точниот број и процентуална застапеност на македонскиот народ во овој дел од Македонија. Сепак доколку не ги земеме предвид податоците од пописот одржан во периодот 1913/14 година, од страна на српските власти на овие простори, кои можеме да ги сметаме за релативно точни, пописот од 1921 година, е прв на нашите простори на кој се користела утврдената за тоа време статистичка и демографска методологија за утврдувања на бројноста и структурата на населението во една држава. Во 1921 година, во Вардарска Македонија живееле речиси 800.000 жители, односно бројноста на населението била за околу 100.000 жители помала во однос на 1913 година. Тоа било последица на иселувањето на дел од населението и на воените човечки загуби за време на балканските и Првата светска војна. Македонскиот народ се разбира претставувал мнозинство со нешто помалу од 2/3 од вкупното население, а потоа следувале Турците и Албанците. Овие три етноси сочинувале повеќе од 90% од вкупното население, карактеристика која останува до крајот на XX век. Значајно е да се одбележи дека турското население било во постојан пад на својот број, со што го губело и влијанието кое го имало на овие простори

како политичко, така и економско и културно, пред се сред муслиманската популација. За разлика од нив, Албанците кои во официјалната статистика сеуште се означувале со турскиот етноним Арнаути бележат зголемување во натамошниот период и покрај одредени етнички загуби што ги претрпеле за време на војните 1912/13 година и иселување на дел, пред се на поранешниот феудален слој, кој бил речиси целосно турцизиран.

И во овој период дел од градското муслиманско население во западните делови на Македонија каде сред муслиманите доминирале Албанците се декларирало за турско, како што бил примерот со Гостивар или Тетово. Оваа нејасна етничка диференцијација ќе трае и во децениите по Втората светска војна.

Уште една од карактеристиките на меѓувоениот период која влијаела на промената на етничкиот состав на населението во Вардарска Македонија била колонизацијата пред се на српско и во помала мера на друго (хрватско или словенечко) население. Административни колонизацијата започнала уште во 1919 година, но во пракса најчесто првите колонисти се населувале во Македонија почнувајки од 1921 година. Според некои денешни проценки во меѓувоениот период во Вардарска Македонија се населиле меѓу 90.000 и 100.000 доселеници пред се Срби, кои тука дошле или како колонисти или како дел од административниот или воениот апарат на државата. Административците се населувале во градовите, додека класичните колонисти најмногу биле населени во северните и источните области како и долж Повардарието.

Колонизацијата била вршена пред се од стратешки политички причини, со цел да се досели население кое што би било лојално на власта во секое време, како и за нивно влијание за претопување на македонското население. Сепак мора да се констатира дека оваа колонизација во својата основа не била успешна, доколку на пример ја споредиме со грчката која се одвивала во речиси истиот период. За тоа постојат повеќе причини. Македонија не била единствената област каде властите механички морале да влијаат на етничката структура. Колонизацијата била вршена и во косовско-

метохиската област каде српското население според официјалните статистички податоци не претставувало повеќе од 1/4 од тамошното население. Слична била состојбата и во Војводина каде Србите биле околу 34% од вкупното население. Заради вакавта етничка структура на државата колонизацијата била разводнета на повеќе простори, така што се губеле нејзините поскувани етнички ефекти. Сепак колонизацијата допринела во Македонија да зајакне српскиот политички и етнички фактор, во однос на позициите што Србија ги имала во Македонија во периодот до 1912 година. И покрај влијанието на српската култура само мал дел од автохтоното македонско население пред се од крајните северни делови на Македонија ќе го прифати српскиот идентитет како своја национална определба.

Најголемиот дел од колонистите биле принудени да се иселат од Македонија по окупацијата од април 1941 година, од страна на бугарските власти. Релативно мал број од нив се вратиле по 1945 година, а прашањето на колонистите беше користени и кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години од властите во Србија во спроведувањето на нивните политички и државни планови и цели.

Податоците од пописот од 1931 година, неможе да се користат за подлабоко анализирање на етничките состојби во Македонија бидејки речиси целото население било водено како југословенско во согласност со тогашната државна политика. Сепак доколку ги споредиме податоците во Македонија во 1931 година, живееле околу 933.000 жители, што е прво големо зголемување на вкупното население од Балканските војни. Зголемувањето дошло како последица на изразите високиот природен прираст, меѓу највисоките во Европа во тоа време, како и заради спомената колонизација и доселување на население од другите делови на тогашната држава. Во овој период и процесот на иселување пред се на муслиманското население не бил со голем интензитет. Ваквите етнички состојби ќе останата на територијата на Македонија се до окупацијаат од 1941 година.

Периодот на Втората светска војна на етнички план е значајна по искоренувањето на еден цел народ од македонскиот простор. Од подрачјето

под германско-бугарска окупација во 1943 година биле однесени во конц. логорот, Треблинка над 7.200 македонски Евреи, со што нив речиси целосно ги снемува од етничката карта на Македонија.

На просторот окупиран од италијанско-албанските сили било направено етничко чистење особено по 1943 година, кога балистичките единици потпомогнати од италијанските, а потоа и од германските сили вршејќи терор допринеле цели области во дебарско или реканско да бидат напуштени од македонското население. Последиците од иселувањето на дел од македонското население ќе се чувствуваат и по завршувањето на Втората светска војна.

По ослободувањето етничките и демографски движења можеме да ги следиме во континуитет, при што се наметнуваат неколку заклучоци. Најпрвин речиси веднаш по ослободувањето започнува "походот" кон градовите, што пак ќе заначи празнење на цели региони кои станале извор на работна сила во градовите. Голем број на села останале речиси празни, а овој процес добил особено масовен карактер, меѓу другото и како последица на неуспешната колективизација на селото. Овие демографски промени ќе остават длабока трага во македонското општество, при што брзото напуштање на селото влијаело и на низа други компоненти од развојот на Македонија, како на економски, така и на социјален и демографски план, во смисол на намалување на наталитетот пред се кај македонското население, бидејки и процентот на населението кое се доселило во градовите бил највисок токму кај Македонците. Се разбира дека ова била само една од причините за брзиот пад на наталитетот на ниво на цело општество, што пак претставува прашање за една посебна студија.

Што се однесува до формирањето на современата етничка карта на Македонија своја улога имале и движењата и процесите кои се одвивале во последниот половина век. Една од главните карактеристики на етничките придвижувања после Втората светска војна е иселувањето на дел од турското и друго муслиманско население почнувајки од средината на педесетите години. Ова всушност било само продолжение на еден процес кој започнал

веднаш по балканските војни во Македонија, а на балканските простори многу порано. Се проценува дека за неколку децении околу 200.000 лица се иселиле во Турција, што се разбира претставува едно масовно миграционо движење. Причните биле помалку политички, а повеќе економски, социјални и психолошки. Почнувајки од 1953 година, започнува континуираното намалување на бројот на турското население, иако до крајот на проследуваниов период, дел од населението со муслиманска вероисповед се декалрирало за турско. Ова пред сé се однесува на Македонците со муслиманска вероиисповед, кои заради верата се идентификувале со турскиот народ, заради што и дел од нив се иселиле во Турција во текот на педесетите години. Меѓу муслиманското население кое заминувало за Турција имало и дел Албанци кои од најразлични причини се одлучувале да се иселат.

Ова движење предизвикало и во Македонија да започне еден нов процес на населување на население од Косово, Јужна Србија и Санџак кои најчесто се населувале на имотите на иселените Турци, а еден дел од нив доаѓале во Макеоднија токму со цел за кратко време да се го продолжат патот кон Турција. Овие населување оставиле трага и врз етничката слика на населението во Македонија така што во северозападните делови дошло до зголемување на бројот на албанското население меѓу другото и заради доселувањето на албанско население пред се од Косово. Најголемиот дел пак од бошњачкото население потекнува токму од доселениците од Санџак, кои во педесетите години се населиле во Македонија.

Ако бројот на турското население континуирано опаѓал, тогаш бројот на албанското население постојано растел, особено по 1953 година. Мора да се истакне дека статистичките податоци особено во периодот 1948-1953 година, не даваат сосема прецизна слика за бројноста на Турците и Албанците бидејки меѓу нив постоело често пати претопување. Еден дел од Албаците како и Македонците муслимани се деклариралe за Турци со цел полесно да можат да мигрираат. Така што и брзото зголемување на албанското население особено после 1961 година, меѓу другото се должи токму на фактот што најголемиот дел од Албанците кои претходно се

декларирале за Турци, сега вл·гувале во албанскиот етнички корпус. Статистичките податоци за бројноста на албанското и турското население од 1948/1953 година, треба да се прифатат релативно и критички. По 1961 година доаѓа до "статистичко смирување" во варирањето на бројноста на албанскиот и турскиот етнос. Од почетокот на шеесетите години имаме постојано зголемување на албанското население и константно намалување на турското. Сепак до крајот на векот Албанците и Турците заедно со Македонците ќе претставуваат најголем дел од макеоднската популација.

По Втората светска војна од кога можеме целосно и постојано да ја следиме бројната состојба на населението во Македонија, како и бројноста на етносите се забележува дека Македонците речиси на сите пописи сочинувале околу 2/3 од вкупната популација. Почнувајќи од 1948 година, кога за прв пат македонскиот народ се појавува како самостоен етнички субјект на еден попис на територијата на Југославија, па до 1994 година постојат релативно мали варијации во учеството на Македонците во вкупното население. Мора да се забележи дека во 1948 година, најголемиот број од Македонците со муслиманска вероисповед се декларирале за Македонци, додека на наредните пописи нивното национално изјаснување ќе биде доста шаренолико, иако постои една константа кај поголемиот дел од ова население да се декларира како дел од турското население.

Друг важен етнички фактор кој заради својата демографска важност, со тек на време добивал и политичко значење е албанскиот. Албанците за целиот проследуван период се мнозинство во Полог, во областите на запад од Скопје, во Карадачката област, во Дебар и во други делови на западна и северозападна Македонија. Заради низа фактори демографски, економски веројатно и политички во последните децении на XX век албанското население станало мнозинско и во Кичевската и Струшката област. Во овие области каде Албанците живееле и во периодот на османлиското владеење, Македонците претставувале мнозинство и според бројните етнографски проценки и според официјалните статистички податоци кои започнуваат од двесетите години. Во овој случај демографските поместувања, односно

брзото напуштање на некогаш големите и бројни селата пред се од страна на Македонците и нивното заминување во поголемите градски и индустриски центри, допринело да дојде и до етнички поместување во споменатите области, кое започнало по завршувањето на неуспешната колективизација на селата, во која учествувале пред се селаните Македонци, додека во албанските села во овие области и во други места речиси и да недошло до колективизацијата заради организираниот и силен отпор на населението кон овој државен експеримент.

Споменатата колективизација ќе допринесе во период од нецели две децении голем дел од македонските села да опустат, со што дошло до корените менување на демографската структура на македонското општество. Брзо се зголемувал бројот на градското население, особено онаму каде имало поголеми вложувања во индустријата, каде што наоѓале вработување довчерашните селани.

Сепак мора да се истакне дека напуштањето на македонското село бил неминовен процес, кој се одвивал и претхотно, пред обидите за воспоставување на "социјалистички односи на село." Всушност, македонските градови уште во деветнаесетиот век се полнеле со христијанско македонско население, кое ги напуштало селата или заради сигурносни или од економски причини.

Ситниот земјопосед неможел да дозволи развој на селото, освен проста репродукција, што била главната причина за напуштањето на селата, додека структурните промените кои настанале по 1945 година, само го забрзале овој процес, кој коже да се каже на моменти добил и карактеристики на крајна неорганизираност. Заради тоа започнале да никнуваат приградсаки населби со речиси никаква инфраструктура, во градовите се јавувала пренаселеност, а сето тоа се одразило и на нивниот развој. Во Македонија за разлика од некои други тогашни југословенски републики дошло до многу побрзо напуштање на селата отколку што градската индустрија можела тоа да го прифати. Сето ова ќе има последици особено кон крајот на осумдесетите и почетокот на деведесетите години, кога ќе започне крахот на социјалистичкиот систем, при

што токму овие скорешни преселници ќе бидат први на удар заради пропаѓањето на бројните социјалистички индустриски комплекси каде ја нашле својата егзистенција. И покрај големите миграциони движења село-град во Македонија, освен Скопје не постои друг градски центар со над 100.000 жители, што зборува за големата насоченост на преселниците пред се кон Скопје, град кој во периодот од 1948 до 1994 година го зголеми своето население од 87.000 на 444.760 жители. Сето тоа допринело да се промени и неговата етничка структура бидејки градот станал место на доселување на бројно население од Македонија и надвор од неа.

Ваквите демографски промени во Македонија ќе остават силен белег и врз нејзиниот понатамошен развој, како политички така и економски социјален и културолошки.

# Извори и Литература

## I. ИЗВОРИ

## А) НЕОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

Државен архив на Република Македонија

- фонд: Мухаџирска комисија
- фонд: Врховно поверенство за аграрна реформа Скопје
- фонд: Обласна дирекција - Битола (1941-1944)
- фонд: Обласна дирекција - Скопје (1941-1944)
- фонд:Претседателство на Влада на НРМ
- фонд : Извршен совет на СРМ
- фонд: ЦК. КПМ/СКМ

Микрофилмувана архивска граѓа

Централен државен исторически архив-Софија
м-4410, м-4312, м-4382 м-4421

Министерство за надворешни работи на Велика Британија
(Pulik Rekord Offis) м-2137, м-2138

## Б) ОБЈАВЕНИ ДОКУМЕНТИ

- Аграрна реформа уредбе, наредбе и расписи I, Министарство за Аграрну реформу Краљевине СХС, Загреб, 1920

- Алманах општине града Скопља 1918-1928, Скопје, 1928

- Веркович, С. И Топографическо-этнографический очерки Македонии, СПб, 1889

- Влахов Димитар, Мемоари, Скопје, 2003

-Георгиев Величко, Трифунов Стойко, Грьцката и срьпската пропаганда в Македония крајя т на XIX и началото на XX век, София, 1996

- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 5, кн. 1, Белград, 1988

- Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, т. 5, кн. 2, Белград, 1991

- Лапе Љубен, Охридскиот округ во 1914 година, Гласник на ИНИ, XIII/3, Скопје, 1969

- Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје, 1976

- Македонија во делата на странските патеписци 1850-1864, подготвил Александар Матковски, Скопје, 1992

- Миграциони движения на Българите 1878-1941 први том, 1878-1912, София, 1996

- Миноски Маихајло, Македонија во билатералните и мултилатералните договори на балканските држави 1861-1913, Скопје, 2000

- Nikolaides C, Makedonien, Berlin, 1903

- Очерк за ислямизираните българи и националновьзродителния процес, Христо Христов (ред.) Георги Яанков (сьст.), София, 1989

- Полјански Андонов Христо -, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает, годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 21

- Поранешните балкански војни (1912 - 1913) извештај на Карнегиевата балканска комисија, Скопје, 2000

- Томоски Томо, Населението на Битолскиот санџак во 1897 година според статистичкиот преглед на австроунгарскиот вице конзул А Крал, сп. Историја В/1, Скопје, 1969

- Речник места у ослобођеној области старе Србије по службеним податцима, израдио Мил. Ант. Вујовић, Београд 1914

- Речник места, Београд, Народна просвета, 1925

- Тодоровски Глигор,Српски документи за состојбата на мухаџирите во Македонија (1906-1912), Гласник на ИНИ, XXVI,2-3,Скопје,1982

- Тодоровски Глигор, Прилог кон прашањето за состојбата на муслиманските иселеници (мухаџири) во Македонија по Младотурската револуција (според необјавени докумнети), Гласник на ИНИ, XXVI/2-3, Скопје, 1982

- Тодоровски Глигор, Еден извештај за Тетовскиот округ од 1913 година, Гласник на ИНИ, XVIII/1, Скопје, 1974

- Томић, Светозар Скопље-Тетово-Гостивар-Маврово-Галичник, Браство, књига 29, Нови сад 1923

-Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер Но 4 1467-1468 година, Скопје, 1971

- Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, Том, III, Скопје, 1976

В) СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕДИ:

- Дефинитивни резултати Пописа Становништва од 31 јануара 1921 године, Сарајево, државна штампарија 1932

- Кратки извлечения оть общить резултати по преброяване населението на Царство България, на 31 декемврий 1905 година, София, 1910

-Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga ix, stanovništvo po narodnosti, Beograd, 1954

- Населението на Турция и България през XVIII и XIX век, библиографически издирвания сьс статистични и етнографски дании, София, 1968г приредено од д-р Никола В. Михов

- Населението во градовите на СР. Македонија

- Naselenie po naselbi i narodnost vo SRM (sporec administrativno-teritorijalnata podelba od 9-Ii-1962), Skopje, 1964

- Попис на населнието и становите во 1971 година, основни податоци по општини, Скопје 1972

- Попис становништва 1953, књига I, XXXV

- Попис на населението, домакинствата и становите, 1981, Население споредливи податоци за 1971 и 1981 година по општини, Скопје, 1984

- Републички завод за Статистика, Население во градовите на СР. Македонија, Скопје, 1986

- Статистички годишник на Царството Бьгария, 1923/1924, София, 1925

- Статистички годишник на Р. Македонија, завод за Статистика на Р. Македоднија, Скопје 1998

- Статистички билтен, број 26; Статистички годишњак ФНРЈ, Београд, 1957

- Статистички прегледг бр.115, Републички завод за статистика, Скопје, 1981

Г) СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

- "Нова Македонија"-Орган на НФ (Социјалистичкиот сојуз) на Македонија
- "Народна Задруга"-Орган на главниот сојуз на земјоделските задруги на НРМ
- Гласник Скопског Научног Друштва
- "Братство"-часопис Друштва Свети Сава
- Гласник на Институтот за Национална Историја
- Историја( списание на сојузот на друштвата на историчарите на СРМ)
- Годишен Зборник на Филозофскиот факултет
- Службен весник на ФНРЈ
- Службен весник на СРМ
- Српски етнографски зборник

II ЛИТЕРАТУРА:


- Louis Adamic, The native`s return, New York, 1934

- Ahmed Aličić, Uredba o organizaciji vilajeta 1867 godine. Prilozi za orientalnu filologiju, Sarajevo, 1965, XII-XIII/1962-1963

- Akarli Engin, Otoman population in Europe in the 19th Century, its Teritorijal, Racial and Religious Composition, University of Wisconsin-Madison, 1970

- Андоновски Христо, Македонското национално малцинство во Грција, Бугарија и Албанија, Гласник на ИНИ, XVIИ/1, Скопје, 1974

- Ancel Jacques, La Macédonie son évolution contemporaine, Paris, 1930

- Андријевић А, Струмица земља и народ, Ниш, 1923

- Апостолов Александар, Колонизацијата на мухацирите во Македонија и растројство на чифличките односи од крајот на XIX век до 1912 година, Гласник на ИНИ, IV/1-2,.Скопје, 1960

- Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје

- Колонизацијата на Прилепско меѓу двете светски војни, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 4 (30), Скопје, 1978

- Колонизацијата во Прилепско меѓу двете светски војни, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга, 30, Скопје 1977

- Апостолски Михаило, Етничките промени во македонија во XX век, сп. Историја, XX/2, Скопје, 1984

- Ачкоска.Виолета, Разрешување на колонистичкиот проблем во Република Македонија 1945-1946 година, Гласник на ИНИ, XXXIV/1-2, Скопје, 1990

- Аграрно-сопственичките односи промени и процеси во Македонија 1944-1953 година, Скопје, 1998

- Некои карактеристики на бугарското воземјувањег во Македонија 1941-1944 година, Гласник на ИНИ, 41/1-2, Скопје, 1997

- Македонија во Југословенската федерација 29.11.1943-8.09.1991, Скопје, 2001

- Братството и Единството 1944-1974 помеѓу хармонија и дисхармонија, Скопје, 2003

- Идејата за "Голема Албаноија" и некои демографски промени во Западна Македонија во XX век, Годишник на факултетот за безбедност, Скопје 1998.99, год. 17. бр. 1

Задругарството и аграрната политика 1945-1955 година, Скопје, 1994

- Андерсон Бенедикт, Замислени Заедници,Скопје, 1998

- Ацески Илија, Социо-економските карактеристики на населението во приградските населби на подрачјето на Скопје Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, Скопје, 1985

- Анакиоски Душко, Бојаџиевски Ефтим, Мерките за унапредување на земјоделствпото во Народна Република Македонија и проблемот на аграрната пренаселеност, Годишник на Економскиот факултет , Скопје 1959

- Беуц Иван, Архивистика, Загреб, 1968

- Бартл Петер, Албанци од средњег века до данас, Београд, 2001

- Брејсфорд Хенри Ноел, Македонија нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2003

- Битоски Крсте, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација, Гласник на ИНИ, IV/1-2, Скопје, 1960

- Бројот и составот на населението во Битолскиот вилает кон крајот на XIX век , сп. Историја VI/1, Скопје 1970

- Прилог кон прашањето за бројот и националниот состав на населението во Македонија во почетокот на XX век, Гласник на ИНИ, XXVИ/1, Скопје,1982

-.Brankoff D.M, La Macedonie et la population chretiene, Paris, 1905

- Благојевиќ Ђоко, Аграрна реформа, Јубиларни зборник живота и рада Срба, Хрвата и Словенаца1918-1928, Београд, 1928

- Бојановски Д.,. Џонов К,. Пемовска А, Развитокот на земјоделството во Македонија, Скопје, 1955

- Бојановски Диме, Чифчиските односи во Македонија околу 1903 година, Годишник на Правно-економскиот факултет, Скопје, 1955

- Бурзевски Ванчо, Економската положба на македонските селани меѓу двете светски војни, Гласник на ИНИ, XXVI/2-3, Скопје, 1982

- Бубевски Душан, Миграциите на населението во СР. Македонија-внатрешни меѓурепублички текови, Скопје, 1990

- Бубевски Душан, Националниот состав на населението во Република Македонија во периодот 1948-1994 година и некои аспекти на меѓунационалните односи, Годишник на институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, XVIII/1, Скопје, 1995

- Ботева -Панкова Марика, Трајковски Петар, Структурни промени во демографскиот развој на градот Скопје ( според пописите на населението), Проблеми на демографскиот развоја на СР. Македонија, Скопје, 1985

- . Weigand G., Die Aromunen, Leipzig, 1895

- Вилкинсон Х.Р., Картите и Политиката, преглед на етнографската картографија на Македонија, Скопје, 1992

- Викьрс Миранда, Албанците Сьвремена История, София, 2000

- Велјановски Новица, Македонија 1945-1991 државност и независност, Скопје, 2002

- Gaćeša N, Agrarna reforma i kolonizacija, 1945-1948, Novi Sad, 1978

- Гарашанин Милутин, Илири и Албанци, САНУ, Београд, 1988

-. Gounaris Basil C, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century, Journal of Modern Greek Studies, vol.7, no. 1, The Johns Hopkins University Press, 1989

- Георгиев Ангел, Специфични карактеристики на Урбанизацијата на СР Македонија, Проблеми на демографскиот назвој во СР. Македонија, Скопје, 1985

- Dankin Daglas, The Greek Struggle in Macedonia, 1897-1913, Salonika Institute for Balkan Studies, 1966

- Дамев Огнен, Деаграризацијата и процесот на урбанизација во селото во СР. Македонија ( од ослободувањето до почетокот на осумдесетите) Скопје, 1990

- Davidson Roderic H, Reform in the Ottoman Empire 1856-1876, Prinston Universitu Press, 1963,

- Даскалов Георги, Българите в Егейска Македония (Историско-демографическо иследване) София, 1996

- Дедиер Јефто, Стара Србија географска и етнографска слика, Београд, 1912

- Даскаловски Васа, Тенденциите на демогеографскиот развој на Република Македонија, Зборник од вториот конгрес на географите на Република Македонија, Охрид 3-5 Ноември, 2000

- Даскаловски Васил, Герасимовски Дончо, Демографски аспекти на "привременото" вработување во странство од СР. Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985

- Димитриева Елка, Јанеска Верица, Особеностите на емиграционите движења од СР. Македонија во странство, Проблеми на демографскиот развоја на СР. Македонија, МАНУ, Скопје,1985

- Demografic and social change in Europe 1975-2000, Liverpool,1981

- Деметровић Јурај, Аграрна реформа и Демократска странка, Загреб 1920

- Djordjevic Dimitrije, Migrations During the 1912-1913 Balkan Wars and World War One, Migrations in Balkan History, Belgrade, 1989

Erić,Milivije Agrarna reforma u Jugoslaviji 1918-1941 god. Sarajevo, 1958

-. Живоиновић Р Драгољуб, Успон Европе 1450-1789, Београд, 2003

- Иванић Иван, Маћедонија и Маћедонци, Нови Сад, 1908

- Ivišić Milan, Les problemés agraires en Yugoslavie, Paris, 1926

- Ивановь Йордань, югоизточна Македония (серско, драмско, кавалско), София, 1917

- Българите вь Македония; София, 1917

- Јелавич Барбара, Историја на Балканот, Том I, Скопје, 1999

- Јанеска Верица, Современите меѓународни миграции, емиграцијата од Република Македонија и социо-економскиот развој, Скопје, 2001

- Јосифовски Илија, Општествени промени на село македонското, албанското и турското население на село во Полог-социолошка студија, Скопје, 1974

- Каракасиду Анастасија, Полиња жито, ридишта крв,Патиштата кон н ционалноста во грчка Македонија 1870-1990, Скопје,2002

- Kertzer D, Qualitative and quantitative approaches to gistorical demographu, Poulation and Development Review 23 (4), 1997,

- Кънчов Васил, Избрани произведения том I , II, София, 1970

- Киселиновски Стојан, Ирена Ставови-Кавка, Малцинствата на Балканот (XX век), Скопје, 2004

- Егејскиот дел на Македонија 1913-1989, Скопје, 1990

- КрстићЂорђе, Колониза :ија у Јужној Србији, Сарајево, 1928-

- Кљакиќ, Драган, Времето на Колишевски, Скопје 1994

- Klemenčić V, The migration of population and the industrijalization of Slovenija, Population movment in the east european countres, Budapest, 1970

- Картов Владо, Движењето на вкупното население на СРМ во повоениот период и неговите промени во националниот состав (според пописите на населението), Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985

- Карталов Ристо, Влијанието на миграциите врз промените во аграрната структура на СР. Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет кн.4 (30) Скопје, 1978

- Демографските аспекти на деаграризацијата во СР Македонија, Проблеми на демографскиот развој на СР Македонија, Скопје, 1985

- . Landis P.H, Population problem, a cultural interpretation, New York, 1954

- Лекић Богдан, Аграрна реформа и колонизација у Југославији 1918-1941, Београд, 2002,

- Лазар Лазаров, Општествено-економскиот развоја на НР. Македонија во периодот на обновата и индустријализацијата (1944-1957), Скопје, 1988

- Лиманоски Нијази, Исламската религија и исламизираните Македонци. Скопје, 1985

- Исламизацијата и етничките промени во Македонија, Скопје, 1993

- Mcnamara Regina, Demographic Transittion Theory, Internation Enciklopedija of population, New York, 1982

- Mowrwr Poul Scott, Balkanized Europe, A study in Political Analisis and Reconstruction, New York; E. P. Dutton, 1921

- Матрияли за проучуване на Македония, София, 1896

- Migrations in Balkan History, Department of history of University of Californija, Santa Barbara, Belgrade, 1989

- Милојевић Ж Боривоје, Јужна Македонија, СЕЗ, књига 22, Београд 1922

- Михајловић Јосиф, Развитак градова и варошица од ослобођења до данас, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937

- Матковски Александар, Трагедијата на Евреите од Македонија, Скопје, 1962

- Марковски Нешо Беличица во пламен, Тетово, 1975

- Малковски Ѓорѓи, Профашистичките и колаборационистичките организации и групи во Македонија 1941-1944, Скопје, 1995

- Мацевиќ Мирјана, Наталитетот на населението во Република Македонија, Географски разгледи, книга, 38-39, Скопје, 2003/2004

- Милосавлевски Славко, Томовски Мирче, Албанците во Република Македонија, Скопје, 1995

- Marković P. Staraćka domaćinstva na selu, Sociologija sela I/2, Zagreb 1963

- Миљовски Кирил, Преселничките движења на аграрното население во СР. Македонија, Стопански преглед, 1973/6

- Neurath, Paul The Great Migrations of the Nineteenth and Twentith Century, Problems of Limikts to Growth, Population Control and Migrations, New York, 1994

-. Overbeek J, History of the population theories, London 1974,

- Ортаковски Владимир, Меѓународна положба на малцинствата, Скопје, 1996

- Обрадовић Милован, Аграрна реформа и колонизација на Косову (1918-1941), Институт за историју Косова, Приштина, 1981

- Паликрушева Галаба Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката супгрупа, (докторска дисертација), Скопје, 1965

- Presat R., The Dictionary of Demography, Oxford, 1985

- Population in History, Ed, bu E. V. Glass and D. E. C. Eversley, London, 1965

- Папазоглу Фанула, Илирска и дарданска краљевина, Илири и Албанци, САНУ, Београд, 1988

- Petrović Rudolf, Polog-Antropogeografski prikaz, Zagreb, 1942

- Пандеска Марија, Присилните миграции во Македонија 1975-1881, Скопје, 1993

- Петреска Пачемска Даринка, Малешевијата низ историјата 1912-1945, Берово 2003

- Perić Hristivoje, Kolonizacija: Iskustvo i Mogućnosti, Zbornik Regiomalni, Niš, 2004

- Палешутски Константин, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918-1941, София, 1983, 29; www. promacedonia.org

- Петроска Блага, Некои согледувања во врска со наталитетот во Ср. Македонија, Зборник Проблеми на демографскиот развој во СР. Македонија, МАНУ, Скопје, 1985

- Панов Митко, Енциклопедија на селата во Македонија, Скопје, 1998

- Петрановић Бранко, Историја Југославије, Београд, 1978,

- Ристески Славе, Демографските движења и процеси во Република Македонија (1948-1994), Скопје, 1998

- Rizaj Skender, Vilajeti i Kosovës më 1878 rregulimi politik dhe rrethanat kulturo-arësimore dhe demografike, Vjetar, II-III, Prishtinë, 1970

- Руменов Владимир, Българите вь Македония подь грьцка власт, Македонски преглед, София, 1941, книга 4

- Ристић Милован, Струмица, Брасгво, књига 32, Београд, 1925

-. Радовановић В.С, Тивеш и Рајец, Насеља и порекло становништва, књига, 17, 1924

- Реџиќ.Енвер, Националните малцинства во Југоисточна Европа, Гласник на ИНИ, XXV/2-3, Скопје, 1981,

- Стојановски Александар, Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век - демографски проучувања- Скопје, 1981,

- Stavrijanos Leften, Balkan posle 1453, Beograd , 2005

- Simeunović Vladimir, Stanovništvo Jugoslavije i socijalističkih republika 1921-1961, Beograd, 1964

- Sokolov Lazar, Promena u strukturi stanovništva na teritorii NR. Makedonije, 1921-1953, Skopje, 1962

-. Schellenberg TH. R, Moderni arhivi principi i tehnika rada, Beograd, 1968

- Селишчев Афанасий, Полог и его Болгарское население, Москва, 1929

- СмиљанићТома, Кичевија, Насеља и порекло становништва, књ. 28, Београд, 1935

- Simoski Todor The Balkan Wars and their reperkutions on the ethnical situation in Aegean Macedonia Glasnik, Vol.XVI, No.3, ed. by Mihajlo Apostolski and Haralampie Polenakovich, Skopje,1972

Симовски Тодор, Балканските војни и нивните рапаркусии врз етничкаат положба на Егејска Македонија, Гласник на ИНИ, XVI/3, Скопје, 1972

- Spasovsk Milena Zivkovic Dragan, Stepic Milomir, The Ethnic Structure of the Population in Bosnia and Hercegovina, www. rastko.org.yu/istorija/srbi-balkan

- Станев Камен, Македонските бежанци в Българија- Учасници в нейния политически и културен живот-http:// knigite.abv.bg/ks/ks_2.html

- Стојанов Петар, Македонија во времето на балканските и Првата светска војна (1912-1918), Скопје, 1969

- Сидовски Кочо, Италија и прашањето на македонските села во Албанија во периодот на нејзиното разграничување со Југославија, Гласник на Филозофскиот факултет, Скопје, 1990/91

- Перо Слијепчевић, Колонизација у Јужној Србији, Гласник научног друштва, књига V, Скопље, 1929

- Solakovski Petar, Kolonizacijata vo Bitolsko i Prilepsko (1919-1941), Bitola, 1992

- Синадиновски Јаким , Основните структурални промени и тенденции во повоениот развој на Скопје и неговото население, Гласник на ИНИ, Скопје 1973, XVII/3

- Сидовски Коста, Индустријата на територијата на НР. Македонија во периодот меѓу двете светски војни, Индустријата во НР. Македонија. Економски институт, Скопје, 1962

- The Oxford History of the Twentieth Century, Oxvord University Press, 1998

- .Thompson, W.S Population Problems, New York, 1953

- Тодоров Н За демографското състояние на Балканския полуостров през XV-XVI век, Годишник на Философско-исторически факултет, 53/2, София, 1960

- The Balkan City, 1400-1900, University of Wasington Pres, 1983

- Светозар Томић, Скопска Црна Гора, антропогеографска и етнографска студија, Насеља српских земаља, књ. III, Београд, 1905

- Трифуноски Јован , Полог-антропогеографска проучувања, Насеља и порекло становништва, књига, 42, Београд, 1976

- Albansko stanovništvo u SRM antropogeografska i etnografska istraživanja, Beograd, 1988

- Сеоска насеља скопске котлине, развитак села, порекло становништва, привредне одлике, Скопје, 1964

- . Македонска градска насеља, Београд 1947

- Бошњаци у Македонији, Географски преглед, Сарајево,1961

- . Savremeni etnički procesi u Skoplju, Etnološki preglad 13, Beograd, 1975

- The Ethnic Structure of the Population of the Vojvodina, www. rastko.org.yu/istorija/srbi-balkan

- Ташева Марија, Етничките групи во Македонија, историски контекст, Скопје 1997

- .Трфунов Стойко, Нови очерци по българска история, София, 1999

- Тодоровски Глигор, Македонија по Распарчувањето 1912/13-1915-општествено-политички, економски и просветни прилики во Вардарскиот дел на Македонија, Скопје,1995

- Западна Македонија за време на окупацијата (1941-1944), Скопје, 1998

- Осверт на верскиот и општествен живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето, ГИНИ, 40/2, Скопје,1996

- Демографските процеси во Македонија предизвикани од иселувањето на Турци во педесетите години, Гласник на ИНИ, 41/1-2, Скопје, 1997

- Демографските процеси и промени во Македонија од почетокот на Првата балканска војна до осамостојувањето на Македонија со посебен осврт на исламизираните Македонци, Скопје 2001

- Демографските процеси и промени во Македонија од крајот на XIV век до Балканските војни, Скопје 2000

- Ќурчиев Александар, Миграцијата село-град и процесот на деаграризција во СР. Македонија ( досегашен развиток и прогнози до 2000 година) Годишник на Економскиот факултет, Скопје 1980

- Трајните миграции на населението во СР. Македонија ( село-град, меѓуопштински и во однос на другите републики на СФРЈ), Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија, Скопје, 1985

- Урошевић Атанасије, Горња Морава и Изморник, Насеља и порекло становништва, књ, 28 , Београд, 1935

- Етнички процеси на Косову током турског владања, Београд, 1987

- Аграрна реформа и насељавање, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937

- Охрид-географска монографија, Скопје 1957

- Узунов Никола, Емпириска анализа за влијанието на економските, социјалните и демографските фактори врз миграцијата од село во град во СР. Македонија, Скопје, 1975

- Филиповић Миљенко С, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва, књига, Београд, 1935

- Етничке прилике у јужној Србии, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења јужне Србије, Скопље, 1937

- Фиданоски Гале, Априлскиот злостор во Ново Село, Гостивар, 1976

- Хаџи Васиљевић Јован, Стара Србија и Маћедонија (са гледишта географског, историјског, и политичког), Браство, Београд, 1906

- Град Битољ, Браство, књига 23, Београд, 1911

- Орид, Браство, књига 29, Нови Сад, 1923

- Јужна стара Србија, књига I Београд, 1909

- Христов Ристо, Селото во Вардарскиот дел од Македонија меѓу двете светски војни, социо-еконоимски истражувања, Скопје, 1999

- Христов Хр., Аграрните отношения в Македония, през XIX в. и началото на XX век, София, 1964

- Halpern Joel M, Some Perspektives on balkan Migration Patterns (with Particu;lar Reference to Yugoslavia, Migrations and Urbanization, London, 1975

- Цвиић Јован, Говори и чланци, Београд, 1991

- Проматрања о етнографии македонских словена, ( друго допуњено издање), Београд, 1906

- Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, књига I, II и III, Београд, 1906, 1911

- Балканско полуострво и јужнословенсе земље, Београд, 1922

ЕЛЕКТРОНСКА БАЗА НА ПОДАТОЦИ


http;// www.state.gov

http;// www. ethnologue.com

http;// www. wikipedia.org

http;// www.balkanika.org

http;// www.rastko.org.uy

http;// www.makedonika.org

http;// www.knigite-abv.bg

http;// www.nsi.bg

http;// www.nationmaster.com

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....................................................1

1. Краток историјат на популационите теории и архивирање на статистичките и демографски податоци.....................................................5

1.1 Архивирање на статистички демографски податоци.....................................................14

1.2 Теории за развој на популацијата.....................................................17

2. Етничката структура во Македонија пред Балканските војни.....................................................22

3. Македонскиот и балкански етнички контекст на почетокот на XX век......37

3.1 Етничката структура во Македонија непосредно пред Балканските војни ..................................................... 40

3.2 Населување на мухаџири во Македонија до Балканските војни ............. 43

3.3 Иселувањето од Македонија на почетокот на XX век и промените во демографската структура на некои области ..................................................... 50

4. Историско-етнографски податоци за Македонија од почетокот на XX век ..................................................... 57

4.1 Турски статистики ..................................................... 59

4.2 Бугарски статистики од почетокот на XX век ..................................................... 68

4.3 Српски статистики од почетокот на XX век ..................................................... 73

4.4 Грчки статистики од крајот на XIX и почетокот на XXвек ..................... 81

5. Балканските војни и промената на етничката структура во Македонија ..................................................... 87

5.1 Етничките промени на Балканот на почетокот на XX век ..................... 87

5.2 Преселбите во периодот 1912.1913 година и менување на етничката структура во Македонија ..................................................... 89

6. Етничките промени во Вардарскиот дел на Македонија во периодот 1912/1918 година ........................................................................................ 101
6.1 Српски податоци за населението во Вардарскиот дел на Македонија од 1913 година ........................................................................................ 101
6.2 Преселбите и етничките промени за време на
Првата светска војна ........................................................................................ 108

7. Етнички и демографски промени на населението во Вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни........................................................112
7.1 Пописот на населението од 1921 година........................................................112
7.2 Етничката структура на населението во Вардарскиот дел на Македонија според пописот од 1921 година........................................................116
7.3 Демографски промени на населението во градовите меѓу двете светски војни во вардарскиот дел на Македонија........................................................120
7.4 Пописот од 1931 година........................................................140

8. Српската колонизација и промените во етничката структура во Вардарскиот дел на Македонија........................................................144

9. Етнички демографски промени за време на
Втората светска војна........................................................168
9.1 Активности на бугарските власти........................................................170
9.2 Иселување на колонистите........................................................172
9.3 Бугарски извештаи за етничката структура во
Западна Македонија........................................................177
9.4 Иселување на македонското население од
Западна Македонија........................................................183

10. Етно-демографските движења во Македонија во првите години по ослободувањето........................................................190
10. 1 Воведни напомени........................................................190

10.2 Првиот повоен попис од 1948 година.....193
10.3 Колонизирање на македонско население во Војводина.....195

11. Иселување на турското население по Втората светска војна.....199
11.1 Иселувањето по Втората светска војна.....203
11.2 Постапка при иселувањето.....206
11.3 Засилување на процесот на иселување.....208
11.4 Промени на националниот идентитет кај дел од муслиманското население заради иселување во Турција.....215
11.5 Статистички податоци за промената на националната определба кај дел од муслиманското анселение во периодот 1948-1953 година.....221
11.6 Политички и економски последици од иселувањето.....230

12. Промени во етничката структура кај градското население по Втората светска војна.....245
12.1 Етнички промени и демографски движења во градовите во Западна Македонија.....245
12.2 Демографски промени во Скопје 1948-1994 ..... 259
12.3 Етнички и демографски промени во другите градови ..... 266

13. Динамика на промените во етничката структура во Македонија по 1948 година.....271
13.1 Бројна состојба на Македонците во периодот 1948-1994.....271
13.2 Промени во бројот на Албанците Турците и другото муслиманско население во периодот 1948-1953 година.....274
13.3 Етнички промени и демографски движења по 1961.....284
13.3.1 Иселување од Македонија по 1961 година.....284
13.3.2 Бројноста и промените во етничката структура.....285
13.4 Промени во структурата на помалите етнички заедници во Македонија 1948-1994.....298

14. Доселување од другите југословенски републики и менување на етничкиот состав на населението во периодот 1948-1994 година........................................305

15. Демографски промени во македонија 1948-1994
( миграција село-град)........................................................................................317
15.1 Процес на деаграризација и депопулација на селото..................................317
15.2 Влијанието на колективизацијата врз депопулацијата
на селото...................................................................................................................320
15.3 Причини за деаграризација и депопулација на селата................................322
15.4 Засилување на процесот на деаграризација..................................................328
15.5 Процесот на урбанизација..............................................................................338
15.6 Последици од брзата урбанизација................................................................343

Заклучок ...................................................................................................................347
Извори и литература................................................................................................361